СЛАВКО ЈАНЕВСКИ

# СЕЛО ЗАД СЕДУМТЕ ЈАСЕНИ

ФОНДАЦИЈА
СЛАВКО ЈАНЕВСКИ
роман на годината

Славко Јаневски

Село зад седумте јасени

Славко Јаневски
Село зад седумте јасени (прво издание 1952)
(електронско издание 2021)
© Фондација „Славко Јаневски“ 2021

За издавачот:
Ѕвездан Георгиевски

Графички Дизајн:
Филип Херин
Зоран Чаневски

Дизајн на корица:
Далибор Смилески

*Електронското издание е поддржано од*
*Министерството за култура на Република Северна Македонија*

Министерство за Култура
на Република Македонија

СЛАВКО ЈАНЕВСКИ

# СЕЛО ЗАД СЕДУМТЕ ЈАСЕНИ

Фондација „Славко Јаневски“

2021

# Романсиерските верзии како литературно богатство

кон романите „Село зад седумте јасени“ и „Стебла“ на Славко Јаневски

Веста дека Фондацијата „Славко Јаневски“ ќе го преобјави романот „Село зад седумте јасени“ за мене беше добредојдена. Првиот македонски роман објавен 1952 година не само што е недостапен за пошироката читателска публика, туку до него не можат да дојдат и оние од стручната и научната фела без посебен напор и упорно трагање. Овој факт се должи на темелната забрана за негова поширока популаризација изречена од самиот автор, кој по тој повод, во Поговорот кон првото издание на романот „Стебла“, вели:

„Првата книга *Село зад седумте јасени* ќе ѝ припаѓа на правта на историјата. А јас сакав да прераскажам миг на хибридни чуда, да ги подложам настаните на моите денешни сфаќања за романот. Ова судиите нека не ми го земаат како олеснувачка околност“. По друг повод, тој додава: „Мојот роман *Село зад седумте јасени*, можеби и добро мина кај читателите, но тој по извесно време ми кажа дека со него јас не сум зачекорил добро во литературата, не сум зачекорил со полн замав. Затоа целиот роман, поточно, целиот настан го подложив на моите современи сфаќања за романот. Јас во предговорот на *Стебла* кажувам дека ниту еден друг роман на светот не ќе биде повеќе прв македонски роман, но *Село зад седумте јасени* не го ставам повеќе ниту во еден мој избор, ниту, пак, дозволувам негово препечатување. Мислам дека она што сакав да го кажам за времето на колективизацијата, го кажав во втората варијанта на *Село зад седумте јасени*, во *Стебла*... “

Забраната за преобјавување изречена од самиот Јаневски поради очигледното незадоволство од покажаната вештина во занаетот ревносно се почитуваше цели 53 години. За тоа придонесоа не само обврските кои произлегуваат од авторските права, туку и авторитет на писателот. Веројатно и натаму неговата одлука ќе беше обврзувачка за сите почитувачи на неговото дело, ако не се променеше контекстот во којшто се зборува и се вреднува книжевното дело на Јаневски. Тој нов контекст ја услови и одлуката на Фондацијата „Славко Јаневски“ да го стави на увид и да го актуализира препрочитувањето на првиот македонски роман, како и неговата преработена верзија од 1965 година, романот „Стебла“, значи 13 години по првиот роман. Во новите околности сметаме дека оваа одлука е сосема оправдана, не само поради тоа што ставени една до друга, читателите ќе имаат можност да судат за тоа како се менува авторската позиција во однос на усвојувањето на нови романсиерски техники, туку и затоа што. „од прва рака“ ќе имаат увид во контекстите на едно бурно минато време кое остава трага и влијае врз сегашноста. Целта на преобјавувањето на овие два романи, од Фондацијата ја објаснуваат со следниве зборови:

„... повлекувањето на романот и неможноста тој да се најде на книжевниот пазар

во целиот овој повеќедецениски период овозможи околу него да се појават низа шпекулации, лаги и полувистини, а овие теории на заговор се засилија во периодот на срамната лустрација на авторот. Затоа Фондацијата реши да го преобјави овој роман во едно капитално дело, каде што во една книга би се нашле двете верзии". (https://www.mkd.mk/kultura/knizhevnost/fondacijata-slavko-janevski-podgotvi-plan-za-dejstvo-na-poshirok-kulturoloshki)

Чинот на преобјавување го сметаме за важен, најмалку од две причини: прво – затоа што романот како жанр тесно е врзан со формирањето на националната држава, па без темелен увид во неговите почетоци не е можно да се има темелен увид не само во историјата на жанрот, туку и во историјата на формирањето на нацијата; и второ – на овој или nа оној начин, развојниот пат на Славко Јаневски го обележува и развојниот пат на романот во Македонија.

Кој е Славко Јаневски?

Славко Јаневски (1920-2000) е македонски поет, раскажувач, романсиер, сценарист, сликар, преведувач, ангажиран општествен работник, со еден збор – сестрана и љубопитна личност. Како директор и главен уредник на издавачката организација *Македонска книга*, уредник на списанијата *Нов ден*, *Современост*, *Остен* и *Хоризонт*, како член на македонскиот ПЕН центар, член на МАНУ, претседател на Советот на СВП и еден од основачите и претседателите на ДПМ, слободно може да се констатира дека тој е еден од највлијателните придвижувачи на македонската културна сцена, еден од основоположниците на македонската современа литература и автор на првиот роман објавен на македонски јазик. Неговото значење за развојот на македонскиот роман книжевната критика го оценува како пресудно, упатувајќи дури и на можноста преку типологија на неговите романи да се направи и типологија на македонскиот роман воопшто. Она што е неспорно е дека Славко Јаневски е предвесник и носител на смената на раскажувачките техники и стилови, почнувајќи од реализмот, преку модернизмот, до постмодерната романсиерска продукција. Неговиот опус го сочинуваат 15 романи, 11 книги поезија, 6 книги раскази, 8 книги за деца и голем број препеви, книжевни, политички есеи и полемики.[1] Добитник е на наградите:

1 Неговиот опус го сочинуваат насловите: *Крвава низа* (поезија, 1945), *Пруга на младоста* со Ацо Шопов (поезија, 1946), *Пионери, пионерки, бубачки и шумски ѕверки* (поезија за деца, 1946), *Распеани букви* (поезија за деца, 1946), *Милиони маченици* (поема за деца, 1948), *Егејска барутна бајка* (поезија, 1949), *Песни* (1950), *Улица* (повест, 1950), *Лирика* (1951), *Село зад седумте јасени* (роман, 1952), *Шеќерна приказна* (сказна за деца, 1952), *Кловнови и луѓе* (раскази, 1956), *Две Марии* (роман, 1956), *Леб и камен* (поезија, 1957), *Месечар* (роман, 1959*), Сенката на Карамба Барамба* (поезија за деца, 1959), *Марсовци и глувци* (поезија за деца, 1959), *Горчливи легенди* (патописна проза, 1962), *И бол и бес* (роман, 1964), *Стебла* (роман, 1965), *Евангелие по Итар Пејо* (поезија, 1966), *Црни и жолти* (поезија за деца, 1967), *Каинавелија* (поезија, 1968), *Тврдоглави* (роман, 1970), *Омарнини* (раскази, 1972), *Ковчег* (раскази, 1976), *Оковано јаболко* (поезија, 1978), *Астропеус* (поезија, 1979), *Змејови за игра* (поезија, 1983), *Миракули на грозомората*, трилогија: *Легионите на Свети Адонис*, *Кучешко распетие* и *Чекајќи чума* (1984), *Девет Керубинови векови* (роман, 1987), *Глуви команди* (поетски избор, 1988), *Песји шуми* (поезија, 1988), *Чудотворци* (роман, 1988), *Рулет со седум бројки* (роман, 1989), *Скаменетиот Орфеј* (поетски избор, 1990), *Пупи Паф* (проза во стихови за деца, 1991), *Зад тај-ната врата* (раскази, 1993), *Континент Кукулино* (проза, 1996), *Пупи Паф во Шумшул град* (книга за деца, 1996), *Пупи Паф гледа од вселената* (1996), *Пупи Паф господар на соништата* (1996), *Депонија* (роман, 2000).

„11 Октомври", АВНОЈ, „Браќа Миладиновци", „Рациново признание", „Мирослав Крлежа", за книжевен опус на ИРО „Мисла", „Кочо Рацин", „Македонско слово" и др.

За неговото творештво, академик Влада Урошевиќ изјавува дека е „уметник од ретка раса и бунтовник кој не прифаќа да оди по изгазените врвици", а академик Старделов ќе констатира дека „лајт-мотив на неговото целокупно книжевно дело е токму борбата на неговата литература против познатото, речиси монструозно балканско митанисување пред историјата таква каква што ја познаваме на овие простори. Неговото дело претставува всушност нејзина демитологизација, демитологизација на оние познати историски блефови што се влечеа и што сѐ уште се влечат по овој наш проколнат полуостров". Имајќи ги на ум овие две генерални одредници за творештвото на Славко Јаневски, целта на овој текст е да го вреднува првиот македонски роман и неговата понова варијанта од аспект на историска дистанца која може да согледа дали и колку во дадениот миг можело да се создаде инаков роман, да се согледа од аспект на денешното поимање на романот како жанр и во однос на релациите со историското и политичкото.

За еден „книжевен бунтовник" каков што е Јаневски, сосема е логична желбата да го усоврши своето прво романсиерско остварување, особено по стекнатата свест дека во литературата „не зачекорил добро". Прашањето на коешто ќе се стреми овој текст да одговори е: дали Славко Јаневски можел поинаку или подобро да зачекори во дадениот историски миг, па следствено и дали забраната што самиот ја изрекол е оправдана, и дали неговата нова верзија е одредено усовршување на старата?

Од Михаил Бахтин па наваму, дефинитивно станува јасно дека литературниот развој на одредена национална литература, посебно развојот на романот, е условен од општествено-историскиот контекст. Бахтин тоа вака го дефинира: „во секој конкретен историски момент на говорно-идеолошкиот живот, секоја генерација од својот социјален слој има свој јазик" (**Бахтин**, 1975:103). Ако литературата, во случајов романот, се разгледува во спрега со историјата и општеството, тогаш може да се заклучи дека „историската свест на определен период е израз на општествената свест н истиот период" (Крамариќ, 1987:93) Оттука и прашањето каков културен контекст репрезентира македонското општество во педесеттите години? Дискурзивниот простор на културата во тој повоен период се развива како хомоген наративен дискурс, во согласност со владејачката норма која ја поставува идеологијата на социјалистичката обнова на земјата. Остварен во духот на соцреалистичката поетика која ја наметнува својата доктрина, романот на Јаневски *Село зад седумте јасени*, „Покрај својата естетичко-методолошка анахроничност, врз фонот на тогашната состојба на прозниот израз и јазик, (...) се оцртува како остварување достојно за почит" (Ѓурчинов, 1983: 352). Немањето искуство во рамките на жанрот, од една страна, и апсолутизација на поетичката норма која ги обврзува писателите да бараат одредени идеолошки погодни теми и тие теми да ги врамуваат со однапред дадени изразни средства,

од друга, ја условува и појавата на романот *Село зад седумте јасени* во форма на т.н. монолошки роман, што, пак, значи и хомоген наративен дискурс.

Ако првиот роман на Јаневски го „обвиниме“ за монологичност/хомогеност, се поставува прашањето дали е можна некоја друга ситуација, односно дали авторот можел во тој историски и општествен контекст да зачекори и подобро. За да се појави разноречие кое е основа за полифинискиот роман во класификацијата на Бахтин, мора да има „разнокултурие“ (термин на Лотман, 1975). Во првите повоени години, услови за такво „разнокултурие“ нема, пред сѐ, поради конституирањето на македонската национална држава. Тоа конституирање бара хомоген колектив којшто ќе се идентификува со новите декларирани вредности на социјалистичкото општествено уредување. Или, како што вели Лотман, „востановувањето на една единствена култура значи и воспоставување на еден јазик“, важен за артикулирањето на таа национална култура (Lotman, 1974:36).

Од друга страна, поетиката на соцреализмот може да се реализира само во монолошки кодирана култура. Тоа, пак, значи дека создавачите/рецепиентите на таа култура „работат“ во ист модус. Кодирањето на романот *Село зад седумте јасени* е соодветно на можностите за декодирање на неговите реципиенти, така што „хоризонт на очекување“ (термин на Јаус) на публиката е соодветен на оној што е проектиран во самиот роман. Оттука, сосема се согласувам со ставот на Крамариќ дека „Повоеното македонско општество на педесеттите години репрезентира таков културен контекст на кој му е својствен романот од типот *Село зад седумте јасени*, па мислиме дека нема да се излажеме ако кажеме и единствено можен“ (Крамариќ, 1989:95).

Станува збор за тематизација на процесот на колективизација на македонското село во период од речиси една година, проследен со мноштво настани кои ги одразуваат социјалните конфликти, фабуларни дигресии и сеќавања на ликовите кои одат подлабоко во минатото. Станува збор за исклучително сложена тема која ја одбегнувале и литературите со поголемо искуство. Таква сложена, идеолошки и политички актуелна тема, не можела да се оформи поинаку освен со програмски определената поетика на соцреализмот, од што, пак, произлегуваат и слабостите за кои подоцна и самиот автор станува свесен. Самата поетичка доктрина налага портретизација на ликовите во црно-бела шема, при што, како што вели Ѓурчинов, „помеѓу колективната идеја и карактерот на одделните јунаци се повлекуваа директни, механички врски и условености“ (Ѓурчинов, 1983: 351).

Ова, во суштина точно, тврдење на Ѓурчинов бара поголема аргументација. На ниво на структура, романот е конципиран како бинарна опозиција која се гради околу поимот сопственост. Тој гради слика на свет во која се судираат идеите на две села (она кое ја прифаќа колективизацијата и она кое ја отфрла), на два лика (иако во романот има мноштво ликови, според нивната функција тие можат да се сведат на два: оние ЗА и оние ПРОТИВ колективизацијата), на два брачни модела (традиционален, стар и модерен/нов модел на брак). Ваквата „силна, полемичка

бинарна структура е релативно базична и е последица на два бинарни наративни искази“ (Андоновски, 1997:165) и се разрешува со победа на задругарите, која на ниво на идеолошката гледна точка на романот се доживува како среќен крај.

Во романот *Село зад седумте јасени*, смета Андоновски, „јасно е дека станува збор за две наративни вредности кои формираат апсолутна опозиција. Таа „дводелност на романот СЈ македонската критика неретко ја идентификуваше како „шематизам“. Таа критика, меѓутоа, нема да биде заснована ако се упатува до длабинските структури; нивната служба е токму – обезбедување на оној шематизам на нарацијата кој е *задолжителен* услов за нејзино пораѓање, шематизам од кој таа не може да се ослободи а да не престане да биде нарација. Тој приговор, од теоретска гледна точка. би можел да се упати само до површинските структури“ (Андоновски, 1997:166).

Метанаративниот/автореференцијален текст даден во вид на Поговор кон романот *Стебла*, а цитиран на почетокот на овој текст, јасно укажува на желбата на авторот темата на колективизацијата да ја преиспише од ново стојалиште или да го модернизира, како што критиката се изјаснува за втората верзија на првиот македонски роман. Според Предговорот, Радомир Ивановиќ идентификува три цели кои авторот сака да ги постигне со втората варијанта на романот: 1. Да го уништи делото кое го создал со новосоздадено дело, поради потребата од доработка на првата варијанта; 2. Да укаже на „исцрпеноста на книжевноста“ и на „имобилизираноста на книжевниот говор“ на првата верзија, а историјата да ја замени со хемија, да создаде „хибридни чуда“, т.е. да внесе иновација, во согласност со новите усвоени техники и 3. да го прилагоди новиот роман на новиот, и творечки и читателски, сензибилитет (Ivanovic, 1989: 17).

Ваквите заклучоци на Ивановиќ упатуваат на ставот дека меѓу двете верзии постојат и можат да се следат меѓутекстовни релации. Ако тие се земат предвид, целиот текст може да се разгледува како два тека, врамени со пролог и епилог. Ивановиќ јасно ги идентификува во првите неколку страници на *Село зад седумте јасени* како пролог и Поговорот на *Стебла* како епилог, земајќи предвид дека и двата содржат една заедничка карактеристика – есеистички говор. Одејќи и понатаму, може да се заклучи дека прологот на првата варијанта (романот *Село зад седумте јасени*) ја навестува појавата на втората варијанта (романот *Стебла*), но и на подоцнежните романи, особено оние од циклусот за Кукулино. Ова тврдење би го поткрепиле со следниов извадок: „Човек го испитува своето потекло и подалеку од онаа граница до која достига сложениот слој на сеќавањето (...) Понекогаш, како есенски дожд, ќе надојдат спомените и ќе воскреснат заборавените ликови на дедото, прадедото и чукундедото, запомнети преку семејните раскажувања. Тогаш се претчувствува сличноста со далечните предци“. Втора можност е првата варијанта да се смета за текстуална предлошка на втората. Ова тврдење, пак, би го поткрепиле со фактот дека во новата варијанта се сретнуваат многу ликови, настани и епизоди кои се сретнуваат и во првата варијанта, но преработени, пред сè, по принципот на собирање и иновирање. Кое гледиште и да го земеме,

ќе добиеме сличен резултат: двата текста се надополнуваат, па забраната на авторот за преиздавање на првиот македонски роман, од денешен аспект, се чини премногу строга.

Еве и зошто.

Евидентно е дека втората варијанта е трансформација на првата и, да не заборавиме, реализирана 13 години подоцна. Овој временски период за многу национални книжевности не би бил период во којшто можат да се реализираат драстични трансформации. Но за македонската книжевност која долго време немала свој стандардизиран, книжевен јазик, ниту своја национална држава, времето од повеќе од една деценија развој во сопствена држава значи многу. Целиот дотогаш неостварен потенцијал еруптира, па во многу краток временски период од само неколку години, македонската книжевност, а особено романот, поминува низ неколку развојни фази.[2] Усвоените нови техники и сознанија кои несомнениот книжевен талент брзо ги присвојува и со голем успех ги применува, ја раѓаат желбата за пресоздавање или, како што многумина велат – усовршување. Сепак, од оваа дистанца би рекла дека станува збор за трансформација која е надополнување, а не ерозија на претходно направеното. Таа трансформација се идентификува на неколку рамнини.

Фран Штанцл тврди дека романескните типови „треба да се разберат како мисловни конструкции кои во литературата и во литературните дела никогаш не се совршено остварени...“ (Штанцл, 1987: 8) Ова тврдење, во контекст на романите на Јаневски, упатува на тоа дека, прво: ниедна верзија на романот не може да се смета за совршена, па оттука дека ни една верзија, во името на совршенството, не може да ја избрише претходната, и второ: дека секоја верзија конструира свој засебен мисловен конструкт. Тој конструкт и во двете верзии, а впрочем и во литературата воопшто, е поврзан со светот којшто се промислува и со вредностите во кои ќе се верува. Тоа во однос на предметните романи би значело следново:

Ликовите во *Село зад седумте јасени* дејствуваат во свет којшто го доживуваат како недеградиран. Дилемата се јавува околу тоа дали во тој недеградиран свет задругата може да произведе автентични вредности, па ликовите се поделени токму по таа основа. Контекстот на таа дилема е времето по Втората светска војна, време кое се чувствува како исклучително „полетно“ (Митрев), па ликовите немаат потреба да се сомневаат во можноста да се произведе автентична вредност, туку се судираат околу начинот на којшто таа вредност ќе се произведе. Со оглед на

2 Тој т.н. забрзан развој на литературата кој е чекор понапред од општествениот, придонесе и за полемиката на т.н. „реалисти“ и „модернисти“, која, убедена сум, влијае и врз ставовите на Јаневски во однос на неговиот прв роман и врз драстично строгата одлука за неговата понатамошна судбина. Иако таа полемика немаше јасна разрешница, сепак ставот на модернистите преовладеа, па делата напишани во првиот повоен период не само што беа оценети како анахрони, туку, на одреден, посреден начин, посочени како пример за тоа како не треба да се пишува, па дури и, за целите на полемиката, ставени на столбот на срамот. Од денешен аспект, таа полемика ја придвижи македонската книжевна сцена, ја отвори за усвојување нови постапки и нови книжевни поетики, но, како и секоја жестока полемика, придонесе некои дела неправедно да се жртвуваат.

соцреалистичката поетика, според која литературата треба да има и утилитарна функција, таа треба само да покаже како се доаѓа до автентичната вредност како услов за среќа. Тоа се постигнува така што ликот се јавува во функција на чувар на оние вредности кои се производ на колективизацијата. Утилитарната функција произведува и утилитарен амбиент, што значи дека литературната граѓа е произлезена од реалноста (вонтекстовната стварност), па не е потребен некој специфичен процес на кодирање – самата стварност се доживува како сцена на која се одвива дејствието. Оттука, ликот и нема потреба од психологизација, што ќе рече воспоставениот сетинг  (атмосфера) на задругата како врвна вредност е соодветна на ликот. Следствено, оние ликови кои се залагаат за таквата вредност се носители и на светогледот којшто романот го фаворизира.

Во *Стебла* веќе имаме друга ситуација. Во втората верзија, Јаневски во облик на трауматизирана исповест ја вообличува хрониката за еврејското семејство Малакијан, испреплетена со настаните кои се случуваат и ликовите кои егзистираат во минатото и сегашноста на двете села Јасенско и Нејасенско. Тоа значи дека во новата варијанта постои нешто што останува исто и нешто што се менува. Според Ѓурчинов, самото вметнување на Бележникот на Кузман З. „му овозможило на С. Јаневски критичко испитување на македонската стварност по Втората светска војна".  Веќе самото тоа го нарушува дефинираниот хомогенизирачки дискурс на првата варијанта.

Се констатира дека романите имаат и заеднички и различни елементи. Она што останува непроменето во двата романи е почетната и крајната позиција: и двата поаѓаат од престапот на А. Коцев и завршуваат со неговата казна. Но, сето она што се случува помеѓу овие две позиции е различно. Од друга страна, пак, сè што се случува, се случува во рамките на јазикот. Оттука следи и заклучокот дека она што е различно е остварено со различен јазик, со различен коден систем, па следствено и со различно значење. Христо Георгиевски вака ја дефинира таа разлика: „„односот на романсиерот спрема изразот не е на ниво на онаа употреба на јазикот која подразбира полна творечка свест за неговото значење, Јаневски правел напор кон јазичка поетска слика во *Село зад седумте јасени*, но јазикот е далеку од тоа да биде модерен и сообразен; тој е поетски наивен, тврд, умртвен, јазик на излагање а не јазик на трансформација; јазик на копирање а не јазик на фикција" (Георгиевски, 1983: 41). Георгиевски, Х. (1983). *Македонскиот роман 1952-1982.* Мисла, Скопје. Георгиевски всушност го одредува јазикот на првата верзија како канонизиран и безличен, додека во *Стебла* забележува негова субјективизација како резултат на поетската имагинација. Ваквата одредба го имплицира ставот дека јазичната ситуација во двете варијанти е различна, а тоа значи дека таа во различни кодови, т.е. на различни начини посредува помеѓу општеството и литературата. Самата потреба, пак, за една содржина да се употребат два различни јазици говори дека хомогенизирачкиот дискурс спроведен според соцреалистичката доктрина е истрошен и дека се потребни некои други, на пример полифониски, дијалошки модуси и други модели.

Инстанцата која одлучува кој модел на раскажување ќе се генерира е раскажувачот. Ако тој му даде примат на објектот, тогаш станува збор за апсихолошко раскажување, какво што имаме во *Село зад седумте јасени*, а ако се посвети на субјектот, станува збор за психолошко раскажување. Романот *Стебла* има една специфична ситуација. Ако во *Село зад седумте јасени* сеприсутниот раскажувач од еден аспект го вреднува светот во романот, и тоа од идеолошкиот став на реално владејачката норма, во *Стебла* истиот таков сеприсутен раскажувач нема однапред видлив план од којшто делува. Дополнително, во Бележникот, раскажувачот се удвојува, што ја овозможува постапката на текст во текст. „Новиот" раскажувач Кузман З., и како лик и како учесник во настаните, сведок и како наратор, има функција на дополнителен верификатор на вродостојноста на случувањата. Тој е едновремено и врската помеѓу две временски рамнини, онаа пред и по Втората светска војна, и го мотивира дејствието на ликовите при судирот на идејата за колективизација изразено како одредба на животот на селото како гнилеж и посредува во разгатнувањето на причинско-последичните релации меѓу минатото и иднииината.

Но, длабочината на текстот го одредува типот наратор, кој произлегува од базичната наративна вредност. Таа во *Село зад седумте јасени* е бинарен опозит: ликот ја сака/не ја сака задругата; во *Стебла* е посложена и може да се дефинира како меѓусостојба на двете можности. Тоа, пак, има сериозни последици по структурата/значењето на текстот.

Во однос на структурата, Крамариќ го дефинира како „ненормирано естетско" (Крамариќ, 1987: 108) кое се јавува во однос на естетската норма поставена во *Село зад седумте јасени*. Но, различно од романот *Две Марии*, којшто отстапката од нормата ја гледа во психолошкото и социолошкото во останатите, *Стебла* е насочен кон критички увид кон доминантните идеи на одредено време. Таквата насоченост не само што ја одредува структурата на романот, туку ја одредува и релацијата што таа структура ќе ја воспостави со натуралистичката слика на светот во првата верзија и ќе ја одреди како спротивна. Така, *Стебла* е еден вид сцена на бојно поле на кое се испитуваат атрибутите на малиот човек кој дејствува во специфични, гранични состојби и кој е судрен со дилемата каква одлука да донесе. Таквата дилема ја разбива хомогената нарација на *Село зад седумте јасени* и го отвора патот на Јаневски за трилогијата „Кукулино".

И за крај, заедно со Митрев да го поставиме прашањето: „Каква би требало да биде југословенската литература во она исклучително полетно југословенско време (...) Еднодимензионалноста на литературата беше еднодимензионалност и на животните мотиви. (Навистина, нам ни се чини дека литературата од тој период се трудела плуридимензионалноста на животните мотиви да ја сведе на еднодимензионалност). Тоа беше времето на пругите (...), на митинзите (...). (Митрев, 1970: 3016) Од оваа констатација на Митрев произлегува заклучокот дека првиот македонски роман *Село зад седумте јасени* бил изграден така како што бил затоа што литературата била под диктатот на животната стварност. Крамариќ,

пак, смета дека „почетната структура на македонскиот роман единствено и може да се обликува според диктатот на животната стварност“ (Крамариќ, 1987: 1987). Уважувајќи ги ставовите и на двајцата, првиот произлезен од владејачката норма на соцреалистичката поетика, вториот базирајќи се врз неискуството во овој жанр, т.е. немањето норма во рамките на ромамсиерскиот жанр која треба да се надмине, сепак сметам дека романот *Село зад седумте јасени* е настан што бил неопходен во развојните процеси на самиот автор, но и на македонскиот роман воопшто. Или, кажано со други зборови, без *Село зад седумте јасени*, романот *Стебла*, којшто со својата текстуална предлошка остварува низа меѓутекстовни релации, не би можел да се толкува од многуте различни стојалишта, ниту, пак, би можел да го има она значење коешто денес го има. Ниту, пак, развојот на идеите во подоцнежниот опус на Јаневски би можеле да се развијат до степен до којшто македонската книжевна критика и наука ги растајнувала, ги растајнува и ќе ги растајнува. Или, ако историјата на литературата ја видиме како „телеолошки процес во кој литературата само реализира определени типолошки можности (...), но во таа реализација никогаш до крај не успева“ (Крамариќ, 1987: 98), тогаш верзиите на Јаневски се начин на којшто се создава богатството во литературата. Тие верзии се случуваат и поради „промените во општествено-историската ситуација, но исто така и поради промените во литературната свест. Поимот литературна свест ги содржи, од една стана, искуствата на литературните традиции, а од друга страна искуствата на современите литературни тенденции“ (Крамариќ, 1987: 98). Сложеноста и слоевитоста на романсиерскиот опус на Славко Јаневски ги регистрира и творечки ги обликува промените и во општествено-историската ситуација и во литературната свест, па токму затоа претставува континуиран предизвик не само за наратолозите, туку и за сите оние што со своите размисли антиципираат во промислувањето за односите меѓу колективното и индивидуалното, општеството и поединецот, личниот и националниот идентитет, за прогресот и назадувањето, за човековата среќа, завист и злоба, односно за дејствувањето кое е придвижено од идејата дека, сепак, светот може да се направи попријатно место за живеење.

*Лорета Георгиевска-Јаковлев*

**Користена литература:**


*Андоновски, В. (1997). Структурата на македонскиот реалистичен роман. Детска радост. Скопје.*

*Бахтин, М.М. (1975). Вопросы литературы и эстетики. Москва.*

*Ѓурчинов. М. (1983). Современа македонска книжевност. Мисла. Скопје..*

*Ivanovic, R. (1989). Poetika Slavka Janevskog. Gitro "Slovo". Kraljevo.*

*Јаневски, С. (1952). Село зад седумте јасени. Кочо Рацин, Скопје*

*Јаневски, С. (1965). Стебла. Култура. Скопје.*

*Крамариќ, З. (1987). Романите на Славко Јаневски. Македонска книга. Скопје.*

*Лотман, Ј. (1975). „Слово в романа" во Вопросы литературы и эстетики. Москва.*

*Lotman, J.M. „Ogledi iz tipologije kulture", во: Treci program Radio Beograd, 23/1974*

*Митрев, Д. (1970). „Помеѓу ситуации и реминисценции". Извор, том 4. Скопје*

*Штанцл, Ф. (1987). Типичне форме романа. Нови Сад.*

# СЕЛО ЗАД СЕДУМТЕ ЈАСЕНИ

*(1952)*

Славко Јаневски

# ПРВ ДЕЛ

Човек го испитува своето потекло и подалеку од онаа граница, до која достига сложениот строј на сеќавањето. Одамнешните слики од далечните години нејасно трепераат пред заклопените зеници во долгите ноќи – побледуваат, се поклопуваат, се нижат искинато, неповрзано и нејасно – и се губат пред оној страшен полусон, што зад себе остава замор и темни сенки под очите. Понекогаш, како есенски дожд, ќе надојдат спомените и ќе ги воскреснат заборавените ликови на дедото, прадедото и чукундедото, запомнет преку семејните раскажувања. Тогаш се претчувствува сличноста со далечните претци.

Животот на Стојан, Наумов по татко и Нуневски по дедо, е најобичен, скоро невидлив миг во безбројгодишното постоење на светот. Нејасна, трома и подгрбавена фигура на дедото – штрбав, глув и набожен старец, што ноќе патот го мери по ѕвездите, а дење – времето по сонцето. Наутро, уште пред да затрепери на исток румениот превез, Нуне почнува да го витка грбот по туѓите ниви, навечер, по првите светулки се враќа дома се крсти пред прагот и чекори по голото душеме, мрачен како ноемвриски облак. Тромо влечејќи ги босите нозе, со тврда, испукана кожа, тој уште долго го шепоти името на господа. Уште понејасна е силуетата на бабата – сува како искршена гранка, зборлеста и вљубена во лековитоста на гороцвеќето, расеано од онаа страна на потокот. Мајка, татко, двајца браќа и една сестра. Маларичната Фроска е болезливо нежна спрема најмладото чедо, секогаш готова да го брани и да ги оправдува пред стариот неговите гревови, оставени по туѓите бавчи. Но во својата шеста година, еден влажен, полутемен ден, плашливо и со завлечена глава во рамениците, Стојан чекори зад мајкиното мртво тело, сè до гробиштата, со расфрлени бели камења и дрвени крстови, гнили од време и невреме. Закопот е тивок, како и ситниот есенски дождец, што откосо го бие по грб. Во далечина, на голата маслинова гранка, се ниша гавран, црн како поп. Можеби и затоа му се чини дека попот, што ја опевува мајка му, ќе се отфрли од земја и ќе се најде на некоја гранка, згрчен и бушав од острите капки на есента. Кога дрвениот, примитивно изделкан сандак е веќе спуштен во плитката јама, Стојан ги заборава и попот и гавранот, сè додека влажната, леплива земја не ја покрие јамата. Луѓето и жените се крстат, шепотат, воздивнуваат и го милуваат со тврдите дланки по острата коса, залепена од влага.

Вечерта, гледајќи ја од прозорец полусоголената топола, што се витка под ветрот, Стојан претчувствува но не сфаќа дека мајка му не ќе се врати. Старецот Наум е наполичар по туѓите угари, а домашното ропство на закопаната старица го наследува сестра му Петранка. Суров станува животот кога ноќе се слушаат издишките и шепотите на овдовениот татко. Уште е посуров кога од неповрзаните зборови на тие шепоти и воздивки ќе се разбере смислата – еден покоп чини тридневно наполичење по туѓо земјиште! Браќата се исто така наемници. Стојан ги помни; жал му е за нив; но таа жалост е млака и веќе сосем ретка. Сандре е јак

како мечка, со широки плешки и долги, тешки раце, тромо обесени низ телото. Нем е и глув. До третата година знаел десетина зборови, а потоа болест му го уништила слухот. Ушните школки станале непотребни, јазикот отромел, гласните жици ја изгубиле својата функција. Сета негова човечка концентрација отишла во густиот сплет на мускулите бил јак за двајца и можел со еден удар на големата тупаница да убие двегодишен бик. Лазар е често болен, затворен во себе и лудо, како и баба му, занесен во лековитоста на планинските тревки и лишаи. Умре на три дена пред својата свадба. Еден ден, кога се враќал преку мочуриштата, за да го скрати патот, десетина пијавици му се залепиле за нозе и неосетно му исцицале големо количество крв. Доцна ги осетил, но отворената кожа и потоа крварела, а кога исплашен докуцал дома, помошта со иситнетиот тутун не го спасила. Легнал во треска, блед и измачен, и веќе не станал. Се повторила старата маларија и го убила.

По сметката на Стојана, од смртта на мајка му поминале четириесетипет шест години. За тоа време на маки и глад, болести и нејасен страв од утрешниот ден, гробовите на неговите блиски се израмниле со тврдата земја, босилокот овенал; неговите нежни фиданки ги задушиле дивите тревки, жегата им ги испила соковите и ги исушила. Останало само болно и матно сеќавање и една нивичка, горе на ридот, спечалена со потта на три полугладни поколенија.

Наесен луѓето со матни очи ги испраќале штрковите, што полека се губеле во јужната замагленост на далечината, напролет ги пречекувале пак со матен поглед, држејќи ги дланките над очи. Но не им се радувале; премногу биле зафатени со грижите, во исчекување на пролетниот дожд, да ги натопи ораниците и да ги напои сонливите никулци на житото. Повеќето од нив биле наемници – својата земја, до која не можеле да го исхранат семејството, ја работеле ноќе и во празници. И затоа што радоста била ретка, луѓето себично ја чувале за себе. Во таа сива едноличност, во тој огромен напор за самоодржување, човекот со сета душа се врзал за своето парче земја од која црпел животни сокови, негувајќи ги љубоморно меѓите, стиснати околу неговата сопственост. Секој на својот клас пченка му се радувал за себе, сè додека не ќе фатела суша, или додека крупен град не ќе го сотрел незрелиот плод. Тогаш, природната неволја ги здружувала и тие пателе долго, до самозаборав.

Стојан таков го познавал животот. Среќата ретко наминувала до нечистото село со расфрлени куќи, а и кога ќе дошла, била гостин на еден или двајца. Несреќата била повеликодушна. Пред нејзината ненасита уста, луѓето густо се стиснувале еден до друг, како овци пред прегладнет волк.

Стојан таков го познавал животот и верувал дека таков ќе остане; таков бил од дедовско време, таков ќе го наследат и неговите потомци, а таков ќе биде додека сонцето ќе грее над нив и ќе ги одржува луѓето со својата топлина, вливајќи им сила да го бутаат ралото дури и тогаш, кога по неплодната година, малите волчиња се троми и недоволно јаки.

Таков бил животот – бескрајна темница на маки и несреќи, влажен од солзи, со ретки искри на радост; но често, многу често, искрата се гаснела пред да ја видат селаните. Тогаш темницата станувала уште погуста и пострашна.

# 1.

Северно од грчката граница, заградено со сенките на Беласица и Огражден, лежи село со сто и девет куќи, а од него, право како стрела, излегува модра врвица и остро минувајќи крај темно-зелените смреки влага во полето. Од ридот, претстражата на планината, на кој како печурка се белее црквиче, се гледа во далечина џаде, крај кое се редат силни брестови со тешки, зелени капи. Изгазената врвица застанува збунето пред жолтоглавите сончогледи, зад кои леко треперат наведнати класја. Од излез до залез сончогледот љубопитно се врти по сонцето, следејќи го неговиот пат. Понекогаш, во далечина, меко ќе закука кукавица, проколнувајќи ја својата бездомност. Ќе ја чујат старците и ќе се прекрстат – белки некому таа му ги брои последните часови. Длабоко зад селото, на илјада чекори од последната куќичка, се простира отровно мочуриште, заградено со трски и покриено со жабуњак. По пладне мочуриштето ја мени бојата, па од далеку изгледа како богата бескрајна житница.

Едно такво попладне, од полето се враќаше висок, подведнат селанец, чудно мавтајќи со долгите нозе, како да стресува кал од опинците. Кога стаса пред село, од дрвеното чардаче на првата куќа го запре пискав глас:

– Стојане, почекај...
Селанецот ги набра веѓите и се сврте. Од чардакот, под двете низи пиперки, сјаеше месец – руменото лице на некогашниот наполичар Ефтим.

– Почекај, да те прашам... – рече тој и просто истрча од дома.

Не личеа еден на друг – Стојан беше висок, долголик мустаклија, со пропаднати, недоверливи очи, а Ефтим мал како детска играчка, со голема, тркалезна глава, од која вљубено гледаа на сѐ околу себе две зелени очиња. Еднаш пред војната, нешто се спречкаа, времето го покри настанот со заборав, но тие не станаа големи пријатели. Меѓу нив зјаеше празнотија и затоа Стојан намуртено молчеше, очекувајќи.

– Велат – ќе сме имале машини што носат јајца! – се насмевна Ефтим и ги почеша разграштените гради со полната дланка, Асен негдека видел. Вели – стотници пилиња вади катаден од под себе!

„Ме кандисува!...“ – се обеспокои Стојан, но не рече ниту збор.

– А јас не верувам... – брзо продолжи Ефтим. – Како може машина, а? Да кажеме, душичката ти посака чорбичка од батак. Железо ли ќе гризеш?...

„... А можеби и не ме кандисува...“ – се разведри Стојан и помина со рака преку испотеното чело. Но, секако, остана претпазлив и затоа промрморе под жолтиот мустак:

– Можеби, можеби... А мене ми расправале дека Германците од дрво правеле облека. Да кажеме, ќе се качиш на орманон и ќе му речеш на Добри абаџијата: „Изделкај ми го чинарот, од гранките соши ми гуња, а од стеблото две рала бечви. Едни за празник да се најдат!“

Ефтим одеше по своите мисли и не го разбра неговото подбивање.

– Ама, сепак, Стојане, ќе видиме нешто од животот. Во задругата зад Огражден државата испратила машини. Правилно, нели? А како беше кај нас досега? Ни сермија се има, ни лебот секој ден се вади, ни гаќи да се облечат, колку песон да има за што да те дрпне. Кулацине и салтанатлак тераат, и симитче ќе каснат, и газје за ламба ќе најдат. Живееја како луѓе, конкретно... А нас ако ни дадат машина, а? Вака се ора, ’рбетчето се витка како трска, мајчината цицка се проколнува, и пак ништо. А таа, машината, стопаничината нејзина, појака и поголема од пет биволи...

„Се разбравме, ме кандисува...“ – како облак се стемни Стојан во лицето; потем гласно продолжи, гледајќи во врвовите на своите опинци:

– А дедо ти со машина орал?

Ефтим зачудено го погледа.

– Дедо ми немал што да ора. Та зар ние земја сме имале?

Низ гнилата дрвена преграда на чардачето се провлече бушава детска главичка.

– Татко... Бате ја мава црната кокошка со камчиња.

– Само ако му дојдам... – ја заниша Ефтим главата и пак со трчање го прерипа прагот на својата куќа.

Стојан го испрати со водникав поглед и замислено продолжи по сокакот. Беше неспокоен и се обидуваше да ги разбере настаните на кои им плеткаше околу нозе, пречејќи им да се движат и вардејќи се да не дојде под нивни стапалки. Сликите што му минаа пред очи, ја заобиколуваа свеста и се таложеа негде во длабочината на неговата душа: црвенокапа булка, замислено наведната над златеста бубалка, два долгоклунести штрка на нечија стреа, стар, сонлив пес со тага во солзивите очи, гол ѕид од непечени тули.

Крај чешмата стоеја тројца селани, разговараа, а Стојан им пријде полека, како

крадец. Еден од нив мавташе со јаките раце, а на Стојана му се стори дека се брани од оси и затоа брзо, брзо говори. Од под каскетот му ѕиркаше густа црвена коса.

– Сè ќе ни појде наопаку. Ќе ги составаме нивите, ќе ги рушиме меѓите! Прифатно ништо ќе се нема. Ќе направиме задруга, а еден ден гледаш заповед: сè што се има да се донесе во одборот: и чаначе, и чорап, и дрвено лажиче.. Сите черги, што ги имаме, ќе се сошијат една до друга и под неа сите ќе се наредиме за спиење. Па оди ако можеш зачувај ја жена ти, модрици да не носи на нозе. Ќе се подаде туѓо раче, ќе штипне, а ти не ќе видиш. А ако пазиш цела ноќ, тогаш кога ќе спиеш. Ќе задремеш на плугот... Другите го гледаа со немо чудење. Не се знаеше што кријат зад темните лица – одобрување или несогласност. А тој се заврте кон Стојана, како да размислува да продолжи ли; кога ја истри со тврдиот опинок допушената цигара, одмавна со рака:

– Ако не е така, и јас би бил за задруга. Не сум против државата, ќе загинам ако треба за неа, ама нивичката не си ја давам. Од дедовците ми е, колку толку ме рани со црн леб.

Еден од селаните весело се почеша по тил. Во неговата насмевка имаше нешто едноставно – ќе се дигнеше кусата горна усна и ќе блеснеа неколку крупни бели заби. Тогаш очите му се намалуваа, а смеењето му беше безгласно.

– Како рече она за модриците, жити леб: И сето тоа испаѓа некако како во прикаските – градиш, ѕидаш, за да рушиш. Остави ја, Митре, ти таа работа, не буни ги луѓето. Ако нејќеш да го дадеш нивчето, трај и не измислувај. А ако е за под една черга, тогаш ни јас не би влегол в задруга...

Се наведна, усните му се стиснаа.

– Друго ти е тебе, а не страв за жена ти. Никој, никој по неа рака не ќе падне.

Говорникот се збуни, ја изгуби говорничката сигурност.

– Што жена ми? Што, што?...

– Ништо. Само ти велам не измислувај, власта не напаѓај ја.

– Не ја напаѓам јас власта. Јас за неа крв сум дал, син на Сремскиот фронт сум оставил. Ти тоа што го знаеш на друг кажи му го, мене не продавај ми ум. Власт, власт! Та колку е таа твоја, толку е и моја.

Другиот со сомнение ја заниша истрижаната глава, сигурно исправена на жилав врат.

– Тоа ќе видиме.

– Ќе видиме. А ти влези во задругата и со сè неа иди во... – и олеснето, како да се враќа од причесна, се сврте и се загледа во планинските врвови.

Грубоста на црвенокосиот го дразнеше Стојана, но неговите остри зборови го исполнија со сомнение. Пред вечер се врати дома, неспокоен од лоши претчувства, несигурен да проникне во неизвесноста и да ја најде вистината. Жена му Стојна, ситна и измачена селанка, две години постара од него, го пречека во одајчето, осветлено со чадлива, жална светлина. Таа молчејќи ја зеде стомната и му посипа да ги измие рацете подавајќи му ја крпата, со која тие веќе десет години се бришеа, нерешително рече:

– Нè викаат за утре на кункуренција. Ќе треба доброволно да одиме.

Стојан под очи ја загледа.

– Не те викаат тебе, туку мене. И не е кункуренција, како ти што си ја крстила, ами конференција.

Но веднаш ја ублажи својата грубост.

– Нека викаат. Ќе видиме до утре.

И како да се проштава од нешто свое, блиско, незаменливо, ги дигна веѓите и почна да го разгледува одајчето. Пукнатото стакло на прозорецот беше залепено со пожолтена хартија, а во ќошот гореше кандило, осветлувајќи ја дрвната икона, од која строго гледаше сув светец со долга брада, темносина и непријатно мазна. Кога легна, Стојан се сети на светецот и се зачуди – имаше ли тој вистина темносина брада или тоа му се стори од светлоста на кандилото? Тоа беше случајно прашање, мал внатрешен судир, зад кој свесно сакаше да ја сокрие големата неизвесност од утрешниот ден. Надвор работеше жена му, тивко и нечујно, како и што живееше. Долгогодишниот заеднички живот со Стојана ја научи, штом тој ќе дојде намуртен, таа да молчи и до легнување да биде подалеку од неговиот поглед. Честото раѓање и големата тага за умрените деца ѝ ја скршија волјата и ја натераа да живее во вечен страв од бога и од мажа си.

Стојан не можеше да заспие: му пречеше сувото шушкање на сламата под него. Комарците го лутеа – се удираше по лице и ги гмечеше. Најпосле се дигна и седна на постелата, бавно и долго чешајќи го темето. Почека да се врати Стојна и штом запали цигара, ѝ се обрати суво:

– Некои решиле. Мислат мед и млеко ќе потече...

Сакаше да го каже она за заедничката черга, ама се засрами од себе. Очигледно, на таква лага и мртвите би се насмеале. Жена му ја менеше догорената пливка во кандилото и тажно го гледаше прегладнетиот лик на светецот. Таа шепотеше

нешто, но не мислеше на молитвата; го очекуваше рапавиот глас на Стојана.

– Ќе се запишуваат, а ваму го продаваат добитокот и ги кријат парите в грне!

Прашањето што го мачеше ненадејно му се лизна од под јазик:

-Ами јас да стојам ли на страна? Ами јас – а? – ако се запишам?

Стојна се прекрсти брзо, како да симнува нешто од пред очи и исплашено се заврте.

– Да почекаме, Стојане, да видиме. Запишувањето ќе е лесно, туку отпишувањето... тоа ќе е тешко.

– Да почекаме, ако нè чека времето. А и син ти од војска пишува, совет дава мајчиниот: „Вле-зе-те!“ – и налутено одмавнувајќи со глава, ја заврши мислата со неочекувана поговорка: – Селото гори, бабата се чешла!

Не продолжија веќе. Зад нив стружеше штурче, долго, упорно, како да го брка сонот. Нивните мисли течеа уште малку во ред, а потоа станаа куси, недовршени нејасни. Штурчето не замолкна, но сонот сепак се прикраде нечујно и го заниша во својот мек скут збунето село.

## 2.

Кусата ноќ како да го прерипа селото.

По сивосиното небо, покапано со светкави срчи, млечната магла на Кумовата слама ја изгуби својата блага светлина. Куќите и дрвјата се одлепија од синилото, просто истрчаа пред неумоливо неподвижните планински масиви. Запчестите сртови ги поклопи сенка; но не потемнуваа, туку небото зад нив побелуваше. Зад несредените, молчаливи селски гробишта, високо над белите караули, затечен во некоја тајна, во грев на недораснат створ, исток срамливо порумене. Сонцето отпрвин ѕирна од недостижна далечина, а потоа милозливо слезе во нивите. Класјето затрепере, но не го стресе од себе светкавиот укит; росата како да беше залепена за неговите златни сламки...

Од сувата круша, од таа прадедовска меѓа на земјата, плашливо затрепере глас на птица, дополнувајќи ја тажната горчина на влажниот пелин. Нешто пред тоа, во глувата доба, од истата гранка луто закануваше ут. Но, како тоа секогаш да било така – ноќта со крик се бореше да остане над светот, а денот сигурно и неизбежно се раѓаше, капејќи се во сопствена крв. Затоа зората долго го покриваше небото со црвени зраци.

Негде, во некоја штала рикна бик; врелата крв во неговите млади мускули бараше љубов. Селото се разбудуваше – неговите стреи како да изникнаа од земја. Закукурига петел, три пати едноподруго; како да се лути на него, залаја пес.

Еден од првите комунисти во селото, Дане Новевски, се разбуди како и секојпат – уште пред ноќта да ја повлече од неговата одаја последната сенка. Ја погледна отстрана жена си и како секогаш, пред да стане, длабоко воздивна и му се зарадува на студениот воздух што му се разлеа во градите.

„Недела е... Конференција...“ – се сети тој и претпазливо се извлече од под мутавката.

На напукнатиот ѕид висеше остро парче од огледало. Тој се наведна над него и си ги виде очите. Тие беа сиви како есен, светкави и љубопитни. Имаше триесет години – лицето му беше ковчесто, со квадратна долна вилица и две туку заорани бразди на неизбричените образи. Кожата на слепоочниците му се затегнуваше, затоа веѓите со своите танки краеви му беа коси, завртени нагоре. Рамното чело го сечеше видлива брчка, од темето спрема танкиот, благо подвиткан нос.

Пред неколку години, Дане поинаку изгледаше – челото му беше мазно, образите полни, очите повеќе сини отколку сиви. Беше таков сѐ додека не го ранија, сѐ

додека не остана без десната рака. А за тој настан се сеќаваше само кога ќе се миеше, кога од левата рака ќе истечеше студената вода, уште пред тој да ја доближи до лицето.

Првиот пат за малку не побегна од бојот, вториот пат помалку се исплаши, а потоа свикна и остана посрамен од себе. Еднаш комесарот на бригадата го пофали во штабот, тој тоа го узна преку штапскиот курир и почувствува радост, но уште повеќе остана посрамен. Не, не требаше тогаш да мисли на бегање... Раката ја изгуби со првиот планински снег, во 1943 година, кога во неговото село, секако, одамна остана зад плугот последната бразда.

... На крај од нејаката дабова шума, стиснати еден до друг во калливиот ендек, останаа петмина во заштитница: старецот Јован, бивш бескуќник наполичар, манастирски слуга и којзнае што ли не уште – човек со долги мустаќи и ненадминат пеец: неговиот имењак, партизански прекрстен Марко, бојаџија, весел човек со сипаничаво лице, матурантот Димитар долг и рус како Шваба, крупноглавиот селанец Лазар и тој – Дане. Десно од нив, на стотина чекори, беше другата половина на десетината.

Ретко, како да штедат, облаците прокапуваа бавни снегулки. Снегот се вртеше пред нивните очи, како да бара кај ќе падне, но не се задржуваше на земја. Недалеку од нив се фати првата баричка, а на нејзината замрешкана, сива вода, ветрот нишаше голем црвенкав лист. Ја очекуваа ноќта за да се повлечат и се бореа со глад и студ. Прстите им се лепеа за смрзнатото оружје, а ветрот скоро ги заслепуваше.

– Па, како да ги нема Германците! – се поткрена малку Лазар и оставајќи ја пушката на колена, ги завлече помодрените, потечени прсти и пазуви. – Штом ќе се стемни, ќе се повлечуваме.

Борците со надеж ја прифатија неговата мисла, а матурантот на кого ова му беше втор ден со партизаните, ја тргна косата од очи и се сцрве. Беше добро завиткан во зелен волнен шал и стегнат во нов темен капут, но се тресеше и шумно дишеше низ широкиот, тап нос.

„Му е страв!“ – со тага се сети Дане и се сврте кон Јована.

– Чичо, дај да завиткаме. Кога ќе падне ноќ, не ќе смееме да палиме.

На стариот тешко му се одделуваше од тутунот; долго брцаше по џебовите, стенкаше и фрчеше низ нос. Најпосле ги дигна веѓите и усмевнувајќи се двосмислено, ја заниша главата:

– Нема. Сè допушивме!

Дане знаеше дека стариот лаже и се лутеше. Неговото лутење стана уште поголемо кога по десет минути старецот го стисна меѓу заби запаленото луле. Беше готов дури и да го мрази, но погледот му се задржа на старечките нозе, од кои едниот опинок една ноќ пред тоа беше останат в кал; го залепи образот до кундакот и се загледа пред себе, во стеблата, без ред расеани и цврсто набиени во полусмрзнатата земја. Немаше што да се лути – стариот им го даваше своето парче леб на болните, но цигарите ги криеше.

– На... – му подаде подоцна цигара матурантот, а Дане забележа дека раката на момчето неприродно трепери.

– А тебе, старко, тутунот како да не ти се дава! – не издржа Марко и се сврте кон старецот.

Овој замижа и го извади лулето од уста.

-Зошто да не ми се дава? Та јас и не пушам тутун, туку суви дабови лисја.

И покажувајќи со глава на дабовиот стеблак пред себе, додаде:

– Ене, земете, завиткајте...

– Е, лажеш... го прекори бојаџијата и му намигна на Данета. – Како ги запали лисјата? Та тие се влажни!

Во далечината писна птица и им го прекина разговорот.

– Сојка, – рече стариот, – да бидеме претпазливи. Пилето пишти само кога човек ќе влезе в шума...

Бојаџијата го развлече сипаничавото лице и му се потсмевна:

– Ако е човек ништо, туку да не е Германец. Ами ти, чичко, сигурен ли си дека е сојка? А јас сум слушал дека Германците пред да нападнат, пиштат како птици, пеат како петли, па, богами, по некој од нив и како коза...

Сите, освен матурантот, знаеја дека од овој час старецот не ќе има мир од Марка. Беше таков шегаџија – штом кај некој ќе видеше нешто што не е по партизанските ненапишани закони, како јастреб ќе го напаѓаше со своето потсмевање.

– Во минатата војна, стрико, раскажуваше тетин ми, некој од војниците се криел пред другите – и шеќер, и бисквит, и вода дури. А сè велел дека ништо нема. И еден ден нивниот полк го подбрал непријателот пред себе со топови. Сите побегнале, имале празни стомаци, а тој себичниот, бил прејаден – го фатиле и го стрелале.

На старецот му стана незгодно. Ја завлече босата нога во маслената шубара и се накашла.

– А ти гледај си ја работата. Ни сум јас прејаден, ниту ќе бегам пред Германците, ни тие ќе ме фатат.

– Сте нашле место кај да се расправате! – се налути десетарот на десетината. – Молкнете еднаш.

– Тој нека молкне. Јас ли го задевам? – се лутеше старецот и кркореше како да се дави со неизџвакано залче.

Марко плукна, колку да ја сокрие усевката.

– Ту, па ти! Бива ли да ми се налутиш! Јас само вака се посмеав, колку да ми мине времето. Досадно ми е, сум научил зиме да седам во топло одајче и да печам костени на жар. А знаеш ли ти, старче, како сум живеел јас?... Е, на крај Струмица куќичка имав, во неа кревет и печка, а во дворот коковче, петле бендерче, козичка. Ќе дојдам навечер – има и млекце и оганче, а за празник и чорбичка од коковче, батак на зелка... Па ќе се најде и ракиица негде. А по војната, богами, и кравичка ќе купам и вино визба ќе турам.

Партизаните беа прегладнети, а неговата прикаска ги дрзнеше и им ги полнеше устите со плуканка. Дане се лутеше во себе на неговиот шепот, но го почитуваше како храбар пушкомитралезец и затоа молчеше. Гимназистот, не престанувајќи да се тресе, збунето го слушаше раскажувањето на Марка, а Дане претпостави дека и тој мисли на својата топла собичка и грижата на мајка му секогаш да му угоди. Затоа и тој се сети на жена си и на нејзините солзи кога појде утрото в планина. Знаеше дека бојаџијата измислува и наеднаш му дојде чудно – зошто тој, по ѓаволите, лаже дека имал куќа, кога сите борци знаеја – бил гол и спиел во туѓа кошара?

Марко се готвеше уште нешто да каже, но во тој час негде закркоре кус рафал и тој брзо легна до пушкомитралезот.

– Идат! – се стресе матурантот и ја стисна брадата до расквасената земја.

– Идат! – како одѕив одговори стариот и се згрбави.

Германците се појавија од зад стеблата, растурени во широк фронт, крупни, прави, со тешки шлемови над очи. Беа опитни за војна и не ги потценуваа партизаните. Затоа одеа претпазливо, цврсто држејќи ги автоматите. Во напрегнатоста, додека почекуваа непријателот да им се доближи, борците пак се почувствуваа блиски и неразделни како луѓе со една заедничка судба.

Наеднаш гимназистот не нишанејќи ги стисна прстите на пушката. Куршумот појде високо и удри во стеблото на десет чекори од нив. Леко, божем си играат со снегулките, неколку лисја се занишаа во воздухот, не брзајќи да се залепат за влажната земја. Германците како да не го чуја татнежот; одеа право, без глас, без да одговорат со оган.

– Не... – се налути Лазар, наднесувајќи му се над момчето. – Кај стрелаш? Во облаците?

Дане не успеа да му го види лицето, но почувствува дека е тоа издолжено, со исклештени бели заби.

– Не пукаат! – рече тој повеќе за себе. – Ни ја испитуваат силата.

Лазар се поднамести во ендекот и кусо, придушено заповеда – сигурно да се стрела, ниеден куршум да не оди попусто. Гимназистот скоро залипа – зошто не се повлекуваат – но никој не му одговори и тој посрамено молкна.

Германците се доближуваа полека, сигурно; оддалеченоста меѓу нив и борците станувaше сè помала. Тогаш Дане почна да ги брои, полека шепотејќи:

– Еден... два... три... и оној четири... пет...

Изброја триесетина и се сврте кон Лазара:

– Извидница се.

Малку како да се стемнуваше; но Дане имаше орелски поглед и кога Германците дојдоа на едно двесте метра од нив, тој можеше да им ги распознае лицата. Го одбра првиот, крупен, со дебели усни, модри од студ, и го зеде на нишан. Чекаше заповед, но десетарот како да го изгуби гласот – молчеше и гледаше пред себе намуртено.

Најпосле, кога Германците дојдоа на околу сто метра, Лазар кусо заповеда:

– Удри, мајката нивна...

Зататне пушкомитралезот, луто и брзо, како да лае. Лево од нив одговори на ист јазик „Зорка“, а Марко не издржа:

– Слушајте... Тоа Петко брише како со метла...

И менејќи го испразнетиот рафал, извика развлечено:

– Ееej, Петко... Удри, златееен!...

Неговиот глас се изгуби во татнењето. Германците сложно ја прифатија борбата, а нивните куршуми запискаа над ендекот. Некој луто извика нешто на туѓ јазик. Тоа Дане со втор куршум го погоди оној со дебелите усни. Веднаш по тоа со извик му одговори матурантот и ја забуца главата в земја:

-Го удрија! – се наведна Дане над него и се разочара: тој беше само малку изгребан од куршумот на слепоочницата.

Германците се збунија, се растрчаа натака-навака, полегнаа. Земјата пред нив беше гола и тие лежејќи почнаа без ред да се повлекуваат. Тогаш, неочекувано, лево од ендекот, прво се закашла, а потоа зататне германски митралез.

Бојаџијата беше исправен на колениците над својот автомат и куршумите лесно го најдоа. Тој се исправи и веднаш потоа падна преку загреаната цевка на автоматот; остана неподвижен, пресечен преку очите.

– Пази, ведни се... – заповеда Лазар.

Го послушаа, но во исто време низ шумата се разнесе тешко удирање на потковани цокули. Германците јуришаа, викајќи нешто искинато и грлесто. Десетарот го дигна пушкомитралезот и го истресе рафалот во нив. Еден од Германците се заниша и падна, другите продолжија да трчаат. Дане забележа дека уште еден падна од неговата пушка.

-Петко молчи! – рече старецот и Дане тогаш дури забележа дека нивната „Зорка“ не се слуша.

Немаше друго – требаше на непријателскиот јуриш да се одговори со јуриш. Дане ја откачи бомбата од кожниот колан и ја отвори. Не мислејќи ништо веќе, се исправи и ја зафучи кон германската тројка.

Се исправи и Лазар со својата бомба; тогаш од десно пак се јави партизанскиот митралез. Густо, како оси, куршумите забрчија и ги исплашија Германците.

– На јуриш! – Дане го натпревари со извик десетарот.

И во тој полумрак, точно кога почна да се смрзнува земјата, како да се затвора за човечката крв, јуришаа тројца – бојаџијата беше мртов, матурантот исплашен и скочанет во ендекот. Германците панично отстапуваа. Трчајќи по нив, Лазо нешто викаше со засипнат глас. Дане не го чу: сети само дека од едната нога му падна опинокот, а кога ја исече петата на остар камен, застана. Тогаш и Германците одговорија со бомби: тој прво ги чу, а потоа веднаш ги сети. Некој како да го удри по десната рака. Пушката му падна, се наведна да ја земе, но се заринка со лицето в земја. Пред да ја изгуби свеста, ја виде другата половина на десетината како трча по надолнината, пукајќи во Германците; тогаш падна магла и ги покри настаните

и мислите. Се освести кога го пренесуваа. Некој во темницата одеше крај негова-та примитивна носилка и пресметуваше:

– Двајца мртви, двајца ранети... А Тие, мајка им кучешка, оставија преку десет во долот...

Раката го болеше, чинеше, ќе полуди. Но ги стисна забите, чувствувајќи дека паѓа во тежок полусон.

Го оставија во некое селце со уште еден раненик – се простија од него, бодрејќи го невешто и не гледајќи во празнината, кај што му беше раката.

Сега, по четири години, додека се миеше, размислувајќи за денот што го очекуваше, низ мозокот како стрела му мина тогашниот настан и тој лут на самиот себе што се враќа кон минатото, фркна во грубата ленена крпа.

Од дома излезе лошо избричен; кожата на лицето му беше затегната од лутиот сапун. Уште од далеку виде пред одборот група луѓе и се изненади. Зошто се збираат така рано? Нестрпливи ли се? И забрза чекорите и пред да се измеша со селаните прочита на варосаниот ѕид убиствена парола: „Селани, не влегувајте в задруга!“ Нешто како да го тресна по глава, црвените расфрлени букви му се разиграа пред очи, се слеаја една во друга и се измешаа в клупче. „Кртови, ријат...“ – се возбуди и, не поздравувајќи се со никого, почна да ги испитува селаните со строг поглед. Тие молчеа збунети и сами, а Дане ги стисна забите. „Се радуваат – му мина низ глава. – Еве овој дури и се насмевнува, сигурен е дека сме победени“.

Испотен и разгрштен, пред селаните стоеше претседателот на одборот и, мавтајќи со рацете, викаше, како да сака да ја надвика паролата:

– Селани! Гледате ли како се бори некој против нас? А јас ве прашувам ќе може ли тој да ни попречи да одиме напред? Крвта ќе им ја... Реакционери. Ќе ги најдеме ние и ќе им платиме за сѐ. Така ли е?

– Така е, Доксиме! – без восхитеност потврди некој и се искашла со сила.

Дане молчејќи го гледаше жолтото лице на претседателот. Забележа во неговите лисичени очиња жолто пламенче и уште повеќе ги стисна забите. Му се стори дека и Доксим ѝ се радува на непријателската парола и душата му се обеспокои од сомненија. Кој можеше да биде мајсторот – се прашуваше. Сите ги познаваше во селото, но не можеше да знае кој што мисли. Добро, комунистите да ги исклучи, остануваат преку двесте возрасни луѓе. Од нив може да биде секој – и Димко, и Дудулевци, и попот, и Панко Оканица, и... и... па дури и претседателот.

Доксим ја запетла кошулата со треперливите прсти и му се доближи.

–Ноќеска гостин сме имале во одборот. Ни однел некои списоци, на сликите им ги ископал очите. Буквите црвени тој ги оставил.

– Гледам. А ти што мислиш – кој може да е?

– Секој кој не ѝ е пријател на оваа власт.

Дане ги гризеше ноктите и замислено трепкаше.

– Само кој е тој, нашиот непријател?

– Некој од кулачиштава, – тресна без размислување Доксим.

– Се сомневаш на некого?

Доксим малку како да се збуни. Рече дека не се сомнева на никого и, како му се стори на Данета, се обиде брзо да го префрли разговорот на друго.

Од негде доскока глувата старица Трпана и како крлеж се закачи за Доксима. Говореше брзо, чиниш, се плашеше да не умре пред да се доискаже. Гласот ѝ звучеше ’рѓосано.

– Доксиме, Доксиме... Вие знаете ли за бога? Како тоа стахите жени во дол да ги затвохате? А јас од кохења шумски ли ќе живеам?

Не чекаше одговор на своите три различни и невозможни прашања, што заплашуваа, колнеа и збунуваа. Се давеше со недоискажани зборови и ја заменуваше буквата „р“ со „х“, страшно тркалајќи ги матнозелените очи во јамите.

– А во устава, погледни – ни еден заб баба нема. Ако биде така, во цххвичето тхи дена ќе клечам, на господа ќе му се молам да ве сотхе!

Доксим се обиде да се откачи од нејзините нокти, што му се забуцуваа во ракавот.

– Оди ти, бабо, и гледај си ја работата. Јас со тебе нејќам да говорам.

Некој од селаните добродушно се насмеа:

– Види го бабиштето, нејќе корења. Ковче печено ѝ се јаде и винце ѝ се пие.

Неговата смеа Дане двосмислено ја прими. Не се искажуваше, но беше недоверлив, повеќе испитувајќи со очи, отколку со збор.

Ги остави луѓето и појде по нерамниот сокак, прашувајќи се кој може да биде непријателот. Со Стојана се сретна под ридот.

„Не спие ноќе, се мачи...“ – ги забележа неговите црвени очи и, поздравувајќи се, праша:

– Како мислиш, стрико Стојане? Ќе успееме ли?

– Со задругата ли? – го сврте Стојан погледот на друга страна.

– Со задругата. Тебе те очекуваме, наш си – знаеме. А некои станале активни. Одат по куќите, агитираат...

– За задругата?

– Против. Нема, велат, ништо од колективно живеење. Ги пуштаме сега, ама ќе ги подбереме. Зашто, и на тил ќе ни се качат. Заканувaат со светци, пишуваат пароли, ги бунат луѓето...

Појдоа полека заедно, занесени секој во свои мисли, но во истото време испитувајќи еден другего. Стојан пак почна да се возбудува. Во сувото грло како да му се стисна нешто и како да му го сопре дишењето. И во таа своја голема мака му се зачуди на Данета. Што очекуваше тој од иднината? Зошто, најпосле, да не почекаат и да не видат што ќе стане? Ако е за арно, и тој би се запишал в задруга, ама ако појде наопаку? Ќе си ја даде нивичката и не ќе може после да ја врати. Ќе треба да се потпре на питачки стап и да зареди од куќа до куќа.

Дане ја почувствува внатрешната борба на Стојана. Но ја почитуваше неговата чесност и затоа веруваше дека и тој ќе застане на нивната страна.

„Наш ќе е!“ – поверува искрено.

„Не, не можам! Ќе чекам. Ако биде добро, ќе одам и ќе речам дека сум згрешил, а ако испадне нешто друго – моето ќе си остане мое!“ – се реши Стојан.

## 3.

Веќе долго време на чело на селската власт стои Доксим Котевски и работи како знае и колку може. Кога е за данок, за откуп, за делење садници и семе, селаните се лутат на него и гласно го пцујат, а кога некој ќе се напие, заплашува дека и ќе му се одмазди. Ама сепак, ако не го сакаат, и не го мразат. Есента, во 1943, кога Дане појде партизан, го повика и Доксима да му се придружи. Доксим вака секогаш чинеше кога ќе мислеше: ја лижеше горната усна и молчаливо бараше со поглед нешто пред нозете.

– Па? – станува Дане нестрплив. – Сакаш ли?

– Слушај... – развлечуваше Доксим. – Не можеме сите да излеземе в планина. Некој ќе треба и овде да остане. После и жена ми е пред раѓање, на кого ќе ја оставам? Имам две дечиња. Само од моиве раце чекаат. А за борците јас ќе работам – и јадење ќе ви праќам, и кришум за спиење ќе ве пречекам.

– А јас немам ли жена? – ги стискаше вилиците Дане. – Имам, ама не ѝ седам под унечката, туку одам да се борам, како што се борат други со месеци.

Доксим не го послуша и остана в село, а по три месеца го интересираа Бугарите со уште десетина други.

Мина војната, дојде чеканиот слободен ден – интернирците и партизаните се вратија в село. Но Дане не му прости на Доксима, верувајќи дека тој не е чесен човек. Своето мислење за Доксима Дане несвесно го пренесе на другите комунисти и Доксим не стана член на Партијата. Освен тоа, тој беше во некое подалечно роднинство со Панка Оканица, за кого се претпоставуваше дека е потаен непријател на власта. За Панка знаеја дури и децата дека до самиот ден на ослободувањето држел во своето гостинско одајче голем литографски портрет на царот. Доксим еднаш побара од него сметка за тоа, но Панко просто одговори дека не ја држел сликата на ѕид зашто сакал, туку зашто морал. Доксим му поверува и му го прости гревот – но за Дане беше ова доволно да изјави пред Ефтима и пред уште еден селанец дека баџанаците се исти. Доксим не чу за тоа, но тоа Данево мислење го сети и сосем се оттргна од секое пријателство со баџанакот. Дури и на жена си ѝ забрани да оди на гости кај сестра ѝ Мерџана, жена му на Панка Оканица.

Навечер, кога ќе легнеше изморен, не можејќи да заспие од хроничното главоболие, Доксим раздразнето размислуваше. Зошто тие, по ѓаволите, гледаат на него како да бил контраш? Зошто не почекаат да видат? Тој ќе им докаже дека не е непријател и ако треба дури и повеќе. Тогаш не ја прими поканата да земе пушка, ама тогаш не беше толку свесен. А сега, откако ја преживеа интернацијата и отка-

ко фелдфебелот со кундак го удри по глава, сè знае и сè сфаќа. Не се прими да биде претседател на одборот за слава, туку искрено да работи.

За сето време додека се приготвуваа за здружување, Доксим будно го следеше агитирањето на активистите и секоја вечер се враќаше дома со иста мисла дека треба многу да се работи, а, ете, тој некако не дал сè од себе.

„Неуморни се, ѓаволите.. – Размислуваше за активностите. – Треба и јас... повеќе од утре...“

До самиот ден на конференцијата, го ослушкуваше пулсот на селото и немо, како и Дане, ги испитуваше селаните. Јасно му беше – на луѓето тешко им се делеше од земјичката, просто како парче живо месо да кинеа од срцето. Можеше да прецени – тие не се бунеа; повеќе молчеа и очекуваа. Но, паролата што ја затече тоа утро на ѕидот од одборот, го разбесни, а потоа остана и навреден од студениот поглед на Данета. Со мака се откачи од глувата старица – Трпана (таа искрено веруваше дека власта старите жени ќе ги храни со тревки и корења!) и појде дома. Главоболието, што го мачеше само навечер, сега му се јави предвреме. Сети тежина во темето, во слепоочниците му зашуме крвта.

На пат се сретна со својот прв сосед и расеано отпоздравувајќи се обиде да продолжи. Ама на другиот му се разговараше – такви беа деновите: секој сакаше да чуе што мисли друг. Затоа прв праша колку да го зачува редот на селската внимателност спрема луѓето:

– Ново-старо, Димко!

– Стари сме ние, – се посмеа другиот. – А на новото кој да му верува.

„Тој мисли на задругата!“ – отстрана го погледа Доксим.

– Е, кој да му верува на новото... – ја наведна Димко кадравата глава. – Браќата Дудулевци сретнале пред црквичено питач, издрпан како од волци да си го оттргнал. Плачел и ги колнел да не влегуваат в задруга. Велел лазарополец е, а го зел питачкиот стап, оти во селото немале што да јадат. Сето село избегало кој каде, останале само кутрите старци – коприва да варат, душа да вртат.

– Лажат како кучиња Дудулевци – избувна Доксим. Во слепоочниците посилно му зашуме, болката му се пренесе на тилот. – Ним еднаш, ако се сеќаваш, им се кажал свети Пантелеј. Не се колнеа ли дека на челото ѕвезда му стоела? И ова, со лазараполецов, таква лага ќе е...

– Можеби, можеби... Само питачот го видел и го чул баџанак ти.

– Панко Оканица?

– Панко Оканица. Ама... – развлече Димко неочекувано... – јас пак не верувам. Ако задругите не би чинеле, зошто тогаш ги фалат по весниците? И зошто Петре и Ефтим прикажуваат дека државата машини ќе ни прати? Не верувам, не верувам...

Што не верува Димко, Доксим не можеше да разбере. На што мислеше тој кога ја тресеше темната глава – на Дудулевци, или на Петрета и Ефтима? Се прашуваше зошто нему му говори Димко за лазарополскиот питач. А она што му го спомна и Оканица говореше повеќе од сè – дека и овој затворен човек не му верува.

„Треба друг да одберат за претседател! – се мачеше Доксим, кога се оддели од Димка. – Вака повеќе не се издржува. Работиш како говедо, а пак никој не ти верува, ни ти заблагодарува!“

А во него се бунеше нешто друго.

„Ти како да си ја ишкаш мувата на капата! Остави ги луѓето нека си зборат и со работа докажи им кој си и што си?“

„Убаво, да им докажам. Ама зошто тоа да бидам јас? Нека им докажува Дане. Тој се борел, тој ја изгубил раката.“

„Не, не можам. Доста ми е. Не се издржува!“

Двете спротивности, што татнеа како со чекан во неговата глава, му ја ослабуваа волјата, го раскинуваа како два ѕвера што се рабат за својот плен.

Уште пред да се доближи до својата куќа, ја виде жена му на Панка Оканица како со нишање се изгуби зад трошната куќа на крајот од сокакот. Онака, од грб, му се стори возбудена и поверува дека нејзините секогаш влажни очиња беспомошно се вртат во рамките на кусите трепки. Прагот го пречекори намуртен, и не гледајќи во жена си придушено праша:

– Што сакаше таа?

– Која? – божем не го разбра жена му.

– Таа, сестра ти.

– Е, па ете. Дојде жената да ме види. Сестра ми е.

Доксим не поверува и со горчина во гласот кажа што мислеше:

– Не дошла таа да те види, ами ја напаѓа задругата.

– Боже, Доксиме... – се препасти жената и тој забележа дека кога е возбудена личи

на сестра си. – Три ги имам – да ги немам, ако Мерџана рекла нешто против власта или задругата. А за тоа, за твоето запишување, јас ѝ говорев, ете, ѝ се пожалив.

– Пак ли старата песна ќе ми ја запееш: – офна Доксим и просто падна на триножецот. – Јас ти реков: претседател сум на одборот, работам и живеам како чесен човек. Не можам да не одам со народот.

– Со кој народ? Со суртуците ли? Немој, Доксе, немој... Ако не мислиш на себе, мисли на дечињата. Ќе ги оставиш без земја, без куќа.

Завчерашното, вчерашното, тоа што со денови се влечкаше меѓу нив, пак почнуваше. Порано нивните денови течеа како што текле селските денови низ векови. Љубовта и младите години незабележено пројдуваа, оставајќи зад себе ако ништо друго оно барем разбирање на двајца сопатници. Недоразбирањето ненадејно надојде како порој и ја изгасна во себеси последната искра на некогашната љубов. За Доксима животот стануваше невозможен – не можеше да почувствува никого како близок, просто да се посоветува затоа наутро се разбудуваше блед и ненаспиен.

Попладне, кога Доксим излезе од полутемното одајче, да провери дали е премачкана со вар паролата на ѕидот од одборот, Цвета остана со темни сенки под очите и желба да ги земе децата и да ја остави куќата во која тринаесет години ја делеше судбата со Доксима.

... И затоа измачена не издржа, туку го зеде најмалото дете за рака и ѝ се прикраде на конференцијата, да го чуе расположението на луѓето, да го види поразот – свој или на Доксима.

Кога стигна во широкото претсобје на новото, уште од влага неисушено училиште, ја пречека јак, убиствен мирис на тутун и пот, ја удри в лице и ја замелуши. Се провлече меѓу тие што стоеја околу вратата, го зеде детето на раце и се потпре на белиот ѕид. Стиснати на клупите, скоро залепени еден до друг, по некој од селаните се чешаа, се потсмеваа и дофрлаа, очекувајќи разврска на клопчето, замрсено до неразбирање. Од првите редови, кои повнимателно слушаа, се дигна висок селанец со широко лице, темно и сплескано како земјена чинија. Цвета го позна и се напрегна да го чуе зета си Панка Оканица. Тој чудно трепна само со десното око; ја дигна левата тупаница како да го заплашува собранието и благо, со мек глас, почна?

– Убаво Дане говореше – вака ќе биде, онака ќе биде. Нека биде, ама ние отпрвин да видиме, па после да launching – на, другари, еве ви ја и нивата и добитокот. А зошто не ни се кажа како ќе биде со данокот, ќе нѐ ослободи ли одборот да не го плаќаме?

– Точно за данокот нека се каже! – го охрабри некој и Панко уште посигурно про-

должи:

– И после, што ќе биде тоа како во едно семејство? Јас или ти, или кој и да е, ќе работи, кожата од рацете ќе ја остава на копачката од утро до мрак, а некојси таму може вазден да спие под сено и на делба да рече – дајте ми и мене, во задругата сите сме исто.

Низ претсобјето помина лек, нејасен шум, а потоа сè се смири.

Оканица побара со својот матен поглед некого меѓу луѓето и чудно заврши:

– Машини, велите, државата ќе дала. Убаво е тоа, ама зошто ни се нам машини?... Душичката селска за земја плаче...

Рапав, полупијан глас му ја опцу душичката, а селаните со смеа и одобрување ја примија пцоста. Големите, обесени уши на Панка Оканица помодреа и тој навреден се заврте кон полупијаниот и уште погласно опцу.

Од претседателството на собранието некој затропа по крцкавата маса:

– Полека. Не сме ни в племја, ни в меана. Нека се доисказже Панко, а ние после ќе му одговориме и за данокот, и за тие што работат.

Селаните загракаа во еден глас:

– Ти нив со ластегарка убеди ги. Душичката ајдучка да им се успокои.

– А јас в задруга ќе влезам кога ќе си го видам тилов. Јас од татка ми се одделив, со секира крв ми пуштија, а сега со сите...

– Еј, Оканица, не мавтај како орел. Од земјава не ќе летнеш...

– Ви велам – Дане е прав...

– Прав е. Ама ние не сме луѓе за задруга...

– Полека, не сум глув!

Грубите машки гласови спокојни ползеа, женските писоци ги надвикуваа и се сукобуваа, удираа во ѕидовите, се распрскуваа. Жените мавтаа со раце, колнеа и си ги советуваа мажите што да чинат.

Од последните редови пиштеше доенче. Мајка му, млада јадра жена, безуспешно се обидуваше да му ја затвори устата со дојката, набабрена од млекото; оно го вртеше главчето и не престануваше да плаче.

Една, со ковчесто, лисичено лице, успешно ги надвикуваше жените. Околу издолжениот бел нос ѝ заиграа ситни брчки, ѝ се растурија под темните подочни мускули и се изгубија под забратката кај слепоочниците.

– Жени... Со камења треба да ги маваме... Да ги плукаме... Од црквата наша свињарник ќе направат.

Жена му на Ефтима се крена на прсти и ја издолжи шијата.

– Молчи, знаеме дека свекор ти со ситна срча си го труела.

– А ти од дворот наш скришно си ги збирала јајцата!

– ... да, труела...

Некој од мажите охрабри една од нив:

– Кажи ѝ ти само... Тебе аграрната ти дала земја, а нејзе ѝ зела...

Жените го надвикаа неговиот глас.

Како темно, неспокојно море претсобјето се лелееше и нејасно, тапо татнеше. Гласовите се судираа, одѕиваа; над многуте глави налетуваа грмежи.

На претседателската маса сложно удираа неколку раце.

– Другари, да се разбереме...

Гласот не ја надвика вревата. Стихијата ги носеше луѓето кон страсни и не многу смислени сукоби.

Низ прозорецот се пробиваше последниот сончев сноп. Во неговиот бел млаз трепереше сребрена прав. Крупна темносива мува трпеливо везеше по матното стакло. Киселата пот удираше в ноздри, давеше и заедно со тутунскиот чад предизвикуваше кашлање. Вревата полека стивна; луѓето како да се изморија. Тогаш Цвета затрепере и го стисна посилно детето до себе. Го виде Доксима како станува од клупата, испотен, црвен, со остра брчка на едниот образ. Тој воздивна длабоко и расеано ја завлече тешката рака под кошула:

– Не разбирам зошто вака се грабаме за збор. Сака ли некој да говори, нека говори, не прекинувајте го. Ете, на Оканица не му се дава земјата. Тој не вели – не станувам задругар туку, итро како лисица – не станувајте задругари. Има такви меѓу нас, кукавици... До вчера сликата на царот до иконата ја држеа, а денеска се бунат, само што не ја опцујат власта... Ги пуштаме, зашто не правиме задруга за нив, ами за нас...

„Готово е! – на Цвета ѝ се наполнија очите со солзи. – А сега или да се откажам од зета ми, или да се оставам со Доксима...“

И посрамена, чувствувајќи ги туѓите погледи на себе, почна да се прикрадува кон вратата.

Надвор не се задржа. Од крајчето на окото ѝ се одвои крупна врела капка и ѝ се лизна по лицето. По влажната трага појде уште една, и уште една и Цвета со мака го стисна липањето в грло.

## 4.

Селото живееше како и порано – со создавањето на задругата ништо битно не се измени. Пак по гнилата црковна камбанарија е роеја крескави чавки, црни како грев, пак од левата страна на џадето, под ударите на предутрениот ветрец, шушкаа седумте јасени, пак по некои ќе се напиеја и шумно ќе се расправаа. Ни кај луѓето немаше некои промени.

Навечер, кога големата сенка на ноќта ќе ги поклопеше куќите, низ сокаците се нишаше ќориот ковач Усни, плашејќи ги краставите кучиња со големото тело и пијаната песна. Имаше лута крв и тврди, од оган изгорени, тупаници. Од ракија поулавуваше и ја мачеше жена си. Двајцата браќа Дудулевци, долгоносести, гргурави џинџчиња, со грчка крв по баба си, одеа од куќа на куќа, со ситни, набожни чекори, се крстеа, заплашуваа со светци и се колнеа дека добитокот ќе пцовиса, а потоа ќе удри и чума. Ефтим се лутеше на нив и го пцуеше Доксима:

– Што власт е тој? Не ги затвора овие две петлиња, туку ги пушта да ги залудуваат селаните.

И скоро сите селани живееја гладно или сито, лекомислено или набожно, тивко или со врева – како и пред две недели, кога ја немаше задругата!

Притаеното село ненадејно избувна како сув барут. На десетина дена пред Илинден, стаса од град еден пограѓанет селанец-земјоделец, па клисар во градската црква со две камбани и најпосле слуга во меана, полна пцости и муви. Дојде ден кога меаната се претвори во реонско читалиште, полно книги и пак лути муви. Од тој ден, сожалувајќи го тромиот стопан, слугата ѝ се налути на власта и од зад грб ѝ скрца со јаките заби. Утредента се изгуби, промени неколку занимања, и откако од некој рудник го истераа заради пиење и тепаници, реши да се врати во своето село.

Беше спарна и правлива наквечерина. По виткавото патче, што се одделуваше од џадето, тромо чекореше висок, триесетгодишен човек, тапо загледан пред себе. Диво изгледаше, како да му беше роден син на стравот – бушав, со крупни модри очи; зад испуканите усни, обесени на краевите, влажно светкаа волчи заби: и во тоа чудно лице, скоро пошироко во вилиците отколку во челото, женскиот нос скоро не се забележуваше. Зад такво укочено лице никогаш не може да се предусети мислата – сокрива ли тој во себе радост, тага или лутина? Одамна отиде од ова потпланинско село, ги расеа најубавите години незнаено каде и, во жилава борба со животот, разбра дека е слаб, без своја волја.

Преда да влезе в село, се загледа во далечните ниви, каде што под свитканите

српови паѓаа последните снопје. Селаните изгледаа оддалеку ситни и бессилни; тој се напрегна да препознае некој од нив, но не успеа – по нивните лица паѓаше сенката на наквечерината. Го виде прелогот на својата нивичка, обрастен во диви тревки и жолти млечки и сети желба, веднаш, сега да плукне в раце и да ја изора земјата. Сѐ му стана некако пусто, душата му ја зајаде ’рѓата на осаменост. Еве ја, есента е на праг; ќе легнеш заморен од жештината, а кога ќе се разбудиш – гледаш – над отровното мочуриште лази сињак, густ и тежок како олово. За позајменото волче ќе се плати со неколку шиници жито, ама барем лебот што ќе го извади ќе му е благи негов. А да се нема волче и да се ора не е првпат: и порано по неколку куќи ораа со едно волче. Не сакаше да влезе в село пред да се стемни и затоа, со чувство на виновник, ги заобиколи двете крајни племји и полека се искачи на ридот. Седна под полуисушениот брест и се загледа во облаците. Пред дрвената порта на црквичето седеше на клупа селскиот поп дедо Иван и низ парче црвено стакло го мереше светот пред себе. Попот подетинуваше и живееше во некој чуден свет, осамен и молчалив. Стаклото го криеше од попадијата, како дете кога чува скапа и ретка играчка. Тоа џамче го радуваше; низ него небото беше запалено, лицата на луѓето крвави, а земјата темна и маслена. Но кога го забележа непознатиот под брестот, се накашла строго и се исправи; се чувствуваше како затечен во непозволен грев и затоа навреден, појде по изгазената врвица и слезе налутен в село.

„Не ме позна!“ – тажно се насмевна човекот и стана. Зад него писна сојка и тој се сети на своето детство.

Штом влезе в село, од зад една куќурка исплива глувата старица Трпана и застана кога го виде. Се удри со дланки под колковите и ја отвори устата.

– Господи! ... Апостолче, ти ли си?

Човекот ѝ пријде; ѝ ја префрли тешката рака преку рамо и се наведна над неа. Како да сакаше да ги принесе усните до нејзините прсти, слични на суво, ископано корење, и како да се поколеба. Само се наведна над нејзиното уво и рече:

– Јас сум, мајко. Градот ме исклоца, та сега, еве, дојдов. Белки ќе ме послужиш со коричка.

Покајнички нишајќи ја главата, тој се загледа во испуканите врвови на тешките чевли. Средбата со мајка си не ја замислуваше вака невесело и затоа збунето додаде:

– Ете, јас дојдов.

Мајка му се тргна од скочанетоста и почна да поскокнува крај него, ту од една ту од друга страна, да мавта со раце и да го кори.

– Кохичка бахаш, ѓаволе? Бахаш, а?... А зошто отиде, зошто ме остави самоххана? Еј, тешко си го и горко на мајка од која синот чека живеачка. Нема, нема... Кохичка нема.

Апостол се насмеа. Сакаше да внесе веселост во ова недоразбирање.

– Не количка, мајко. Ко-ри-чка. Туку ништо. Има Апостол во џебот уште некоја парица.

Мајка му не го слушаше, одеше само по своите мисли, предавајќи му се на стравот што ја мачеше.

– Кохени млади ќе јадеме. Навлегоа в задруга, та сега в дол како овци ќе нè чуваа ти ќе нè хранат со што ќе стигнат ти имаш заби и дхво ќе прегхизеш, а јас само попаха можам да дхобам. Ама нема да ми дадат. Говохеа дека бил кхив Доксим, а Доксимовица во чедата ми се колнеше – не Доксим, туку оној голтах Дане.

Апостол застана малку и ја фати за рамо. Во неговиот тап поглед светна жива искра и ја зажеже Трпана.

– Што трескаш, мајче: Какви корења ќе јадеме. Ти како на господа да улиш!

И до дома не проговори веќе, отсутно слушајќи го штрбавото раскажување на мајка си. Таа му додеваше, налетуваше со своите бесмислени зборови на него, колнеше, во црно ја завиваше иднината. Сите надежи и копнежи таа му ги урна со својата лудост и тој забележа дека куќата е запуштена, нечиста, убиствена од плесен и влага. Затоа излезе од неосветлената одаја и заоде, без желба да стаса негде или да се сретне со некого. Беше таков, не можеше да се спријатели со никого, верувајќи дека луѓето се себични и бесчовечни.

Во темницата скоро се судри со Панка Оканица. Другиот, лут на цел свет, донекаде и на самиот себе, го искриви сплесканото лице и ги исплука зборовите:

– Слеп ли си, та одиш на мене? Сокаков е правен за повеќе луѓе, а не само за нас двајца.

Но кога ги позна матните очи, смекна и ја подаде десната рака:

– Апостоле, ти си, нели?

– Како што гледаш, – суво договори Апостол и се испречи пред него диво и заплашително. – А тебе не ти се чека за оние дваесе’ банки?

Оканица, окце замижано, ја стави во џеб неприфатената рака.

– Какви дваесе’ банки ми споменуваш? Тоа ти говориш за оние двесте лева што ти ги дадов во бугарско? Оди, неподбивај се! Јас тој долг сум го заборавил веќе. Да појдеме на по една?

Апостол нервозно почна да ги мрда прстите, како да тресеше нешто од нив. Знаеше, ако појде ќе се напие, а клетвата му беше да не стави веќе капка в уста. Ракијата му го разоруваше разумот и тој станувaше роб на своите страсти. Пијан тепал и бил тепан, трезен се колнел дека веќе нема да пие. Но досега не ја исполни клетвата. Ова беше прв пат да издржи еден месец без ракија и сега, еве, Оканица го кани. Се бореше со самиот себе и не победи. Затоа се сложи:

– Да појдеме.

Во широката гостинска одаја мирисаше на темјан и јаболка. На голиот ѕид беше закачена слика во шарена рамка: суво војниче, по сѐ слично на Оканица, само дваесетина години помладо од него.

– Син ти? – праша Апостол и седна, не слушајќи го одговорот на Оканица.

Влезе домаќинката, шушкава како есен, и се поздрави со гостинот. Потоа принесе шише со дудова ракија и излезе, постојано издишувајќи се. Апостол ја истресе в грло првата голтка и под очи го погледна домаќинот. Го одбиваше неговото широко чело, изорано со ситни, густи брчки. Трепетливиот пламен на ламбата фрлаше бледи светкавици по лицето на Оканица, затоа изгледаше неспокојно, како да го растргнуваат грчеви. Итар беше тој, учител на лисиците во итроста. Се усмевнуваше само со очите, како да се срами да ги покаже жолтите заби и шепотеше со длабок глас:

– На здравје. А ти од град, а? Па како е таму? Има ли живеачка?

Апостол ја наполни својата чаша и не ја дигна главата.

– Живеачката на гробишта. А ти што ме распрашуваш? Да не си ѝ увце на власта?

Домаќинот го затвори десното око, но не се навреди.

– А јас личам ли на увце? Те прашувам, зашто овде ме боли за тебе! – и силно се удри по пропаднатите гради. – Знам што мислиш. Доксим ми е баџанак, а јас сум му шпион, нели? Арно, ама тој е куче. Ни говори со мене, ни пак сака да ме види. Е, Апостоле, Апостоле. Се мачевме, пустевме под Бугарите, а сега дочекавме слобода. Дочекавме наши кучиња да нѐ апсат. А тие, Бугарите, поарни беа. И да се напиеш со нив, и да си попееш. Не беа такви, како овие. Еве да кажеме: сакам меана да си отворам, а тие пречат, не даваат!...

– А ти сплескај го Доксима – нељубезно го прекина Апостол и ја испразни чаша-

та. – Лани, ова време, арслан, пеливан турски, сум сплескал. Кучешка вера, ќе ми расправа – Муамед бил над Христоса! Тој, вашиот бог, вели, бил копиле. Мајка му од овчари го родила. А, копиле е? ...

И Апостол замавна со тешката тупаница, како пеливанот да е тука, пред него.

Апостол немаше внатрешна сила и затоа кога ќе се напиеше, свесен дека уште му останала мечешката снага, се фалеше како е јак и уживаше да го слушаат. Во такви часови не мислеше многу и спрема прв човек, кој ќе имаше трпение да го слуша и да му одобрува, ќе сетеше доверба и ќе беше готов да раздели со него сѐ што има. А имаше само тврди тупаници и слаба, скршена волја. Сега, затоа што Оканица внимателно го слушаше, Апостол брзо ги празнеше чашите и стискајќи ги тупаниците раскажуваше како тој го совладал својот противник, јакиот пеливан.

Оканица го најде неговото слабо место и реши од него да направи орудие за своите цели; му ја полнеше понизно чашата, ги дигаше зачудено веѓите и со вљубеност ги гледаше неговите широки гради. Знаеше дека со овој човек лесно може да се управува и затоа неуморно го враќаше разговорот на неговата победа од која Турчинот, пеливанот, останал да лежи обесвестен во некоја меана.

– Арно си го суредил. А јас да бев... – Оканица ја прекина мислата и маченички го набра челото: – Е, Апостоле. Не е работата до Доксима, туку до друг. Дане не дава, Дане. Тој е кумунис', а кумунистите тие се сѐ и сја. Ѕвер е, со заби би заклал човека.

– Нека дојде мене да ме заколе! – се накостреши Апостол.

– Море, и тебе би ти дошол до ак. Нема човек кој може да се фати со него.

Оканица стрелаше и погодуваше: самољубјето на Апостола беше навредено и тој наеднаш почувствува страшна омраза спрема Данета. Ракијата му го заматуваше разумот. Оканица ги познаваше луѓето и играше со нив на сигурна карта.

– Апостоле, јас пара, ти работа, а? Да отвориме меанче и да станеме ортаци.

– Како тоа ортаци? Што сум јас да ти станам ортак? Голтар, гладник, пијаница.

– Не, вистина, сакаш ли?

Одајата се залула пред очите на Апостола. Сликата дојде на подот, прозорецот на таванот. Ламбата отиде далеку, а од неа потече густ, светкав порој. И во своето пијанство тој наеднаш изјави дека на Данета ќе му ја запали куќата.

Оканица како да се исплаши:

– Апостоле, што говориш ти?

– Тоа што чу! – грчевито се држеше Апостол за својата мисла. – Куќата ќе му ја запалам на тоа куче. Тој се засилил многу, дури, гледам, луѓето душа немаат од него. Ќе му ја запалам куќата, крвта негова...

Кога излезе, не поздравувајќи се со домаќинот, се заниша по нерамниот сокак и се обиде да запее. Песната како крик се разнесе низ ноќта. Селаните ослушнаа. Беа свикнати, но се изненадија – тоа не беше Усни ковачот. Во овој глас имаше повеќе бес и закана. Наеднаш Апостол застана кај чешмата и се развика:

– Јас на Дане куќата ќе му ја запалам. Селани, јас на Дане... Ах, јас ќе убијам...

Мора го налегна сонливото село. Воздухот како да се згусна, пречејќи им на луѓето да дишат. Заканите на пијаниот го обиграа селото, проникнаа во секое катче и ги разнишаа селаните. По некој ќе се прекрстеше и со сомнение ќе ја завртеше главата – јасно стана, неизвесноста како волк ги демнеше.

Утредента и децата знаеја за заканите на Апостола. Некои предложија да се затвори тој, но Дане само одмавна со рака, говорејќи дека пијаниот го говори она што не мисли. А глувата Трпана како да ја почувствува големината на синот. Ги бараше жените и самоуверено се фалеше дека Апостолчо нејзин и кмет уште ќе стане.

## 5.

Оваа ѓаволска игра Стојан ја разбра на своја штета: тоа низ устата на Апостола се буни целото село, секој човек, секое катче, секоја педа земја. И за крв веќе се говори. Некои од задругарите се колебаат, некои семејства со денови се караат за непромислениот чекор. Неподнослива му стана жештината на долгиот ден. И нигде – ни на запад ни на исток, да се згусне едно облаче, нигде ни капка дожд – да го прореди воздухот, да го смекне, да им го олесни на луѓето дишењето. Седумте јасени крај патот замреа, ги подвиткаа своите гранки, во исчекување на дожд тревата изгоре. Сонцето ниско паѓаше, се мачеше на својот пат и останувaше долго врз тилот на луѓето. Тоа попладне, додека го лепеше напуканиот ѕид на куќата, Стојан поверува дека од задругата не ќе остане ни трага, а можеби, повторните меѓи ќе ги натопи крв. Своето стапување во селскиот колектив го плаќаше со несоница. Животот му се одмиле.

И тој ден бавно замина, оставајќи зад себе издолжени сенки и невеселост. Над темниот, грбав срт на Огражден, месечината го покажа своето безгрижно лице. Низ отворените прозорци во бранови удираше сладок и опивен мирис на тревките. Стојан излезе од одајчето и застана во дворот под полусувата лозница. Му се стори дека селото живее во претсмртен грч. Сета живост околу него му стана бесмислена и неразбирлива, како пијано пеење на нечиј покоп. Соседот Гере постојано се искашлуваше и го тимареше своето коњче, жално и кротко како и стопанот. Од онаа страна на широчината, зад која веќе почнаа да се ѕидаат шталите, се развлечуваше детско плачење и засипната искината виканица. Некој несигурен глас затрепере во темницата.

– Сватеее... О, сватее... Што го тепаш Миланча?

Засипнатиот, далечен глас се одзва брзо и студено:

– Ами му реков на поп-Ивана јариште...

Гласовите се изгубија во топлата ноќ. Престана и детското плачење. На крај село, под црквичето, два пијани гласа се мешаа, се заплеткуваа, тргаа секој на своја страна. Старечки тенор пискаше, ги кинеше слоговите в грло и непријатно дразнеше:

Плакала млада вдовицаа...

Како да го бутка пред себе нејакото тенорче, редок бас, груб, и немелодичен, прифаќаше се влечеше по земја, татнеше, се давеше:

Над таа пуста гробница...

Стојан се сети дека е Усни пак пијан и му стана жал за жена му. Таков беше Циганинот, откако во тепаница му го извадија окото: се опиваше, молеше да го покрстат и без потреба ја тепаше жена си. Песната се изгуби и над селото се спушти спокојство. Далеку залаја пес, клештејќи ги забите кон месечината. Под оградата засветна светулка, надвор нешто шушка и остави уште понапрегната тишина. Стојан појде до својата племја и ја зеде копачката од зад врата. Искрадувајќи се претпазливо од дома, излезе на пустиот сокак и појде во сенките на згрчените стреи. Од еден осветлен прозорец го чу гласот на ковачот, застана и ја издолжи шијата. Потпрен на модриот ѕид, Усни ја гледаше жена си со крваво око и како виновник се искашлуваше.

– Болна си! М-м, болна! Не знаев.

Бледото лице на триесетгодишната семејна робинка беше свртено кон светлината на чадливото гасарниче. Запалените зеници на косите татарски очи чудно блеснуваа под долгите трепки. Таа седеше на триножецот и самата со чувство на виновник и ги шireше ноздрите.

– Треска... – слабо воздивна. – Комарците многу се накотија.

Околу пламенот на гасарничето заигра ноќна пеперуга. Нејзината сенка помина преку нивните улица. Од старата, грубо изделкана маса, доаѓаше упорно крцкање на дрвојад црв.

Стојан ја свrте главата и скоро, се судри со некоја сенка.

– Кој си? – праша исплашено, криејќи ја копачката зад грб.

– Јас, Доксим! – одговори сенката. – Каде вака ноќе, чичко Стојане?

– Вака, малку... – се збуни Стојан, не наоѓајќи одговор. Знаеше дека невешто ја сокри копачката и дека Доксим тоа го забележа. Молчеше додека тој му говореше за иднината на задругата, претпоставувајќи дека, сепак, затечен е како ајдук на незгодно место. Неговото молчење помина и на Доксима; се збогуваа и се разделија. Стојан појде по сокакот со чувство дека го следи некој непознат, кој му ги чита мислите. Стана претпазлив како ѕвер и затоа кога недалеку од него шушна нешто, се стисна до еден ѕид и го запре дишењето. Подгрбавена сенка му го пресече патот. Месечината го издаде ноќниот скитач и Стојан, свикнат на темница, го позна сплесканото лице. Чекаше притаен уште малку, но кога никој не се појави, ја стисна копачката и излезе од сокакот, рамно на врвицата, што ги врзуваше како крвоток полето и селото. Оддалеку ја забележа меѓашката круша, а кога се доближи до неа, месечината јасно му ги покажа меѓите на неговата нива. „А на есен – се разжали неочекувано, – кога ќе ги преораат, не ќе знаеш што ти останало

од татка ти, и што е туѓо“.

Се сети на конференцијата кога се бунеше Оканица и кога Доксим го напаѓаше овој итрец како непријател. Затоа почувствува дека тој, Стојан, помеѓу нив е како меѓа, ни на страната од Оканица, а ни со Доксима. Тие знаеја зошто се борат – приватниците за приватното, задругарите за задружното, тој е задругар, а по душа е на страната на приватниците. Со непријатно чувство дека некој потсмешливо го гледа, плукна во дланките и ја дигна копачката. Тврдата земја на скоро ожнеаната нива, зајачи под неговите удари. Се бореше и таа, сиротицата, не се даваше. Но Стојан не чувствуваше веќе ништо: замавнуваше и ја спушташе копачката на аглите од меѓите. Кога ги ископа сите четири ќошиња, насобра камења и до половина ги наполни дупките. Почина малку, а потоа камењата ги покри со земја и како да игра почна да гази по свежите траги со широките стапалки. Недалеку писна птица, напоменувајќи му дека е сведок на неговата неверност. Стојан ја наведна главата, чувствувајќи влага на трепките. Ни овој скришен чин не му го врати спокојството, дури остана и засрамен пред себе и пред уште некој непознат, за кого имаше претчувство дека го демне од негде.

Мислите му се тискаа низ свеста и таму, каде што очекуваше оправдување за својата двосмислена игра, неочекувано сретнуваше пуста празнотија; затоа се лажеше дека во колебливоста не е сам. Таа душевна мака му ја прекинаа нејасни извици од селото. Се сврте и остана возбуден. Од некоја куќа заиграа пламени змии, болно залипа бронзено ѕвоно. Огнот трепереше на црниот ноќен фон, неговите перчиња се судруваа и сееја наоколу крвав сјај. Небото порумене, ѕвездите изгаснаа, како да се повлекоа далеку од пожарот. Како сред бел ден, Стојан јасно виде. Растрчаните селани потскокнуваа, размавтани и распашани, се судира и обезглавено трчаа по селото, влечејќи ги и по себе и пред себе долгите немирни сенки. Претчувствувајќи зло, селанецот заграба со крупни чекори, прашувајќи се чија е вечерната несреќа. Кога од врвицата стапи на крвавиот сокак, ја позна старата куќа на Данета и сети непријатна горчина во сувото грло. Дане се бореше за иднината на свој начин, смело и непоколебливо, а тие што беа против задругата му се одмаздуваа, сметајќи го за личен непријател.

Иако беше безветрена ноќ, пламенот диво се ширеше, избиваше низ прозорците и се распрснуваше во врелата темнина. Крцкаа старите греди и паѓајќи со тресок, распрснуваа илјади искри. Мнозина од селаните трчаа со полни кофи, ја плискаа водата во пламенот и задувано се враќаа, некој кон потокот, некој кон чешмата. Нивните разбушавени, црвени коси потсетуваа на пламени перчиња, како пожарот да исплел свои венци околу главите на луѓето. Во секоја капка пот на нивните лица светкаше по една непобедлива искра. Стојан ги гледаше очите на луѓето и не можеше да разбере дали се тие црвени од пламенот или од неспиење?

Долголикиот поп Иван стоеше цврсто закован за земјата и, вртејќи ги очите кон небото, се крстеше. Низ носот, подвиткан, како да ги држи со својот врв долгите мустаќи, пушташе чудни звуци:

– Господи, виновни сме, виновни сме, виновни сме...

Луѓето не се потсмеваа што слугата господов е само по гаќи, без мантија и гологлав, со разбушавена богоулничка брада, низ чии злослутни влакна ѕиркаа суви сламки. Попот стоеше право и здрвено, а неговата сенка, залепена за неговите боси нозе, се должеше и смешно трепереше. На Стојана му се стори дека таа сенка игра по тактот на крцкањето и му се подбива на попот од зад грб. Полна женичка, трчајќи се удри во попот, отскокна од него и не побара прошка, туку се доближи до група жени, кои стоеја со страв загледани пред себе. Попот само ги набра веѓите и продолжи да се моли, ослушкувајќи ги разговорите околу себе.

– Виде ли што му направија на човекот? Го начекаа кога е в град и го запалија. А Данеица не е тука, на гости е во Моноспитово. Сепак, нешто покуќнина им извадија.

– А со чија чеза отишла кај мајка си? Со задружна...

– Море, огништето ги проколнало. Го оставиле.

– За чезата е лага!

– Прашај, ќе чуеш...

Од прорdensиот таван се откачи распламната греда, удри во полуурнатиот ѕид и тресна на земја, распрснувајќи се во искри. Крстејќи се, жените молкнаа. Стојан погледа кон нив и со мака дишејќи од врелината, појде меѓу луѓето да го побара виновникот, верувајќи повеќе дека не ќе го најде. Но спокојното лице на тој за кого веруваше дека е паликуќата се усмевнуваше само со очите; Панко невесело објаснуваше, како туѓата мака да му го кине срцето:

– Градот ги расипува луѓето. Се сеќавате ли кога покојниот Божин се врати од град? Ја пропи нивата, ја прати жена си пред време в гроб и пак, онака бездомен, отиде да не се врати веќе. Крвта му се научи на лошо, а лошото е таму, во градот. Ете, така и Апостол. Додека не дојде, си живеевме како луѓе, ни лук јал, ни лук мирисал. Ами сега? Дојде, уште не го стопли леглото, а веќе остави човека без куќа!

– А ако не е Апостол? – му се доближи Стојан и го пресече со длабоко завлечените очи.

– Што ако не е Апостол?

– Ако не ја запалил тој куќата – тоа...

Оканица не се збуни и мирно го истрпе погледот. Ширејќи ги ноздрите на неверојатно тапиот нос, се исправи и ги наполни градите со воздух, божем ќе дувне

во пожарот.

– Ако не е Апостол, – рече, – тогаш сум јас. А кажи ми ти кој закануваше со оган, а?

Потоа се сврте кон Доксима, кој излезе од мракот.

– А ти, баџанаку, што мислиш – кој е мајсторот? Власт си, треба да знаеш.

Доксим и не го погледа. Кога го сретна истото прашање и во очите на Стојана, нејасно одговори:

– Ќе видиме кој е?

И отиде со кофата кон потокот, оставајќи го Стојана обеспокоен. Неговиот одговор Стојан го разбра како сомнение против себе. Пред два часа се сретнаа и тој со видлива исплашеност ја сокри копачката зад грб. Зошто сега Доксим да не поверува дека тој зад грб сокривал шише со гасје? Сакаше просто да извика гласно дека не е виновен: се повлече настрана да се прибере, да пресмета има ли Доксим нешто за што да се фати и да го обвини. Мозокот не работеше како треба, како на некое вратиче во него да се заглави нешто, не пуштајќи низ себе ни една мисла.

– Виновен, виновен, виновен... – му татнеше во слепоочниците, зад кои се вртеше невидлив празен чарк.

Чувствувајќи дека се разболува, се подгрбави и полека, незабележливо појде дома.

## 6.

Луѓето го надвладаа пожарот, помогнаа во неволјата, но куќата не ја спасија! Останаа црни полуурнати ѕидишта со две празни очи, место прозорци, и отворна челуст на вратата, потсетувајќи на голем празен цреп. Уште на таванските греди потреперуваа последните пламенчиња, ту посилно, ту гаснејќи. Луѓето стоеја во групи, разговарајќи и објаснувајќи го настанот, секој на свој начин. Името на Апостола прво со шепот се провлече низ масата, а потоа почна и гласно да се изговорува. Оканица отпрвин ослушкуваше, а потоа се доближи до Ефтима и ако за себе рече:

– Треба да го фатат виновникот, да го врзат. Ноќва тој може и друга куќа да запали, дури и да убие. Ете, ако се сеќаваш за Божина, оној што дојде од град...

Ефтим не го доислуша. Го побара со поглед Доксима и кога го најде, потрчувајќи му пријде.

– Претседателе, зошто стоиме! Ако веднаш не го затвориме паликуќата, и петлите ќе ни се смеат и ќе нѐ прават будали.

Доксим се намурти.

– Зошто веднаш? А кој може да докаже дека ја запалил куќата токму тој, Апостол Коцев?

– Кој треба да докаже? Ти... ти... не подбивај се со несреќава... – гласот на Ефтима стана уште попискав.

Се замеша уште некој.

– Така е, Доксиме, да го затвориме веднаш. Ти си власт, а власта е народна. Е па, штом е народна, ти тогаш слушај го народот. А ако се докаже дека Апостол не е виновникот, тогаш ќе го пуштиме. Ќе го спроведеме утре в град; таму се луѓето умни, учени, ќе видат...

Искрата од новиот оган веќе пламнуваше. Луѓето се распалуваа од своите зборови и Доксим попушти пред нивното налетување. Нишајќи се како мечка, од негде излезе полупијаниот Усни, се размавта со голем кол и рече дека виновникот може да биде само еден и тоа Апостол. Тој дури изјави, заборавајќи дека истото го чу од Оканица, оти го видел Апостола со цела кофа гасје како се крие по сокаците, избегнувајќи ги луѓето. Некој претпостави дека, ако е Апостол виновен, тој досега го оставил селото зад грб. Некој се фати за неговата мисла и предложи да се

чека додека не се испита настанот. Инаку, штом Апостол избегал, нема зошто да брзаат.

Не ги послушаа, повеќето беа за акција. И така во густа група, како да се потпираат еден на друг, десетина селани појдоа кон куќата на Трпана, водени од Доксима, Ефтима и ковачот.

Последните пламени змии ползеа по нив и им ги гонеа сенките сè до пред куќата на Апостола. Таму ги пречека расонетата глува старица, која ја претчувствуваше несреќата; се испречи пред нив гологлава и лута и ги рашири рацете; заприлега на плашило по кое висат стари крпи.

– Каде, безбожници? Син ми Апостолчо спие!

– Види – син ти Апостолчо спие! – се подбиваше некој од групата. – А како може да спие кога сето село е на нозе?

Трпана не го чу. Мрдајќи со танките усни, повтори брзо, навредено и едноставно:

– Спие, спие...

– Заповедај ѝ, претседателе, власт си! – се сврте Ефтим кон Доксима, како и самиот да заповеда.

„Што е ова со мене? Јас за него не сум власт, туку слуга!“ – се намурти Доксим, чувствувајќи ја сè појако болката во тилот. И безволно додаде:

– За неа нема власт. Таа никого не слуша. Обиди се ти, заповедај ѝ.

– И ќе ѝ заповедам.

Ефтим почна „политички“ да ја убедува старицата, докажувајќи ѝ дека законот бара да се најде виновникот, а ако син ѝ не е паликуќата, тие ќе го пуштат. Но сега, штом сето село докажува дека вечернава несреќа ја предизвикал само еден, таа треба да биде разумна и да им се тргне од пат.

Усни се обиде да ја заобиколи и да влезе во дворот, но таа му се закачи за кожувот. Нејзиното остро брадуле му се збуца в град. И Усни се почувствува бесилен. Циганските кадри му паднаа преку ниското чело, пресечено само со една брчка и фрлија сенка преку окото. Тоа другите го исползуваа и непречено влегоа во дворот, потсмевнувајќи се на богомолските извици на бабата дека Циганот, некрстениот, сака да ѝ ја испие „кхвта“.

Потпрен на ниската куќна врата, со цигара в уста, темен и разграштен, Апостол грубо ги пречека:

– Што е? Данок ли не сум ви платил? Јас...

– Апостоле, те знам од малечко. Мил си ми, ама кога се работи за туѓа куќа, не е за проштавање. Појди со нас.

Да појдам со вас! Каде, зошто?

– Стига, Апостоле – се замеша и Ефтим. – Од твој оган гори куќана. Ти заплашуваше дека ќе му се одмаздиш на Данета. Ние тоа го знаевме, ама не верувавме. А Дане дури и се смееше. Пуштете го, велеше, нека се издува. Тој пак ќе биде најарен орач. На такви, пролетери, задругата и рака треба да им подаде.

Апостол горко се насмевна. По неговото лице помина грч на тага; селаните тоа не го забележија, а на повеќето им се стори дека тој ги клешти волчите заби кон нив. Чуден им беше неговиот трперлив глас:

– Јас бев пијан и заканував, но не запалив.

– Добро, добро, – се јави и Доксим. – Појди ти со нас, та ќе видиме. Нашата власт не суди човека за палење ако тој не запалил.

Апостол како да се двоумеше да појде ли пред нив или да се брани уште; кога забележа дека ковачот му се доближува со наведната глава, ги извади рацете од џеб и се подгрбави како мачка. Сега двајцата најголеми луѓе од селото, на ист начин јаки и стихијни во пијанството, непријателски се мереа.

Доксим се обиде да ја спречи крвта:

– Остави го, Усни. Апостоле, предај се, биди паметен.

Не вртејќи ја главата од противникот, Апостол уште еднаш очајнички изјави:

– Не запалив, ви се колнам...

Селаните беа збунети; Трпана јачеше, кршејќи си ги прстите, а Усни стоеше смрзнат, мерејќи го Апостола. И кога никој не очекуваше, тој со циганска итрост го дигна колот и замавна. Не прецени – колот удри во вратата и не стигна до главата на Апостола. А изгледаше дека Апостол и го очекуваше ова. Придушено пцуејќи, тој се фрли на ковачот, тргајќи му го колот од раце. Нивните тешки тела се залепија едно до друго, како во тоа судрување да сакаа да ја здробат земјата под себе. Се бореа во иста положба – секој со едната рака се држеше за колот, а со другата за противничките коси, скоро допирајќи се со челата. Бревта силно; некој од нив крцкаше со заби, а тоа крцкање мина како морница по грбот на селаните. Јак беше ковачот; сите подгранични населби – села и селца, и секој жив во нив, и мал, и голем, знаеја дека тој со тврдите раце витка коњска поткова. Немаше пеливан кој

можеше со него да се бори; затоа главата на Апостол почна да се витка кон грбот и тој закркоре како смртта да го дави. Селаните молчеа, исплашени за животот на Апостола, а Трпана го изгуби гласот; ги покри очите со раце и остана така неподвижна. Со секој напор што го правеше Усни, главата на Апостола сè повеќе се кривеше, а искокорените модри очи гледаа во небесните светулки, тапо, нечовечки и со празен поглед. Кога мислеа веќе селаните дека Апостол е совладан, тој се истргна од силната прегратка, оставајќи во тупаницата на Усни густо перче коса, и со двете раце, стиснати една до друга, го удри Циганинот по кадравото теме. Удрениот отстапи, издишувајќи се; тогаш вториот удар скоро го обесвести, закркоре и како да паѓа од негде, седна на земја, гледајќи пред себе со едното око.

Збунетоста на селаните му овозможи бегство на Апостола. Тој истрча од дворот со големи чекори и се изгуби во темницата, потем неговиот глас ја обеспокои ноќта.

– Селани, селото ќе ви го запалам.

Овие троми зборови, лепливи како смола, длабоко се впија во мозокот на задругарите. Непријателот им избега од пред нос, а борбата на живот и смрт почнуваше.

# 7.

На еден час од Јасенско лежат, како од торба истурени, стотина куќи на друго село, а на среде на врвицата, што ги врзува двете села, шушкаат седум диви џинови, седум ничии јасенови стебла.

В зори, пред жедното сонце да ја испие росата од корените на полските царици булки, селото е горко од пелин, напладне задушено од пот, навечер пијано од тажната сладост на маслинките. Селата личат едно на друго како близначиња, што само мајка им може да ги разликува. И ова село, како и другото, живее со радоста на свадбите и раѓањето, со тагата за болниот добиток или исушениот плод, со збунетоста заради утрешниот ден.

Дванаесетта година веќе овие две села живеат во омраза и си пакостат едно на друго, кога ќе стигнат и колку ќе можат. Порано, границата на пасиштата не беше толку строго определена како сега, а потокот ги поел нивните полиња со вода и дури претечувал, вливајќи се во реката. А сега и соседните села знаат дека ја крадат водата кришум едни од други, со длабоки јазови и брани од сплетени прачки, понекогаш дури барајќи повод за караница и околу пасиштата.

Во тоа време попитало ова село од „говедарите" девојка и на два дена пред свадбата, потекле од лејките песни, вино и благослови. На самиот свадбен ден, точно пред портите на божјиот дом, се скарале кумовите и се фатиле за гуша. Еден, секако попијан, паднал под удар и завикал како жив да го дерат. Плачните извици на паднатиот грубо го начнале спокојството на дојдените и тие со прекорен поглед се свртеле кон Усни, осудувајќи ја неговата пијана незаинтересираност. Усни, срце соколско, се посрамил малку  и му пришол на кавгаџијата. Го дигнал како пердувче и така го треснал, што на овој му прснал на грбот и новиот минтан. Тројцата браќа на кумот, оние Коларови, на кои секој им се трга од пат, сите тројца бушави и со непријатно бели заби, се фрлиле на ковачот и се размавтале со долгите раце, да се наплатат за пукнатиот минтан и обесвестениот брат. Но за Усни тие биле детски играчки: не можеле ни да го докачат, а не и да го удрат.

Често по некои од селаните не знаат за благи расправии. Има така селанец, штом го налегне несреќата, тој ќе се фати за неа и не ја пушта од себе ни на сон дури. Отпрвин откорнале од некој плот колец, потоа и наточена коса блеснала на сонце. Кадравиот поп ги запрел в грло пцостите и молитвите, ги собрал широките скутови на празничната мантија и со брзи, женски чекори се упатил кон жандармериската станица, десетина минути далеку од несреќата.

По кумовите и сватовите се искарале: се исплукале, потоа се грабнале за јаките на чистите кошули и јуначки ги набрале веѓите.

– Вие сте ајдуци, арамолепци, крвопии...

– Вие сте говеда... Говеда сте вие...

– Невестата со дукати на вратот да ја оставите на џаде, никој нема да ја земе...

– А момчево ваше? Лигавко!

Полупијани, тие само говореле, без опасност да пролеат крв. За тоа време младоженецот стоел крај невестата како со вар посипан, ја гризел долната усна и ја грчел безвлакнестата брада, како дете пред плачење. На неговото палто жално и посрамено висел голем трендафил. Пред носот луто му брчела мува, а тој немал сила да крене рака и да ја избрка. Ја држел невестата за влажната дланка и шушкал:

– Ѕверови сте вие, не те сакам!

Невестата не можела да одговори; липањето ѝ го сопирало здивот и ѝ ги замаглувало очите.

Пискотници, викање...

Еден од браќата ја зел подадената коса и замавнал кон големиот ковач, а тој, не очекувајќи го ударот, се тргнал само за миг подоцна; светкавиот срп му го закачил челото, прешол преку едното око и оставил танка бразда до увото.

Во тој час на свадбарите налетале кралските жандари со тешки кундаци, спречувајќи да капне нова крв на земјата натопена со ракија. Гостите ја одвлекле невестата до колата искитена со зеленило, ги ишибале коњите и се вратиле со клетви.

Од тој ден омразата ги разделила селата со длабок јаз.

А тој јаз станувал сè подлабок и подлабок. И двете села продале по неколку ниви, испразниле по неколку штали, опустеле по неколку племји, но трпеливиот суд ги викал и ги враќал пак, сè до војната. Новиот суд го променил само лицето: одлетал во неврат двоглавиот орел, дошол грабливиот лав од Софија – но судот имал јаки заби да соџвака уште неколку амбари жито.

... И селаните научија несреќата да ја дават во ракија, да мрзат и да не веруваат никому...

Селата веќе не се судат, а омразата трае и понатаму.

И ова село има сè што има и другото – поп, ковач, абаџија, па дури и свој Оканица. Но тој не се вика Оканица, не мижурка со окото лисичино и нема лице сплескано како земјана чинија. Под неговите сјајни, црни веѓи мирно гледаат околу себе студени зеници, дење стиснати како да сокриваат некоја тајна, ноќе – раширени,

под тежината од утрешната неизвесност. Устата, покриена со ретки мустаќи, стисната е, како под катанец затворена; не се кваси со ракија и не ги открива волчите заби. На малку сипаничавото лице ни со една брчка не се наслутуваат годините на овој човек, ранет од аграрната реформа. Неговата душа е болна и црна, но болеста не ја знае никој, освен, можеби, Оканица – по имотност некогаш сличен на мустаклијата со широки раменици и прешироки гради за стариот десетгодишен кожув. Неговите мисли тромо ползат, го покриваат со својот превез и престанувајќи да бидат надеж, претставуваат грижи. Во овој чуден ден, облачен и запарен, тој седи во полутемна одаја, со чувство дека селото е пусто...

Од зад планината достигаа татнежи и претскажуваа дека црниот облак заплашува со дожд и громови. Ниско над земјата се надлетуваа планинските белогради ластовички; потоа на време се изгубија. По сувата, болно притаена земја, шибна тежок дожд. Селото сосем опусте: петлите ги собраа кокошките, кучињата се завлекоа по племјите и шталите, луѓето се затворија по полутемните одаи. Низ веќе влажното село нерешително чекореше високо, гологлаво момче, со дигната јака на тесното, износено палто. Кога дождот сосем се згусна, тој се обѕирна, прескочи неколку барички и потрча кон една племја; се залепи за ѕидот и со детински, водникаво-светли очи се загледа во густите облаци. Тешките капки на дождот косо удираа и му го квасеа издолженото лице со испупчени јаготки. Од племјата нешто шушна и го привлече неговото внимание. Се доближи до вратата и претпазливо ѕирна во темницата, проредена со светкави напукнатини. Однатре го гледаше девојка, забрадена со црвена шамија и засукани ракави на полураскопчаната блуза. Тресејќи ја главата од вода и стоејќи подгрбавен, момчето се насмевна и несигурно промрморе:

– Можам ли да се засолнам, од дождов?

Сино-црвеното платно на неговата медалја, закачена на влажното шајачно палто, го привлече погледот на девојката. Тој мал предмет што во селската свест добива конкретен облик само како украс, како нешто необично и празнично, по малку ја збунуваше, нејзиниот поглед беше љубопитен и зачуден од брзите промени; тој го соблече палтото, го истресе и пак го облече; внимателно ја откачи медаљата, ја избриша со широката дланка и ја стави в џеб. Со некаков непознат немир во душата, момчето ги гледаше врвовите на калните чевли и ги чувствуваше нејзините очи на себе.

– А јас, ете, од војска се враќам... – се ослободи малку од збунетоста.

Таа се насмевна, некако само со очите. Прстите ѝ затреперија на дрвеното рало, на кое се потпираше.

– И брат ми е војник... Добивме писмо...

– Што служи? – се реши момчето да ја погледа.

Девојката зачудено ги дигна женствените веѓи и ги одлепи полните усни; рамните заби влажно блеснаа.

-Реков, војска!

– Не, не... – се насмевна демобилисаниот војник. – Каков род?

Беше тоа забуна лека и обична, недоразбирање некакво, кое со својот расплет внесува во пријателството една искра топлина. Момчето сакаше да објасни.

– Бев на граница. Сега се враќам.

И ненадејно, ширејќи ги рацете тој направи уште еден чекор кон новото пријателство.

– Не го познавам брат ти. Сигурно скоро ќе се врати?

– Не, тој замина пролетва. Во Хрватска е.

Надвор, само со едно крајче се провлече сонцето и се разлеа по крупните капки на дождот, кои како да висеа во воздухот. Крушата пред накривената племја, измиена од влагата, просто се подмлади. На листовите треперea крупни бисерни капки. Нешто шушна зад нив. Тие се завртеа во исто време и го осетија неочекуваниот допир на рамениците. За еден дел од секундот сетија во своите млади мускули забрзано струење на крв, но непознатото остана негде длабоко во свеста; тоа беше нејасно наслутување, мисла на срцето, на тој младешки пророк – дека животната хемија почната во праисториска доба, го продолжува својот процес, немо и неизбежно. Од еден куп слама се исправи петел, црвен и светка, како со растопен бакар полеан. Клукна неколку пати околу себе и со господствен чекор излезе во проредениот дожд. Демобилисаниот се развесели:

– Иде како младоженец!

И како да кажа нешто што не му прилега, стана озбилен и отстрана ја погледна домаќинката. Го виде сјајот на нејзините очи и повторно се насмевна.

Облакот, што ја пролеа својата милост врз сувата земја, се растури во безброј ситни парчиња и отпатува кон распливнување. Пријатно сјаеше сончевата измиена светлост. Во далечина, над покосените ливади, во мек лак се изви влажно разнобојно виножито, како врата што води кон детски приказни. Девојката прва го виде фантастичниот блесок на сонцето и влагата; го фати момчето за ракав и го повлече кон вратата, беше опиена со светлата трага, полна зрело жито и винско руменило.

– Гледај... виножито! Есента ќе ни биде богата...

Кај него блесна наивна мисла, зачувана во свеста уште од босоногото детство. Разнобојноста на лакот оживеа неколку нејасни, скоро заборавени спомени. Затрепере за миг крилото на убиената птица, залипа овчарскиот кавал, заигра над потокот сончевиот сноп, а потоа сѐ се измеша и се изгуби во далечината на свеста. Животната приказна што се наѕираше зад виножитото му го исполнуваше со копнеж и последното делче на мозокот.

– Велат, кој прв ќе го види, ќе биде среќен!

Таа тоа го сакаше и затоа ја искажа смелата мисла дека се тие први. А кога ја сети недвосмислената игра на своето срце, го намести немирното црно перче под црвената шамија и се возбуди.

– Треба да одам. Ќе ме бараат. Како се викаш?

– Илија.

– Далеку живееш!

– Не. Во соседново село... Во Јасенско...

Прерано кажа, а тој го сет кога забележа неспокојство под црните трепки.

– Морам... – повтори момата. – Ќе ме бараат.

Шлапкајќи со босите нозе по водата, со ситни чекори на девојка што ја пече туѓ, пламенен поглед, се изгуби во првата куќа, без да се заврти...

Илија остана зачуден, со чувство на особена возбуденост, непозната дотогаш. Тоа беше бегство пред ситна предрасуда на двете села пред недоразбирање, развлечено во неколку гладни години. И ете, како сето тоа да беше сон, се растури – и мominската топлина што за миг ја сети преку влажното палто, и светкавиот лак, за кој мислеше дека ќе го впие во себе со живите искри на своите зеници.

По синкавиот влажен воздух заиграа ластовици; неколку затворени прозорци се отворија. Чувствувајќи дека пламен му зафаќа еден дел од срцето, Илија разбра: тоа не е физички крик, што го носи полнолетството кога човек во неговите години узнава слатки тајни за физички сопатник во немирните ноќи. Тоа веќе не беше само обична страст, што прожегнува како молња и остава зажареност во стиснатите вилици; тоа беше духовен закон зависен од физичкиот, слатка болка, што, колку е појака, толку е и повозвишена. Но мислите кај него беа нејасни и не се оформуваа во зборови. Својот внатрешен настан тој го сознаваше преку свадбарските песни на своето село. Но беше ли тоа сѐ? Ако ја знаеше таа тајна, ќе заборавеше ли на овој лек допир на нивните тела во племјата? Дека постои тајна тој знаеше со ум, но ја откриваше со срце.

Го остави селото зад себе, а кога застана кај седумте јасенови стебла, наредени како војници, ја закачи медалјата на гради. Од полето му се доближуваше крцкава и трома воловска запрега. Илија уште од далеку ги препозна двајцата задругари од своето село. И тие го познаа. Распашан и разграштен, нагрнат со бел кожув, мургавиот Петре, зет му на Данета, слезе од своето сламено седиште и се поздрави со својот селанец.

– Честито... Значи, се оддолжи и ти! Татко ти Стојан ќе ти се израдува.

Илија го потупа по рамо и се почувствува горд што веќе не го сметаат за дете.

– Како се моите?

– Здрави и живи. Стојан е на работа. Градиме штала.

– А вие каде?

– По стебла, за шталите...

Тој што остана во колата, се протегна и мижуркајќи со ситните очи, дофрли мрзеливо:

– А ти, конкретно, имаш ли нешто за пушење? Да помирисаме од војничкиот тутун.

Цицајќи ги лутите цигари, селаните со задоволство го гледаа младиот селанец. На малку раширените и рамни раменици тие ја видоа неговата зрелост.

– А јас од граница се враќам – го прекина Илија молчењето. – Млад водник сум.

Селанецот што остана во колата, ја протри тринеделната црна брада и се прозевна:

– Граница ние имаме и во селото. Некни, конкретно, куќа запалија. Реакција...

Петре озбилно ја заниша главата.

– Дезертери имаме в село. Арно вели – реакција. Апостол на Трпана ја запали куќата на Данета. Расправаат дека чета кумитска ќе направел. Некни еден бик ни отруја. И чудни работи: на Дудулевци светец им се кажал... Поп-Иван побегна од село. Сега во црквата нема служба. Не веруваме веќе в цркви.

– А луѓето? – Илија замислено се загледа во сувото лице на Петрета, скоро излечено од жолтица.

– Луѓето и вака и онака. Се збираат жените, ни Афеже не ги држи. Отворено говорат против власта.

– Сите жени?

– Па така... Десетина. Трпана, Фроска и некои уште...

– Петре, време е, – сонливо рече тој од колата. – Ноќ нè фати.

Петре се врати во колата и ги шибна воловите со остен.

– Создравје. В село повеќе ќе разбереш. А и ти помогни...

# 8.

Додека колата остро крцкаше во оските, селаните им се подадоа на своите мисли. Беа преморени: од пред зори ѕидарската бригада редеше тули, почнувајќи го првиот ѕид на задружната штала. Заморно беше, работеа молчејќи, сакајќи да им докажат на приватниците дека задружното го имаат како свое. Бригадата искрено се бореше да ја извојува својата прва победа – затоа што колективизираните говеда немаа кај да ги групираат. Тој ден, на еден час пред завршување на работното време, на Петрета и Асена им беше поставено да донесат од планина неколку јаки, млади стебла, за потпирање на ѕидовите.

Дури кај седумте јасени Асен го прекина свиркањето на Петрета:

– Мрак ќе нè фати во горала.

– Мрак, мрак... – спокојно одговори Петре. – Што треба да направиме, ќе направиме и готово.

– А како би било да стругнеме од јасениве?...

Петре колебливо ги запре воловите. И, мерејќи ги стеблата со едно око, ја протри брадата со дланка.

– Не смееме. Оние отаден ќе нè обвинат.

– Зошто? Дрвата е рамно на половина пат помеѓу двете села. Значи не се ни нивни, ни наши. Ако не ги исечеме ние, тие ќе ги исечат. Па и да не се наши не би се мислел. Тие кришум пуштаат говеда на нашите пасишта. А ако не се нивни, тогаш се наши.

– Државни се! – се бореше Петре со себе.

– Државни? А задругата наша не ли е државна?

Петре се обиде за последен пат да се спротиви, но уморот полека ја успиваше совеста.

– Дане за ова не знае. Управата не ги спомена овие дрва кога разделуваше работа.

– Што Дане? – се зачуди Асен. – Та зар тој ќе ни се налути? Ако сакаш нема никој да знае. А ене и сонцето падна.

Петре замислено се играше со остенот. Сенките на седумте стебла се издолжија, а во мрежата на влажните лисја се пластеше пајажината на квечерината. Најпосле се режи.

-Станиј, само побрзо.

Тапо екнаа ударите на остриот челик. Рамномерно удирајќи, тие го начнаа првото дрво, од чии разлистени гранки капеа капките насобраниот дожд – последните солзи на јасенот што умираше. Секирите паѓаа, се дигаа, удираа на исто место. Под темната кора се покажа белината на живото дрво.

Две боси говедарчиња од соседното село се извлекоа од капиновите грмушки и намуртено, со наведнати глави, гледаа и пцуеја, онака како научиле од постарите селаните молчеа, пцуењето им ја начна успиената совест. Асен сакаше нешто да им одговори, ама Петре не го остави, чувствувајќи се како да е фатен во кражба. Тогаш едно од децата отрча кон селото да извести за сечењето, а другото се згрчи под една грмушка и престана да заканува.

На неколку минути далеку од јасените, кај калливото патче, со чеза се враќаа од град познатите кавгаџии, браќата Коларови – Пане, Стеван и Тане. Нив ретко кој не ги знае. Познати се тие во деветнаесет околни села и два града, од Смоларе до Валандово. Сите тројца се облечени по сопствен вкус. Првиот е гологлав и бушав, вториот ги сокрива очите под голем, апашки каскет, третиот со ништо не ја покрива избричената глава; првиот е во градско сиво палто, тесно во рамениците и со чадор под мишка, вториот во бела волнена фанела, третиот се нагрнува со јарешко кожувче. Браќата се од престарото колено Коларови, со подвитканите носови личат на три јастреба, под нивните бескрвни усни светкаат јаки заби. Тие се подвижни во плешките како играорци, но неподвижни рамностапалци се – троми и тешки во одењето како мечери. Двајца се ергени, а еден е вдовец, но кој, веќе и селаните заборавиле. Неразделни се во пиењето и кавгите, та добро е за мирен човек да им се трга од патот. Сите тројца, со четвртиот, некогашниот и покојниот кум на свадбата, носат еднаква вина за омразата што ги дели селата и извадeното око на Усни. Што погледаат рибините испупчени очи на Пане, берикетот жега го сотира; штом фркне Стефан со клунот, по три дена караниците не престануваат, а скрца ли Тане со заби и чумата фаќа думан, а не само жив човек, – расправаа селаните.

Говедарчето застана пред чезата на веселите браќа и ги запре; кога им рече дека спорните јасени ги сечат, Коларови се налутија и го потера белецот кон местото на новата несреќа. Под новите поткови на испотениот коњ, меката кал прскаше на сите страни. Неразделните браќа се нишаа на жолтата чеза, чувствувајќи чемер на полуотворените усни.

Петре прв ги догледа. Го остави делкањето на собореното стебло и се исправи.

– Асене, идат на нас. Гледај...

Асен послушно се исправи и се накашла. Под црната накострешена брада брчките му станаа уште поостри.

– Коларови! Не ќе излезе на арно. Требаше и Усни да го земеме.

Петре ја стисна секирата и ја исправи високата става.

– Ќе им разјасниме. До тепање не смее да дојде.

Браќата ги стегнаа дизгините, коњот ја накриви главата и застана. Тие поскакаа од чезата и им притрчаа на задругарите не беа надарени со говорливост и затоа тој со белата фанела го фати Петрета за гуша.

– Таткови дрвја ли сечеш: – зашушка. – Таткови ли, те прашувам?

Петре му се извлече од раце и тивко помоли:

– Пушти ме, ќе разјаснам. А дрвјата ни вас не ви се...

Пак оној со фанелата го фати за гуша. Тогаш од лицето на Петрета се изгуби и последната капка крв.

– Чекај, луѓе сме...

– Вие не сте луѓе! – се нафрли и јарешкиот кожув. – Вие сте ајвани!

Пукна првата шлаканица и Петре не издржа. Неговата тешка рака падна преку подвиткaниот клун; повлекувајќи се, тој ја дигна секирата над главата.

– Коларови, одете си патем. Ние не ја примаме битката.

Доцна беше да се успокојат гневните духови. Преку тилот на Асена падна коскената дршка на чадорот и остави на кожата темноцрвена трага.

Ударот болно го зажеже Асена, а неговите очи ги покри темна копрена; ја дигна секирата и, пред да сфатат браќата дека караницата до таму ќе дојде, остриот челик падна преку сивото градско палто. Фанелата и кожувот му притрчаа на удрениот брат и го придржија. Тој беше скоро обесвестен; додека десниот подочен мускул чудно му поигруваше, левото око зјаеше со својот стаклен сјај во сивата празнина на небото. Влажните заби ја поклопија долната усна, искривена од грч; само силен удар можеше да ја исправи. Коларови го понесоа кон чезата ранетиот брат.

Сонцето полека паѓаше, оставајќи зад себе крвава трага. Од слабиот дах на ветрецот зашумолеа јасените, како да се проштаваа од седмиот брат, што лежеше исечен под нив. Обеспокоени и исплашени за своите гнезда, две птици се довикуваа од далеку. Полека се прикрадуваше ноќта.

Испотениот коњ ги напна здравите мускул и ја повлече чезата на браќата. Тане, оној со избричената глава, се дигна од седиштето и замавна со чадорот.

– Јасенчани, должни не ќе ви останеме...

Коњот потрча, а Тане изгуби рамнотежа и падна преку ранетиот; овој го згрчи бледото лице и болно заофка.

– Лошо сторивме, лошо! – се растажи Петре. – Ти реков – од горага да донесеме стебла.

Браќата не го слушнаа. Го шибаа премарениот коњ и брзаа да го преврзат ранетиот.

Истата вечер, додека во селото се преприкажуваше настанот кај јасените, во варосаното одајче на јаката еднокатница, седеа еден спроед друг Оканица од она село и Оканица од ова, две слични душички, мрачни и готовина сè и против сè, што им ги издолжуваше бессоните ноќи. Блед и испиен, со уште посплескано лице од порано, Панко Оканица докажуваше:

– ... А ако треба, и пари ќе фрлиме. Јас го имам в раце Апостола, што сакам тоа ќе чинам.

– И? – праша другиот, сукајќи ги реткиге мустаќи на одвај видливо сипаничавото лице.

Оканица ги крстоса прстите и ги извитка; јазлестите зглобови запукаа еден по др уг.

– Задругата нас ќе нè згмечи, чесен домаќин веќе не може да се остане.  Ако се придружиме, ќе им дадеме сè, ако не, тие ќе ни земат сè. Просто – треба многу да сториме, да ги победиме. Тие и сами не се сигурни во себе. Ако се урне оваа задруга, селото веќе не ќе сака да чуе задруга, а и околијава ќе се замисли, кога ќе стане збор за здружување. Арен глас далеку достига – лош уште подалеку. Глувците ако ги изгризат гредите, племјата ќе падне. Така и ние – запали, отруј говедо, подбуцни.

Ветрот се промушна низ отворениот двокрилен прозорец и удри во газарничето. Слабиот пламен затрепере се изви и изгасна. Молчеа некое време во темницата, а потем закрца столот под домаќинот.

– Да запалам?

– Не, зошто? Скоро ќе си одам. Што мислиш за ова?

– Мислам, но не смислувам – засипнато одговори мракот. – А ти?

– Јас реков. А уште и ако го натераме Апостола да го пречека негде Данета. А?

– Коњоштип си ти, Панко, човека не жалиш. Ја ставаш главата под нож.

– Ама ни ти вака не ќе ја зачуваш.

Зад изгаснатиот пламен во одајчето остана задушлива чад, која тераше на кашлање. Во ќошот непријатно крцкаше невидливо глувче. Тие ослушкуваа и молчеа. Одајчето во темницата изгледаше како празен затворен ковчег.

– Што треба јас да сторам? – пак праша мракот.

– Да бидеш со нас и да го буниш селото. Нашите две села ќе им ја решат судбата. Еве, денес пак крв капнала. Тоа нас ни оди на рака. Едно жарче во каца барут и сѐ ќе отиде по ѓаволите. Да ги пуштиме да се караат и да им помагаме да се мразат. Нема што да се плашиш. Не сме сами. Ако бидеме мајстори, ќе управуваме без да подадеме рака. Јас сум ти кум, Марко, зло не ти мислам. Послушај ме и на време бори се, инаку...

Другиот не одговори ништо. Неговото брзо дишење достигаше до спокојниот Оканица; туѓиот здив ги скокоткаше широките ноздри.

– Не, јас не можам! – се реши најпосле домаќинот. – зошто би се плеткал во тоа?

– Зошто? – го прекори Оканица. – Зошто? Затоа што сѐ ќе ти земат и ќе те соголат како стап. Ќе се израмниш со последниот. Ние мораме да се бориме. Погледни како е во Грција. Ги слушаш ли ноќе топовите? Сѐ поблизу се. Зар мене не ми е мил животот? Имам чедо, разбираш, чедо...

Мракот молчеше. В далечина низ отворениот прозорец, се нaѕираше треперливата електрична светлина на градот; тие безбројни очи сакаа да проникнат во тајните на ноќта. Божем ги потврдуваат зборовите на Панка, од зад Беласица достигаа притаени и рамнодушни татнежи. И тој со очајничка смелост заклучи:

– Вистина, куме, друго не ни останува. Треба да се најдеме со Апостола и да се договориме. Јуначко момче е, а ако види дека повеќе сме, чудо ќе стори.

Некогаш домаќинот бил лично, црнооко момче, широк во рамењата подвижен, како млада растреперена јасика. Ретката сипаница, не му пречела да почувству-

ва дека момите ги кршат предрасудите на срамот и ги дигаат трепките кога ќе мине низ село. Но лакомоста, наследена од татка му, му го оклопила срцето со мраз и љубовта не проникнала внатре. Се оженил наврат– нанос и вечерта, додека се местел крај сувото тело на законитата жена, се сетил дека тоа е прв чекор во втората половина на животот и дека ќе треба да се мисли на црните денови што ги носи староста. И со сета своја способност се фрлил на богатење, сеќавајќи се на жената само ноќе. Злото најде плодно земјиште да никне и во убавината и тој удри на лихва, не спријателувајќи се со никого и избегнувајќи да се скара со некого. Жена му свикна на него, но не и тој на неа. Ожени двајца синови, одоми една ќерка, а кога остана вдовец не се праша за кого печали, туку продолжи да живее како порано, штедејќи дури и на јадењето. Не пиеше; сварената ракија од дудинките ја носеше на градскиот пазар и ја продаваше, а парите ги криеше и од своите домашни. И ете, сега, под влијанието на Панка, сè се измени.

– Кога ќе се сретнеме со Апостола? Тој и самиот се исплаши од својот глас.

Оканица олеснето воздивна. Готово е – уште еден е со него. Беше свесен дека има маѓосничка сила да владее со луѓето и затоа реши да се брои против власта. Организацијата за борба некако му одеше од рака, остануваше уште да доживее победа и да поверува дека господ и неговиот светец бдеат над него и над неговите соништа. Сега, кога ја совлада упорноста на кумот, почна да мисли на неколку работи и одеднаш, и на протестантите во Колешино, кои можеа да се побунат против задругата, и на Дудулевци, кои почнаа кучешки да му се покоруваат, и на одметнатиот Апостол.

– Куме, ме слушаш ли? Кога?...

Панко се тргна.

– Кога ли? Еве што мислам да сториме. Слушај...

# 9.

Од пламенот на изгорената куќа, во сивите очи на Данета останаа две искри; селаните не можеа да разберат – гори ли тоа во зениците тага, или желба за одмазда. Тој забележа дека луѓето го сожалуваат и тоа му падна тешко. Со ништо не сакаше да покаже дека жали за старата куќичка и избегнуваше да говори за својата несреќа. Разбра за пожарот и се врати од град, мирно соопштувајќи дека преговара за купување на нови плугови. Луѓето останаа зачуден: Дане над сѐ, над своето, го ставаше општественото! Го споменуваа како пример на пожртвуваност и се срамеа пред својата совест. Дане во борбата изгуби рака, а сега, кога луѓето слободно дишеа , без страв дека нивниот живот се купува за три грама барут, како во време на окупацијата, беа сведоци: непријателите на власта му ја запалија куќата. Дане како и секогаш стигнуваше да се сретнува со луѓето, да им прераскаже новости од весниците и да испита – каква е нивната расположеност спрема задругата. Но зад неговата надворешна спокојност се криеше душевна растреперeност – имаше жена, очекуваше дете, а остана без сѐ, дури и без оние неколку книги што ги чуваше во шарениот ковчег. Селаните беа сведоци на неговата непроменливост, на секидневната срдечност со луѓето, на неверојатната за нив сила да се издигне над несреќата. Така, на Илинден, го побара Алтан, издржлив, влакнест човек, зборлест, со разиграна фантазија. Се поздравија. Алтан го стисна лулето в заби, кое како да се изгуби под големите мустаќи, и се загледа во сивото лице на Данета.

– Убав ни е денот. А јас реков да одам на лов, па не отидов. Ќе можам и по пладне да скокнам до полето. Туку, синко, ами зошто ти не ја затвориш Трпана, та да ѝ ја земеш куќата? Вака ли ќе векуваш, како чергар?

– Како јас да ја затворам? – се зачуди Дане. – Јас не сум власт...

– Ами... Не си власт. А што си? – намигнувајќи итро, како да ги знае сите тајни на светот, доверливо се наведна кон него Алтан. – Јас знам што си ти. Ти си, нели, од Партијата? Да кажеме, порано Апостол да изгореше некого од власта, веднаш ќе му ја земаа куќата.

На Данета му стана смешна оваа споредба, а и сети дека старецот врти вода на своја воденица.

– А зар нашата Партијата е како власта порано? Ние нејќеме да ги затвораме куќите на луѓето, туку уште поарни да им изградиме. Еве, ти си неписмен, на курс те повикавме, да научиш писмо; на Гроздана детето му се разболе, го пративме в болница, лекари ни дојдоа в село, мочуриштено го прскаа да ги отрујат комарците, сега еве се работи да го исушат, земја да имаме повеќе. Така ли е?

– Така е! – призна старецот. – Сѐ е така. Ама јас да сум од Партијата, би му го нашол крајот на Апостола. Вие сте уште млади, не знаете. Ви треба некој постар, поопитен човек.

– Во задругата ли, чичко Алтане?

– Не, туку во Партијата!

– А-а! – го разбра Дане. – А ти би сакал да влезеш во Партијата?

Старецот радосно го погледа.

– Би сакал да се запишам, ако треба да се плати, да платам.

– А зошто би сакал да се запишеш?

Алтан ослушкуваше да нема потсмешливост во неговиот глас. Пред да одговори, Дане го праша ќе дава ли и како член на Партијата жито за откуп, а тоа просто го разниша.

– Зошто и жито? Ами јас кога ќе влезам во Партијата, не ќе сум како другите, туку ќе бидам поинаков, свесен.

– Убаво де, убаво... – се совладуваше Дане да не се насмее. – Туку кажи ми ти, чичко Алтане, зошто не си во задруга? На пример, нашата задруга е создадена од Партијата.

– Е, лажеш! – искрено зина човекот. – Не таа, туку ти. Зар малку што сакам да се запишам во Партијата, туку сега и во задругата? Така ние да направиме, кој каде сака – некои во задругата, некои во Партијата, та кој победи, нека победи.

– Ама што има тука да се победува? – се лутеше Дане. – Ти не си ја разбрал работата. И не ќе ја разбереш. Ни на фронтовски конференции те гледам, ни в задруга да влезеш, та сега и од курсот бегаш.

Мустаќите на Алтана навредено се накострешија.

– Како тоа од курсот бегам? Јас дури и научив секоја вечер да седам со внучето и да учам од книги.

– Убаво де, убаво. Туку кажи ми ти која е оваа буква. – Дане полека со врвот на тешката чевла нацрта во пепелта круг.

Старецот се наведна и почна гласно да доаѓа до вистината.

– Која е... Чекај... ш беше шило. Значи остра како шило, И, игла, исто беше остра. Ова е с... Не, чекај – тр-ка-ло... Тогаш т, нели? Ова е т... Погодив, виде. А тебе, навистина, жал ти е за куќата?

Дане се раздели од него и појде на закажаниот партиски состанок, но пред да стаса до куќата на Петрета, се сретна со Доксима: Обајцата чувствуваа дека нишката што порано ги врзуваше е скината и дека не можат да ѝ ги врзат краевите. Дане паметеше и не проштеваше, иако во него не постоеше недоверба спрема Доксима. Тој еднаш направи грев, а тој грев мораше како печат да му стои на чело. Доксим го знаеше тоа. Откако се разделија оној ден, кога се видоа крај срамно ишараниот одбор, Доксим бараше начин да разговара со Данета и да ја изведе сета работа начисто. Од тој ден ноќите му станаа бессони, болката во главата почна почесто да се јавува. И затоа сега едноставно изјави: сигурен е во тоа дека Дане нема доверба во него. Дане ништо не одговори, а неговото молчење како невидливо грне го поклопи Доксима. Под таа невидлива тежина тој се почувствува сам и отуѓен од сите. И пред да размисли, се изрече:

– Ако нешто не е како би требало да биде, бар да знам. Нека биде некој друг во одборот, почесен, – не ја совлада осетливоста, долната усна му затрепере.

Дане ја забележа неговата возбуденост и со еден дел на својот разум ја оправда во себе. Бараше збор да го разувери Доксима, но не го најде, не очекувајќи дека тој вака ќе го поведе разговорот. Го заболе што досега се држеше студено спрема некогашниот пријател и се обиде да го сврти разговорот. Тогаш и самиот почувствува дека треба или сосем да го отфрли Доксима, или да го прими како чесен човек. Доксим го прифати разговорот за Апостола и искажа сомнение дека тој мора да е поврзан со неговиот баџанак. Мислеше дека треба да го затворат Оканица и да го натераат да признае, но Дане не се согласи – не беше сигурен дека по тој начин ќе го фатат одметникот.

Се разделија како и секогаш со исто чувство дека не го вратија старото пријателство.

Тој ден на партискиот состанок – за сечење на јасенот и тепаницата со Коларови – Ефтим предложи Петре да биде исклучен од Партијата, тројцата од членовите на организацијата заедно со Петрета го примија тој предлог, но останатите пет члена не се согласија; го казнија со строг укор.

Вечерта како молскавица ги заслепе нова вест, ги погоди луѓето и ја разби празничната веселба. Гологлав и блед, кон една група задругари притрча Алтан, кој пред тоа со самоувереност говореше со Данета за зачленување во Партијата. Кокошкиното лице, со долг подвиткан нос и ситни очи, му беше влажно од пот.

– Селани, го видов!

– Кого виде? – се потсмевна некој и ја одлепи влажната цигара од уста, очекувајќи нечесна шега. – Свети Илија?

– Го видов него, Апостола на Трпана.

За час го заобиколија и го поклопија со своите сенки.

– Каде, прикажуј! – го фати за ракав еден белоглав старец, дремлив и тром од секидневјето.

– На Маркови ливаѓе.  Го видов како вас што ве гледам сега.

– Смири се и расправај... тапо му дофрлија.

– Пламенот, што му ја запали цигарата, го осветли неговото бледо лице; се издиши и повлече со скинатиот ракав преку влажната уста. Шепотеше како Апостол да е негде тука близу.

– Одам јас по Маркови ливаѓе со пушка, – белки ќе најдам во нивјето некоја грлица, да ги зарадувам децата. А таму ни голаб, ни грлица. Само чавки, чавки; се бркаат како ѓаволи, просто да им го свртиш чивтето. Одам и си мислам – поарно ли се лечат овците со горчлива трева или... кога слушам, – некој од зад грб ми се доближува. Чинам, некој свој и си велам – со остро ноже ако ги исчистиш раните на овците и ако ги покриеш со... Кога тој, што ми се доближуваше, ме викна на име. „Алтане, вели, почекај малку“. Се завртев – тој, браќа! Стои, ме  гледа со крвавите очи, а од устата пена му капе...

Престана да шепоти и се издиши:

„И ти ли за задругата?“ – прашува и ми бара тутун. Завитка цигара, а кесето со тутун си го стави в џеб, како негово да е. Јас само молчам и не трепкам. Заборавив и овци, и треви, и лов. Ми се стисна душава, та ни збор да кажам. Апостол ја испушти цигарата и кога виде дека малку како да сум исплашен, се потсмевна: „Се плашиш ли, ѓаволе куц, да не те убијам“. – „Не се плашам, велам... Зошто?“ – Пред да се оддалечи од ливаѓето, ме прострела со очи и ми се извика: – Бегај дома, дечињата да си ги гледаш. А на селаните да им нарачаш – од нивната задруга ни пепел не ќе оставам“.

– Каде отиде? – праша висок селанец, нагрнат со старо војничко палто.

– Каде? Негде, кон патот. Може на Беласица, а може и на Огражден. А чивтето ми го зеде. Дури и реденикот. Вели – „Ти, Алтане, и пушка имаш, можеш и да убиеш, а пак се тресеш како ’рт на мраз“. – „Пушка имам, велам, туку зошто би те убил? Ти мене ништо не си ми направил. Пушката ја носам од адет“. – А тој се потсмевна и ја подаде раката кон мене... „Дај ми ја пушката и бегај си дома. Јас тебе ништо не

ти правам“.

– А ти? – во гласот звучеше потсмевање.

– Јас си доаѓам полека на себе. „Вистина е, велам, Апостоле, јас можам да убијам. Остави ми ја ти пушкава и оди си. Та и ти здрав, и јас мирен“. – И полека се повлечувам, чекајќи место од кај ќе го земам на нишан. Тогаш тој ми притрча, ми ја изврте раката и ми ја зеде пушката. – „Бегај сега в село, скрца со заби, и веќе да не сум те видел. Ама јас не се давам. Се борам...

Петре налутено фркна и ја изгмечи цигарата со опинок.

– Ти, Алтане, за ништо не си. Пушка во непријателски раце си дал. И ти си, значи, непријатели. Со наши камења по глава да нè маваат сега.

Селото веќе спиеше, кога комунистите ги заседоа порано определените места: Петре и Илија со две пушки крај куќата на Трпана, Дане и Ефтим пред одборот, со пушка и парабелум, четворица на двата краја од патот, единствениот тој ден пристигнат милиционер и уште еден крај куќата на Оканица.

Стражарите ја ниѕираа темницата, го ослушнуваа кучешкото лаење и пазеа на секој шум. Ги чувствуваа своите немирни срца и пожелуваа Апостол да им излезе на нишан и да им ја смири зовриената крв. Не говореа меѓу себе и не пушеа, совладувајќи ги своите страсти, убедени дека оваа ноќ одметникот ќе падне в клопка. Дане лежеше зад накривената ограда, го стискаше парабелумот и размислуваше. Ноќта беше слична како тогаш, кога под Кожув, легнат над пушкомитралезот, ги чекаше германските камиони. Очите го печеа и му се пушеше, а пред него, долу, патот се виткаше како згазната змија. И тогаш, во далечина забрче. Прстите, црни од тутун, во грч се стиснаа околу студеното железо на пушкомитралезот. Пред камионот тресна бомба од првата заседа. Како да се кикоти, пушкомитралезот ригна низ цевката барут и олово... Сликите се менеа и го покренуваа механизмот на мислењето. Куќата му изгоре, детето му е болно од маларија, а тој не стигна да се види со жена си, преселена за ова време во туѓа куќа. Околу него играа сенки. Во грмушките шушна ветер и остави зад себе пуста тишина. Полека, како да составува искината тапија, Дане ги средуваше мислите, ги поврзуваше и бараше причини за сè. Во овој момент, требаше да се согледа иднината, да ѝ се даде облик, да го исполни она за што беше должен. Непријателот беше мал, но не и слаб. Неговиот претсмртен грч за последен пат му вливаше сила во мускулите и тој заплашуваше со смртоносен удар.

– Да ја затвориме Трпана, а ти земи ја нивната куќа! – го сети врелиот здив на Ефтима, што му го наежи небричениот образ.

Како изненадно јато сколоврани, неоформените мисли се распрснаа, оставајќи зад себе бездна празнина. Требаше јак напор да се улови нишката на основната

идеја; а таа, идејата, беше возможна од успехот на акцијата – во оваа борба на живот и смрт.

Ноќта, полна ѕвезди и неизвесност, долго траеше. Уште пред ден се огласи петел, а од далеку друг го прифати утринскиот поздрав. Од некоја штала мукна стелна крава и го возбуди будниот стопан. Небото побледе; во сивата полутемнина, дрвјата и куќите беа грозно неподвижни, како еднобоен пејзаж, стиснат во рамките на острите планини. Плашливо, како сираче, преку покосените ливади, се прикраде бледата мугра, ѕирна во отворените прозори, па, влажна и наежена, леко појде по мракот што се повлечуваше од секоја јама и пукнатина. Ѕвездите како да го проплакаа своето изгаснување; се оросија тревките и лисјата, а за малку време – и жедното сонце им ги испи солзите, огледувајќи го руменото лице во плиткиот поток. Над црквата се извишија голаби, пијани од свежина и светлина. Од куќата на селскиот падар се разнесоа болни писоци и се измешаа со кукуригањето на петлите.

– Ех! – се издиша Ефтим. – Снаа му раѓа, второ внуче му носи, а тој, вол, пушката си ја дал! А – ваму, по пет пати на ден прашува дали ќе го примиме во Партијата, вели – ваш сум, свесен сум.

Од една накривена, стара куќа излезе ситно старче, со голем црвен нос, се прекрсти кон сонцето и појде в штала.

– Ајде, Цветко... – го погали полуслепото коњче. – На гумно сè е поставено. Ќе вршиме.

– Што е ова?! -се налути Дане. – Приватниците веќе вршат, а нашиве уште не можат да се наспијат. Ама, луѓе, до кога ќе оди вака наопаку?

Со полни торби и потечени очи, говедарите го потераа добитокот. Неколку гуски, една по друга, се упатија кон потокот, со достоинствени чекори – како да се враќаат од аџилак. Високо, под белото облаче, обрубено со сончево злато, се движеше јастреб. Неговото грабливо око ги демнеше пилињата на селските дворови, претрупани со буриња, дрвја, коли и потребни и непотребни работи.

Ноќната заседа на комунистите не донесе очекувани резултати. Но нив, тие неиспани луѓе, ги чекаше нова непријатност. Таа ноќ паднал еден ѕид на туку почнатата штала, со уште неисушен малтер. Селскиот волк ги надмудрил.

Браќата Дудулевци со еднакви ситни чекори, со калуѓерски крстосани раце, одеа од куќа на куќа, од гумно на гумно, и со тивок шепот раскажуваа страшни прикаски, се возбудуваа и ги креваа очите кон модрата празнина.

– Накажани се од господа! Им паднал ѕидот на задружната штала. Сега не им останува друго, туку да соѕидаат дете во темелите!

А старецот, што наутро се крсти кон сонцето, шмркна со големиот црвен нос и постилајќи го зрелото класје, се накашла:

– Како во турско време. Тие, некрстените, во темелите од џамиите деца соѕидувале!

– Вистина е, вистина е... – се плеткаа шепотите на Дудулевци. – Како во турско!

Жена му на Доксима исплашено ги ислуша браќата и, вртејќи ја забрадената глава, го повлече петгодишниот син в куќа.

– Денес нема да излезеш надвор. Ќе ти пуштам пилиња, па играј си со нив.

Селото го преживуваше својот врел, августовски ден, полн прав и шум. Под коњските копита зашушкаа по гумната зрелите класја. Во магла од прав и ситна слама, испотените селани замавнуваа на коњите, ги преместуваа снопјата со долгите дрвени вили и го квасеа сувото грло со вода. Од полните кобли се разнесе миризба на млеко и се измеша со горчивоста на сувите тревки. Дрвената ковачница, покриена со стари ламарини, заѕвоне под тешкиот чекан на Усни. Отаден потокот, пладнуваа со подведнатите глави истрижаните овци.

– Еееј... – извикаа од далеку – ... Еееј, Симоне. Јастреб ти го однесе коковчето!...

Загрме двоцевка, два пати, едноподруго; без да го пушти пленот, јастребот ги собра јаките крилја, се скочани за миг во воздухот и потоа, како фрлен камен, падна во плитката вода. Нечие дете, покриено до нос со стара, партизанска капа, загази во потокот.

– Море, ѓаволе, не мати ја водата... – викна по него сува жена, загрижена за потопените черги.

Но водата веќе беше заматена, како и целиот матен од прикаските на Дудулевци.

## 10.

Тоа беше настан, што на глед не претставува некоја особеност во секидневјето. Можеби само една младешка надеж се преплеткуваше во нишките на неговиот живот. Но настанот внесуваше топлина и возбуденост во жилите та, ако се изгубеше со првиот сон, наутро, ќе воскреснеше одново во неговите мисли. Таа возбуда ќе предизвикаше тогаш збунетост за поранешниот ситен, безгрешен грев или грч на крај уста – сурова насмевка, остро оцртана со првата брчка. И дали и порано кај него немаше такви ситни возбуди кога светот му изгледаше чудно убав, како покриен со танка пајажина од сребрени нишки?

Младоста е буна; слатката надеж ѝ е сопатник... Нејзините желби се неразбирлив сплет на чувства, што ја разигруваат крвта и ги обмотуваат трепките со розикави копрени.

За споредба, тој оживеа во себе момчешки настан од оние години, кога сознавањето на животните тајни ја носат првата несоница.

– Илија... – го извика тогаш женски глас.

Не знаејќи како да го почне разговорот, ќерка му на Асена, сега веќе жена со две деца, стоеше пред него и се усмевнуваше. Во нејзините немирни очи светкаа златести дамки, во кои девојките како да ги сокриваат првите тајни. Под белата ленена кошула се дигнаа недоразвиени гради, та и колку да беа мали, нивната мраморна цврстина беше сетлива со поглед. Мајскиот ветер, веќе топол и правлив, ги нишаше класјата, а тие беа како младите: недозреани и немирни од животни сокови. Своите желби тие си ги кажаа со еден лесен, случаен допир, ја подедначија топлината на младите тела и останаа изненадени со новоста. Неговите ноќи беа топли и долги; сокриените желби, нејасностите на она што тој го очекуваше, добиваа жив облик само во потсвеста. Својата смелост во едноставноста на љубовта ја доживуваше само на сон. Соништата беа толку јасни и релјефни, што јавата му се чинеше смешна и случајна. Подоцна се сретнуваа со страст во очите – отпрвин, а потоа со зачуденост. Еден ден рамнодушно виде свадбари пред нејзините порти...

... Еднаш на селската слава во Моноспитово го долови огнениот поглед на Аника, мома од неговото село, и почна да размислува за неа. Неколку возможности да се доближи до неа му се таложеа во умот, го обземаа и му ги наголемија соништата, пред кои не постоеше никаква тајна. Често се сретнуваа, се гледаа и често беа близу, еден крај друг. Страста им ги наполни очите со искри и тие со поглед се бараа сегде – на жетва и на веселба.

Еден ден го чу Фидана, син му на Панка Оканица, кога се фалеше дека ја штипел Аника во ендекот. Кај него страста остана, но не осамена; ѝ се придружи од-

вратноста, што му го поткопа коренот на младешкото чувство, а потем и тоа се изгуби. Тоа беше сè што неговата младост пијано ја занесуваше од врвицата на селската едноличност и трудољубивост. Сега, кога свесно ја истакнуваше својата зрелост, трудејќи се со грч да предизвика остри брчки околу устата, такви какви што имаше неговиот командир, се прашуваше дали е ова, новото што го доживеа во племјата, љубов или случајна мора на возбуда...

Не ѝ го знаеше ни името, а веќе по цел ден мислеше на неа.

Малку време по неговото враќање, мајка му се разболе. Болеста ја намачи и ѝ ги запали очите со сомнителен сјај. Кога се дигна од постела, од неа остана само сенка, залепена за ѕидот на полутемното одајче. Тајно од домашните, додека Стојан ја ѕидаше шталата, а Илија помагаше околу припремите за откупот, Стојна ја приготвуваше својата покопна облека, гледајќи да ги остави нивните кошули закрпени и чисти. Со нејасна тага Стојан го сети студениот здив на смртта во својот дом и еден ден, почна разговор со синот, околу-околу, дека тој е зрел, дека на мајка му ѝ треба одмена и дека семејството Нуневски треба да се намножува.

На крај село живееше колебливиот задругар Темелко Антев само со женска челад. Најстарата, Аника, будалеста, секогаш насмеана девојка, со црни дамки на вратот, беше јака и работна; Стојан двапати одеше кај нив, ги гледаше кришум нејзините јаки раменици и беше задоволен со чистотата во куќата. Вдовецот Темелко сознаваше зошто го посетува Стојан и кришум кај чешмата или на конференциите, го мереше под око момчето. Му се чинеше малку поситен од Аника, но ќерка си требаше да ја мажи, иако со неа ја губеше, речиси, својата домаќинка. Нешто помалата Ценка веќе ги преземаше куќните работи, та иако не беше брза како сестра ѝ, домаќинот можеше да сети женска рака во својот дом.

Недоразбирањето што никна помеѓу таткото и синот ја исполни одајата со неспокојство. Болната старица молкум го слушаше нивниот разговор од соседното сопче. Гласовите се судираа и ја предизвикуваа да размислува кој од нив е прав.

– Не, јас нејќам! Не... – се губеше во нејасен, заплеткан шепот гласот на Илија. – Од каде сега Аника?

– Аника е лична девојка и домаќинка е, синко. – Стојан го сокриваше својот бес зад тивкиот шепот. – Нас ни треба работна рака. Куќава ќе ни опусти.

„Неќни ја штипев во ендекот..." – се сети Илија на полните влажни усни на Фидан Оканица и скоро се стресе.

– Не можам, не можам. Јас сега дојдов... Та зар веднаш?...

– Веднаш? – ги дигна Стојан сивите веѓи. – Да, ве-днаш! Утре мајка ти ќе умре, нас ни треба, разбираш... На есен ќе ја доведеме.

– Кај да ја доведеме? Јас не можам. Не е тоа така...

– Кучешки сину... – прсна меурот, во кој се собираше бесот на старецот. – Јас тука имам збор, а ти...

Вечерта додека седеше во одборот, слушајќи ги многуте селски шумови, Илија знаеше дека ќе треба да говори со татка си за онаа девојка, која му беше блиска до срцето. Долго се советува со Данета за тоа и овој му вети дека ќе му помогне. Стојан веднаш не попушти. Иако не пламнуваше, во него тлееше омразата кон селото со кое неколку години се судеа. А кога и Дане се замеша, тој опцу трипати во себе и ја испрати наводаџиката Дарка, славна со своите свадби на долж и шир, под тромеѓето на границата, да преговара со татка ѝ на девојката...

Самохраната вдовица Дарка, со ситни недоверливи очи што се кријат пред туѓ поглед, и понизна насмевка на полните усни, искината, боса и забрадена, така што секогаш некое пламено перче ѝ подѕирнуваше од под црниот тулбен, со танки немирни прсти и права снага, личеше на одамнешните циганки – скитачки, кои за едно кокошкино јајце ја читаат туѓата судба во талогот на испиеното кафе. Ако е некој болен, Дарка го лечи со треви, пијавици, виндузи, пресна јагнешка кожа, та ако еден од тие лекови не помогне, таа му бае со модрите усни. Ако се пораѓа жена, Дарка е прва што ќе даде помош, ако треба да се искапе и преоблече мртовец, послужувањето нејзино е задоволително, – ако треба покојникот да се исплаче – пак Дарка, по службена должност, лее солзи над туѓ гроб. Но најспособна е женава како наводаџика; довери ѝ ја тајната на своето срце, спреми бовчалак и некоја паричка и ќе се ожениш за која сакаш. Дарка многу оженила, многу куќи наголемила, голем углед создала кај селаните. За првпат ѝ се случи нејзиниот мајсторлак да најде отпор сега, кога јасеновчаните побараа невеста од говедарите, како тие ги викаа своите непријатели од соседното село, разделено од нив со сув порој, јасенови стебла и омраза.

Таа седеше кај Кољо Минтанот, еден од „говедарите“, како триножното столче да е начичкано со игли, итро се усмевнуваше и ја разгледуваше кришум собата. На беловаросаниот ѕид висеше големо розово срце од стврднато, бојадисано тесто со огледалце на среде, личотија купена на ланскиот панаѓур; десно од овој љубовен симбол, се душеше во тесна, проста рамка ситно момче, во војничка облека, застанато така, како да стои пред својот командир. Во ќошот – евтина литографска репродукција на светецот Никола, кандило од модро стакло и неколку житни класја. Низ полуотвореното долапче во ѕидот се наѕираа земјени паници и китка разнобојни цвеќиња од хартија; оваа друга личотија се вадеше на маса само на Божик, Велигден и имендeнот на крупниот домаќин. А тој пак беше мажиште од стотина кила, со широко, калешо лице и сиви очи над румените образи, проткаени со жилчиња. Кафениот шаечен такам му пукаше на грбот, широк и мазен како тепсија. Селскиот абаџија секој ден го гледаше од својот прозорец и спровирајќи конец низ големата игла, се усмевнуваше добродушно: „Ќе ти пукне палтенцето, ќе дојдеш и ти Божиков“. Кољо говореше развлечено и ретко ја завршуваше ми-

слата, како од својот амбар на заем да дава. Итричката наводаџика му се пикаше под кожа...

– Ете, свате, Стојан е еден од првите домаќини во селото, умен е и работлив, а син му Илија – за мерак. На нашите моми вратчињата им пукаат, вртејќи се по него. Да не е урок, ама кога се пече ракиичка, со благослов божји, тој ни да помирисa. Убаво ќе ја одомиш Борјанка, да ти е жива...

Кољо ги триеше колениците со тешките дланки и гледаше негде зад Дарка. Тој беше сват на некогашната несреќна свадба, а несуденото сватување му ја навреди душата и остави во неа темен белег.

– Убаво, ама момичето не ми е за мажење. Мало е, не ѝ стасало времето.

– Е, не ѝ стасало времето! – се намурти Дарка. – Фатила веќе дваесе', а ти уште ја раниш. Море, ти тропнат ли сватови на врата, земи им јаболкото, инаку утре ќе биде доцна. Та тие и нема да ти бараат многу, чеизот в гроб не ќе го носиш, нејзин е, едно кравче ќе дадеш и неколку лирички, колку адет да се направи и сѐ ќе се сврши. Јас ова од некоја корист не го правам, туку, просто, човештина... Бакшиш не ми треба, а ќе дадеш ли нешто, благодарна ќе сум, не дадеш ли, господ нека ти даде уште толку. А веќе ако фатила дваесе'...

-Какви дваесе'? – се налути Кољо. – Нема ни деветнајсе', а нејзината рака уште ми е потребна. Нека пожнее уште малку, лебот што го јала да го плати...

– Хе, хе.... Лебот ќе ти го плати горниот, а ти гледај да ја одомиш, да не те колне...

– Ќе ме колне ако ја дадам во вашето село. Вие лебот со земја го мешате. Не, кај вас – не...

– Зошто не? – како да се подналути и Дарка. – Ние нели сме луѓе? Чуми ли сме ние, што сме?

– Што сакате да сте, не ја давам. Маж да не види, ама кај вас не ќе дојде...

– Е, па арно... – стана од триножецот Дарка и со омраза го погледа. – Нека ти седи дома. Кај нас и бело житце ќе каснеше, а кај вас ќе се суши на бакрдан и варени тикви.

– Бакрданот е сладок во мирно село... А ти в куќа си ми, нема зошто да се карам. Ете, така да им кажеш на јасеновчаните. Не чуваме ние челад за мрсулковци...

– Говедари! – просаска Дарка, лута како змија. – Ќе не барате вие!

Во дворот ја сретна Борјанка и ја загледа, како со аршин да ја мери.

– Е па, тикварко, не ти било судено да каснеш бел сомун во Јасенско. Ќе те чуваат, бишки да им раниш!

Борјанка ја погледа зачудено и тивко се огласи:

– Што збориш, бабо? Какво Јасенско?

– Ќе разбереш од говедарон. А на Илија ќе му речам нека си побара друга невеста, ако не од наше село, нека е смоларка, моноспитовка, борисовка. Ти не си за него.

Бледа и како виновна за нешто, Борјанка влезе в куќа и затрепере од темното лице на татка си. Тој го полнеше земјеното луле со сув, шушкав тутун и под очи ја гледаше.

– Го закрпи ли самарот? – неочекувано ја праша и фркна низ широките ноздри на машкиот нос.

– Го закрпив, – тивко одговори, криејќи ги очите под долгите, свилести трепки.

Се вртеше по собата, очекувајќи дека татко ѝ ќе ѝ каже нешто; го затвори долапчето, ја забриша сликата на брата си, стегнат во војничка облека, го премести бардакот и го покри со везено крпче. Но стариот молчеше. Од соседното одајче се закашлуваше дедо ѝ; во својата бледа фантазија и старечко богомолство, тој разговараше со некој од четириесетте маченици. Мајка ѝ и помалото сестриче беа кај некој роднина, на другиот крај на селото. Кољо гледаше пред себе, како ќерка му да не е тука, а таа реши да го прекрши патријархалниот закон на селото.

– Таа, жената што беше овде, што сакаше?

– Ништо! – суво одговори домаќинот.

Потоа ја погледа со сомнение, наслутувајќи дека, можеби, таа знае и одмавна со глава.

– Што сака? Да те мажи сака. Вошкарска работа!

Не проговорија веќе. Кољо отпи неколку голтки од стомната и отиде да ја подмачка колата со катран, а Борјанка остана сама. Не можеше да разбере дека сето вака брзо ќе оди. Една средба во племјата и веќе ја попитува Илија, да, Илија се викаше.

Дотогаш машките ја плашеа и ѝ личеа на грабливи јастреби, што не одделуваат очи од неа. Еднаш, кога имаше дванаесет години, селското господинче, четиринаесетгодишното синче на бакалот, кое живееше и учеше в град, ја затвори в племја и се обиде да ја стисне со сувите, долги раце. Му избега, сета растреперена

како птица. Надвор беше топло, мирисаше на сено и зрели, расечени лубеници, негде пееше потполошка, а Борјанка бегаше кон својата куќа и плачеше. Вечерта ја најдоа в штала, уплакана и со детинска молбеност во очите. Кога потпорасна, почнаа да ја плашат жешките погледи на селските ергени. Еднаш, навечер, кога се враќаше од чешма, ја пресретна будалестиот долгонос Трајан и како тогаш, кога синчето на бакалот се обиде да ја прегрне, и сега овој страстен ерген сакаше да ѝ ја префрли раката преку половина. Ја фрли стомната и избега, а дома рече дека паднала и затоа се враќа со празни раце. Машките ѝ одмилеа, а љубовта, за неа, живееше само во старите народни песни, што се пееја низ село. Зар и Илија беше таков? Се сети за неговата моминска срамежливост и најде на прашањето таков одговор, каков што сакаше.

Не, навистина, дали виножитото им носи среќа на тие што први ќе го видат?...

## 11.

Недалеку од двете села, во подножјето на темниот планински џин, постои граница на селските пасишта, довлечкана од матните планински води на некоја есен, заплашителна со студ: голема карпа, јужно – гола и напукната, северно –покриена со сомотна маовина. Во густата влажна сенка на карпата, тесно припиени една до друга, се белеат сочните капи на шумските печурки. Оттука до првиот рид, расеани со обрастени, суви или полусуви лески, кои стојат како победена претстража на молчаливата гора, полна тајни. Границата има едно име и за двете села – Змиино гнездо.

Уморно влечејќи ги нозете, по ретката трева чекори крупен човек со префрлена пушка преку рамо. Од неговото напнато лице со уморни очи и стиснати вилици, капе врела пот, му се лее по вратот и ја топи гнилата јака на извалкана кошула. Човекот ја држи пушката во десната рака, а со левата кине лисје од грмушките и расеано ги расфрла околу себе. На секој шум, дури и најдалечен, тој се трга и се обѕира, како човек со нечиста совест, што бега и од својата сенка. Неговиот чпртав, скоро женски нос, излупен е од летната жештина, румен и врел, посипан со ситни капки врела пот. Еднит ракав на евтиното градско палто отпаран е на рамото и виси како рака удрена од шрапнел.

Над него, од високиот даб, зачукува клукалец, длабејќи ја кората и барајќи нешто да се засити. Шушка во грмушките долгоопашест гуштер, но се крие под корењата, исплашен од големата сенка што го поклопува. Човекот застанува и се подгрбува, вртејќи ја главата кон шумот; прстите црни од ореова кора, му се грчат, откривајќи ја неговата душевна возбуденост. Само за миг ќе светнат очите, стиснати во црвенилото на клепките, а потем пак гледаат пред себе, покриени со мраз, како на мртовец.

Од далеку будно го следи црвенкава лисица со остра, влажна муцка; таа надалеку ја заобиколува својата јама, бришејќи ја трагата на меките стапалки со пламениот долг опаш. Но човекот не може да ја види; преморен е и скоро болен. Неговите напукнати усни молат за студена вода. И ништо што голема зелена бубачка му лази по јакиот врат; замислен нешто, тој не ја чувствува. Како да го оплакува живиот мртовец, кукавицата му ги одбројува последните денови со својот длабок и мек глас. Наоколу нигде живи луѓе; само ѕверови и овој бивш човек, веќе здивен како пес, загубен во недоодната гора. Од меѓата Змиино гнездо доаѓа песна на говедари, сладосна и развлечена до бескрај. Тоа плаче со неколку тонови кавалот, како што плаче душата во човеков.

Лисицата узнава дека двоножниот ѕвер ја демне, го лепи стомакот на земја и ги дига острите уши; потоа се исправа и полека оди кон јамата.

Човекот ја остава орозарата и седнува под едно дрво: главата му паѓа на широките гради. Така, неподвижно, тој долго седи, а потоа одбира неколку суви дабови лисја и ги троши во парче весник. Цигарата е дебела и крива, а лутата чад му ги штипе сонливите очи; но тој жедно пуши, како да сака да се отруе или да се исплаче над својот тажен живот. Кој е овој човек што се крие од секој жив створ и се храни со шумски капини, диви круши и живо месо од украдени овци? Кој е овој непознат, преморен џин, што се движи под границата, пуши суви лисје и се трга на најмал шум? Овој човек е Апостол Коцев, единецот на глувата, малоумна Трпана, бивш ѕидар, бивш момок во меана и бивш човек! Тој е крадецот на пушката, крвниот непријател на Јасенско, на јасенската задруга, на кого ноќе му се поставаат смртни замки, како на граблива ѕвер. А кој е Апостол Коцев, што го совлада Циганинот Усни и на кого полагаат толку надежи тие, што се лути на власта? Прикаската за неговиот живот е куса, како што ќе е кусо и неговото шумско скитање:... жетва... прељуба со туѓа жена... бегство...

Пред шест годни, еден ваков слично запарен ден, Апостол појде кон својата нивичка, како домаќин, што се вели, да го пожнее зрелото жито. На другите блиски и далечни ниви жетвата беше почната. Неговиот сосед Борис, со подвиткан грб, покриен со ленена крпа преку глава, неуморно замавнуваше со остриот, светкав срп, а жена му Костадинка потскокнуваше зад него, го собираше класјето и го врзуваше в снопје. Убава е ѓаволестата, неспокојна Костадинка, во неколку села прочуена со своите јаки гради, нарабрени како кај леунка. Од светлите очи ѝ бијат прељубнички искри, го збунуваат туѓиот поглед и ги предизвикуваат машките, ноќе да ја мислат. Убава е Костадинка, уште без грев, но полна мисли за гревот. Таа го чувствуваше запалениот поглед на Апостола и се усмевнуваше, откривајќи ја белата влага на забите. Само понекогаш ќе ги задржеше своите живи очи на неговите широки влакнести гради, ќе го збунеше и ќе продолжеше свесно да си ја врши работата. Остриот срп во жилавите раце на Апостола пијано се движеше, нерамно ги поткинуваше класјето и непослушно играше, блестејќи од зраците. Тешко му беше да остане спокоен. Тој и кога гледаше во класјето ги виѓаваше нејзините полуотворени сочни усни.

Борис како да сети нешто непозволено во горештиот поглед на жената, се исправи и пуштајќи да му се лее потта во отворената уста, строго ја погледа со матните очи. Ги почувствува нејзините мисли. Потоа отстрана го измери наведениот Апостол, но се совлада и засукувајќи го ракавот на влажната кошула, продолжи со широки замави да раби по класјето. Неговото ситно ласичино лице помодре од надојдената крв, која како да бараше излез низ испупчените, студени очи. Костадинка му се потсмевна од зад грб и се наведна по пожнеаната рожба. Низ откопчаната кошула ѝ ѕирнаа цврстите гради и го збунија Апостола. Не се плашеше таа од Бориса; тој неа ја тепал, ја газел, со модрици ја покривал и со вода ја повраќал, но гордоста не ѝ ја скршил. А кога тој рече дека може  и да удри, таа божем се зачуди, потсмешливо правдајќи се дека за ништо не е виновна. Неочекувано го праша зошто е лут на неа, но Борис ги стисна сувите усни и не одговори. Сè додека вжештената, бела кугла не им дојде над теме, тие веќе не проговорија. И кога

жетварот сети капнатост во мускулите, се заврте кон Костадинка и заповеда да му се даде ручек.

Седнаа под големиот орев и откако се прекрстија, се нафрлија на зелникот, топејќи ги големите залаци со матеница. Борис полека џвакаше и замислено гледаше пред себе. Знаеше дека нешто го дели од жена му, дека не живеат како другите луѓе – но што беше тоа, тој јасно не можеше да разбере. Затоа и деновите им минуваа во молчење.

Кога се заситија, Борис ги истресе трошките од скут и го намести кожувчето под глава. Неговите очи уморно гледаа меѓу лисјето во модрите парчиња на небото. Изморен и најаден, тој брзо заспа.

Костадинка остана да седи, потпрена на испуканата кора. Маж ѝ беше безживотен и себичен човек и никогаш скоро не се смееше. Ѝ беше тешко. Под очи ги гледаше неговите разграштени гради, што рамномерно се дигаа и се спуштаа. Ја знаеше својата осуда: ќе дочека длабока старост крај овој човек, заинтересиран за нејзината младост само ноќе. Тоа ја болеше и таа чувствуваше дека тој ѝ е туѓ.

Апостол уште работеше, без да погледа во неа. Вардејќи да не го разбуди Бориса, Костадинка се исправи и полека појде кон оној што денес првпат ја привлече. Но тој ги избегнуваше нејзините очи; се плашеше да се исправи и да ја погледне.

– Ти како да си заборавил на времето! – му се потсмевна Костадинка. – А кога ќе ручаш?

Неговата рака затрепере; српот го свитка класјето, но не го исече.

– Ќе ручам! Рано е...

Костадинка ги лизна усните и покажувајќи ги колениците, бесрамно разголени, меки и женствени, го пресече со полузатворени очи:

– Остави го српот малку. 'Рбетот ќе го скршиш...

Апостол ја разбра, се исправи и шумно издишувајќи се, ја погледа молбено. Пак го сет пијанството во градите и пак ги долови нејзините грешни погледи. Во главата почна да му се врти, дишењето му стана тешко.

– Костадинко, зошто дојде? Ти знаеш...

– Ништо јас не знам. – предизвикувачки го прекина таа. – Ништо, ништо не знам...

– А моите погледи? А моето чекање на чешма за да те видам?

– Зошто? Јас не сум мома! Имам маж...

Апостол се усмевна и одмавна со рака.

– Маж? Теле е тој, а не маж.

– Ти си теле! – но во нејзиниот груб, засипнат глас не се чувствуваше одбрана за мажот, туку, повеќе, прекор за збунетоста на овој крупен ерген.

Апостол повторно ја разбра, ѝ пријде и ја стисна за рака.

– Костадинко, не мачи ме... – задушено и врело ѝ шепна. – Дојди со мене, ене, таму... кај што не е жнеано...

– Пушти ме... – се обиде Костадинка да се оттргне од него, плашливо обѕирајќи се. – Пушти... Борис ќе се разбуди. Ќе викам...

Но неговата крв забрзана се разлеа по жилите; ја опфати околу половината и се обиде да ја привлече. Костадинка се наведна и му ги забуца забите в рака, внесувајќи во нивната бела острина и бес и страст. Кога го почувствува врелиот машки здив на увото, затрепере и се олабави. Апостол како да ја изгуби свеста; ја стисна со широките гради и ја поклопи, пијан од нејзините меки усни. Светот за нив престана да постои. Сувото класје ги поклопи и ги одвои од секидневноста, шушкајќи и под нив, и над нив.

Зашушкаа негдека крилја на потполошка. Далеку писна кос. На крајот на нивата се нишаше румена булка, како да се ведне пред некого. Низ нивните пори избиваше млака пот и ја штипеше кожата. Но сето тоа само лесно се допираше до нивните чула, што беа сконцентрисани на едно, до што тие се изгубија.

Можеби ова село и не памети сличен настан, кога жената така брзо и едноставно лекомислено жртвува сè, и најмногу она што во селската куќа е најсвето – верноста кон мажот. Душата на Костадинка беше сложена; таа го трпеше Бориса, кој со секој ден ѝ станувашe сè поголем мачител и сега, додека тој спиеше, таа во страста внесуваше и некаква одмазда, како оправдување за својата слабост. Вистина беше, Апостол многупати ја чекаше кај чешмата, но не ѝ се доближуваше. Таа ја читаше желбата во неговите врели очи и се потсмеваше во себе – нека го, нека ја гледа, таа тоа не може да му го забрани! И сега му позволи да ја одвлече во житото, просто брзаше да му позволи пред да се разбуди Борис. Во таа своја кусогледа лекомисленост, тие заборавија дека Борис може да се разбуди, а дури и тоа, дека, можеби, тој и не заспал. Не, за нив сè престана да живее, освен нивниот љубовен грев, кој ги покри со темна копрена.

Ги освести див, ѕверски вик. И за еден миг само, Апостол и Борис стоеја еден спроти друг и се гледа со матни очи. Костадинка разбра што ќе донесе ова, се исправи

на коленици и му ги пригрна нозете на Бориса. Но немаше сили да моли за прошка – тоа беше безгласна тревога, просто сите тројца како да онемеа.

Со непозната силина Борис се истргна од рацете на Костадинка и бесно ја бутна од себе. Прељубницата замавта со раце и се обиде уште еднаш да му ги прегрне нозете, но тој отскокна и со наведната глава се фрли на Апостола. Овој се чувствуваше виновен и не можеше да се бори; се бранеше некако збунето, ги добиваше ударите и молеше:

– Немој... Чекај... јас ќе ја земам неа...

Тогаш, како змија лутица, Костадинка се фрли на мажот и му ги забуца забите в рамо. Борис ја удираше, ја тргаше за коса, но таа не го пушташе, готова да загине со својата прва одмазда за газената младост и горките денови, полни навреда.

Гризејќи ги сувите усни, Апостол избега од полето и се затвори дома. Беше страшно возбуден – дојде до она, на што со денови мислеше и што му изгледаше како неостварлив сон, ја сети топлината на Костадинка, а душата му остана празна. Се каеше и се плашеше, а тие две чувства му се измешаа и оставија во неговиот живот рана некоја неизлечлива. Вечерта, додека седеше потпрен на крцкавата маса, со сокриено лице во врелите дланки, го чу од дворот гласот на Костадинка. Таа го викаше тивко и плашливо, а тој немаше сила да се подигне. Тогаш таа уште еднаш го извика и појде кон одајчето. Кога ја виде, модра и разбушавена, се зачуди колку се изменила. Косата, црна и светкава како катран, ѝ лежеше преку челото, на кое за првпат се појави брчка. Тажно го гледаше и се мачеше да најде збор со кој би го почнала разговорот; ги стискаше немирните гради, со ширум отворените прсти, како да го држи срцето да не ѝ пукне.

– Апостоле, што направивме ние? Сега сум бездомница...

Суво липање ѝ се истргна од грло, но од исплаканите очи ни една солза не капна.

– Апостоле, јас немам никого... Земи ме...

Апостол се налути.

– Како да те земам? Та ти в црква си му се заколнала на мажот!

Нејзе ѝ се стори дека тој ѝ се потсмева.

– Не, Апостоле... јас веќе нема да му се вратам..

– Да речеме и да те земам, – се исправи Апостол, гледајќи ја намуртено. – Ти утре и мене ќе ми го направиш тоа.

– Апостоле...

– Доста. Оди си. Мајка ми ќе те затече овде.

– Каде да одам? Јас немам никого. За мене сите врати се затворени.

– Оди кај сакаш. Јас не можам да те земам.

Костадинка затрепере како треска; се заниша како да ќе падне ничкум, без свест и разбирање за животот околу неа. Сега дури ја узна својата несреќа и почувствува омраза спрема овој груб ерген. Разбра дека сè е свршено и тоа што го разбра ѝ ја стисна душата. Мислеше дека денес за неа почна животот, но пустиња ѝ го исполни ранетото срце. Животот за неа не почна, тој сврши. Нишајќи се од напнатост и тага, таа ги стисна градите со двете раце и ја дигна главата. Длабоко, негде од дното на нејзината омраза, достигна нејзиниот решителен глас:

– Апостоле, Борис расправа дека ќе те убие. Но ако тој не го стори тоа, ќе го сторам јас...

И пред да ѝ одговори Апостол, таа се изгуби во ноќта со страшен гнев во очите.

Апостол ја знаеше Костадинка и со сигурност ја прими заканата, не како празни зборови, туку како нешто што е неизбежно во неговиот живот. Се сврте неколку пати околу масата и ја зеде големата стомна. Долго пиеше, со шумни, коњски голтки. Топлата вода му се лееше низ брадата и му ги влажеше градите, но жедта не му ја заситуваше.

До длабока ноќ не можеше да заспие; се тргаше од немирниот сон, ослушнуваше и со незапомнета желба го очекуваше утрото. Во ушите му брчеше; му се чинеше дека некој чекори по душемето, или шепоти крај прозорецот, сокриен под ластарите на полусувата лоза.

– Мајко, мај-ко... – по едно време ја разбуди глувата Трпана. – Вратата потпрена ли е?

Трпана се исправи во своето легло и не разбирајќи го сина си, сонливо промрморе нешто.

– Мајко, болен сум, мајко. Челото ми гори. Дај ми нешто кисело да каснам. Краставиче в оцет ми се јаде, мајче...

Кога ја прележа тресната, Апостол го остави селото и се пресели в град.

И сега, по неколку години, тој човек седи сам како ѕвер в шума и којзнае што мисли. Долги се тие години; во тоа време многу пати човек го преживува гревот

на својата младост и се кае... Мисли дека тоа го одвело по друг животен пат и во секоја нова неволја бара причини во гревот – ако тоа не го направеше, ни до ова не ќе дојдеше! Бавни беа тие години. Во тоа време целиот живот се измени. Се повлекоа окупаторските војски и оставија во маслените тефтери на меаната неплатени долгови. Дојдоа партизаните и непомирливо ги затворија меаните, а отворија читалишта и школи, како Апостол да ќе имаше од нив некоја полза. Долго е тоа време, во кое и Апостол Коцев се измени. Низ косата му се проткајаа првите бели нитки, а под очите му виснаа две меки кесичиња, како во нив да се збираше тагата на непроспиените ноќи. Кога ќе го посетуваа јасенчаните да го видат и да се честат, тој ќе се распрашуваше за селото, за селаните и за Бориса и Костадинка. А тие уште првата есен се смирија; Борис многу не се измени, само што уште повеќе стана молчалив. Костадинка верно го слушаше и искрено им се радуваше на првите живи трепети под срцето. А по селските ќошиња долго се шепотеше дека детето малку како да личи на Апостола, но на Бориса никој тоа не му го рече. А во тие години и тоа се заборави...

Полека денот зајдуваше. Сенките на дрвјата се издолжија, доближувајќи се една кон друга, сè додека не се слеаја со шумата, над која плашливо затреперија ѕвездите. Говедарите со врева го потераа добитокот – едни кон едното село, други кон другото. Подгоријата опустуваше. Карпата, што ги делеше пасиштата, остана осамена, сè додека Апостол не седна под неа. Тој будно го ѕираше мракот и по сè изгледаше дека некого очекува. Претпазливо ја држеше пушката и го ослушнуваше чукањето на своето срце. По некое време му се стори дека некој му се доближува. Се собра и ја сврте студената цевка кон подгрбавената сенка што се ближеше.

– Панко... – викна придушено и ослушна.

Нагрнат со стар забун, Оканица му се доближи и му ја подаде влажната дланка, говорејќи послободно од него.

– Ме чекаше ли долго? Говедарите ќе ме видеа. Ти донесов јадење и тутун. Како си?

– Никако. – Се издиши Апостол. – Живеам како прогонет волк.

– Што да чиниш. Поарно на слободица, отколку в апсаана!

– Поарно? – зашушка Апостол. – Ако бев попаметен, не ќе дојдев до ова. Се кријам, си играм кумита... А тоа за мене ли е? Јас сакав да работам, а сега... Кај вас се врши, уште малку ќе почне угарењето, а јас скитам...

– Слушај, Апостоле... – го храбреше Панко. – Сета мака ќе ти биде со злато платена. Бегај засега од нив. За запалената куќа тие не ќе ти простат.

– Куќата не ја запалив јас. – Грубо го прекина Апостол. – Кога бев пијан, тоа го говорев, но не запалив...

– Пред мене немој да сокриваш. Јас ли ќе те предадам?

– Нема ти да ме предадеш, сам ќе се предадам.

Оканица се исправи и ги стисна усните: знаеше дека треба да остане силен, затоа што Апостол беше несигурен, со слаба волја.

– Та што говориш, Апостоле? Зошто ќе се предаваш?

– Просто ќе им се предадам. Нека ме осудат, нека ме бесат, но вака веќе не се издржува. Вечерта да не бев пијан, не ќе побегнев, не ќе ме фатеше инает. Ќе ме испитаа и ќе разбереа дека не сум виновен. А за тоа палење нешто си мислам...

– Што? – се тргна Оканица и крадешкум ја погледа пушката во големите раце на бегалецот.

– Ништо! – рамнодушно одговори Апостол, милувајќи ги со палец црните орози. – Мислам дека ти си ја запалил куќата.

Очекувајќи го ова, Панко со ништо не ја откри својата возбуда. Извади цигара и му ја подаде на Апостола.

– Ти велиш дека јас сум ја запалил куќата? Арно, ами тие не те бркаат само за тоа. Заборакаш ли дека пушка си украл? Тие за тоа и на бесилка ќе те пратат.

Апостол лесно се издиши.

– А ако им кажам дека ни ти не си поарен? Ако им кажам дека ме наведе на зло?

Панко молчеше. Ги прибираше сите сили да најде причина со која ќе го натера овој малодушник да остане она што е и да му служи додека тој ќе сака. Ако Апостол ја оствари својата мисла и ѝ се предаде на власта, Оканица ќе ја изгуби започнатата игра и ќе падне в стапица. Помалку и самиот не веруваше дека ќе дојде до она што тој го очекува, но беше навреден и се бореше, потајно надевајќи се на нешто.

– Да се напиеме? – неочекувано предложи и извади од шарената торба шише со дудова ракија.

Апостол ја потпре пушката на каменот и помирливо се насмеа.

– Ти на ракија ме натера в тесно. Ако тогаш не се опиев и не заплашував со оган,

ќе си седев мирно дома. Вистина, Панко, што сакаш ти од мене?

Панко му го подаде шишето, готвејќи се да го скрши неговиот отпор.

– Јас ништо не сакам. Сакам само да ти помогнам. А таму, зад границата, сè повеќе бувта. Ќе ни дојдат на гости. Разбрав дека Ванчо Михајлов е со нив. Некни од Колешино избегале двајца преку Беласица.

– Мислиш, и јас да бегам?

– Зошто да бегаш? Тие ќе дојдат кај нас.

Апостол отпи малку од шишето и уфна со влажните усни. Пред очи му оживеа обична слика на селото: зад накривениот плот, сплетен од гранки, се наѕираат грмушките, патот и седумте јасени. Селаните ги тераат магарињата пред себе и живо разговараат. Десно од плотот се поредени каци со комиње: нивниот мирис ги дразни ноздрите, а извиците на ситниот протугер, строг и официјален, достигаат од зад црквичето. Далеку крцка воловска кола натоварена со пченка, а таму, уште подалеку, бравовите дигнале прав, како под сињак да се. Оваа случајна и неполна слика живо му се допре до свеста, се растури преку неа и ги покри останатите мисли. Го заболе што е далеку од тој живот за кој беше роден.

– Не, Панко, јас не можам веќе... Утре ќе дојдам в село и ќе се предадам. Вака и вака, ќе речам, судете ми...

– Добро, предај се, – се согласи Панко. – Ќе се најдеш со мајка ти и до крајот на животот ќе бидеш со неа.

– Како со неа? Ти, Панко, не играј се со мене. Биди паметен и говори како човек, не вака, околу-околу. Што е со мајка ми?

Панко го истресе пепелот од цигарата и полека развлечувајќи ги зборовите, го погоди рамно в срце.

-Ќе ја апсат утре. Велат, реакција е и јавно се бори против задругата. Дане сам го рекол тоа.

– Ќе ја апсат неа? – се возбуди Апостол. – Е, тоа е – човек на сите мајката да им ја расплаче.

Опцу и Оканица и продолжи да ја обвиткува жртвата во пајажина – полека и трпеливо.

– Дудулевци исто ќе ги затворат. И имотот ќе им го земат.

– Зошто? – се заинтересира Апостол.

– Зошто? За ништо! Зар главата човечка им е скапа... А се фалат дека ќе те обеселе на крива круша како ајдук.

Апостол ја стисна пушката и со страшно изменет глас закркоре:

– Само ако ми падне Дане в раце.

Оканица го исползува часот.

– Не се плашиш од него?

– Море, само да се сретнеме.

– Можеш да го сретнеш. Тој утре ќе излезе, ќе оди да се мири со Коларови. Петре и Асен се тепале со нив, а овие сега пијат и заплашуваат.

Апостол го дигна шишето, отпи неколку големи голтки и ја избриша устата со ракав.

– Ти што мислиш? – се двоумеше Апостол.

– Да го пречекаш од пусија. Ќе ти најдам човек што ќе ти помогне. Јас веќе говорев со него.

– Кој е тој? – тромо праша Апостол.

– Кум ми Марко. Сигурен човек... одговори Оканица.

– А сигурен ли си дека Дане ќе излезе од село?

– Ќе излезе. Тоа сите го знаат. Пречекајте го од ендекот кај јасените и суредете го.

– А Марко, кумот твој, ќе сака ли?

– Ќе сака. Говорев со него. Ги мрази тој нив. Во бугарското беше кмет, овие скоро го пуштија од затвор. Имотот му го истанчија. Гол е како пиштол.

– Кога ќе оди Дане кај Коларови?

– Пред вечер. Ти порано најди се со Марка. Ќе те чека кај ендекот. А сега да одам, Мерџана нешто ми е болна.

Течеше ѕвездената ноќ, но месечината уште не беше излезена и Панко Оканица

како лисица се прикраде в село, без да го забележат. Се прекрсти пред кандилото и се пружи на постелата, чувствувајќи во мускулите сладок умор.

Апостол ја стисна пушката и се врати во својата седелка, покриена со уште неисушена папрат. Седна и ја отвори торбата што му ја донесе Оканица. Со кучешка глад почна да го кине недопеченото овче месо. Јадеше како човек, кој е на бел леб: тврдите и жилави залаци му се редеа под грлото и му го стискаа душникот, пречејќи му да диши. Недоџваканите парчиња месо тој ги потискуваше со големи голтки ракија, студени како шумската ноќ и лути како неговата мака. Му се прикрадуваше недозреана мисла дека со неговите раце управува Панко, но омразата полека го обземаше и го потиснуваше тоа сознавање, како лутата ракија што го потискуваше месото низ тесниот јадник. Тој не знаеше зошто го мрази ластарестиот Дане, но тоа чувство беше сè појако. Најпосле, ако не испадне сè така како што ветуваше Панко, ќе се префрли ноќе преку Беласица, во Грција право. Таму нема зошто да го судат. Ќе им рече – убив комунисти, еве дојдов кај вас. А тие се луѓе. Ќе го потупаат по рамо, ќе се чудат на неговиот голем раст и ќе му дадат некоја службичка. Ако треба и ќе ги моли... „Рисјанин сум, браќа, ги мразам комунистите, затоа дојдов. Помогнете ми, та вам господ да ви помогне“. Тогаш тие ќе го одведат кај својот генерал да го распита. Генералот – дебел, мек, со златни прстења на рака, Апостол – малку небричен но весел. Се гледаат пријателски и си ги стискаат рацете. Од нивните лица зрачат усмевки. Но Апостол се усмевнува со затворена уста – забите му се црни од капини и мириса на евтин тутун; срам му е пред добродушниот генерал со насмеана уста, полна златни заби и пријателски зборови. Апостол ќе му се поплаче за своите маки, а тој ќе се чуди на неговото јунаштво и ќе го истакнува пред своите војници како пример. Генералот ќе го послужи со цигара и пријателски ќе чкрапне со око: „Значи, наши сме? А колку има кај вас што нè чекаат?“ А нив, вистина, кој би ги чекал: „Панко Оканица, мојот најарен пријател, кум му Марко, поп Иван, двајцата Дудулевци...“ Своите одговори брзо ги коваше и не можеше да изброи повеќе од нив. А ако го фатат селаните? – прснаа слатките мисли како меур од сапуница. А Оканица ако го предаде? Почна да му го испитува минатото на овој итар човек за да узнае некако – искрен ли е или не. Панко Оканица беше меѓу првите стопани в село, умен домаќин, што знае да стави пара врз пара: неговите ниви ги обработуваа четврчин; беше близок со жандарите, најголемата селска власт во тоа време; даваше пари под лихва, а за невратениот долг им ги земаше нивите на своите должници. Зошто да го предаде тој Апостола, кога голем дел земја му зедоа и ја разделија на селската гладна и боса голотија?... Не, Панко е верен јатак во неговиот комитлак. И пак воскресна од мракот на трескавата совест полното лице на добродушниот генерал со златни заби и господски мазни образи. Свиткан под старо, закрпено ќебе, Апостол полека заспиваше, предавајќи му се на сонот, што го приковуваше полека за шушкавото лисје на папратта.

Дабовата шума со густо, неподвижно лисје, ја чуваше својата тајна обвивајќи го бегалецот со густа темница. Наеднаш, над заспаниот изгаснаа ѕвездите. Но тоа не се раѓаше ден, туку жолтиот сјај на месечината излезе од зад планината и со ви-

дливо движење се искачи над шумата, брзајќи го ноќниот пат и бегајќи на друга страна пред сонцето...

Можеби немаше повеќе од миг, кога месечината се распрсна и се изгуби во светлината на изгреаниот ден...

Апостол чекореше низ џиновските стебла на шумата, мавташе со пушката и се чувствуваше како да ќе летне...

Кај каменот што ги делеше пасиштата, селските говедари први го видоа. Исплашени од неговата големина и од полната пушка, тие го оставија добитокот и се разбегаа кој каде стигна...

Селаните, што го окопуваа тутунот, се изгубија пред неговите страшни очи, како од ветер носени. Кај седумте јасени го пречекаа Марко, Панко, браќата Коларови, Дудулевци и поп Иван, закитен со голем златен крст. Оканица скокна од зад првиот јасен, го прегрна со студените раце и го поздрави:

– Еве го нашиот одмаздник... Еве го...

А поп Иван му се наднесе над уво и доверливо му шепна: дека генералот со златните заби го чека.

Апостол не се зачуди што попот место очи има темни и празни јами и што не личи на попот од неговото село. Не се зачуди ни што го сметаше за поп-Ивана, кога тој беше Борис, маж ѝ на Костадинка.

– Каде е тој? – праша возбудено.

– Ене го, – гледај... – одговори некој од селаните.

Вистина, генералот стоеше зад дрвото и весело му се усмевнуваше на бегалецот. Апостол се разочара и дури не се поздрави со него. И зошто да се поздравува? Та тој и не личеше на генерал. Немаше златни заби, не беше избричен и беше облечен во груби селски алишта. А кога го позагледа поарно, Апостол го позна некогашниот наредник Саво Лекиќ.

– Ти, Апостоле, зошто не ме поздравуваш?

Апостол застана мирно и поздравувајќи војнички, рапортира дека денес ќе го убие Данета.

– Ене го Дане! – се насмеа наредникот. – Зошто не пукаш?

Наредникот не го излага. На неколку чекори од него Дане пушеше и му се добли-

жуваше, здрвен и намуртен.

Апостол ја симна пушката... Клекна и нанишани. Но капислата не фати! Тој уште еднаш го дигна орозот, очекувајќи го истрелот со притаен здив. Ништо... Дане сѐ повеќе му се доближуваше, гледајќи го бегалецот рамно в очи. Апостол исплашено извика и се сврте околу себе, барајќи ги своите пријатели, со надеж дека тие ќе му помогнат да го убие, омразениот човек. Но околу него немаше веќе никого, неговите јатаци како в земја да пропаднаа. Се сети осамен и победен; се обиде да потрча, но нозете како да му беа закопани за сувата трева. Дане му се доближуваше сѐ повеќе и повеќе, подавајќи ја едната рака кон неговото грло. Сакаше да вика, да моли за својот гол живот, но не можеше уста да отвори...

Се разбуди преплашен и скочанет; намразениот суров лик, со стиснати вилици и запалени очи уште трепереше пред него.

Избледена и студена, месечината стоеше високо над него. Беше длабока ноќ со лек придушен ветрец, влажен од роса. Гранките околу него зашумолија; од нив ќе се откачеше некој лист, ќе паѓаше полека треперејќи и долго ќе шушкаше по земјата, со другото паднато лисје.

Апостол се исправи и, виткајќи го ќебето околу нозете, се сети на генералот со златни заби и се зачуди како можел да мисли на таква средба и таков разговор. „Глупаво!“ – воздивна и ги побара цигарите в џеб. „Вистина, глупаво. Ни јас ќе видам генерал, ни тој мене ќе ме види. А со Данета денес ќе свршам. Оканица е прав – ни на сон човек не е спокоен од него...“

Запали цигара и, потпирајќи ја брадата на тврдите колена, реши да не легнува веќе.

# 12.

Тој полуоблачен ден, обеспокоен со далечни, придушени грмежи, селото на „говедарите“ се разбуди како и секој ден, со кукуригање на петли и мукање на говеда, неслутејќи што носи тој со себе. А и што може да донесе еден таков ден, во кој гумната се постилаа со последното снопје, ден – кога селаните по празници го пресметнуваат времето што им останува до берењето на памукот и тутунот? Обичен ветровит ден, полн прав и искинати облаци. По заматениот поток, од кој како жили се делат танки вади, достоинствено пливаа шатките. Насекаде растурени, живите цветчиња на селото, полуголите дечиња, играа во правта, а едно од нив држеше на дланка изваден заб и упорно, по старо верување, ја викаше страчката да му даде златен за коскениот. Друго, поголемо дете, му се потсмевна, а ова посрамено појде кај баба си да праша кој му го донел златниот заб на селскиот бакал. Селскиот учител, голобрадо момче, со мала, секогаш отворен уста и остар нос, убедуваше група скоевци дека браќата Коларови ќе пречат во создавањето на задруга и дека тие ќе му се придружат на Апостола. Белузлаво, подгрбавено старче молеше еден од Коларови да му даде малку од нивниот бериќет, затоа што од неговата вада тие цело лето ја вртеле водата во своја нива. Коларов беше пијан; ги клештеше белите заби и не одговараше ништо. Подгрбавен како пред икона, отстрана ги гледаше селскиот протугер и не можеше да разбере кој чија вода крадел. Во некој двор татнеа копита на коњ; тоа се вршеше житото. Од тополата крај потокот безизразно гледаше на луѓето под себе стар, накострешен гавран. Од зад таа топола куќите се проредуваат и немо гледаат со малите еднокрилни прозорци една во друга. Последните куќи, покриени по стреите со кадифеста маовина, послушно се пробиваат до подножјето на планината, како сирачиња, спрема кои минатото секогаш било маќеа. Од десната страна на селото, дреме под голото ритче селската црквичка, а од лева страна се белее училиште со чешма во дворот.

Селово си има своја историја: пожар уште во турско, а потоа безмилосна колера. Што и да стане на едниот крај во селото, другиот веднаш ќе го разбере настанот, кој му долетува како птица на неразбирливо брз начин. Пред дваесет години, во една од крајните куќи живеел стар, осамен испосник со големи, гладни очи и ретко, жолто брадиче. Во кокошарникот, заедно со кокошките чувал питоми голаби и докажувал дека животните се од бога створени, човек од ѓаволот. Надалеку бил познат како скржав и човекомразец; не ги сакал ни поповите, та иако набожен, заради нив не влегувал в црква. Во еднособната куќурка, навечер залостена со тежок камен, имотот на прсти можел да му се изброи: котле во кое секоја вечер крчкал бакрдан, стара черга, триножец, грне шутаре и стомна. За секаква болест селаните од него барале помош, а тој, долгогодишен тревар, се обидувал да ги лечи од треска, сипаница, жолтица, главоболие, настинка и какви и да било други болки – домаќинки на бедното, нечисто село. И за секој совет или тревка, бездруго барал пари, толку колку ќе можел да извлече. Селаните отворено расправале

дека тој имал многу лири закопани во некој ќош на куќата. Едно утро, некој селанец пошол да бара секлива трева и, кога таму, го нашол треварот Ѓорѓи, легнат на грб, со страшно отворена уста, како да сакал да ја проколне својата судба. Подот на одајата бил разровен. Некој му го зел животот на старецот и му го разорал огништето, барајќи ги скриените пари оставени за црни денови. Никогаш не се узнало кој е убиецот и дали тој ги нашол парите, но долго по тоа жените се колнеле дека старецот оди ноќе низ село. Времето го сокрило овој настан во својата бездна торба, а нејасниот страв останал во срцата на луѓето. И само во несреќа го споменувале и се крстеле:

– Тоа се неговите клетви. Треба вода да му светиме, за душа да го споменеме.

Од неговата куќа не остана ни трага, а гробот му се израмни со земјата, без крст и кандило, покриен со тревки.

Сосем обично село, лика прилика на она отаден јасените, сосем обичен полуоблачен ден, налик на многу денови...

Додека заканите на далечните, задушени татнежи треперea во сувиот воздух, недалеку од споредниот пат, преку пожнеаните ниви, полека чекореа момче и мома. Несовладливата љубов бараше тајни патишта Илија и Борјанка почнаа кришум да се сретнуваат. Се сеќаваа на својата прва средба и на виножитото кое им донесе среќа и се разбираа повеќе со чувства отколку со оние секидневни зборови што ќе ги кажеа на своите средби.

Сивиот залез се капеше во далечниот поток, облаците како да ја испија сончевата светлина. Над деветнаесетте црници, поредени како војничиња, висеше во воздухот ветрушка. Низ голите полиња се ширеше тажен, опивен мирис – и сладок, и горчлив; понекогаш се чувствуваше зеленика, а понекогаш мајчина душица... Но околу нив беа само млечни, капинави грмушки и диви боцки. Преку планините падна сивосина покривка, и им ја промени бојата. Зеленилото на шумата се слеа со модрината. Борјанка се сврте кон селото, над кое трепереше лилјаковата пареа на наквечерината. Три пати писна жолна; Борјанка ја побара со поглед, но не ја виде. Ја зафати ненадејно неспокојство, болно и необјасниво; гласот ѝ се запираше в грло:

– Што ќе биде со нас, Илија? Моите дома ништо не знаат, а ние, еве, пак се ставивме. Нашите села се мразат – ни твоите, ни моите не ќе позволат да се сретнуваме.

Илија ги набра веѓите, борејќи се против нејзиното неспокојство, кое го зафаќаше.

– Ние против таа омраза се бориме. На мојот командир му расправав во војската. Тој се смееше. „Омразата, вели, ја разгорела бившата власт!“ И така е. Вечерва ќе

дојде кај вас Дане. Тој ќе им ги разлади главите на Коларови. А и кај вас кога ќе има задруга, поинаку ќе биде.

– А ако не се согласат нашите родители? Татко ми не сака, знаеш...

– Ако не се согласи татко ти, ќе те земаме бегалка.

– Илија, – се наведна Борјанка, – јас треба нешто да ти кажам. Има во селото еден, Трајан се вика. Чув – стројници готвел.

– А татко ти? Што тој... – со тврд, изменет глас праша Илија, чувствувајќи дека неспокојството е посилно од неговиот разум.

– Чинам, сака, – призна момата. – Да е брат ми в село, поинаку ќе е, вака – тешко.

Нешто тешко и непознато му ги стисна градите на Илија. Не можеше да верува дека ќе се раздели од Борјанка.

А до вечната разделба остануваше уште малку...

Ја фати за две раце и ѝ се загледа во длабочините на очите.

– Ти се колнам, нема да те дадам, па ако сака светот да се сврти наопаку...

Но во оваа среќа Борјанка беше и несреќна, не можејќи да го согледа крајот на нивната чиста љубов. Татко ѝ еднаш го одби стројникот на Илија, а да се согласи сега, потоа, да ја одоми во Јасенско, не можеше ни да се замисли. Затоа, додека вака тајно се ставуваше со него, се плашеше некој да не ја види и да не ја открие нејзината голема тајна пред татко ѝ. По првата средба во племјата Илија неколку пати минуваше низ нејзиното село за да ја сретне, а кога еден ден му се исполни желбата, ја праша зошто ја вратиле неговата стројница. Таа не можеше да говори лошо за татка си, та рече дека таа, самата, уште не мисли да се мажи. Потиштеноста на Илија предизвикуваше кај неа жалост, а зад таа жалост се разгоруваше нејзиното вистинско чувство спрема него. Тоа ја совлада: веднејќи ги трепките и црвенејќи, тивко призна – не е до неа туку до татко ѝ; тој не сака да чуе за јасенчаните. Блед и замислен, Илија ѝ објасни дека ако таа сака да се мажи, за него, татко ѝ нема право да ѝ пречи. Така, и неусетно за неа, тие ја доразвија таа мисла, само со поглед – си ја признаа љубовта немо и едноставно.

Немирен ветрец ги плискаше со свежина и шумеше во лисјата. Планините се слеаја со облаците, облаците со небото, ретко посеано со ѕвезди. Во густите стеблаци на дрвјата шушна птица. Закрцка далеку неподмачкана кола, запеа некој в село. Борјанка го пресече молчењето:

– Треба да одам. Татко ми ќе се лути.

Илија ја прегрна со една рака, а со другата ја помилува. Сет под прстите млака влага и се разжали.

– Немој. Сѐ ќе се сврши арно.

Се разделија кога од мракот исплива младиот месец и остана закачен на дрво. Штотуку Борјанка го прегази потокот, од зад еден брест се одвои висока подведната сенка и ѝ го пресече патот. Борјанка исплашено извика и се здрви од страв. Сенката прво ѝ го спомена името, а потоа ѝ се доближи. Го позна гласот на Трајана и се стресе. Иако брестот го покриваше со сенка, таа му го наслути носестиот лик со ситни очи и модри порцулански белки. Имаше преку дваесет години, но уште не се бричеше; пепелестата масовина на влакната му го покриваше долгото лице. Беше глупав, мрзелив и горд на градската облека, уживаше во јадење и се мачеше за женско милување. Врсниците го задеваа со вешто скроени лаги дека сите девојки го сакаат, а тој се клештеше и им веруваше. Со таа увереност, Трајан и сега ѝ пријде на Борјанка, обидувајќи се да ја прегрне, но таа му се извлече од под раце. Виде дека Борјанка сака да го помине и се прибра. Растреперен, повлечен од безумната стихија на страста, тој ѝ се доближи и ја грабна за рака. Усните му се сушеа, кожата на нив пукаше и болеше. Во неговото здраво и младо тело избувна врела крв; зјаеше во мракот, што наеднаш стана црвен и полн искри, кои се судираа, прскаа и како во виор се вртеа пред него. Гласот му шушкаше рапаво и туѓо:

– Дојди, овде... никој нема да види.

Борјанка не можеше да се истргне од неговата голема ковчеста рака; го чувствуваше неговиот врел здив на вратот и со одвратност ја тргаше главата од него.

– Пушти ме. Ќе викам...

– А зошто под црниците не викаше, оној кога те стискаше? Јас знам сѐ, видов...

Борјанка со последна сила се откачи од него и потрча. Копривите ѝ ги изжурија голите нозе, но таа ништо не чувствуваше и трчаше да се врати дома.

– На сите ќе им кажам каква си! – долго ја обеспокојуваа заканите на Трајана.

Не можејќи да се смири, сета задишена и црвена, влезе во куќата и, сокривајќи ја возбудата, почна да работи: ја покри масата и ги наполни стомните. Сестра ѝ, суво девојче со црни, густи плетенки, ѝ рече дека мајка ѝ е на гости. Тоа ја зарадува, имаше време до доаѓањето на родителите да размисли за сѐ што доживеа и што требаше да доживее.

Од негде се довлечка дедо ѝ, издолжен, пргав богомолец. Долгите селски гаќи му се мавтаа околу танките несигурни нозе, подвиткани во колениците. Прав како стап, со ситна побелена глава, тој налутено гледаше околу себе, стенкаше и гово-

реше за себе:

– Богородице, мајче света, помогни душава лесно да ја пуштам.

– А зошто да ја пуштиш душата, дедо? – се зачуди девојчето и исплашено погледа во сувиот старец, но тој злобно се искашла и ја заниша натежнатата глава:

– Молчи, безбожнице... Ех, господи, лоша челад гледаме, лоша челад растеме...

Се прекрсти брзо како да тера комарци од себе, но под белите веѓи не му изгасна лутината. Шепотејќи нешто нејасно, тој падна на триножецот и со детска љубопитност се загледа во сивата пеперуга, сопатникот на ноќната светлост.

Штом на вратата се покажа крупната фигура на татко ѝ, штом грубо ја праша кај била тоа попладне, Борјанка се сети на заканите од Трајана и се сцрве.

– Кај си била? – повторно праша татко ѝ, убивајќи ја со страшен поглед.

Борјанка не можеше да проговори, просто гласот ѝ се фати. Стоеше со наведната глава пред татка си и го очекуваше страшниот суд. А и како можеше да разјасни за својата љубов, за своето прво големо чувство, кое, кога и да е, момата ќе го доживее?

Старецот ги крстоса долгите раце на сувите гради и се загледа во синот и внуката. Ноќната пеперуда го плашеше со својата голема сенка и тој зашепоти некоја молитва.

– Убаво, штом ти не говориш, јас ќе ти кажам. – Тоа татко ѝ го кажа полека, а Борјанка сфати дека тој сосила ја стивнува лутината. – Си била на нивјето со некој проклетник. Те виделе. А Трајан стројник готвеше.

– Татко, јас не го сакам Трајана. Јас...

Лутината ја проби танката лушпа на совладувањето; татко ѝ замавна, но се здржа. Раката млитаво му падна.

– Проклетнице, сама си барала маж, без да знае некој од куќава.

Старецот смешно мрдаше со веѓите, жално виснати над солзливите очи и ги дигаше стиснатите прсти кон челото, но занесен забораваше да се прекрсти.

– Никој под стреава за бога не знае. А ти, синко Кољо, истргај ја малку за грешната коса.

Подмижнуваше со невеселите очи и се мачеше да ја разбере причината на семеј-

ното неспокојство. Ослушнуваше што говори син му и смешно додаваше:

– Ех, крстителу, имењак, до кога ќе ме држиш на оваа грешна земја? Таа... сама... маж...

– Јас од утре дома ќе те затворам. Не ќе ти текне веќе за грев. А љубовникот кој е?

– Татко!

– Кој? – повтори татко ѝ; сите го чуја крцкањето на неговите заби.

– Тој не ми е... Тој сака...

– Од каде е?

– Не е од селово. Не го знаеш...

Татко ѝ уште повеќе потемне в лице.

– Не е од селово? Значи јасенчанец, за кого ми тропна на врата стројница!

– Не е од селово! – повтори и старецот. – Гревови, душите во катран ќе ни горат. Убаво е речено во библијата...

Никој не го слушаше што е речено во библијата, во таа книга на неговиот свет. Кога се повлече на својата сламена постела, Борјанка потона во последните настани, обидувајќи се да го согледа крајот на сето тоа. Повеќе од порано чувствуваше дека ѝ нема живот без Илија; мислата дека ќе се раздели од него ѝ го кинеше срцето. Затоа и топлите солзи ѝ го печеа лицето. Несвесно, како да е многу далеку, го следеше животот околу себе.

Во другата одаја дедо ѝ го крпеше искинатиот самар, тешко се издишуваше и шепотеше нешто. Нејзините родители се изгубија во долг, нејасен разговор.

– Треба да размислиме... размислиме... – достигаа до неа грижите на мајка ѝ.

– Накажи ја, синко... Проколни, удри... – шушкаше старецот. Кашлицата му го кинеше шепотот и тој веднаш ги заборавaше своите совети.

– Не, не, не... – повторуваше татко ѝ, но Борјанка не можеше да разбере што одречува тој.

Крај нејзиниот прозорец поминаа неколку селани; таа го чу нивниот разговор, бавно проткаен во тишината.

– ... Велам, житото со песок го меша. Повеќе да тежат вреќите.

– И не само тоа. Не е човек тој, знам...

– А лани, на Водици...

Разговорот се изгуби. Негде, на некоја сенка залаја куче. Месечината се прикраде и ја преплави одајата. Од нејзината мека, сребренеста светлост, предметите изгледа чудно скочанети. Од под прагот рамнодушно стружеше штурче. Меката ноќ беше презаситена со шумови и благ мирис на сено. Далечен татнеж ги покри шумовите, а потоа зацари тишина.

Тоа беше последен звук што го чу момата; а после сè се заврте, се заниша и престана да личи на она што беше. Кучето засипна; од неговиот глас остана само трепетлив шум; мирисот на сеното се згусна и стана горчлив како запалена чемерина; во соседство заплака доенче. Шумовите се заплеткаа, се слеаја и полека се изгубија.

Борјанка заспа. На нејзините слепоочници остана млака влага...

# 13.

Илија немаше ни полни седум години кога селото го погоди тешка несреќа. Јадер, густ град го уби житото, ги искрши стебликите на памукот и проби десетина слаби стреи. Тешките грутки на градот се намалија, се стопија во дождовните капки, паднатите облаци плиснаа од себе незапомнат поток, а потоа дождот се разреди. На запад се искина сивиот превез и низ него плашливо ѕирна сонцето. Виноградите беа разорени, житото израмнето со земја, а небото е подбиваше: над тромеѓето засветка разнобојниот лак на виножитото. Илија ја праша мајка си што е тоа, а таа низ солзи му одговори:

– Гледај, синко, тоа господ претскажува... Годината ќе биде богата... и среќен ќе е кој прв ќе го види овој божји знак...

Виножитото го видоа сите селани, но не беа среќни. Сурова година дочекаа, гладта бувна во селото и остави во нивните гладни очи сомнение и тага. Потоа – Илија како во сон се присетуваше – една ноќ некои од селаните на сила пробија туѓ амбар. Утредента од смоларските караули слегоа неколку жандари, почнаа да ги претресуваат куќите и со штик да ги гонат селаните пред себе. Еден од нив му остана во паметот. Беше ситен, можеше да се здипли и во најмал селски ковчег; лицето не му се гледаше – до носот го покриваше тврда жолта капа, а од носот надолу тешки црни мустаќи. Во неговите мали, детски раце пушката изгледаше поголема од другите. Тој го тепаше татка му полека, не брзајќи, трудољубиво исполнувајќи ја својата должност.

Скаменет, без глас в грло, Илија трепереше зад оградата. Татко му лежеше на сокакот, а жандарот, како да вежба, ја дигаше и ја спушташе пушката; тешкиот кундак паѓаше секогаш на исто место – меѓу двете плешки, точно на кичмата. Како ветер да го довеа, од негде излезе чичко му, немиот работлив Сандре. Низ засолзените очи Илија тешко следеше. Настаните беа неочекувани и неразбирливи за него... замавнување на тешка тупаница... Жандарската капа се стркала в кал... На нејзино место останува главче големо како тупаница... Сега мустаќите се уште поголеми... Уште еден удар... Татнеж... Чичко му го ранија и така осакатен во крв го однесоа. Не го видоа веќе – тој умре во скопскиот затвор.

Од раните што му ги остави тешкиот град, селото полека се врати во живот. Луѓето беа жилави: се разболуваа, но не умираа од глад. Со виножитото господ ги излажа, но пак повеќе нему му веруваа отколку на агитаторите, кои великодушно подаруваа светкави кутии за цигари со ситиот, задоволен лик на Стојадиновиќа. Луѓето не беа ни јерезовци, ни опозиционери – гласаа како ќе им речеа жандарите и молчаливо се враќаа на своите ниви.

Илија претпазливо го следеше животот и маките со страв, бегајќи пред жандарите.

Во основното училиште стапи со збунетост. Учителот, трезвењак и пламенен републиканец, трпеливо се мачеше да ги описмени; беше добродушен, ќелав, секогаш испотен; од широката јака на неговата чиста кошула се подаваше долг врат. Дечињата брзо се спријателија со него, но тешко учеа српски. Затоа учителот, инаку Црногорец, понекогаш по некој за нив неразбирлив збор го преведуваше на македонски. Во почетокот на третата школска година во училиштето дојде инспектор – зборлесто човече, загрижено завиткано во дебел шал. Во децата загледуваше внимателно и со љубопитност и секогаш без потреба повторуваше.

– Така... да...

Почна часот. Инспекторот не седна на расклатениот стол, туку појде од клупа до клупа, со стиснати раце зад грб. Неговиот петловски нос ги плашеше децата. Ги веднеа очите пред него и не можеа да се издишат слободно, плашејќи се да не го налутат непознатото човече со детска бела глава. Кога инспекторот застана кај првата клупа и со очи покажа на бушавиот Атанас од последната куќа на селото, децата ги завлекоа главите во рамењата и останаа зачудени од страшното, непознато прашање:

– Та-ка...да... А што знаеш ти за битката на Косово?

Ова, инаку повлечено и покорно дете, беше плашливо како зајак. Трепкаше и без да одговори го гледаше златното синџирче, што висеше преку градите на човечето.

– Сети се, сети се... – благонаклоно се усмевнуваше инспекторот. – Обилиќ, деветте Југовиќи, стариот Југ-Богдан! Да...

Детето не можеше да се сети. На Илија му стана непријатно. Добриот учител се потеше, мрдаше со дебелите усни како да сака да одговори самиот тој и којзнае зошто упорно ја дробеше новата креда.

– А ти? – инспекторот неочекувано се обрати кон Илија. – Кој е, да нашиот крал:

Веднаш и на трето дете му постави прашање:

– На чиј наш владетел син му станал светец? Сети се, да...

И со склопени очи почна да декламира:

– Ко удара тако познато... та-ра та-ра тата!...

Сите тројца молчеа и како виновници гледаа пред себе, чувствувајќи дека монотоните развлечени слогови на песната ништо не ќе објаснат. Нишајќи ја главата, инспекторот великодушно ги покажа своите златни заби и се заврте кон учителот.

– Господине Петковиќ... Да, ова, слаб патриотски дух, недоволно залагање на нашиот интелектуален кадар..

– Позволете, позволете... – се црвеше учителот. – Поставете прашање од земјопис, сметање, природознание... Видите го нивниот ракопис...

– Не дозволувам. Ние прецизно ви плаќаме и бараме од вас прецизна работа, а не... Да... Та-ка...

Потоа излезе од училницата не гледајќи во испотениот учител и оставајќи зад себе јак мирис на боја за чевли.

Пред Водици учителот го сменија, а на негово место дојде друг – крупен и сонлив, со поцрнети прсти од тутун. Кога влезе првпат во училницата, потсмешливо ја прекина хорската молитва на учениците, кои сонливо и збунето гледаа во неговото широко, мазно чело.

– Ш-т... Пополека, пополека... Господ не прима молитва што не извира од срце.

И застанат право како војник, еднолично им се придружи на детските гласчиња.

– Оче наш, ижејеси на небеси... Ти, таму, ждребе едно, не ’ржи...

Децата многу не научија со првиот учител, но со другиот заборавија и она што го знаеја.

Во својата единаесетта година Илија ја дочека и втората заедничка несреќа на луѓето. Од пред Цветници до по Петровден не им се смилува небото, не падна дожд. Селаните се мачеа: очекуваа дека господ ќе ги напоит сувите ниви, прокопуваа мали каналчиња, крадеа ноќе еден од друг вода и се караа. Но ништо не помогна. Надничарите останаа без работа, а тие што имаа ниви – без жито. Од сите села под границата многу луѓе појдоа в град. Работната рака стана евтина. За неколку динари луѓето се фаќаа и за најтешка работа, колку да го спечалат лебот. Илија многу не забележуваше.

Една вечер татко му го помилува преку сувото лице и тивко, тивко рече:

– Е, Илчо, си имал среќа. Мајсторот Пандил од град ќе те земе кај него да учиш занает.

Илија се исплаши. Гол и нечист, со многу тесни сокаци, градот му беше неразбирлив; сивите, накривени куќи го плашеа со својот негостољубив лик. Но разговорот беше свршен; татко му сакаше да го пограѓани, да му даде в раце занает и да го ослободи од неизвесноста, која ги следи селаните. И додека Илија молчеше, мајка му низ солзи се согласуваше со Стојана.

Градскиот шивач Пандил трипати дневно ги чешлаше мустаќите и одеше само на пантофли. Вечно се усмевнуваше сам нешто за себе и скоро не ги забележуваше луѓето. Неговиот калфа Јове, кадрав каурин-Циганин со ковачки раце, во кои иглата се губеше, му се потсмеваше зад грб. Кога мајсторот ќе излезеше од дуќан, влечејќи ги нозете, Јове му намигнуваше на Илија и тивко се кикотеше:

– Го виде ли? Сам со себе зборува!

Овој Јове не му се допаѓаше на Илија; мирисаше на сапун и понизно се веднеше пред муштериите. Еднаш кога детето ја бутна тешката пегла, овој ја затвори дуќанската врата, го симна широкиот војнички ремен и го истепа. Илија за тоа не му се пожали на мајсторот, но го намрази православниот Циганин. Оттогаш за него почнаа маките. Штом ќе излезеше мајсторот, калфата ќе ја оставеше иглата и ќе се исправеше од својот стол, како допрва да расне.

– Мрзливко, исчисти ми ги чевлите!

Го тераше по десетпати на ден да му носи вода, го удираше со напрсток по носот, го скубеше за коси, просто – му го труеше животот со горчини.

Во куќата на мајсторот го примија како свое дете. Мајсторицата беше кротка и тивка како и мажот ѝ, ќерка ѝ слична на родителите. Но најмногу го веселеше домазетот, неговиот имењак, кога ќе седнеше на миндерот и ќе почнеше да везе по затегнатите жици на своето тамбурче.

Ој, мери, Томчо, стодрам алва...

Однеси ја на момите –

На момите, Томчо, горномалски...

Пееше тој низ нос, широк, насмеан, со весел сјај во очите. Во таа веселба Илија забораваше на тесниот, задушлив дуќан, кој личеше на голем сандак, со земјен под, до половината зафатен со маса за кроење. Во него беше тесно, требаше претпазливо да се гази да не се сопне на нешто и затоа Илија се чувствуваше како во

кафез, од кој нема излез.

На првиот градски Велигден мајсторот му соши нови алишта и го испрати до најблиските свои роднини да им носи чурек. А тие роднини беа некои добри луѓе – го водеа во своите полутемни соби, го честеа со слатко и му ги полнеа џебовите со јајца.

Дента мајсторот го прими на своја софра и го пофали.

– Послушен ни е Илчо. Бистар е! Ќе стане мајстор од него!...

Јове ја забележа љубовта на мајсторот кон чирачето и оттогаш стана уште полош. Еднаш тој му заповеда на чирачето да клекне во ќошот и да му каже како трчаат селските кучиња. Беа сами. Низ стаклената врата плискаше сонце. Надвор тропаше барабан, повикувајќи да се чуе новата општинска заповед. Сето тоа на Илија му стана неподносливо...

– Ајде, клекни... – станувaше Јове нервозен и сè повеќе се исправаше на својот стол.

Илија не мрдна од место. Кога калфата појде кон него да го присили на послушност, Илија ги грабна долгите ножици и замавна. Оставајќи го својот мачител да пцуе, истрча од дуќанот и се врати попладне заедно со мајсторот, сепак не сакајќи да се пожали за маките што ги трпеше.

Една вечер, по невнимание на калфата, во затворениот дуќан остана кутија со недогорен ќумур. Како што се преприкажуваше подоцна, од огнот прснала искра и ги запалила волнените штофови, од кои и почнал да се шири пламенот.

Дуќанот изгоре со сета стока, а Илија од занает отиде на трговија. Го примија на чиракување во бакалницата „Америка“, во едно обично темно дуќанче полно вреќи, тегли и сандаци, од кои избиваа, се мешаа и успиваа илјада мириси. Оттогаш спиеше на стари вреќи в шупа, неуредно јадеше и работеше од зори до мрак. Ја чистеше куќата на мајсторот, одеше на пазар, цепеше дрва, чуваше деца. Неговиот газда, кус човек, сиот покриен со сало, беше недоверлив спрема него. Секоја вечер, пред да ги спушти ќепенците на дуќанот, го претресуваше, не верувајќи дека Илија не сокрил некое шеќерче. Пред муштериите понизно се виткаше, а пред Илија стоеше прав и страшен како надгробен паметник.

Еднаш, кога Илија пренесуваше од визбата шишиња, се сопна на некоја празна вреќа и падна преку распрснатите срчи со раширени дланки. Кога од исечените раце почна да капе топла крв, кога раните почнаа да болат од лутата течност, се згрчи во едно ќоше и тивко залипа. Газдата го однесе в болница да го преврзат, му здипли в џеб стодинарка за неговата неколкумесечна работа и го испрати в село.

Илија се врати пеш и посрамен; познатиот праг го пречекори со наведната глава, како престапник. Мајка му го пречека како и што го испрати – тажна и со влажни очи, а татко му не го прекоре, туку се обиде да се усмевне.

– Па, штом си дошол, остани.

Тежината на окупацијата го забрза неговото зреење, разбудувајќи во него безброј чудења и прашања. Бугарите влегоа в село, великодушни и пријатни, и одржаа митинг: го пофалија својот мудар, недостижен цар и го утешија луѓето – „новите предели“ се слободни, животот почнува да цвета. Полниот мајор долго и плачно докажуваше дека нема да се врати веќе жандарската чизма и дека „над родината огрева ново сонце“. Загрижени и стиснати еден до друг, селаните невесело го слушаа искинатиот говор. Беа недоверливи и чекаа отпрвин да ја почувствуваат топлината на тоа ново сонце, та после да се радуваат. Илија и неговите врсници одеа по бугарските војници, отпрвин со страв, а потоа со љубопитност.

Некако пред Велигден војниците украдоа две кокошки, но не останаа незабележени. Стопанот му се пожали на пограничниот командир, а овој му се сврте како да ќе го удри:

– Мамката ваша србоманска!

И прскајќи плуканка околу себе, рече дека тие гинат на фронтот за нивната слобода. Та штом гинат, сакаат и да јадат. Војниците станаа како старите жандари – слободна, неконтролирана власт, а потоа и полоши.

Во селото почна да се шепоти за партизаните, окупаторите станаа недоверливи спрема секој жив човек. Кога од селото ги интернираа Деспота, Ефтима, Петрета и уште некои, Илија узреа и сфати дека ако селото има пријатели, тогаш тоа ќе се партизаните.

Во првата половина на 1944 година, Илија се сретна со една партизанска патрола во шумичката зад црквичето. Се ракува со нив збунет од нивниот едноставен изглед и застана, чекајќи тие први да го почнат разговорот. Партизаните беа испиени во лицата и слабо облечени, двајца постари, еден голобрад, и самоуверен. Цртите на лицето не му се менеа, но гласот, луто му шушкаше:

– Чекате слобода во постела да ви донесеме?

Илија се сцрви, очекувајќи и други прекори од овие луѓе за кои се шепотеше во селото. Му се доближи еден од постарите, со убаво зафитилени мустаќи и длабоки бразди на издолженото лице.

– Има ли во близина војска?

Гледајќи ја неговата германска блуза, Илија збунето објаснуваше дека има горе, на караулите.

– Ќе појдеш ли со нас? – шушкаше неговиот врсник, кривејќи ја главата и гледајќи со едно око.

Не знаеше што да му одговори. Ова прашање и него го изненади. Акоречеше дека неговите нема да знаат за него, или било што друго, знаеше дека ќе е смешно. Затоа молчеше, не можејќи да се реши: чувствуваше празнина во главата и не можеше да мисли. Оној што се интересираше за окупаторската војска го помоли да им донесе малку леб, а Илија од срце се согласи да им услужи. Додека се враќаше со топла погача, во него узреа решеност, а кога партизаните му заблагодарија, сакајќи да се простат со него, тој полека праша:

– Има ли пушка и за мене?

Меѓу партизаните свикна на необичниот живот. Порано од шумите носеше дрва, сега тие му станаа дом. Темното зеленило на дивите костени, шушкањето на буките, паѓањето на желадите добија за него нова смисла. Секој шум, секој нов предел, секој збор – му остануваше длабоко во сеќавањето. Научи да ја носи титовката над око, пријателски да разговара со селаните со кои се сретнуваше, да спие со пушката в раце.

По првата борба со една бугарска заседа, долго се уверуваше самиот себе дека не се плаши и дека е како другите борци. Но дури подоцна научи да не пука со набиена глава в земја; нишанеше полека; нишанот на неговата пушка сигурно шеташе и се задржуваше само на непријателските војници. Еднаш заспа на стража. Командирот на четата го викна; често трепкајќи со своите шашливи очи, тој почна полека и тивко да говори. Илија слушаше со наведната лава, посрамен и тажен.

– ... а сите ако би заспале, како ти ноќеска, што би останало од нас? Би ги полнеле доловите и би се клештеле кон месечината.

Бавниот тврд глас достигаше до него како од далеку. Штапскиот курир стоеше зад командирот и се потпираше на својата долга пушка; во неговите сјајни, детински очи, светкаше потсмев, а од него Илија црвенеше. Кога излезе од одајчето на штабот, ги веднеше очите пред борците и повеќе сакаше веднаш тука да загине, отколку да живее.

По два дена, во една борба, партизаните пленија тројца Германци. Кога се повлекоа, командирот заповеда пред четата еден од нив да биде стрелан од Илија, а другите двајца од неговиот десетар. Штапскиот курир појде со него кон првото долче, гледајќи го под очи избричениот тил на Германецот, кој сигурно и како на парада цврсто газеше.

Застанаа под еден исушен брест. Германецот не молеше, но објаснуваше брзо, колнејќи се дека не се борел против партизаните и дека е комунист. Блед и со стиснати заби, Илија гледаше во неговите зелени, свињски очиња, чувствувајќи дека му треперат колениците.

– Што чекаш? – стана нетрпелив куририот. – Или стрелај, или пушти јас да стрелам.

Илија ја дигна пушката и не нишанејќи ја стисна до образ. Полното јако тело на Германецот е здрви на сувата земја.

– Симни му ги чевлите – мирно му рече куририот. – Опинците ти се скинати.

А кога се враќаа тој доверливо, како човек кој ги знае сите тајни на штабот, објасни:

– Те определија да го стрелаш, да ојакнеш, да станеш поцврст.

Два дена го следеа зелените очиња на Германецот и танката бразда крв над неговата лева ретка веѓа.

Не забележа како се ослободи од стравот и како почна и самиот да ги пречекува со самоувереност, збунетите новодојдени партизани, држејќи се пред нив сериозен и со самоувереност.

По ослободувањето беше неуморен активист на Скојот и чувствуваше дека дел од одговорноста за животот во селото паѓа и на него.

Во Партијата го прими Дане, а потоа отиде во војска. Кога се врати, се сретна со Борјанка.

Тоа беше сè. Имаше дваесет и две години – животот за него сега почнуваше.

На Илинден му дојде на гости Панко Оканица со добродушна насмевка на сивото лице. Се поздрави со татка му и со него и седна. Итро го затвораше десното око и невино шараше со прст по масата. Илија студено гледаше во него, но Оканица тоа не го забележа. Се распрашуваше за задругата, трепкаше иستануваше загрижен за судбата на селаните.

– Уште не можам да разберам што стана и како стана со нас. Се говореше дека поарно ќе биде штом ќе направиме задруга. Е, ама на видело ништо нема, освен, она, тепаницата со Коларови за исечениот јасен.

Неочекувано ги рашири ноздрите; брчките околу устата му се изострија.

– Јас не верувам во тоа, во поарното. Ние, селаните, сме тегнеле мака, сме тегнеле,

дури грбот како на желки ни се свиткал.

Во задно време овој Оканица многу рескираше. Порано беше претпазлив, сега отворено ги изнесуваше своите мисли. Но оваа мисла тој не ја искажа со злорадост, туку со тага, со жалост заради неизвесната иднина на селаните. Неговата игра Илија ја сет и отворено рече, не совладувајќи се:

– Ти и не треба да веруваш. Стига што ние, задругарите, веруваме!

Оканица и не го погледа. Се сврте кон Стојана и меко прозборе:

– Млад е, зелен. Не знае дека на постарите не треба да им продава ум, туку да купува од нив.

Илија ништо не одговори, само се наведна и не погледна веќе во гостинот. Оканица долго не седеше, а кога излезе, Стојан остана налутен на сина си.

– Со гости вака не се говори. Имениден ти е.

– Имендeнот е нешто друго. А тој нас ниту ни е пријател, ниту ќе ни биде пријател.

Меѓу татко и син се кинеше некоја предедовска нитка, што ги врзуваше, а тоа обајцата го сетија. Неразбирањето ги збуни, и тие оттогаш станаа молчаливи еден пред друг.

Кога се раздели од Борјанка, Илија се сети на овој настан и му стана жал за татка му. „Сепак, јас не можам да го изменам. Само, треба да сум попретпазлив, да него лутам. Стариот не е лош!“ – Оваа мисла го зарадува со својата точност; тој ги забрза чекорите и излезе на прашливиот пат што ги врзуваше селата. Од капиновите грмушки, испреплеткани со боцкави гранки, излезе ситно старче, до земја покриено со искрпена, веројатно некогаш туѓа, гуња. Како дете подрипнувајќи на танките нозе, човекот застана пред Илија и шумно воздивна:

– Стопанчичина, право речено. Се загуби волето, та сега оди, најди го.

Илија беше расположен и сакаше со некого да ја подели својата радост. Напрегнувајќи се да му го види лицето на непознатиот, се наведна кон него и праша:

– Каде ти се загуби волето?

– Ако знам, та и да го најдам. Туку – ноќ. Не се гледа.

– Пушиш ли?

Старчето се издиши и ја зеде цигарата со треперливите прсти. Илија го принесе запаленото чкорче и му ја осветли истрижаната глава со очи големи како двадинарки.

– А ти не си од селово?

– Не, од Јасенско сум.

Сега Илија очекуваше дека човекот ќе ја фрли неговата цигара и дека ќе му заврти грб, но тој само ја завлече главата во рамениците и, нишкајќи се, шушна низ нос:

– Ете, – кај вас како да е поинаку. Станувате богато семејство, слушам. Семејството од бога е дадено. Туку, гледајте вие некако без жени. Жената првото семејство го растурила и си ја продала душата на ѓаволот.

– Ти не ги сакаш жените? – се зачуди Илија.

-Право речено, не. Јас досега не сум се женел, а нема ни отсега. Пред дваесетина години работев в град. Живееше таму некој си Аким, личен и крупен маж. Имаше рачишта како пирајќи, ама секое утро излегуваше од дома со гребеници по лицето. Жена му, танка како вретено, го плескаше како син да ѝ е.

– А јас годинава ќе се женам! – ненадејно призна Илија.

Нивните цигари светкаа во темницата, и уште пред да ги допушат, старчето се премести од нога на нога, прекинувајќи го започнатиот разговор.

– Треба да го барам говедото. А ти помогни...

– Да помогнам! – се согласи Илија. – Кај да го барам?

– Кај сакаш. Ако знаев кај е, сам ќе го најдев.

– Прав си, – се согласи Илија. – А, ова, женењето не чини?

– Не чини. После, млад си многу. Туку, невестата работна ли е?

– Па, така... Не знам.

Се упатија преку пченките – Илија со крупни чекори, стариот подрипнувајќи по него. Нагрнатата гуња секој час му се лизгаше од тесните раменици, а тој секој пат трпеливо ја местеше. Човекот му се свиде на Илија – беше лесен на зборење и расправаше за себе:

– Од четвртата година сум без мајка. Умре, божем никогаш и не живеела. Една година по тоа, татко ми се прежени за една вдовица и ме запусте. Таа донесе две кози, едно нивче – колку детска лулка да сместиш на неа, и три деца. Ќе се вртам јас со говедата од поле, а таа – ги крстосала рацете, фрла оган од ѓаволските очи. Нема ден, а да не искрши прачка на мене. Ако е за јадење, прво своите деца ќе ги нарани, та ако остане нешто, ќе ми фрли како на куче. Грабливо беше бабиштето. Брашното со песок го мешаше. Јадеш, а под заби ти крцка, како земја да џвакаш. Кога свикнав на ова, почна да го прска лебот со газје, белки помалку ќе јадам. Татко ми ќе се врати од нива, а јас седам в ќош. „Од што ти се тие модрици?“ – прашува, но кое срце ќе му каже. Ако кажам, маќеа ми душата ќе ми ја извади. Една година удри чума и го однесе татка ми, а таа веднаш ме истера од куќа. „Оди, вели, кај ти очи гледаат! – Отидов и станав човек.

– Што стана, не разбрав? – праша Илија, вртејќи ја главата кон него.

– Што станав? – шмркна старчето. – Цел век измеќар. Ете што станав.

Кај јасените се разделија. Старчето појде кон потокот, а Илија кон темното подножје на Беласица.

Илија се чувствуваше безгрижен и полн надеж, како тогаш, кога имаше осум години. Се сети – одеше по некосените ливади, густо покриени со презреани тревки и береше разнобојни цвеќиња. Татко му често ја вртеше главата, не толку загрижено, колку зачудено.: „Од прабаба си тој ова го наследил. А и лика-прилика ѝ е – бавни чекори, тапо носе, тешко говорење“. Секој ден се враќаше од полето со китки мирисни сињолички, ситен вртипоп, темна мајчина душица. Бабичките викаа оп него, бараа да им донесе ајдучка и секлива трева, здравец, смреков плод. Го фалеа, крстејќи се. „Умно детуле, долг век ќе поживее!“ Нешто го врзуваше со природата, со тревките, бубалките и дрвјата; го сакаше густиот цут на глогот и дренката, цветењето на маслинките, пролетната пена на врбовите пупки. Ги познаваше птиците и им ги повторуваше гласовите; од далечина ја разликуваше смрекарката од жолната, ќосот од сојката. Ќе се стемни, а него уште го нема дома. Мајка му стои под лозницата и го чека; ја мачат претчувствува и страв за единецот; се подгрбавила, се слеала со темницата, замрела. Месечината ќе изгрее, околу куќите ќе се протегнат чудни сенки, а Илија уште го нема. Бавно минува времето; староста и грижите ѝ ги замаглуваат очите на Стојна, а кога од далеку ќе види како се движи светкава бела искра, се прашува– гори ли тоа нечија цигара, или се враќа син ѝ со залепена светулка на чело. „Ајде синко – го прекорува таа. – Многу се забави!“ Во нејзиниот шепот се чувствува радост што се вратил.

Илија беше весел како да се врати во еден од тие далечни денови...

Од сувиот, млад ветрец, шесте јасени шумеа, божем си дошепнуваа помеѓу себе за некоја тајна, што им е позната само на нивните лисја; насреде меѓу нив, стисната со по тројца високи темни стражари и од секоја страна, ѕиркаше од земја свежа

пенушка, остатокот на седмото стебло, што ги раздели селата со уште една бразда. Илија чекореше и се обѕираше околу себе не ли ќе го види изгубеното волче. Старецот се потопи во мракот негде, отаден патот. Од далеку грмушките личеа на живи, трепетливи сенки, а на Илија му се чинеше дека секоја од нив е говедото. Кога стаса до јасените забележа сенка, која како да се притаи во ендекот.

– Кој е? – праша придушено  и ослушна; никој не се огласи.

Сакаше да се врати, но љубопитноста го совлада. Зачекори, а кога стравот полека му го начна срцето, се наднесе над ендекот со запалено чкорче. Светлината падна на две бледи глави и се разлеа преку нив. Илија отстапи. Догореното чкорче му падна од рака.

– Еј, говедаре!

Неговиот извик затрепере низ темницата и отплива по полето, оставајќи зад себе гола тишина. Првата сенка се исправи од ровот, со пушка навртена кон него.

– Молчи, не играј си со животот.

Илија го позна Апостола, тој избеган арамија, за кого се плетеа најчудни прикаски.

– Не играј си ти... – Илија се обиде да го совлада стравот. – Предади се и врати ја пушката. Власта не ќе е строга. Неколку години за запалената куќа. Ништо повеќе...

Сенката не се мрдна; нејзиниот глас достигаше како од гроб.

– Оди си ти, момче, дома и не мешај се во она што не ти е работа.

– Еееј! – дојде од зад потокот гласот на говедарот. Тој извик ги обеспокои двајцата – Апостола и Марка.

Илија се охрабри.

– Слушаш ли? Не сум сам. Дај ми ја пушката. Ние...

– Стрелај го. Ќе нè предаде. – за првпат проговори Марко, сокривајќи се зад грбот на Апостола. – Пукај во него...

Таа предвечер Оканица го оствари својот голем план; ги остави Апостола и Марка да го пречекаат од заседа Данета и да го убијат. Тоа за него беше двоен успех – ќе загинеше главата на селската задруга, од што меѓу селаните ќе настанеше смут, а убијците, колку и да можеа подоцна да ја разберат неговата игра, не ќе имаа друг излез, туку да му бидат покорни. Во оваа акција, во ова робување пред Оканица,

Апостола го влечеше неговата пијана стихија, а Марка големата омраза спрема власта која го затвори за старите гревови и го ожеже со законот за аграрната реформа.

Да бидат откриени случајно од Илија, пред да го пречекаат  Данета, го исполни со страв срцето на Марка и тој очајно почна да го моли Апостола да пролее крв. За него беше јасно, ако Илија го препознал, утре ќе биде затворен како ортак на бегалецот и засекогаш жигосан како смртен непријател на луѓето.

– Стрелај го! Пукај, Апостоле! – молеше и се виткаше како црв во ендекот.

Илија ја разбра горката, неизбежна вистина и се скочани. Тогаш Апостол ја спушти пушката.

– Бегај! Не ти било речено да умреш. Душава не ми сака туѓа крв.

Илија беше сам против двајца вооружени луѓе. Сфати што треба да чини; полека се сврте и појде кон полето.

– Зошто... зошто не го уби? Тој ќе нè предаде, тој знае... ме виде...

Апостол не одговараше и стоеше нерешително во ендекот. Неочекувано, внесувајќи ја сета сила во прстите, Марко му ја грабна пушката и пред тој да се прибере, не нишанејќи ги стисна орозите.

Силниот татнеж му ги прекина мислите на Илија, замрсувајќи ги до нејасност. Сети силен удар меѓу плешките, се заниша и длабоко воздивна. Отворена уста му се наполни со густа, топла крв. Главата му натежна и пред да го чуе својот извик се ничкоса на земја.

Зошто, зошто? – ја истргна Апостол пушката од рацете на Марка. – Зар детето ни беше виновно?

Ја дигна тешката тупаница и со сè сила го удри својот јатак преку лице, а потем обеспокоен и исплашен изрипа од ендекот. Тресејќи се и стенкајќи, Марко појде по него, немајќи сила да погледа кон својата жртва, која уште се мачеше.

Старчето како без душа дотрча, но освен мртвиот Илија не виде никого; се наведна над уште топлото младо тело и му ја заврте главата, не можејќи да верува дека тој, што говореше малку пред тоа со него, е мртов.

– Момче... – плачно го извика. – Момче, ми те убија.

Ја допре главата до градите на Илија, но освен леплива, топла крв, ништо не сети. Неговите прсти поминаа преку острата коса на Илија. Се разжали и ја заниша

главата.

– Еј, момче, момче... – збунето се искашла. – Зар и ти си имал душмани?

Од кај Јасенско се доближуваше крцкаво тропање на чеза. Старчето се исправи и се прекрсти; подрипнувајќи и шмркнувајќи побрза кон селото, заборавајќи на изгубеното волче. Веднаш потоа стасаа со чеза Дане и Ефтим. Претпоставувајќи дека од тука го чуја истрелот, застанаа, а Ефтим ги стисна рацете околу полните усни и извика. Ноќта со потсмешливо молчење го пречека неговиот глас. Но кога почнаа да бараат, го најдоа убиениот и го осветлија со ќибрит. Затреперија од чудо, од некој бес и закана што се мешаа во нив, кога го препознаа својот селанец, своето момче, кое тукуштo стапи во живот.

– Исеченото стебло тие со наша крв го наплатиле. – рече Дане. – Ова е од Коларови... Нема зошто да одиме на мирење.

Под тежината на тројцата луѓе белото коњче, како да се плаши и да не го истресе мртвиот, веќе не потрча.

А недалеку од ендекот, малку налево од јасените, мрзливо пасеше и загубеното волче, ситно и старо ако и неговиот стопан.

# ВТОР ДЕЛ

# 1.

Закопот на саканиот единец ги разниша Стојна и Стојана – од малото семејство останаа две сенки и еден пресен гроб. Куќата, од едната страна сокриена со домашна лоза, а од другата со висока маслинка, опусте по последната несреќа крај јасените. Старицата уште повеќе се подгрбави од болката за загинатиот син. Бавните ноќи, неспокојни од несоница и грижи, ѝ го кинеа срцето, а во таа несопирлива тага лицето уште повеќе ѝ се збрчка, ситните очи нездраво ѝ блескаа под влажниот сјај. Го избегнуваше жалењето на селаните и свечено ја носеше својата мака во себе. Кога ќе паднеше ноќта, пред да легне, таа долго стоеше пред модрикавата светлина на кандилото, се крстеше и шепотеше молитви, но знаеше дека никој и ништо не ќе ѝ го врати во прегратки Илија. Во сивите зори, петлите пред да го поздрават денот, се тргаше од полусон секогаш со иста мисла – Илија не е веќе меѓу живите. Од сонце до месечина, од месечина до сонце, таа не престануваше да мисли на сина си. Поранешните несреќи оставија на неа длабока трага, но некако ги преболе: уште пред да проговорат, првите три деца ѝ умреа. Четвртото, недоносениот Илија, го отчува просто на дланка.

Селаните го заострија прашањето по убиството на младиот задругар. Едни докажуваа дека душманите се Коларови, други се спротивуваа и се колнеа дека Илија загинал од раката на арамијата Апостол: убиен беше со сачмарка; двете села имаа десетина двоцевки или стари капсулки, но Коларови немаа пушка. Бараа причини, преприкажуваа, шумно се расправаа. Настанот стоеше пред Околиското обвинителство, од чии раце селото очекуваше правда и одмазда.

Стојан патеше на свој начин, сокривајќи ја пустотата на душата. Работеше на задружната штала, одеше на конференции, предлагаше што и како да се работи, но за сина си не говореше. Само една вечер, по последниот сенокос, додека се нишаше по патот, со префрлена коса преку рамо, му рече на Ефтима дека убиецот е Апостол Коцев. Оттогаш не го спомна сина си веќе сè до средбата со Панка Оканица. Првата недела по несреќата, Стојан не појде со жена си на гробишта, туку остана дома да ја препокрие племјата, готвејќи се за есенските дождови. Кога ја преплете сламената стреа, денот му се стори долг и празен. Се затвори в куќа и седна крај прозорецот, следејќи го со очи пајакот, што лазеше по гнилата дрвена рамка. Така скаменет и со изгасната цигара в рака го затече Панко Оканица, кој нечујно влезе. Се прекрсти и се обиде да го утеши, подавајќи му ја влажната дланка.

– Што да чиниш, Стојане, ти да си жив. Така господ сакал. Тешко е, брате, ти да го родиш, да го чуваш и да го раниш, а друг да ти го одземе. Тешко е, стопаничината, верувам.

Седна на разнишаниот стол, ја согледа ранетата душа на домаќинот и само со десниот образ се насмевна. Стојан беше изменет: лицето уште повеќе му се издолжи и заприлега на клин – горе широко, долу тесно; низ зачудено отворените усни, лилјакови и испукани, блестеа рамно подредени заби; пропаднатите очи гледаа во гостинот како низ него да проѕираа нешто чудно и несекидневно.

Оканица тажно ја нишаше главата, како маченик, загрижен за сите несреќи на светот. Со секој ден стануваше сѐ посмел во своите размислувања.

– Виде ли до кај стасавме? Нашиве се тепаа со Коларови, а тие тебе ти го вратија долгот. Нелуѓе – „задругата нивна ни го рани братот, та чекај и ние еден нивен да удриме!" Да бевме Арнаути – ќе ја наостревме секирата и за крвта ќе земавме крв.

Стојан молчеше, почнувајќи да ја сфаќа двосмислената игра на гостинот, кој како крт риеше сѐ од под земја. Го лутеа зборовите на Оканица, неговиот мек и развлечен глас.

– Жими Фиданча, ако не сум го сакал твоето дете како свое. И јас ноќе плачам за неговата младост. Но не можам да траам. Крв некому и јас би пуштил. Си спомнам и жал ми е: на Илинден, малку како да се скаравме, ама што да чиниш – млад беше јунакот, бог да го прости...

– Ти што сакаш? – ги набра Стојан веѓите, неочекувано избувнувајќи.

– Јас ли? – зина Оканица. – Ништо јас нејќам. Мислев само да ти кажам дека господ ни ги избришал куќите од својот тефтер. Утре и поголема несреќа ќе ни го јавне тилот.

Стојан стана од столот; лицето му остана укочено, со натуштени веѓи и до болка стиснати вилици.

– Оваа несреќа е моја, а за неа тебе нека не те боли. И не сеј бунт меѓу луѓето, зашто...

– Зашто?... – спокојно праша Оканица.

– Зашто јас сум должен да ја бранам задругата. За неа и син ми си го даде животот. Ова да го знаеш...

– Па ти брани ја. Таа е жедна волчица. Ќе се напие уште крв.

Стојан не истрпе.

– Ќе се напие. Еднаш Илија ти говореше. Сакаш ли сега и јас?

– Се разбравме, се разбравме, де... – стана Оканица од столот. – Јас кај тебе дојдов како кај домаќин. Не мислев дека ќе си ваков.

Нељубезно се разделија, сигурни дека веќе не ќе се спријателат. Оканица сети дека се презасилува и дека сите луѓе не ќе се заплеткаат во неговата мрежа, та затоа реши да се држи претпазливо пред Стојана и пред другите задругари. Со Апостола и со Марка одеше лесно, но се покажа едно: сите луѓе не се исто, сепак, некој може да му ги разбере и најскриените мисли. Тоа го изјави на конференцијата и неговиот баџанак Доксим, спрема кого Оканица посебно, во едно катче на срцето, разгоруваше омраза. За тој неделен ден Оканица имаше уште еден план: да го загрее поп-Ивана за своите идеи и преку него да влијае на жените, од кои уште ниедна не е откажа од бога. Затоа, штом излезе од кај Стојана, појде кон поповата куќа, на чиј оџак стоеше лимено петле, поцрнето од време и невреме.

Еднаш попот го остави селото и демонстративно се пресели кај зетовите в град, но по кратко отсуство пак се врати – висок, сув и разбушавен, со горд сјај во очите, како тој час да ја напуштил библиската тајна вечера. Несреќата го сакаше попот; коњчето му се прејаде со пресна детелина, се наду и пцовиса, а тој ја смени својата стара чеза за крескав грамафон и десетина стари румби и романси. Неговата страст спрема необични, чудни предмети земаше неразбирливи размери. На веселба на селските деца тој ќе седнеше во својот двор и пуштајќи ги редум плочите, молчаливо ќе слушаше. Начичкани по оградата на неговата куќа, децата отпрвин ѝ се чудеа на распеаната кутија, а потем се поослободија и почнаа да влегуваат во дворот. Кога ќе му здодеаја, попот ќе ги набркаше и ќе го однесеше грамафонот, а децата ќе се пречкаа – ги маѓепсал ли попот, или во црната кутија е сокриено мало распеано човече?

Оканица го најде кога овој се врати од богослужение. Се поздравија и појдоа кон темносината куќа. На прагот ги пречека попадијата и срамливо ги покани во гостинската соба. Седејќи еден спроти друг, тие почнаа да ги претресуваат последните настани во селото. Оканица вешто го водеше разговорот, предизвикувајќи возбуда кај попот. Кога овој праша дали власта ќе ја остави црквата, Оканица со сожаление го погледна, одмавнувајќи со глава. Каква црква? Та тие ништо не почитаат, а господ ним им е подолу од некрстениот Усни. Ова го исплаши попот; тој ја собра густата брада во дланка, го подвитка кадравиот врв и го стисна со тенките усни. Оканица се наведна да не се насмее – во својата загриженост попот како да почнуваше да се јаде од брадата.

– Така ќе биде, велиш? Чудно е, чудно... Еве, јас половина село сум крстил, половина сум венчал, сум минал и комитлак и попување, ама ова чудо не сум го видел. Ко-ле-кти-ви-зи-ра-ње! Од десет семки една тиква не бива. Туку, господ нека му плати на секој онака како работи. А Дудулевци зошто ги затвориле?

– Божем им го отруле бикот. Велат, во сеното му ставиле игли, а тој се наџвакал и пцовисал. Право да ти кажам, жал ми е.

– За бикот?

– Не, за Дудулевци.

Попот на чуден начин ја искажа својата неутралност по последните настани: се искашла со затворена уста и се загледа пред себе, а потоа почна да прикажува некој свој долг, замрсен сон. Но претпоставката дека ќе ја затворат црквата го мачеше и тој несвесно одеше по мислите на Оканица; беше зачуден – значи, сакаат да ја затворат црквата, просто да завојуваат со светото небо, а ваму раскажуваат дека верата законот ја брани! Не ли би било поарно да кажат дека тие црква не признаваат, та така тој, попот, да знае што да чини? Оканица трпеливо и со соучество го ислуша, а потоа загрижено заклучи – нивниот закон е детска играчка за господа. Нели еднаш и Евреите со закон го заковаа Христоса на крст, а господ, семожниот, им го сотре семето, ги растури по светот и ги остави да се мачат, како никој што не се мачел. По овие за попот убедливи аргументи, Оканица отворено праша дали тој, како светечки слуга, ја трпи оваа безмилосна власт? Ова неочекувано, несекидневно прашање го збуни поп-Ивана и тој плашливо се обѕирна околу себе. Сувиот стол маченички закрцка под него, а Панко виде нерешителност во очите на попот. Се сет итрецот – во детските години таков го замислувал ѓаволот: висок и ковчест, со голем модар нос и пламени светкавици во замрсената брада. Дури за миг му стана жал што над страшните очи, полни оган, не стојат остри, козји рокчиња, такви какви што гледал во одамнешната своја фантазија. Спокојно и испитувачки гледаше во попот, кој се мачеше, бранејќи се од црните мисли: тој не се меша и живее како што е речено во Евангелието – ни краде, ни па лошо му чини на ближниот. А ако некој сака да го удри по лице, тој ќе му ја сврти и другата страна.

– Туку, не ги сакаш, нели? – настојуваше Панко.

Попот се двоумеше некое време, а потоа ги дигна густите веѓи и се предаде, признавајќи дека не ги сака само затоа што се против господа, но, сепак, што да чини – за зло не е роден. Трпи, а неговите маки не остануваат незабележени.

Тоа попуштање го охрабри итриот гостин, и тој му предложи на домаќинот:

– А ти, дедо, би требало да станеш активист!

– Каков активист! Јас не сакам да се мешам со нив! – се поткрена поп-Иван од столот.

– Активист, дедо, ама не од кај нив! – побрза Оканица. – Прост, свој активист.

– Како тоа?

– Па, еве: тебе жените те слушаат, божји слуга си.

Попот скромно ги подвитка рамениците, не разбирајќи многу.

– Наговори ги ти жените против задругата. Ако се кренат тие на востание, од задругарските кожи можеме опинци да направиме. Жените се најголемата сила на светот. Вака, ако се сложиме ние домаќините, не ќе умреме на пченкарник, ами во нашиот каленик пак ќе светне масолце.

– А ако ме поткачат! – се исплаши попот. – Што тогаш, што, а? На стари години по затвори ли да се влечам?

– Како да те поткачат? Ти нема со секира да појдеш на нив, ами со ум. На збор си златоуст, жените ќе ти веруваат.

Попот ја заниша главата и рече дека нема да се меша во политика. Оканица му се потсмевна, но во себе поверува дека кога и да е, попот ќе падне во неговата мрежа.

Стравот од она што ги чекаше, кај Оканица е јасен, кај попот претчувствуван, ги врзуваше со иста нишка, но тие, сепак, се разијдуваа. Оканица се бореше на живот и смрт, попот беше пасивен. Но попладне обајцата ѝ се зарадуваа на новата задружна несреќа.

## 2.

Задружната штала не беше уште готова, иако ѕидарската бригада засилено работеше на нејзиното довршување. По планот, ѕидовите требаше да се дигнат во почетокот на септември, та иако по селото шушкаа дека овде нема услови за млечни производи, управата ги растури колективизираните говеда по приватни штали. Во оваа брза расподелба крупниот вол на Доксима, со уште неколку говеда, привремено беше доделен во празната племја на Стојмен Сејменот. Само, управата на задругата едно не предвиде: акцијата побрзо го менеше надворешниот живот одошто свеста на луѓето, за кои сопственото остануваше над сè.

Тој ден Цвета, жена му на Доксима, неочекувано реши да појде до куќата на Стојмена, а кога, нишајќи се во колковите, застана пред Стојменица, домаќинката љубезно ѝ позволи да влезе во племјата.

Жолтиот вол, со бела дамка меѓу кривите рогови, здрвено стоеше во мракот. Цвета го пречекори дрвеното корито на  влезот и влезе; очите брзо ѝ се свикнаа на темница и таа веднаш го забележа надуениот стомак и пенливата муцка на волот. Затоа не се совлада, туку рече дека нивниот вол е прејаден со јонџа и дека ќе пцовиса. Домаќинката отпрвин се бранеше дека таа ги чува задружните говеда, но бидејќи Цвета упорно повторуваше дека волот не ќе дочека ноќ, таа стана нервозна. Убаво е што се грижи Цвета за волот, но зар тој е нејзин? Секако, не – сега се сите говеда задружни, спрема тоа ако пцовиса некое, не губи еден туку сите.

– Добро, добро, Стојменице. Ќе видиме дали волот не е наш, – ја распалуваше Цвета. – А од лепешкиве што си ги залепила на ѕидот, ќе си го земам својот дел за на зима.

– Зошто да земеш? – непомирливо ја пресече Стојменица.

– Ќе земам. Зимово на снег ли ќе го печам лебот. Тие лепешки, ако не сите, тогаш еден дел се наши.

– Ваши нема. Добитокот е задружен. Сè е задружно.

Цвета зачудено ги покажа ситните модри заби; се сети дека лани, околу Водици, сосетката, ја навреди, а тоа сеќавање сега како да ја налути.

– Говедото е наше, а задружна можеш да бидеш ти!

Така почна караницата. Инаку жена му на Сејменот беше зборлеста и не попушташе пред никој жив. Пред нејзините зборови Цвета се повлече и, до смрт навреде-

на, се затвори во одајчето. Така, згрчена и потечена од плачење, ја затече Доксим и збунето застана на вратата, размислувајќи што може да биде причина за нејзините солзи. Ја праша зошто плаче, но таа не му одговори.

– Што ѓавол ти е? – се здружуваше Доксим. – Станало ли нешто? Куќата ли ти гори, леб ли немаш да јадеш?

– Волето... – залипа Цвета.. – се надуло, ќе пцовиса... И ми рече, јас задружна ќе сум, како говедата. Ете ти, бараше задруга.

Овие зборови ја погодија осетливоста на Доксима.

– Кој, кој ти рекол тоа?

– Стојменица.

Фрлената искра заканувавше со лут оган. Доксим се бореше со себе, но пламенот сè повеќе го обземаше. Се обиде да ги поврзе нишките на женската караница, но одговорот дека Стојменица намерно им го отрула волот му го поклопи спокојството како сенка. И веруваше, и не веруваше, претпоставките се редеа, и против солзите на Цвета, и против Стојменица. Најпосле, да го спречи мачното расправање, излезе од дома и појде кон племјата на Стојмена.

Познатото говедо го пречека со матен погледи уморно наведната глава. Доксим полека му пријде и му го стисна топлиот стомак со дланка. „Вистина е, вистина! Говедото е попарено“. – Доксим беспомошно стоеше. – „Треба да викнам некој друг од управата. Да го заколеме пред да падне“.

Излезе од племјата и ја повика домаќинката. Сакајќи да се издигне над караницата, тој ја поздрави и праша дали е тука маж ѝ. Стојмен не беше дома. На Доксима му се чинеше дека ќе е доцна да се вика друг и затоа реши на своја одговорност, сигурен дека ќе му веруваат, да го заколе волето. На негово барање домаќинката донесе долг, остар нож и секира и тој со брзи чекори појде во племјата.

Жолтиот вол го гледаше отстрана со јадрото око, како да знае што му се готви. Завратувајќи ги ракавите, Доксим полека му се доближи. За сето тоа, во него нешто се бунеше, но не отстапуваше пред својата намера, верувајќи дека нема да згреши. Ја дигна секирата над глава и, застанат спрема волот со раширени нозе, ги стисна забите. Прибираше сила и уште се двоумеше, но сепак не се совлада. Тапата страна на секирата падна меѓу роговите, рамно над белата дамка. Волот ја обеси главата, фркна со влажните ноздри и ги свитка предните нозе. Матното око за последен пат го впи животот во темната рамка на ѕидовите, гледајќи тажно и паметно како кај човек. Силно напнувајќи ги мускулите Доксим го фати за ноздрите и стискајќи му ги ребрата со колениците, со лесен замав му го забуца ножот под грло. Племјата се исполни со јак, сладосен мирис. Борејќи се со после-

ден напор против неизбежната смрт, волот затрепере, спрета со нозете, се обиде да го фрли Доксима од себе. Матното око се покри со зелен фосфорен сјај.

По сенката која го поклопи, Доксим сети дека некој стои зад него, на влезот од племјата. Го избриша ножот од кожата на закланиот вол и се заврте. Го пресече погледот на Стојмена.

– Убаво! Ти како во своја куќа да си! – ги крстоса тој рацете на широките, ковчести гради. -Не, не збори. Знам што ќе речеш. Говедото ќе пцовисало, нели? Само поарно, ти жена ти многу да не ја слушаш. Таа ти е таква, само за караници знае.

– Доста, Стојмене – помирливо го погледна Доксима. – Јас не сакам да се карам со тебе.

Го избриша испотеното чело и се обиде да се провлече низ вратничето на племјата, но Стојан му застана на пат. Се гледаа под очи – Доксим, подгрбавен, со нож в рака, Стојмен – голорак, но јак и страшен. Тој не се тргна од влезот ни тогаш кога Доксим му рече дека тој ќе одговара пред управата на задругата ако е виновен. Така намуртени, еден спроти друг, ги затекнаа неколку задругари, повикани од Стојменица. Сите тие беа зачудени, а Доксим дури сега сфати – никој нема да му верува дека добронамерно го заклал волот. Дека, сепак, пребрзал, пребрзал – воздивна некој, а другите се согласија. Доксим се обиде да разјасни, но кога во нивните очи прочита неверување, затрепере од возбуда. Знаеше – неговата постапка не произлекнува од злонамера, но од друга страна, ако друг тоа го направеше, ни тој не ќе му веруваше. Како да ги гледаше оние што беа против задругата и како да го слушаше гласот на својот баџанак: „Задругарите, кришум еден од друг, го колат добитокот. Не им останува друго, туку на есен за орање да ги спрегнат кучињата!“ Да, Оканица токму така ќе речеше, во исто време одмаздувајќи му се и за она, кога Доксим го обвинуваше на конференцијата.

Колку сето ова го направи смешен и жалосен можеше да види по неколку дена. Под ридот, каде што низ брестовите лисја сонливо ѕиркаше матното прозорче на црквичето, се собраа неколку жени, на кои им раскажуваше чуден настан една бабичка, сета облечена в црно. Била таа, бабичката, кај сестра ѝ во Колешино и видела народ пред црквата. Прашала што се збираат, но никој не одговорил. Се промушнала низ луѓето и побелела в лице – мајчето божјо плаче и во неа, ама токму во неа гледа! Жените се крста и гледаа со почит во бабичката, како таа де е богородица. Една од нив, сепак, се двоумеше.

– Ти... вистина, а? – прашуваше таа, не сакајќи да ја навреди старицата со своите сомненија.

– Јас... со свои очи, сестро. Како вас што ве гледам. Ѝ се стемнело светото лице. И

неа ја налегнале маки. А од милите очиња како од извор течат солзички. Слава тебе, господи, исчекав да видам, да се прекрстам пред неа, со чисто срце да ѝ погледам в очи.

А една друга, божем е на исповед, тивко расправаше:

– Ние сме заборавиле на бога. Денес недела в град се сретнав со една колешинка. Ми се колнеше дека видела светец. Тој бил престорен во скитач и ѝ побарал леб. Кога таа му дала да јаде, тој ѝ рекол: Доброво, жено, никогаш не ќе ти го заборавам. Побарај ме кога ќе удри колера, а јас ќе ти помогнам.

Ова беше премногу. Богородица плаче, светци слегуваат на оваа грешна земја и илјади други чуда! Заклучокот полека исплива на површнина: нив, како на рисјанки, не им прилега да бидат в задруга, затоа што ни бериќет ќе им роди, ни здравје ќе имаат. И така, овие неколку жени ги најде во возвишени чувства Доксим, а кога разбра што ги мачи, прво на жена си ѝ заповеда да оди дома, а потоа рече дека тие можат да веруваат, но ако почнат да внесуваат смут во селото, власта ќе ги спречи во тоа. Тогаш забележа дека веќе ништо не претставува. Една од жените отворено му рече дека тој за неа не е власт и, сигурна е, ќе биде сменет од својата должност. Налутено гледајќи во него, другите со очи ја искажаа истата мисла. Нејќеше да отстапи, туку совладувајќи се, со надворешно спокојство им заповеда да си одат дома. Нејќеа да го послушаат, решени да појдат до Колешино и да ја видат Богородица. „Готово е. Мене сѐ наопаку ми тргнало“, – се возбудуваше Доксим. – „Треба нешто да смислам, веднаш, пред да појдат. Ќе се вратат и ќе разгласат меѓу жените дека, Богородица е во Колешино. Тоа ќе влијае. А задругата...“ На неговите мисли како да им беше тесно; му ги стискаа однатре слепоочниците и му создаваа болка. Затоа, не размислувајќи, се фати за првото решение за кое се сети и предложи да појдат сите заедно до поп-Ивана и да прашат. Ако тој рече дека е тоа вистина, нека одат, а ако не, нека се растурат, децата барем да не се подбиваат со нив. Веруваше дека попот не е нечесен. Освен тоа, тој не би смеел пред него да ја прифати нивната лага, зашто тоа може и нему да му донесе зло.

Жените отпрвин се спротивија да го послушаат (зошто да го прашуваат попот, кога се тие сигурни дека сѐ што се прикажува е вистина), но најпосле попуштија и појдоа кон поповата куќа.

Утрото ги разгони далечните покривки на мугрениот сињак; заграка гавран, пролета црн облак на сколоврани; со цвркањето на врапците почнуваше денот.

Поп Иван ги пречека разбуден. Не гледајќи во никого, тој бавно ја заниша крупната глава.

– Светец слегол, велите? Е, господи...

Тој не потврдуваше, туку се согласуваше преку своето верување. Сфаќајќи дека не

ќе ја совлада верската треска, Доксим побеле.

– Не играј си со нас, попе. Кажи им дека е лага!

Доцна беше. Тој во истото време забележа две работи – потсмевање во очите на попот и несовладлива решеност кај жените да појдат во Колешино. Очекуваше дека, сепак, попот ќе ги разувери, но тој само ги крена рамениците.

– Што сакате, чинете! – рече, та иако се плашеше од ова јатакување со богомолките, пред нос им ја затвори вратата.

Жените отидоа во Колешино и предвечер прамени се вратија. Сето тоа можеше да биде случаен настан, дури мнозина луѓе им се потсмеваа на богомолките, но за Доксима беше јасно: сега тој веќе ништо не претставува. Дане е недоверлив спрема него, селаните рамнодушни, а задругарите нема да му простат за колењето на волот...

## 3.

Никој од селаните не би можел да се пофали дека му ги видел забите на Данета. Има веќе неколку години како тој не се насмеал, губејќи се во практичност и останувајќи зачуден на секоја шега што ќе стигнеше до него. Откако се пресели во невеселата, кон север завртена куќа на Петрета, жолтото лице со танки усни, малку подвиткани на краевите, му се издолжи, стана уморно; сивите очи, затворени во запалени клепки, отсутно гледаа околу себе, а напорот и неспиењето проткајаа низ нивните белки танки жиличиња. Жена му, очекувајќи второ дете, загрижено го очекуваше ноќе, но секогаш, пред да се врати тој, му се предаваше на сонот. Понекогаш запалената ламба ќе ја разбудеше и таа ќе го видеше својот маж како подгрбавен на масата бавно го џвака лебот надробен во овчо млеко. Кога ќе легнеше, гледајќи уморно во длабочината на мракот, ќе размислуваше за животот – колку е постигнато во задругата и уште колку треба да се постигне. А кога месецот ќе се пробиеше низ гранките што како решетки го покриваа малото прозорче, ќе го осветлеше неговото бело лице, со склопени очи и полуотворени усни. Во полусонот, тој живееше уште со секидневните борби – „утре... план... плугови...". Преживувањето ќе го обземеше, ќе почнеше да мрмори, да се расправа со некого, да агитира. Ќе се исправеше, сонливо ќе погледнеше околу себе и, не сфаќајќи ништо, ќе се олабавеше, губејќи се одново во сон. По негово мислење задругата бавно напредуваше; научен од порано на прецизност и точност, Дане успеа да оствари во задругата неколку плана – за растурените задружни ниви е направена замена – декар за декар – и задружното земјиште стана компактно, само со четири меѓи; старата воденица, под столетното чепоресто дрво, се поправи, се донесоа нови камења и задругата со тоа оствари еден дел од приходите; купија вршалица и свечено ја изложија на широчината, зад задружната фурна. Очигледно беше дека еднораkиот е мозокот на колективот и дека неговиот углед сè повеќе расте меѓу луѓето. Будно пазеше на сè – сплетките полека престануваа, невидливото влијание на непријателот слабеше, а луѓето сè повеќе се приспособуваа кон заедницата. Еднаш, без негово знаење, неколцина задругари живо заагитираа: задругарите да му ѕидаат нова куќа. Дане студено ја прекина нивната акција; впрочем, тој сметаше дека треба најпрвин да се мисли на една мала електрична централа, или, уште повеќе, на спроведување струја од градот. На сите можности што им се даваа, реагираше брзо -неколку момчиња од селото беа испратени на различни курсеви, а наесен се очекуваа агроном, тракторист, стручен книговодител. Луѓето никогаш не можеа да преценет што се крие зад неговиот студен лик – несреќите ги пречекуваше без мрштење, радостите без насмевка. На несреќите беше свикнати, а спрема радостите останувааше претпазлив.

Рано остана без родители. Татко му, аргат на туѓи ниви, сив, жилав човек, избричен само на големите празници, живееше како и повеќето во селото. Беше молчалив и понекогаш неразбирлив за синот. На враќање од полето ќе се одвоеше од

другите аргати и, не вртејќи ја главата кон меаната, ќе се упатеше дома. До длабока ноќ нешто работеше – ја препокриваше старата стреа, ги лепеше кривите ѕидови, ги редеше во сопчето сувите лепешки заназима. Жена му, тивка и љубезна домаќинка, за една педа повисока од него, нечујно чекореше и го следеше како сенка, помагајќи му во сè. Ја омажија својата ќерка за Петрета и пред смрт дочекаа внуче. Штом навечер ќе седнеа околу софра, стариот уморно џвакаше, гледајќи само пред себе. Кога ќе ја чуеше вревата од селската меана, ја нишаше главата:

– Пијат, здравјето си го упропастуваат...

Живееше уредно, на леб и вода. Но овие луѓе од овој јужен крај не дочекуваат длабока старост како оние од планините. Маларијата низ неколку поколенија им го слабела организмот. Стариот умре неочекувано, во ноќта помеѓу Великипеток и саботата. На Велигден камбаната го објави воскресот на Христа, а плачењето на старицата – крајот на аргатот Богоја.

Тажен беше тој Велигден; додека од по некоја куќа ќе се чуеше весела празнична песна, сувиот шестгодишен Дане го следеше дрвениот ковчег, гледајќи со зачуденост во крупните очи. Не плачеше и не сфаќаше многу од сето тоа, само што се возбудуваше од љубопитноста на децата, што првпат му обратија внимание.

Една година потоа појде бос и со нарамено торбиче по туѓи говеда. Понекогаш заборавaше на добитокот, трчаше по пеперуги, бараше тркалезни камчиња или со прачка ги демнеше птиците... Пред вечер ќе се сетеше на говедата и со страв ќе почнеше да ги бара во долот. Еднаш му се загуби една крава, а кога се врати без неа, го натепаа до крв. Претераа во тоа и се сожалија на него, откупувајќи го гревот со неколку шеќерчиња. Тогаш видоа во неговите влажни очи омраза, која не трпеше никакво сожаление.

Со Данета чуваше говеда и селскиот голтар Андон, или како го викаа стрико-Ане. Тој беше прав како пушка, нагрнат со парчосана гуња и скоро секогаш потпрен на тешка ластегарка. Одеше полека, со дигната глава, загледан во далечина, како да очекува некого. Дане се спријатели со него, а кога по неколку години умре и мајка му, стариот говедар се пресели во неговата куќурка, тесна како сандак. Почнаа заедно да живеат, дење по пасиштата, ноќе во невеселиот дом. Кога ќе се вратеа од поле, стариот веднаш ќе почнеше да готви вечера и да расправа за себе:

– Протерав еден живот; син оженив, ќерка удомив. Сега не ме гледаат, можеби и да се срамат од мене; велат – божем сум рикал на сон.

Ќе се замислеше малку и ќе се исправеше пред детето.

– А јас вистина ли рикам? – или ме лажат – колку на старост да не им паднам на врат? Ајде, ајде – ти тоа не го знаеш, мал си. Спиеш како бајче. Станувам ноќе, те покривам. Вистина, ти уште не знаеш да свршиш на кавал? Од утре ќе те учам...

Како ретко кое дете Дане се мачеше, а детството му мина во жилава борба за корка леб. Не можеше да научи да свири, ни да пее; суровиот живот му ја стврдна душата и тој уште во детство стана зрел, логичен, сиот свртен кон реалната страна на животот. Во старецот имаше повеќе детско отколу во детето. За стрико-Анета во зелените вирови на реката се криеја долгокоси русалки, а за момчето реката сокриваше риби и песок, нужен за ѕидање куќи или поправање патишта. Говедарот не ја забележуваше разликата во нивните сфаќања, та навечер, смекнат од чувства, ќе прикажуваше долги прикаски, кои како духовна нишка се пренесуваат од старите на помладите.

Од говедар – Дане прејде на аргатлак, а откако го сети мирисот на барутот и запалените човечки домови, што ги оставаа зад себе окупаторските војници, сосем се затвори во себе. Имаше семејство, но сепак, отиде в планина да им се придружи на партизаните. Се врати писмен, јак и пожртвуван, но осакатен и со сив сјај во очите.

# 4.

Отпрвин на нечија стреа затропа со долгиот клун штрк, како некој брзо да удира дрво од дрво, а потоа закрцкаа воловски коли. Од планината се креваше ретка, јоргованеста converted пареа кон студениот сјај на Деница, но темното зеленило на дудовите лисја се одвоија од пожнеаните ниви, светложолти како килибар.

Дане ги отвори очите, погледна кон матниот квадрат на стаклата и се исправи полека, прашувајќи се зошто е сиот во пот. На своите слабини уште ја чувствуваше топлината на здравото женско тело, но низ отворениот прозорец ајдучки се провре утрешното студенило и сосем го расони. Се облече на брзина, истрча во дворот и се зами со студена вода. Кога се врати во одајчето, ослушнувајќи го дишењето на жена си, се наведна над бележникот. Напрегнувајќи ги очите, тој прочита во полумракот: свечено да се предаде откупот; да се распита Доксим; да се прегледаат плановите на градежната бригада; да се говори со комитетот какви мерки да се преземат по прашањето за Апостола. Во претсобјето се сретна со Петрета и ја дигна левата рака во знак на поздрав. Подавајќи му ја завитканата цигара, Петре молчејќи појде со него. Кога стасаа до одборот, понекогаш само говорејќи за безначајни работи, се измешаа со неколкуте селани, што стоеја в група, свртени со лицето кон младото сонце. Дане никогаш не се смееше, но сепак овој пат се усмевна со затворена уста.

– Среќен ден! Сме се собрале, богами, цела војска.

Селаните како да оживеаја, изненадени со благата шега. Алтан веднаш ја прифати веселоста. Откако поминаа преку неговата срамота, што позволил Апостол да му ја земе пушката, тој иако невлезен в задруга, сè повеќе се вртеше околу задругарите, ги фалеше и се обидуваше преку неговите шеги да му обратат внимание. Затоа тој трепкајќи од сонцето, а и за да биде посмешен, се насмеа.

– Жими чесен крс', (се смеам, свесен сум, не верувам во бога) да удриме на Турција, султанот без чалма ќе го оставиме. Вистина многу сме се собрале... А, ова, султанот нивни имал сто и педесет жени за делник и исто толку за празник.

Селаните ги сакаа неговите шеги, затоа му го прифаќаа разговорот.

– Каков султан? Тие веќе немаат султан! – се обиде некој да го надмудри.

– Ако немаат, ќе те земат тебе. Секој ден ќе те ранат со бел симит и бело мевце од млади коковчиња.

– Е, тогаш и ти ќе видиш аир. Ќе те земам за писар. А од жените ќе ти дадам десе-

тина, да ти се најдат...

– Уште колку ќе чекаме? – ги прекина Дане.

– Па има уште. Се договоривме за пет, а сега ако е четири и черек.

Замолчија и се собраа околу Данета, со глава одобрувајќи ги неговите зборови. Не кажа ништо што тие не знаеја, а тоа што го кажа им звучеше како вистина, која првпат ја слушаат. Протестираше против расправиите што избувнуваа меѓу луѓето, кои тешко се делат од задружното. Селаните го разбраа; тој говореше за Доксима. Дане во себе веруваше дека баџанакот на Оканица не го заклал волот од пакост спрема задругата, но засега настроението на задругарите беше такво, да го осудат тој чин, и тој реши, ако не го напаѓа барем и да не го брани за извесно време.

Селаните живо почнаа да ги искажуваат своите мислења.

– Овие денови нè фатија на спиење – позволивме да одат по селава и да бараат чудотворна икона. Богородица плачела што се создаваат задруги! Кога таму – попот колешински им ги мачкал со восок очите на иконите, и кришум од олтар ги подгревал со запалена свеќа. Господ, хе, не ја сакал оваа власт!

-Море, и господ е реакција! – му светна окото на Усни, крваво од ковачки оган и ракија.

– Ти не подбивај се со рисјанскиот господ. Смеј се со твојот, циганскиот! – потскокна Алтан.

Точно во пет почна да се мери житото за откуп и да се товари во колите. Нешто пред шест љубопитните дечиња почнаа да трчаат околу долгата каравана со натоварени коли. Најнапред затреперија две знамиња побелени од сонце и дожд, а веднаш по нив се појави со сигурен војнички чекор гајдаџијата, кој со сета сила дуваше во мешината. Првата кола ја тераше Ефтим, а по него чекореше јак, убав селанец, стегнат во долг црвен појас.

– Еј, Ефтиме, – викна тој, – гледај го поп-Ивана. Ни глава не ни врти.

– Нема време. Ќе оди на конференција со светците. Еј, дедо-Иване, плачат ли иконите?

Крај нив помина попот и се упати кон црквичето. Го дразнеа извиците на задругарите и тој шегата на Ефтима ја разбра како непријателство и спрема него и спрема неговиот господ. Под ритчето го стаса Трпана, се наведна и му ја баци раката, молејќи го за благослов. Ја нишаше главата полна тешки мисли и колнеше, затоа што, по неа, селскиот леб го носат в град. Поп Иван ја собра брадата в дланка и

страшно дувна во замрсените влакна.

– Семето да им се сотре.

– Не чув, не чув... – ја дигна главата Трпана.

– Ништо! Неспокојно рече попот. – Господ, велам, сè гледа.

Пискањето на гајдата се оддалечи, а натоварените коли уште минуваа, оставајќи зад себе крцкање, горчлив мирис на катран и облаци од прав. По последната кола чекореше Стојан, тром и занесен во мисли. Откако го закопа единецот, тој сосем се отуѓи од луѓето, сувото лице како да му го попари слана, толку брадата му стана сива, а очите уште повеќе му пропаднаа зад веѓите, криејќи ја тагата во ситните зеници. Крај него чекореше Дане, со цигара в уста, нешто поблед одошто обично.

– ... И така, чичко Стојане, иследникот најде дека Коларови не го убиле Илија. Тоа можел да го направи само Апостол на Трпана.

– Кој е да е, синко, детето си отиде, како и да не било на светов.

– Само зошто тој човек се наврте против нас?

– Ех, ѕвер...

Понатаму не проговорија ни збор.

„Можеби, она со меѓите не беше нужно! – оваа мисла се замрзна во мозокот на Стојана. – За кого? Илија ми го нема, јас земјата в гроб не ќе ја носам“.

„Комитетот може да помогне. Со една чета војници да се преора планината, арамијата ќе биде фатен“, – отстрана го гледаше Дане, чувствувајќи дека тутунот цело утро му горчи.

„Може човек да се излаже! – веќе се каеше Стојан за неодамнешниот грев. – Што ли би рекло момчево, ако знаеше за тајното обележување на меѓите?“

## 5.

Има луѓе кои, кога говорат, оставаат впечаток дека секој час ќе ја прекинат започнатата реченица, затоа што говорат брзо, без сопирање, како да трчаат пред своите мисли. Таков впечаток оставаше секретарот на Околискиот комитет, висок младич, со широки малку подадени плешки, долг лик и лошо исчешлан. Често трепкајќи со очите, жолти како глина, гледаше во Данета, вртејќи ја чистата пепелница пред себе.

– Добро е што дојде. Да поразговараме. Седни...

Дане се намести на самиот крај од столот, ги стисна острите коленици една до друга и се искашла.

– Велиш... а откупот како е?

– Добро. Житото уште се мери.

– Запали... – му подаде секретарот цигара, па и самиот запали, затворајќи ги очите пред лутата чад.

„Се учи да пуши“ – го прецени Дане, гледајќи како тој ги подава малите усни, божем се спрема да дувне во врело млеко.

Во овој човек, со расфрлена лавовска грива, имаше нешто необично; изгледаше дека говори за безначајните работи, сокривајќи зад своите весели, немирни очи некоја поголема тајна, некоја цел, која треба да се разреши со живо залагање, со сета активност на мозокот. Првите негови прашања беа механички; знаеше и пак прашуваше – како е во задругата, добро ли е сместено семето на индустриските култури, има ли нови членови? Дане малку пребрза кога рече дека годинава стопроцентно ќе го оствари својот план, дека не ќе остане ни еден приватник. Неговите зборови секретарот ги ислуша со усмевка. Извади од фиоката голем список и брзо го прелиста. Тоа Данета го лутеше; тој не веруваше во администрацијата; успехот го гледаше во живи резултати, во огромниот напор на волјата. Секретарот му ги знаеше мислите и токму затоа го сечеше секогаш на исто место, со студени, непомирливи факти.

– Слушај... Сто и девет семејства сте. Од тие – седумдесет и три сироти, дваесет и четири средни, останатите богати. А кај вас како е – уште ни сите сироти, ни сите бедни куќи не сте ги привлекле. Слаба агитација, несистематска политичка работа. Ти велиш дека луѓето не се учени да се делат од сопственото, нели? Убаво, само кога сакаме да им помогнеме на луѓето, тогаш треба да станеме господари

на нивните слабости, да ја развиеме нивната свест. Еј, Дане, пријателе... И цвеќето, ако не го залеваш со вод, и тоа ќе свене. Ти некако и чувствителен си станал. За тепањето кај јасените само партиска мерка е преземена, а задругарите на јавно собрание уште не го претресле настанот, грешката на зета ти Петрета! Чекај, не прекинувај ме... Извештаите погледај си ги. Ни збор за производствените планови. На една страница текст напишан е седумнаесет пати зборот трактор. Така е, машината ни е нужна, ама ние нешто друго забораваме – дека односот меѓу луѓето го мениме. Потаму – „плановите не се готови, нема обрасци!". Оставете ја таа бирократија.

„Тој вака со мене, канцелариски!" – пламна Дане; челото му го ороси студена пот, а негде, под самите ребра, почувствува болка. „Болен сум, пак маларија, ѓавол да ја носи".

До него како од далеку достигна баботење од едноличен, брз говор.

– Овие денови пријателите ваши, оние со кои се колете за јасените ќе прават задруга. Како би било да појдеш, да помогнеш? Чинам дека нивната партиска организација приготвила терен, ги смекнала срцата на приватниците...

Баботењето се оддалечуваше; масата зад која седеше секретарот се повлечуваше пред очите на Данета. Тој наеднаш почувствува јак притисок во слепоочниците, очите му се замрежија, главата му отежна. Едната ноздра му се наполни со топлина. „Крв, слаботиња сум!" – му удри врелина во мозокот. Да не ја забележи секретарот неговата слабост, ја крена главата и се потпре на столот. Топлиот млаз се врати и му го наполни грлото. Дане ги ловеше остритe движења на секретарот. Но сликите и настаните не беа полни – се поклопуваа и се мешаа. Потоа, сè стана мирно. По предметите падна тенка копрена и ги расплина до бескрајност. Секретарот стоеше негде далеку, а потоа сосем исчезна од светот што го опкружуваше. Поранешните мисли се скршија во безброј ситни парчиња. Дане требаше да ги лепи како да се искршено грне, за да ја најде основната нишка на неговото дно. Но тој не беше способен за таков напор и сè повеќе ѝ се предаваше на слатката капнатост. Стоеше негде насреде, помеѓу минатото и иднината со едно замрзнато прашање – стопроцентно в задруга? Како? Кога?

А кога внимателно се загледа во минатото, ја виде сребренестата врба над зелените речни вирови. Обично тука седеше малото говедарче и фрлаше камчиња во брановите матната вода го локаше црвенкавото земјиште, во шамакот шушкаше птица, над него се простираше празна бескрајност. „Ти уште не знаеш да свириш на кавал!" – се чудеше еднаш стариот говедар Ане. Не знаеше, не научи, а и денес уште не знае. Се бореше со животот, дуваше во крвавите дланки и со горчина мислеше на утрешниот ден. А син му сигурно ќе знае да свири. Не, вистина, утре луѓето ќе знаат да свират, но сега да се работи, ра-бо-ти...

Пак до него дојде баботењето.

– ... малку ги ползувате другите масовни организации. Што работат кај вас фронтовците, младината, жените? А тие, жените, можат многу да ви помогнат. Јасли, фурни, а?

Почна полека да се прибира.

– Со жените е мачно. Во партиската организација немаме жена. По АФЖ партиски одговара Ефтим. Отпрвин нејќеше. Како тоа, вели, со жени да се расправам? Сум бил секогаш свесен и на пушка би легнал, ама што не може, не може". Убедувај, викај, карај се, со мака го натеравме. Некој од селаните пушти глас дека Ефтим се врти околу жените, а тие почнале да се договараат, ноќе со ластегарки да го пречекаат.

Кришум ја избриша капката крв, која му се лизна од ноздрата.

– Ние гледаме, треба да примиме во организацијата жена. Петре ја предложи жена му на Ефтима за кандидат, а тој скокна: „Што, жена ми? Не може, имаме неколку ситни деца. А и класно не е свесна. Верува в црква". – И бидејќи знае учени зборови, нè удира со нив по уши. Диференцијација, класна спротивност, и сè така нешто. Остана самиот по АФЖ, а жените му се потсмеваат и шепотат меѓу себе: „Каква сила ќе има тој над нас! Полн е како бумбар, а и мустаќи не му пораснале"...

Секретарот озбилно слушаше, а потоа ги набра веѓите во лут јазел над носот. Под очите му се подадоа остри брчки. Тој прерано465 стареше; само кога ќе се насмееше, можеше да се погоди дека уште нема триесет години.

– Не чини. Лошо, ама сосем лошо. Како тоа да немате жена во организацијата? А вашите жени? Што се тие? Домаќинки, неутрални некои, или што? Затоа жените и одат во работен ден натака-навака и бараат живи икони... Не може просто да се разбере.

Долго задржуваната крв од попуштената носна вена се лизна од врелата ноздра, остави румена трага преку усните и ја ишара кошулата со пламени цветови.

Секретарот не се доизрече; стана од столот и се збуни.

– Што е, крв? Чекај, ќе јавам во амбулантата да те прегледаат.

Нишајќи се како пијан Дане појде кон вратата, извинувајќи се:

– Ништо, тоа само така...

Маларијата го фрли во постела, му ја помати свеста и му ја исцица снагата. Дане, организаторот и домаќинот на ова големо семејство, лежеше болен и во куси растојанија, кога ќе попуштеше температурата, размислуваше за сè што го опкружу-

ва, што е нераздвоен дел на селото, од него, од секој човек, поодделно, како да открива нешто што порано не забележувал. По разговорот во комитетот за слабата политичка заангажираност околу жените, тој дури сега знаеше дека уште многу треба да се направи: штала градеше, но за детските јасли уште немаше задруга. „Нашите деца ти се такви, – размислуваше, – ќе ги остават мајките и не им берат гајле. Тие се валкаат, разни болести лепат на себе, се покриваат со струпки. Прав беше секретарот. Во шталата и во тракторот ли е сета наша сила, сета онаа измена од корен за која се говори. Децата на една страна, се валкаат по свињарниците или месат играчки од говедски балеги, а мајките шушкаат по ќошињата, кочат“.

Се лутеше во себе, но ѝ се спротивставуваше на малодушноста, совладувајќи го својот мозок да не мисли на запалената куќа, на маката во која се наоѓаше со бремената жена. А кога ќе почнеа мислите да му се кинат, да оживуваат во неговата свест невозможни слики, знаеше – тоа во него болеста се тргаше од задреманост. Отпрвин ќе му пристудеше; згрчен и уште при свест, тој ќе се здрвеше под јамболијата, чувствувајќи како од ноздрите му избива врелиот воздух, како два пламени млаза. Потоа ќе се изгубеше во врел сон, ќе јачкаше и непријатно ќе крцкаше со заби. По неколку часа ќе се разбудеше, како да се враќа од некој друг, недопирлив свет, сиот испотен, капнат и изгубен. Жена му и сестра му се вртеа околу него и му подаваа сварен пелин, а кога тој ќе ги заклопеше очите, шепотеа нешто загрижено. Почнаа и задругарите да доаѓаат и да му распраќаат што се работи и што е постигнато во овие денови. „Ме жалат, како над мало дете се наднесуваат над мене!“ – се грчеше под јамболијата и намуртено ги гледаше луѓето. Кој како ќе дојдеше, ќе го натераше да мисли на она на што порано не мислеше: на луѓето, на нивните пороци и на слабите грижи на управниот одбор за тие луѓе.

Една предвечер му дојде Усни, збунето го поздрави и седна на крај од столот. Во неговото око сѐ повеќе гаснеше човечката трезвеност. Кога се наведна над Данета, овој го сопре дишењето. Од јакиот здив на човекот удираше ракија. Со спуштени тешки раце на своите коленици, тром и сонлив, тој пијано раскажуваше како да се исповедува:

– Ама јас нема да простам. Моиве раце многу виделе – и железо виткале, и на оган се пекле, и гроб на непријателот му копале. А тој, синот кучешки, мене... Дане... Тој мене со тупаници. А, Апостоле, ако ми те нанесе господ пред очи... Ќе удрам, прав ќе сторам...

Дане скаменето го слушаше неговото брборење. Циганинот беше вреден, си ја свршуваше работата, мајсторски го поправаше алатот, но беше некако немил, како туѓинец, како човек за пакост роден.

– Ти штом си толку силен, најди го и удри го. Белки така не ќе кренеш рака на онаа, жена ти.

Ковачот се збуни од овие неочекувани зборови и молкна. Дане го сечеше со очи,

кои не ветуваа добро, како да беа налеани со змиски отров. Му стана тегобно, во собата на болниот како да немаше воздух за дишење. Најпосле, повеќе за себе тажно се усмевна.

– Имаш право... Ѕвер сум... Зар јас тоа, Дане, не го знам? Зар кога ќе ми се избистри главата не се кајам? Се кајам, во земја да пропаднам, за косите со гнасниве раце се тргам, како дете заплачувам. Ракијата, проклетница, ме поулавува. Сѐ дете барам. А она не може... неплодна е. Сакав да се покрстам, белки рисјанскиот господ ќе помогне, ќе даде дете...

Плачно и пијано шмркна, но Дане го прекина.

– Не биди улав, Усни, не враќај на старото. Никаков господ дете не ќе ти даде. А ако тоа е од тепање, ако си ја удрил на незгодно место? Отворено ќе ти речам – ако не се оставиш од пиењето и домашните пакости, ние можеме и од задруга да те истераме. Ние сме како едно, а твојата срамота станува заедничка – просто им служи за подбивање на приватниците.

– Мене никој не може да ми забрани да пијам. Јас тоа за свои пари... – позелене Усни.

Во собата стануваше темно и задушно. Во мракот, сив и некако леплив, испуканиот таван како да се спушти до неговото кадраво теме. Лутината со која ги дослуша зборовите на Данета полека се губеше, оставајќи зад себе празна тага и белег од позната вистина.

– Не играј си... – го дотепуваше Дане и закануваше, но него не го плашеа заканите, туку вистината, која првпат му беше кажана. А кога меѓу нив не можеше повеќе да дојде до разговор, се сожали и на себе, и на жена си. Размислувајќи првпат за себе, тој стана од столот и појде со наведната глава кон вратат. Пред да излезе, се сврте кон Данета и тивко, како да се колне рече:

– А јас веќе не кревам рака на неа. Прав си – ракијата, таа ме натера, од неа срам ме јаде...

Тие денови мина низ селото медицинска доброволна екипа и го прегледа Данета. Долгоносиот лекар, со гол круг на темето, претпостави тропска маларија и веднаш му даде упат за болница. Дане не само што не сакаше да го послуша, туку дури стана од постела и појде да ја види шталата, во која, иако недовршена, веќе се сместуваа задружните говеда. Неговиот љубимец беше новиот бик со претпазливо наведната глава, врзан со синџир за јаката алка, закачена за неговите ноздри.

Дане се потпре на дрвната ограда, но пред да почне по обичај да го мери бикот, забележи недалеку од себе јак вол. Задружните говеда тој одлично ги познаваше и затоа се зачуди – ова говедо досега не беше го видел. Задружниот говедар, „уп-

равителот на шталата", стариот Манасија, кој секогаш нешто налутено мрмореше за себе, полека му пријде и со глава покажа на волот.

– Јак, широк во градите, а? Прав пеливан.

– Чиј е?

– Чиј? Наш. Доксим го донесе пред два часа.

И полека виткајќи цигара, објасни:

– Го печеше човекот она што го стори со својот вол. Најпосле решил... алал да му е... ги продал креветите и пушката ловџиска, чинам уште нешто, и го купил. Како и да е, жена му си ги собрала парталите и децата и отишла при мајка си. Го оставила, а сега оди по куќи и проколнува: „Никаквец, куќата ми ја растури, на зло ме натера". – Мек е овој Доксим, не знае. Да ми е таа мене, не ќе се драпа кај не ја јаде...

Овој случај го зачуди Данета. Осетливоста на Доксима немаше граници, а кога се работеше за негова чесност, тој можеше сѐ да жртвува. Почна со тага да се присетува за својата недоверба спрема овој човек, но тоа не го откри пред Манасија, туку само ги стисна вилиците Доксим отворено и на чуден начин се одрекнуваше од сопственото.

– Улав е. На нашата задруга милост не ѝ треба.

Вечерта маларијата пак го залепи за постела.

## 7.

Гревот, за кој го обвинуваа некои од задругата, Доксим ни сам не можеше да си го објасни – месото на закланиот вол го изедоа, кучињата ги разнесоа цревата на четири страни по селото, кожата се штавеше, но во него остана нејасно прашање: го закла ли говедото затоа што ќе пцовисаше, или затоа што жена му влијаеше на него? „Ме јавна проклетата и ме натера на овој лош чекор... – се потеше ноќе, а во главата му се засилуваше острата болка – попарено ли беше говедото или неговото слепило го создаде тоа претчувство?

Чувствителен беше Доксим, се силеше да им погледне на задругарите в очи и венеше. Образите му пропаднаа и се покрија со темна сенка, а на нив од под очите до брадата се спуштија длабоки брчки; над носот веѓите му се стиснаа во слеп јазел, очите му побелеа. Ако некој би го прашал, тој не ќе излажеше: задругата му лежеше на срце, веруваше во нејзината иднина. Полесно од многу луѓе се оддели од нивичката, а таа беше тврда, дрвеното рало со мака ја сечеше во бразди; ја ораше таа земја со години. Ѝ го знаеше мирисот, и на есен, и на лето, ја почиташе како хранителка. Кога ралото ќе ѝ ги отвореше градите, таа ќе почнеше да расправа за своите тајни со топли мириси, а Доксим жедно ја дишеше нејзината приказка. Но годините се многу пати и невера – живееш и чекаш да узреат јачменот, овесот, пченицата, а некој ден ќе се згуснат облачиштата, ќе истурат од своите скинати торби мразни ореи и ќе го убијат плодот. Ќе ги стиснеш забите, ќе протераш една гладна зима, а потоа пак ќе застанеш на нозе и сè ќе си тече, како што текло од кога се памети веков. А по неколку години – класјето зрее, се суши, умира, но нема ни дожд, ни град. Сушата ќе го изгори плодот и ќе ги фрли селаните во нова беда.

Доксим не се бореше со себе да стане ли задругар или не, веднаш од срце се реши – безмеѓаштвото го прими искрено. Затоа сега го печеше како коприва немото потсмевање на селото. Со жена си сосем се разијде: куќата му опусте, остана сам.

И во еден час на малодушност, барајќи утеха во нешто, било и што да е, почна да размислува за задругарите и да се споредува со нив – да види колку чинат тие, а колку тој. Преку мозокот му се разлеваше пелин и тој размислуваше за она, за што никогаш не сакал, можеби, и не можел да размислува. Ете, на луѓето носот не им се гледа од нивните мани, бурјанот сепак ја сокрива нивната човечка благородност. Некои, што најмногу се заземаат за градењето на шталата и на задружниот дом, немаат ни нужник, ноќе одат понадвор кај ќе стигнат и кучешки ја закопуваат трагата зад себе? Управниот одбор организира, помага за превоспитувањето, а еден од нејзините членови оди в црква и во празниците, да не ја згреши душата пред светецот, лежи дома и се преправа дека е болен. Петре, зет му на Данета, пцуе, груб е со луѓето, се кара. Па и Дане – секако од него луѓето повеќе се плашат, отколку што го почитуваат.

Но пелинот, неговите горчливи мисли ќе истечеа негде во матна браздичка и ќе го оставеа зад себе разголениот срам. Ги напаѓаше луѓето, за да се одбрани. И како што болеше во главата, почнуваше да боли и негде во душата.

Една вечер, кога се врати дома, се изненади: во одајчето ја затече жена си, која како и секогаш не даваше да ѝ се ѕирне в очи. Доксим влезе полека и застана, не знаејќи како да почне со разговор, но место тоа само воздивна.

– Се врати ли?

Оваа негова слабост ја охрабри жена му и таа душмански се наведна, гледајќи го под очи.

– Тебе јас не ти се враќам веќе. Туку дојдов да се делиме, додека не си продал уште нешто, како што ги продаде креветите. Вол им купи, а сега спиј во свињарникот, затоа што не си за поарно.

Доксим без трепкање го гледаше живото меко тесто во ленена, нечиста кошула.

– Жено, ум прибери си в глава. Што има да делиме? Куќава на половина нема да ја сечам, а нивата е веќе в задруга.

– Ти в задруга да си ја дадеш татковата нива, а оваа е моја, како чеиз донесена. Штом јас не ти чинам, не треба да ти чини ни нивата.

– И сега, што? Сакаш ли нивата да ти ја вратам?

Гласот му стана длабок и треперлив, мислеше дека сепак жена му ќе попушти пред него, но таа сѐ повеќе дуваше и прскаше искри од влажните очи.

– Дојдов да ти кажам и тоа последен пат. Штом сакаш да раскинуваш, тогаш да ми ја вратиш нивата.

И излезе од куќата силно треснувајќи ја вратата зад себе. Но Доксим го чу нејзиниот глас однадвор. Преку оградите, Цвета им се поплачуваше на соседите, колнејќи се дека мажот ја истерал од дома и дека нејзе ѝ е срам да го дига фустанот, но, ете, не може ни да седи од болка, сета е во модрици.

Доксим се потпре на масата и ја стисна главата во дланки, прашувајќи се – жена му тоа сама ли го прави или тоа со совет на некој, на кого задругата му е игла в око?

## 8.

Најпосле, падна заборавениот дожд. Уште пред пладне сè се смири. Лесно и претпазливо, од запад појде темно облачиште и го заобиколи сонцето во обрач. Жолтникавата смола што капеше од грубите кори на стеблата, се покри со светкава скрама и се стврдна. Долг, белузлав смок, завиткан околу дебела дабова гранка, ја дигна ситната глава и лесно удри со опашот; потоа се одвитка, се издолжи и се лизна кон дувлото на широкото стебло. Оттаден се отфрли млада верверица, та од гранка на гранка се изгуби во густото лисје. Тревата налегнуваше под ударите на ветрот, а кога воздухот стана неподвижен и густ, се исправи во исчекување на дожд. Светкавица, остра како нож, ги пресече облаците, а потоа – задоцнето татнење ја затресе шумата. Над пасиштата удри гром, искрши неколку гранки и го рани високиот горделив костен. Лисјата тажно зашушкаа; жилчињата, што ги врзуваа со топлите сокови на гранката, беа остро пресечени. Задоцнетиот гром не ја изненади лисицата; таа навреме излезе од под стеблото и, влечејќи го опашот по земја, појде низ дрвјата, триејќи се од сплетканите гранчиња на капините. Во побеленото лисје шушнаа првите капки... Облаците ниско паднаа. Животинките се посокрија по своите јами, птиците се згрчија во густите гранки. Уште само лисицата се вртеше околу дрвјата. Денот се смати како што беше матен и погледот на Коларови, откако ги обвинија за убиството на Илија. Тој помалку необичен ден, противниците на Јасенско како во треска го преживуваа; тие се движеа во мали групи кон зградата на училиштето, тромо и замислено, стоејќи сред пол пат на сопственото и заедничкото.

Протугерот се нишаше на танките нозе и важно чекореше по нерамната улица. Розовото носе празнично му светкаше. Овој ден за него беше голем – го очекуваше, и откако од крај на крај село ја објави денешната конференција, појде поодделно да ги известува селаните. Тоа, по него, беше важен час: лично да ги известиш луѓето за пресвртот што идеше! Застана недалеку од меаната, ги свитка дланките околу уста и развлечено извика:

– Ееееј, селаниии... Денес во четири часот попладне, ќе има конференција за задругааа!...

Еден кус селанец, со виснати, руси мустаќи, застана пред него и му довикна потсмешливо:

– Види, богати... А колку е сега часот?

– Што колку е? – го погледна протугерот под очи.

– Часот! – се искашла селанецот. – Сега е повеќе од пет. Конференцијата веќе по-

чна, а ти си го дереш грлото!

– Конференцијата е почната? – искрено се зачуди протугерот. – Тогаш треба да одам.

Селанецот се премести од нога на нога и ги крена раменицитe.

– Оди. Јас ли те држам?

– А ти ќе одиш ли?

– Не.

– Не?

– Не. Глув ли си? – го повиси гласот селанецот. – Што барам таму? Јас не сум за задруга. А и што ќе ми ја? Живеам јас и вака.

Ветерот ги разгонуваше облаците и не им даваше да ја квасат земјата.

Протугерот одмавна со рака и се доближи до училиштето, ослушнувајќи ја вревата однатре. Над шепотите трепереше нечиј тих, плашлив глас:

– Во Јасенско направија задруга. Што им фали? За една или две години ќе си го подредат животот – ни газди, ни аргати. Сите на рамна нога. И не само кај нив. Низ сета наша земја. Ете срцево знае, чувствува, ама јазикот се стврднал, не може да каже. Па, ве прашувам јас, помните ли како сме живееле. Триесет ѝ деветтата година, кога ми умре детето, последната вреќа брашно си ја дадов за закопот. Четвртчија бев кај Марка, како и повеќето од вас. Живеевме како добиток. Што да ви кажам друго? Пишете ме и нека е со среќа...

Очите на говорникот се наполнија со влага. Селаните го одобруваа неговиот говор.

„Ќе треба нешто и јас да кажам...“ – се занесе протугерот, опиен со безброј неискажани мисли.

Еден старец, со накривен каскет на влакнестото лице, од кое светкаа паметни очиња, побара збор. Му одобрија, а тој долго се натегаше, не знаејќи како да почне.

– Така, така... А јас... хе... ова би рекол. Зошто брзаме со задругава? Убаво, ама малку да причекаме, да видиме  што ќе направат прво другиве, па после...

Шум од одобрување и протести го прекинаа говорникот а тој, зачуден од многуте

извици, шмркна и покорно седна на клупата.

– Прав си, чичко Богдане...

– Едната нога му е в гроб, а тој уште не може да се одвои од нивичката...

– Море, бегајте, каква задруга...

– А јас сум решил...

Повеќето селани молчејќи слушаа што предлагаат тие што говореа. Во нивните разумни погледи се читаше загриженост и страв, да не згрешат ако влезат в задруга или ако не влезат. Трите темни лица во работното претседателство се потеа и бараа парламентарност. Но стихијата ги носеше селаните; тие можеа да говорат сите одеднаш, а посебно да стануваат, пред стотина слушатели, не се решуваа. Не можеа да се откажат од нивичката (да е малку, само да е нивно) и поставуваа безброј прашања, очекувајќи секој посебна полза од ова. – Дали задругарите ќе се ослободат од данок? Колкава ќе биде окуќнината? Ќе добиваат ли повеќе облека од приватниците? Членот на Околискиот комитет одговараше на прашањата, пламено докажуваше, убедуваше, но слушателите размислуваа, се бранеа, се бореа со неговите факти и ги извртуваа, секој во своја полза. Пред вечер се изморија и минаа кон поефикасна среденост, да говорат еден по еден. Донесоа ламби и пред да се даде краток одмор, секогаш сопатник на неколкучасовните конференции, продолжија со работа.

– Јас сакам да говорам.

Бутајќи ги тие што стоеја околу него, еден до браќата Коларови си пробиваше пат кон првите редови. Избричен до теме, со студен поглед, тој се усмевнуваше и ги покажуваше белите заби, но од неговата усмевка не сјаеше добродушност – личеше на волк, готов да уапе. Застана пред претседателството, помина со дланка преку избричената глава и се искашла. Шумот стивна. Селаните љубопитно го мереа, очекувајќи го неговиот збор, а тој исправен пред треперливиот пламен на ламбата, почна бавно, мерејќи ги своите зборови:

– Отпрвин вака... Вие знаете што стана со она момче од Јасенско. Му тргнаа куршум, а потоа не набедија нас дека крвта на Пане ја враќаме со смрт. Другари, нека нѐ носи ѓаволот, ама ни јас ни браќата мои не сме замешани во тоа. Ние, вистина, понекогаш ќе се скараме со некој од нив, ама нашите раце не се измачкани со крв. За нивното момче, ако би знаел кој го уби, и јас би го мразел. На оној што го исече Панета под јасените, нека му е од бога и нас просто – ние им подаваме рака... Сакате да се измириме – добро, не сакате со здравје! Јас лично разбрав дека омразата меѓу нас и нив е гнасна работа... Станува тоа, ама зошто пак да не се измириме? Ни тие јадат наше, ни ние нивно. Секој ја срка својата попара. Толку, а за задругава што да речам – пишете ме!...

Сите беа изненадени. Тане Коларов, најголемиот кавгаџија во селото, противник на јасенчаните, влегува в задругата и сака да се измири со неколкугодишните свои непријатели!

Некој од зад ламбата се наведна малку и зарипнато праша:

– Влегуваш в задруга? А браќа ти? Согласни ли се?

– Не! – одговори Тане. – Тие се против.

– Па како тоа? – се зачудија.

– Така; ние се делиме. Веќе неколку дена како говориме за задругава. Јас сакам, а тие... Нејќете, нејќете, еве ви го вам татковиот дел, чинете што знаете... И, ете, јас сам, без нив ќеси го гледам животот.

На селаните не им се веруваше. Коларови – три човека, еден ум, се делат! Некои веќе шепотеа:

– Лаже, кучето. Како ќе го делат имотот, кога тие идат заедно и на...

– Можеби говори вистина. Каква полза ќе има да лаже?

– Каква? Ѓавол ќе му знае. Ама не е нешто како треба. Како тоа наеднаш – се делиме и готово? Не, јас не му верувам.

Во салата стана тивко и задушно. Запалените фитили чадеа под стаклото на ламбите и предизвикуваа кашлање. Во полумракот светкаа дваесетина цигари и, сега, кога сите замолчија, нивниот оган беше уште повидлив. Оние, зад ламбата, не знаеја што да прашаат.

– Лаже Коларов! – се дигна над нивните глави мек женски глас и ги возбуди.

Зашумеа и почнаа да се вртат кон вратата. Но таму беше напластен густ мрак и тие не можеа ништо да видат. Избричениот врат на Коларов се покри со пот. Тој се собра во својот кожув и кучешки ги исклешти забите. Не беше учен да го навредуваат, а да не удри, та затоа со мака отрпуваше да не потрча кон гласот, што го погоди како чекан. Сè му стана некако блуткаво – и лутиот тутун, и потсмешливите погледи, и шумното дишење на тој крај него. Целото негово суштество се бунеше против овие луѓе, со кои не можеше да го диши овој воздух, горчлив како вистина; а гласот што се чу, го заплашуваше и полека го соголуваше. Пред тоа ја играше научената улога како артист, им се потсмеваше во себе на селаните и го кроеше планот за напаѓање. Фронтот не почна, а непријателот му ги знаеше силите и можеше да го смачка само со малиот прст.

Членот на Околискиот комитет се поткрена малку од зад масата и гласно извика:

– Од кај знаеш дека лаже?

Ја праша, а таа несвикната на толку погледи, стоеше и молчеше. Салата се нишаше, како да е земјотрес, а луѓето се претопуваа еден во друг и се губеа во сива, безоблична маса.

Надвор, зад отворениот прозорец, низ искинатите парчиња облаци, светкаа ѕвездите со влажен и студен сјај, а Борјанка трепереше и гледаше кон нив; само неколку дена пред тоа ги гледаше со Илија. И сега, кога стоеше како сведок на туѓа лага, пред собранието на селаните, Борјанка не можеше да сфати како и зошто е тука.

-Од кај знаеш дека е така? – повторно ѝ дојде до свеста и таа се прибра, сокривајќи ја жешката болка на дно срце.

– Лаже! – воздивна и се зачуди на својот глас; тој наеднаш стана мошне силен...
– Пред неколку дена го слушав, кога говореше со татко ми, кај нас дома, дека се спогодил со браќа си да се разделат и секој посебно да влезат во задруга. На тој начин, велеше, ќе им остане земја за три окуќнини. Веднаш потоа, кога е поднапи малку, рече дека е полесно да се урне задругата однатре отколу однадвор.

Пред нејзините насолзени очи, светлоста на ламбата се издолжи и заприлега на мек лак. Со болка се сети на неодамнешниот настан кај племјата.

– Вистина ли е ова, Пане? – праша некој од зад светлиот лак, но Борјанка не чу веќе ништо. Ги згрчи раменицијте и залипа; потоа некако се промушна меѓу луѓето и истрча.

Надвор ја пречека мека ноќ, полна мирис на растенија, што ја наслутуваа есента и својот долг сон. Борјанка газеше со босите нозе по меката напоена земјичка, се гребеше на грмушките и одеше, не чувствувајќи ништо. Брзаше кон пустотијата пред себе и не знаеше каде ќе оди. Но каде и ќе можеше да оди? Пред неа немаше ништо, освен густа темница, од која демне неизвесноста. Нејзиниот живот и нејзината иднина беа негде далеку зад неа, покопани со Илија. Утре, или прекутре, или никогаш – пак ќе светне неколкубојниот лак, полн вино и зрело класје – но Борјанка знае дека сето тоа е лага. „Велат – кој прв ќе го види ќе биде среќен!" – повторуваше веселата Борјанка, која таа ја познаваше, некогаш, во минатите денови, а сега не можеше да разбере како може животот така да ја излаже и да и го искорне срцето од гради.

Селото остана зад не, барајќи ја во мракот со слабо осветлените прозорци. Наредени, еден до друг, пред неа се исправија шесте јасени, шушкајќи нешто помеѓу себе и засипувајќи ја земјата со лисја. Борјанка изненадено застана пред нив и се

обѕирна; нејасна тага и ги наполни градите, од кои се оттргнуваше придушено и искинато липање.

Над стеблата светкаше Големиот Одар, исто како тогаш исто како секогаш за сите вљубени – и вчера, и денес, и утре.

– Илија, Илија... – и потпирајќи го челото на првиот јасен, за првпат оттогаш, заплака гласно, од срце.

# 9.

Изјавата на Борјанка внесе забуна кај селаните. Нејзиното смело искажување дека Тане Коларов лаже, дојде така неочекувано дури тие и не можеа да се приберат. Многумина од нив им го береа на селските кавгаџии, ама досега никој не смееше јавно да истапи и да го открие нивното вистинско лице. Секретарот на селската партиска организација – Ванчо Богоевски, жилав маж, два пати ранет во војната, го местеше фитилот на ламбата и под очи го мереше избриченото теме на Коларов. Во салата стана тивко, а неговиот зарипнат глас јасно достигаше и до последниот ред:

– Слушај, Тане, остави ги ти своите марифетлаци за нив на пазар, а нас кажувај ни онака како си му расправил на Коља Минтанот. Момичево што те раскринкуваше пред сите нас, говореше ли онака како било, или не?

– Не. – ги стисна Тане забите, размислувајќи со што да почне. Тој ги познаваше селаните; нив им требаше најмал факт, па да почнат веќе и сами да проникнуваат во вистината. А затоа што таа вистина беше фрлена пред нив, тој се чувствуваше слаб за борба, како волк фатен во стапица.

– Зошто не, објасни... – го притеснуваа прашањата и го бутаа кон пропаст, но тој, затоа што сакаше сегде и секако да е победник, со последен напор на мозокот најде матен одговор.

– Таа не знае што говори. Што ќе ми да се делам и да влегувам в задруга? За окуќнината ли? Јас ако сакам ќе станам задругар, ако нејќам – ќе си останам на татковата земјичка и никому ништо. Таа ме обвинува, ама колку пари и чини тоа, кога јас велам дека лаже. Та мене и браќа ми нѐ обвинија за убиство, а власта докажа дека тоа не е вистина. Таа не е при себе. Ѝ го убија момчето, па сега не знае што говори...

– А зошто токму тебе те обвини? – праша некој од селаните.

– Зошто? – се запали Коларов. – Затоа што таа мисли дека јас сум ѝ го убил љубовникот. Ете зошто...

– Значи, таа лаже?... – заплашително се огласи секретарот, размислувајќи како да извлече признание од него.

– Лаже... Ако е трудна од него, та сега, плашејќи се дека не ќе најде маж, удира на секого, тогаш треба да ја врзете, а не тука, напаѓате невин човек.

Сакајќи да ги прекине мачните прашања, бргу го побутна тој до себе и седна, пцуејќи тивко. Селаните зашумија. Некој од последните редови пискаво се кикотеше, мрморејќи нешто низ смеата. Тоа беше Трајан, палавиот селски ерген, кој ѝ се радуваше на болката што ја најде Борјанка. Кољо Минтанот, таткото на несреќната девојка, стоеше до самиот прозорец и скоро не дишеше. Не можеше да верува дека ќерка му така ќе истапи, а уште помалку му беа пријатни навредите на Коларов. Гледаше во своите опинци и налутено фрчеше низ влакнестите ноздри – градите му беа празни, а вжештениот воздух како да му се запираше в грло.

– Ќерка ти ја навредуваат! – го бутна некој до него. – Стани и кажи кој има право: Борјанка или Коларов...

Кољо и не се мрдна како да не го чу, а овој неговото молчење поинаку го разбра, се накашла и млитаво продолжи:

– Ванчо, нека каже Кољо Минтанот...

– Нека каже... – прифатија неколку гласови.

Оваа конференција беше еден од најинтересните последни настани во селото. Селаните трпеливо седеа еден до друг, шепотеа и сѐ подбуцнуваа, очекувајќи да се размрси клопчето околу Коларов.

Иако беше тивко, секретарот помоли за внимание и сугестивно му се обрати на Кольа:

-Ти дадовме збор...

Кољо ја дигна главата, а кога ги виде сите очи свртени кон неговата ута, се сцрве и нервно затрепка. Тане Коларов не гледаше во него, но неговите студени очи, стаклести како на мртва риба, го мереа откосо.

– Што да ви кажам? – почна со туѓ глас Кољо и пак се наведна. – Вие сакате да знаете кој говореше вистина – ќерка ми или Тане... А од Тане вечерва чувме тешки зборови. Тој ја навредуваше Борјанка, така ли е? А јас го прашувам, нека каже мајчиниот син – кој тоа му позволил? Ниту ја ранел, ниту ја раснел, ниту е негова крв. Ако треба некој да ѝ суди, тука сум јас, и тој нека си ја гледа својата работа...

Молкна и со целото лице се заврте кон Коларов, гледајќи го под очи; овој како да не се однесува на него, спокојно виткаше цигара, со тапите, невешти прсти.

– Кажи ти, Кољо, кој лаже... – го бодреше тој до него.

– И ќе кажам... – не издржа Кољо. – Пред неколку дена, во недела, чинам, да недела беше, дојде кај мене, пријателов, што ми се прави многу умен, и почна да

ми расправа за задругата. Право да ви речам, порано му реков, заради Јасенско, задругата јас нема да ја сакам никогаш. Велев тогаш – нејќам да чинам исто што и тие... Ете, така... Тој ги запаметил моите зборови; му останале в срце, не од друго, туку што е таков – не знам како да речам. Дојде тој кај мене и веднаш почна да ми расправа за задругата. Ме прашува ќе влезам ли, а јас пак – не! Тогаш почна да ми расправа некој свој план...Ете, така... Она, што изнесе ќерка ми, е вистина, а Коларов нека стане пред мене уште еднаш да каже дека таа лажеше. Јас нејќев да влезам в задруга... со ноќи мислам на тоа и не можам да спијам, ама јас на власта нема да ѝ поткопам гроб. Ќе помислам уште малку, па ако ми чини ќе влезам, а ако не... Ете, така...

Молкна и се потпре на ѕидот, не можејќи да ги смири нозете, што му треперea од некоја возбуденост. Гледаше пред себе и расеано ги бараше цигарите по своите џебови. Животот наметнуваше такви душевни промени, што човек понекогаш самиот си личеше како туѓ. Ситните неочекуваности демнеа од сите страни, а тој беше како два човека – едниот тргаше кон старото, строго ја чуваше меѓата на својата нива и се бунеше против урнувањето на дедовскиот начин на живеење, другиот љубопитно подѕирнуваше низ пукнатините на стариот живот и го испитуваше чекорењето на новото.

– Нели ти се чини дека некој плаче во селото? – тивко праша тој до него. – Како над умрен!

Кољо ослушна. За миг му се стори дека вистина, негде сред село, некој како да плачеше, но гласот на оној што стана да говори го поклопи далечниот шум. Го обзедоа црни мисли, а од многуте зборови што достигаа до него, не можеше да ја сфати смислата. Кољо со сите сили се напрегнуваше да проникне во далечното плачење. Низ глава му минаа страшни мисли и му го запреа здивот. „Борјанка" – со болка наслути и почна полека да се ближи кон вратата. Последно што чу, беше упаѓањето на Коларов во зборот на оној што говореше. Но не ја дослуша реченицата; го побутна протугерот што стоеше на вратата и излезе. Млак, свеж ветрец го плисна по лице како со вода, му ги наполни градите со чист воздух и го поосвести.

Така, збунет и понесен од претчувства, стоеше на десетина чекори од училиштето и ослушнуваше. Но веќе немаше сомнение; од крај село, таму кај што му беше куќата, тих женски глас плачеше и редеше, како што над мртов човек се реди по селата.

Кољо се подгрбави и побрза кон својата куќа, шепотејќи го со треперлив глас името на Борјанка. Независно од шепотот, се осудуваше во своите мисли, „Та зар е возможно?... Зар на Борјанка нешто лошо ѝ станало?" – го гонеше страшниот збор. Предочите му се редеа низа слики – бледо и замрзнато моминско лице... плачењето на жена му... нејасните молитви на старецот... солзивите очи на најмладата ќерка... гробишта... пустота во куќата...

Селото беше пусто; лисјата, тоа утро измиени од дожд, шушкаа околу него со својот неразбирлив ноќен шепот; а низ живиот трепет се наѕираа, студени ѕвезди. Но тој веќе ни слушаше, ни гледаше, помалку потрчувајќи и шепотејќи нешто безгласно.

Сега плачењето појасно стигна до него, тој застана и здивна, обидувајќи се да го познае женскиот глас – му се чинеше дека тоа плаче жена му, но мекиот алт беше туѓ, непознат.

-Добровечер! – го поздрави некој.

Кољо застана и зачудено се загледа во темната сенка пред себе, не сфаќајќи ги зборовите. Најпосле го позна петнаесетгодишниот син на протуѓерот, што се враќаше со ѓуѓумите од чешма, и за поздрав ја заниша главата.

– Плачат... – рече момчето. – Мане си ја исекол раката со секира. Цепел дрва...

– Што? – со притаена радост, викна Кољо и му притрча на момчето. – Што рече тоа?

– Плаче, велам, Маневица... – љубезно објасни ластарестото момче. – Маж ѝ се удрил со секира. Прстите на левата рака му отишле.

Кољо не можеше во тој час да сочувствува со туѓата болка, дури, за сега, по толку внатрешни промени, и не можеше да ја прими. Тој само знаеше – неговото лошо претчувство беше неосновано.

– А велиш – Мане, а? – праша воздивнувајќи.

– Мане! – се одзва момчето.

– Несреќа! – шмркна Кољо, но во неговиот глас немаше ни трошка тага.

Пред куќата на Манета застана нерешително, а потоа рамнодушно одмавна со рака и се упати дома. Надвор, на гнилиот праг, седеше татко му и шепотеше молитви.

– Што не си в куќа? – праша Кољо и не чекајќи одговор, зачекори крај него и влезе внатре.

– Сврши ли конференцијата? – го пречека жена му, готова да му го поземе палтото од раце.

– Не сврши... Ете така – јас дојдов...

– А Борјанка?

Туку смирен, Кољо се сврти кон неа возбудено.

Нели е дома?

– Не... – се подгрбави старицата и очекувајќи дека мажот ќе прасне, се обиде да го успокои:

– Кај да е, треба да дојде... Ја̀ кај Фроска е, ја̀ кај некоја друга другачка...

– М-м-м... – ги накостреши Кољо мустаќите. – Прати ја Маре нека ја побара.

Замислено седна на масата и го потпре избриченото лице на црните дланки. Жена му Ефта му го знаеше наравот; го извади од долапчето шишето со ракија, забриша чашка и му ги принесе, но тој остана да седи, се така замислен.

Девојчето се врати и рече дека не ја нашла Борјанка, а Ефта, не знаејќи како да ја зачува ќерка си од лутината на Кољa, излажа:

– Како не се сетив... Борјанка е секако кај Тодорка, денес говореше дека ќе оди кај неа, да ѝ ги земе иглите за плетење. Ќе отрчам да ја викнам...

– Остави... – ја запре Кољо. – Јас ќе одам.

– Но Борјанка не беше ни кај Тодорка.

Кољо одеше по селото и ја бараше ќерка си, а црвот на претчувствата пак почна да му ја гризе душата. Тој ќерка си ја воспитуваше строго и не ѝ позволуваше доцна да се враќа дома, а сега, наеднаш, не може да ја најде нигде. Мислата, дека вечерва ќе ѝ се случи нешто, не го оставаше.

По многу куќи се изгаснаа ламбите. Овде-онде се слушаше уште по некој шум на жив човек, но сонот веќе влезе со еден чекор во селото. Сокриен во мракот, Кољо го чу разговорот на групата селани што се враќаа од свршената конференција.

– Како ти фаќа окото, Пецо, – арно ли ќе е во задругава, или пак вака – плукни, залепи? – прашуваше сонлив баритон.

– Што плукни, залепи? – мирно одговори прашаниот. – Ако не биде, нема да биде... Тоа ти е!

Гласовите станаа неразбирливи, а потоа сосем се изгубија. Улиците опустеа – немаше ни човек, ни куче, остана само Кољо. Тој не знаеше кај да ја бара. Борјанка и тромо, бесцелно појде кон меаната. Отаден заврти кон својот дом.

Во сенката на една куќа, за малку што не се судри со Тане Коларов. Овој го позна во мракот и држејќи ги палците во кожениот ремен, се исклешти:

– А ти си, чауше? За малку ќе се судревме во мракот, па да ти прснеше тиквата... Што ти требаше она брборење вечерва? Зинал човекот како гавран – Коларов лаже!, Зошто?...

– Оди си ти, Тане, кај што си пошол и не чепкај што не ти е работа. Јас не ќе кажев што си ми говорел, ти ако не пцуеше. Ти мислиш можеш да чиниш што сакаш и сите да те трпат. Е, не е така, синко мајчин. Никој не ти позволува на глава да му се качуваш. Ете, така...

– А на ќерка ти што ѝ требаше да ме напаѓа?

– Тоа си е нејзина работа. Јас сум ја учел да се бори против лагата. А таа е чесна девојка, тоа да го знаеш и да не мелеш она, шо не е за воденица – со закана одговори Кољо. – И другпат да не сум те чул така да говориш, зашто гробарот Генадија ќе те стави на рабош.

– Гледај тебе да не те стави!

– Ќе видиме кого ќе стави. Не сум ти јас чичко Петко да му ја одвраќаш водата во свои ниви и да го заплашуваш со сила. Имам и јас раце...

И не гледајќи го појде дома. Пред врата покорно го пречека Ефта.

– Си дојде Борјанка. Не ѝ е арно, та си легна. Ајде да вечераме.

Кољо, како да не ја чу, ја дигна стомната и почна да пие шумно и со долги голтки.

## 10.

За последните шест години од гревот спрема Бориса, Костадинка не се измени многу; нејзината прочуена убавина уште можеше да запали искри во машките љубопитни погледи, иако веќе имаше две дечиња. Првата есен по настанот на жетвата, Костадинка се измири со мажот и пак почна да си го гледа домот. Во долгите дождливи ноќи на расплаканата есен, Борис не престануваше да ја мачи со своите прашања, да го оживува настанот во житото и не дишејќи да ѝ го ослушнува срцето. Но одговорите на Костадинка стануваа сѐ понејасни и како матен порој се вливаа во реката на возбудата. Јатката на гревот со Апостола, таа ја сокриваше во својата страст, а првпат кога затрудне, Борис стана почовечен. Костадинка тешко го носеше детето; лицето ѝ се посипа со темни дамки, гласот ѝ огрубе, очите ѝ станаа уморни. На Бориса многу пати му се чинеше дека селаните го гледаат со потсмев; но повлечен во себе и научен да трпи, тој молчаливо минуваше преку сомнението, што му го поткопуваше спокојството. Со јака волја го душеше во себе крикот на болката и со факти што ги бараше и изнаоѓаше, почна да верува дека детето е негово.

На пролет Костадинка роди здраво девојче. Борис отпрвин го гледаше под очи и не можеше да најде свои црти во малото главче со темно-сини очи, но го задуши во себе сомнението и се совлада. По шест месеци детските очи се стемнија, лицето побеле, и девојчето заприлега на мајка си. Веднаш по ослободувањето Костадинка роди уште едно дете – сега машко. Оттогаш Борис се смири и го покопа старото на дно срце.

Потокот на бесот, што извираше од душата на Костадинка се расцепи во три јаза; се мразеше сама себе за неправдата што му ја направи на Бориса, ја мразеше неговата неосетливост спрема нејзината младост, која тој ја фрли во прегратките на крупниот ерген и ја мразеше грубоста на тој ерген, исто толку виновен за настанот во недожнеаното жито. Со време секна и изворот на тој бес: во нејзината душа останаа уште три суви бразди, како три белега, кои само смртта ќе ги зарасне. Омразата се претвори во прекор, а прекор во немо чудење.

Бориса и Костадинка не ги врзуваше голема љубов и не беа многу загрижени еден за друг. Годините на младоста минеа како пролетен ветар, а тивката прва есен на годините им го исполни животот. Сепак, нивните чувства најдоа заедничка точка, а тоа беа децата – момичето Калина и момченцето Благојче. Борис будно вардеше – ќе се појави ли кај Костадинка пак волчата страст спрема некој од селаните, но Костадинка се смири: куќата ја држеше чисто, во полето работеше како маж, децата ги чуваше со искрена љубов.

Онаа јулска вечер, кога Борис го затвори прозорецот пред пијаните закани на пограѓанетиот Апостол и се сврте кон Костадинка, блед и со отворена уста, таа незабележено затрепере; гревот живееше за туѓа несреќа и пијано се клатеше по сел-

ските сокаци. Таа се направи дека не го позна гласот на виновникот на нејзината несреќа, но очите предавнички ѝ светнаа. Дали беше тоа спомен на жетварскиот ден или во неа се разбудуваше страста?

Ни сам не знаејќи зошто, Борис таа ноќ ја намести секирата крај глава и долго не заспа. А кога по тепаницата со полупијаниот задружен ковач, Апостол избега од село, тој пак се смири. Но трага остана – брчките на неговото чело станаа уште поостри и подлабоки.

Првиот септемвриски ден, по создавањето на задругата во Јасенско, Борис дојде дома и со решеност ѝ се загледа на Костадинка во очи.

Па, жено, последен пат да се поговориме... ќе даваме ли молба?...

Костадинка ја покриваше софрата и за себе се усмевнуваше. Не се зачуди, како да го очекуваше неговото прашање; за последните два месеца, Борис го почнуваше разговорот сѐ за истото.

– Јас, Борисе, вчера ти реков да влеземе...

– А? – и го ослушнуваше гласот Борис и занесено гледаше низ неа.

– Да напишеме молба, велам... – објасни Костадинка.

– Да напишеме... – прифати Борис, без да се мрдне. – А како ќе ја напишеме? Ве молам – а? – да ме примите, мене и жена ми... Или како?

– Па така некако. „Ве молам да ме примите..."

Борис се потпре на софрата и го стисна ситното лице во дланки. Тој со денови се мачеше – да стане задругар или не. Како многу пати што ја испитуваше жена си под очи и со молчење, дали му е верна или е онаква каква ја сонуваше по некој пат, тој го испитуваше и развитокот на задругата. Остро забележуваше – со широк замав и организирано, задругарите се приготвуваа за есенската сеидба. По селото се носеше глас дека за два-три дена ќе стасаат трактори. Старото орудие беше поправено и наголемено со ново. Шталата веќе се покриваше – во нејзиниот завршен дел мукаа над јаслите сименталки и два полудиви бика.

– Не ќе можам да ја напишам... – воздивна наеднаш Борис, а небриченото лице му се издолжува.

Костадинка го принесе грнето од оган и му подаде чинија.

– Зошто? – зачудено праша.

– Затоа што досега не сум пишувал. „Ве молам да ме примите“, – а ако не е така?

– Па ти прашај. Некој ќе знае.

– Право велиш. Ќе појдам до Ефтима. – Стана од софрата Борис и се упати кон вратата. – Тој ќе знае. А за вечера причекај ме, не ќе останеме гладни.

Костадинка го врати грнето на оган и ја зеде стомната; ѕирна во другото одајче и кога се увери дека децата спијат, ја изгасна ламбата и излезе. Надвор ја пречека првиот студен здив на есента, што неочекувано се јавува ноќе. Беласица и Огражден дишеа со полни гради и ја плискаа со свежина. Костадинка полека чекореше; разиграниот ветрец ѝ ги вееше црните перчиња на густата коса, леко забрадена со бела шамија. Недалеку до куќата на Панко Оканица, се црнееше во ноќта селската чешма, како полуурнат ѕид на напуштено огниште – единствениот објект соѕидан во времето на крал Александар. Костадинка се наведна над железната цевка и го намести земјаното грло на стомната под танкиот, студен млаз, ослушнувајќи го клокотењето. Со тажен едноличен шепот, водата му раскраваше нешто на згорченото село. Полека заросуваше – но недонесениот дожд не можеше да ја напои сувата земја. Трудните облаци се мачеа, а ветерот им пречеше.

Тогаш Костадинка повеќе почувствува отколку што чу: некој ѝ се доближуваше од зад грб. Таа ја остави стомната во каменото корито и се сврте. Здивот ѝ застана в грло кога пред неа се исправи голема сенка со пушка преку рамо. По големата става на тој што стоеше пред неа, Костадинка разбра кој е и, во некаква напнатост, се потпре на студениот ѕид. Во чудната тишина на ноќта, таа го слушаше тропањето на своето срце и со раширени зеници гледаше пред себе, не можејќи ни да се мрдне, ни да проговори. Сега по шест години од оној жетварски ден, таа за првпат го сретна својот некогашен љубовник – студена и здрвена сенка, чие лице не се познаваше. Сакаше да поверува дека ова само ѝ се причинува и дека големата сенка е некој друг, но придушениот глас ја увери во вистината.

– Костадинке... ме познаваш ли?

Костадинка му го чу гласот, но смислата не ја разбра. Возбудена и згрчена, таа размислуваше: што ќе стане со неа ако помине некој одовде? Знаеше, не смееше да го жртвува семејниот живот, довербата на Бориса и двете деца. Но што можеше да чини – тој стоеше пред неа, со пушка, арамија и бескуќник кој ни прима, ни дава нешто добро.

– Костадинке, ме познаваш ли? – ја праша тој, а неговиот тром глас како од далеку зашушка.

– Те познавам. Ти си... – нејќеше да му го изговори името.

Само некако тапо воздивна и се наведе по стомната. Тој се доближи, а молбеноста

во неговиот глас ѝ го запре движењето.

– Нејќеш ли да поразговараме?

– Што има да разговараме? Јас имам деца и маж, ти си за мене туѓ човек. Пушти ме да поминам...

„Теле е тој, а не маж!“ – се сети наеднаш и разбра: и тогаш го спомна мажа си како вечерва, без чувство и случајно, само како семејна тежина, што ѝ ги витка плешките.

– Костадинке, не ли ти е грев за мене? – но и самиот се зачуди на својата лажна самоужаленост.

– Пушти ме да поминам.

Костадинка ја сети неговата малодушност и сосем се ослободи од стравот; напрегнато ја очекуваше молбеноста во неговиот шепот, сеќавајќи се на неговата грубост кога ја истера од дома. Полека како што оживува стара трева под растопен снег, притаените настани се покажуваа од под талогот на годините.

– Видиш, Костадинке... – шепотеше и се веднеше над неа Апостол. – Јас сум веќе подивеан човек. Се кријам пред луѓето како ѕвер и нема со кого да проговорам. Ме бркаат селаниве, власта со заби би ме искинала, а јас заради тебе слегов од планина. Зарад тебе, Костадинке...

– Зошто заради мене? Јас со тебе немам ништо и нејќам да те видам. Убаво знаеш што несреќа ми донесе на глава.

– А ако јас уште те сакам? Ако си ми уште мила?

Костадинка ја зеде стомната, но не појде. Неговото молење ја задржуваше и полека ја враќаше кон денот на гревот; се бореше со страста за која веруваше дека е задушена под бурјанот на годините. Очите ѝ свикнаа на темницата и таа полека го распозна лицето на бегалецот – крупни, уморни очи, женски нос, меки и полни усни. За неа не се разликуваше многу од порано, затоа што не можеше да ги види меките подочници и острите брчки околу устата. Вистината ѝ дојде до свеста – таа го мразеше за сето време, затоа што страста ја влечеше кон него. Направи уште еден чекор да појде дома и се зачуди на својата радост, кога Апостол ја стисна за рака.

– Костадинке, слушај ја мојата исповед па после ако сакаш оди си. Јас веќе неколку вечери слегувам и те чекам на ова место...

Таа не се обиде да се тргне од неговата студена рака, а тоа го ослободи брзо да

зареди, давејќи се со долго приготвувани зборови:

– Од оној ден, Костадинке, си го носам гревот на грб, како Ристос што си го носел крстот... Мир немам ни дење ни ноќе. Те оставив, а уште те сакам. Сосем пропаднав и се пропив. Мене во пијанство лесно ќе ме натераш и човек да убијам. Пијам, а како мозокот да си го испивам. Само на тебе сум мислел и сум се каел. Неколку години змии ми го пијат срцево. Далдисан по тебе, ѓаволот уште подалеку ме однесе – ја нарамив огњаркава, а дојдов в село, земја да орам... Да сеам, и да жнеам.

– Што си сеел, тоа ќе жнееш! – му ја кажа Костадинка старата селска мудрост.

– Што тоа? – не ја разбра бегалецот.

– Запалената куќа... – го потсети Костадинка.

– Јас не ја запалив! – неговите прсти ѝ се забуцаа в рамо.

– А момчето на Стојан кој го уби?

Апостол ја спушти раката и тажно заниша со глава:

– Што распрашуваш? Седни со мене ове, а јас сѐ ќе ти раскажам. Од оној ден од како отидов од селово, јас не знам што правам. Главата како да не е моја. Мачно ми е, Костадинке, многу ми е мачно...

– Е па – што си надробил, тоа и сркај! – уште еднаш му се потсмевна Костадинка. – А јас ќе си одам, ме чекаат...

– Остани уште малку... – ја помоли Апостол, а кога таа појде, ја стаса и одејќи во чекор со неа, тажно ѝ рече:

– Добро, оди си. А јас ќе останам кај чешмава. Слушај ме убаво – ако сакаш дојди, ќе те чекам до полноќ, а ако сакаш кажи им на селаните. Нека дојдат и нека ме фатат жив.

– Остави ме. Некој ќе нѐ види и ќе му каже на Бориса. – затрепере Костадинка. – Јас не смеам да се сретнувам со тебе. Ти си ми донел голема несреќа.

– Ќе се вратиш ли?

– Не.

– А ќе ме поткажеш ли да ме фатат? – се обиде тој да ѝ го скрши срцето.

– Не ќе е чудно и тоа да те најде! – се охрабри Костадинка и ги убрза чекорите.

– Добро, како сакаш... – ја испрати Апостол со горчина во гласот. – Јас ќе те чекам...

Бавно, како да не го прогонат за злосторство, се врати до чешмата, ја симна пушката од рамо и се потпре со раце на студената цевка. Селото беше тивко и нигде немаше жива душа. Облаците се тркалаа над неговата глава, и проплачуваа од лутина, беспомошник во борбата со ветрот, што им ги кинеше ризите. Во случај да минеше некој од селаните, тешко да ќе го познаеше во мракот, а и да го познаеше, на Апостола не ќе му беше тешко да избега. Костадинка нè ги искажа своите чувства и не му остави надеж дека ќе се врати. Апостол ја чекаше со притаен здив и се прашуваше ќе го предаде ли на селаните или во неа ќе се разбуди старата љубов, да му се врати пак во прегратки? Точен одговор на ова прашање не најде и наеднаш, му стана сеедно за ѕверскиот живот. Седна на крајот од каменото корито и ја запали со кремен истрошената цигара. Се обиде да ги подреди мислите и да си дојде на себе, но преморената свест не работеше. Долгата осаменост му здодеа, а Костадинка, убава како и пред неколку години, го обеспокојуваше со своите уште momински гради, плашливо дигнати под белата кошула. Во неговиот живот немаше иднина, а секоја надеж дека нешто ќе се измени во негова полза остана далеку зад меѓашкиот камен – Змиино гнездо.

Минутите бавно минуваа...

Костадинка уште од далеку ја виде светлоста во прозорецот на својата куќа и се сети – Борис се вратил. „Се забавив ли многу“? – трепереше. – „Ќе разберел? А тој зошто дошол? Зар вистина дека за мене?... Или нешто намислил, па вака, преку мене? Не, нема да се вратам. Нека чека... Срам да му е....“

Се трудеше да изгледа спокојна пред Бориса и уште од вратата праша:

– Напишавте ли, Борисе?

– Готово. – Ѝ  го покажа испишаното книже. – Умен е ѓаволот, слушај...

И кинејќи ги зборовите на слогови, почна да чита и да го ослушнува својот глас.

– Молба од Бориса Трајковски и жена му Костадинка. Ја молам Управата на селската работна задруга „Народен Херој“, да ме прими во својот колектив. Во задругата внесуваме една нива, еден коњ и еден вол. Посебен формулар ќе пополнам. Дека Управата правилно ќе ја разгледа нашата молба, ние сме уверени и очекуваме...

– И сега? – расеано праша Костадинка, бришејќи ги поцрнетите дрвени лажици.

– Сега ништо... Ќе се потпишеме и наутро ќе му ја дадеме на Дане. Убаво речено, а?... Ние сме уверени и очекуваме...

– Убаво! – механички се согласи Костадинка, принесувајќи го грнето.

– Па да седнеме... – ја остави Борис молбата и го симна маслениот каскет.

Додека вечераа, Костадинка кришум му го гледаше ситното небричено лице и го споредуваше со Апостола. Омразата кон мажот не избувна, но спрема него ја обзеде рамнодушност. Борис тромо џвакаше, пиеше со големи голтки од стомната и грубо ги бришеше мустаќите со дланка. Спокојно вечераше и не ја знаеше внатрешната борба кај жена си.

Долго вечераа. Костадинка ја расчисти софрата и ја пресипа преостанатата вода во празното грне. Постоја малко следејќи го со очи треперливиот пламен, потоа ја презабради шамијата и ја зеде празната стомна. Беше решена – злото ја влечеше кон минатото, а и сама да не знае зошто пак сѐ става на жртва.

– Каде ќе одиш? – се прозева Борис.

– На чешма. Вечерва ќе ги измијам садовите утре ќе перам, време не ќе ми остане...

– А... – рамнодушно рече Борис. – Па оди. Ќе те почекам... Не, чекај, ќе одам кај Дане, ако уште не е заспан...

Но Костадинка веќе излезе, гледајќи пред себе со ширум отворени очи. Апостол ја забележа од далеку; ја потпре пушката на студениот ѕид на чешмата и појде кон неа. За него и за најлекомислената жена во селото – стариот грев почнуваше одново.

За Апостола и Костадинка ова можеше да биде нова трагедија; за него – да ѝ се предаде сиот на љубовта и да заборави дека му се поставаат смртни стапици, за неа – засекогаш да го изгуби семејството, но тие веќе не размислуваа. Виорот на страста го заврте околу нив сиот свет и го завитка во непроѕирна магла. За себе само тие постоеја.

– Дојдов... – како некој друг да говореше од неа, таа застана пред него и наведна глава. – Што сакаше да ми кажеш?

Сега сѐ беше поинаку: Апостол се чувствуваше појак: стискајќи ја цигарата со меките усни, го бараше кременот по длабоките џебови и се усмевнуваше со едниот крај на устата. Малодушните луѓе, тие се слаба волја, секогаш се покажуваат јаки, кога некој ќе се покаже слаб пред нив.

– Зошто не ме поткажа? В раце ти бев...

– Не пали цигара. Ќе не забележат... – го пречу Костадинка неговото прашање и ги собра рамениците.

Застуде. Дождот стана почест и поостар, а таа се грчеше и не знаеше зошто тре-

пери – од страв или од ноќната свежина. Застанаа до чешмата и се мачеа да се распознаваат; сенката на заборавот не им ги покриваше лицата, облачната ноќ пречеше да најдат еден во друг она што им беше познато.

– Па прикажуј како си живеала.

– Јас дојдов ти да прикажуваш. Не ли затоа ме викаше да дојдам? – пак ѝ се стори дека некој друг, непознат, зборува место неа.

– Па... – развлече Апостол. – Така си е, туку што да прикажувам? Само маки... Како за несреќа да сум роден. А ти како живееш со Бориса? Колку деца имате?

– Две. Машко и девојче, – срамежливо одговори Костадинка.

– Да, знам. Првото е женско... – молчеше малку, како да сака уште нешто да додаде, но без врска со разговорот, рече повеќе за себе:

– Многу води протекоа оттогаш... Ти си со челад, а јас сум арамија. Поскап е кучешкиот живот од мојот.

На Костадинка ѝ стана наеднаш чудно и необјасниво зошто е овде. Апостол тоа го сфати, но чувството за самоужаленост не го оставаше:

– Две деца, а? А ете, тие деца можеа да бидат наши. Сè ќе се заборавеше, а и Борис ќе дигнеше раце од нас. Сега ќе ја работев својата нивичка и ќе си имав и куќа и куќиште. Тешко е вака, Костадинке. Жив сум, а не живеам.

Костадинка молчеше, не гледајќи пред себе. Апостол ја ослушна тишината и продолжи да си ги реди маките; веруваше дека од исповедта ќе му стане полесно.

– Тешко е. Зимата в планина ќе ме фати. Ако селаниве не ме наместат да ја пасам тревата од кај коренот, волци ќе ме растргаат. А грев ми е за тебе, Костадинке. Еднаш те зедов на врат и ти донесов несреќа, сега пак. Што да правам. А да им се предадам, ќе ме бесат. Човек носам на душа...

– Апостоле, ти ли го уби Илија? – Затрепере Костадинка, гледајќи негде крај него.

– Што ќе ти тоа? Сега е сеедно.

– Не, зошто? Се говореше за Коларови...

– Да не говориме за тоа. Животот не ќе му го вратиме. Не мислев кога требаше. Го слушав поганиот, а мозокот го чував в џеб.

– Кого си слушал? – се тргна Костадинка.

– А? – се прибра малку Апостол и го стисна в грло името на својот итар јатак.

– Кого, велам, си слушал?

– Ѓаволот, ете кого сум слушал...

Разговорот станувашe непријатен и затегнат. Костадинка ја зеде стомната и ја намести под железната уста на чешмата.

– Каде? – со тага ја праша Апостол. – Нели ќе останеше уште малку?

– Не, ќе ме сети Борис.

– Ќе се видиме ли друг пат.

– Зошто да се видиме? – се исправи Костадинка. – Ти никому не си донел добро. Одиш кон смртта, а и мене ме влечеш со себе.

До нив стигна искашлување и нејасен разговор. Од кај одборот одеа двајца селани и шумно се расправаа. Апостол ја грабна пушката и ја повлече Костадинка зад чешмата. Се згрчија еден до друг и скоро го запреа дишењето. Апостол го чувствуваше тропањето на нејзиното срце во својата тврда дланка и се возбудуваше од топлината на здравото женско тело, а таа си ја гризеше долната усна; вечерва, ако биде фатена со Апостола, сè ќе е свршено. Борис ќе ја убие и никој не ќе ја пожали во селото.

Селаните застанаа до чешмата како да се сомневаат во нешто, но тоа само им се чинеше на сокриените.

– Не, Петре, не си прав, кога така ги проценуваш луѓето.

Костадинка му го позна гласот на Асена.

– Кој не е прав? – за'ржа другиот. – Помисли си, ќе видиш дека е така.

– Јас сум мислел. Мисли и ти малку...

– Се наведна над чешмата, а гласот му стана рапав.

– Петре, погледај... Некој ја заборавил стомнава!

– Каква стомна?

– Еве, види ја...

– Па кој може да ја заборавил? Не е игла...

– Тоа и јас се чудам. Знаеш, а баба ми расправаше дека вештерките ноќе оставаат стомни и ѓуѓуми. Ако се напиел некој од нив, ќе се скаменел.

– Може би вештерот е зад чешмава! – се насмеа Петар. – Ѕирни, жити бога...

– Па да се скаменам. Ѕирни ти. Слушај, да ја однесеме стомнава, па утре да видиме чија е?...

– Чија и да е, а ти не подавај раце по туѓо. Стопанот ќе дојде да си ја земе.

Сè додека не се изгуби нивниот разговор, Апостол и Костадинка не се мрднаа од местото. Опасноста беше еден чекор од нив, а ги заобиколи, како некогаш и среќата што помина крај нив и ги остави, без да им се насмевне. Кога се стивна сè, Костадинка се одвои од бегалецот и ја зеде стомната. Неочекуваноста и стравот им ја совлада страста и им ги избистри главите. Апостол и не се обиде да ја задржи.

– Отидоа, ѓавол да ги земе... Ќе се видиме ли пак?

– Тешко си го мене, тешко си го мене... – заофка Костадинка. – А ако ме видеа?

– Па? – навалуваше Апостол, држејќи се за своето.

– Како да се видиме? Зар е тоа лесно?

– Лесно е. Ќе уредиме? Стига да сакаш...

– Добро, ќе видам. Лека ноќ. Тешко си го мене, ако е Борис веќе дома.

И за час се изгуби во темницата. Апостол ја испрати со замрзнати очи, воздивна и ја дигна јаката на старото палто. Дождот веќе не беше така редок. Изморениот ветер ги остави облаците да ја напојат земјата.

Стеблото на стариот грев разлистуваше; Апостол и Костадинка му ги поеја корењата со топла страст, а по исушените гранки веќе никнуваше отровен цут.

## 11.

– Панко! – го чу Оканица своето име и се тргна од сон. Ја поткрена главата од перницата и се загледа низ затворениот прозорец; ослушнуваше се притаен здив и не знаеше – сонува ли нешто или некој го вика од улица? Собата беше мрачна, а од старото долапче се слушаше стружење на црв дрвојад. Овој шум се мешаше со длабокото дишење на жена му, згрчена во соседниот кревет.

„Ми се стори! Нездрав сон имам!“ – воздивна Оканица и тукушто се намести на перницата, од улица пак некој се огласи.

– Панко! – дојде до неговиот слух придушен извик.

– Полека, за да не предизвика шум, Панко се извлече од под јамболијата, застана крај прозорецот и го залепи челото на студеното стакло. А кога се расони, се стресе; неговото лисичино око го позна тој што го викаше. Жално подгрбавен, стоеше и се двоумеше, да се врати во топлото легло или да се стави со ноќниот гостин. Најпосле се провлече низ вратата на прсти и, стенкајќи, се спушти низ шеснаесетте крцкави скалила.

– „Што сака, по ѓаволите?“ – збунето се прашуваше, додека го откачуваше железното резе на надворешната врата. Но одговорот му го ледеше срцето, уште пред да го возбуди прашањето. „Готово е, куќата ќе ми ја запусти!“

Знаеше кој може да биде и пак несвесно праша:

– Кој е?

– Пушти, ќе ме видат... – го побутна Апостол и влезе во темното претсобје. – Те израдував ли?

– Што дојде? – придушено праша Панко Оканица. – Сакаш да ми ја запалиш куќата? Говори што има... Жена ми ќе се разбуди. Таа не знае за нашите работи.

– Ти, Панко, многу си се исплашил нешто! Вака ли, со страв, ќе ја урнуваме оваа пуста држава и ќе ја земаме власта? А прикаските за Ванча Михаилов ги заборави, а?...

Панко го сети потсмевот во неговиот глас и со омраза го погледа отстрана. Тајната игра што ја почна со диверзии, веќе му додеа, но да се врати назад не можеше; тој вовлече во својата игра уште неколцина малодушни луѓе, кои потклекнаа пред неговата итрина.

– Што сакаш? – суво праша, размислувајќи како да се откачи од нечеканиот гостин.

– Чекај де! – се насмеа Апостол. – Дај да седнам. Човек од магаре ќе падне па ќе се одмори, а јас од планина слегнувам и сиот сум капнат.

– Па седни. – Се смири Панко. – Си вечерал ли?

– Да, кај претседателот на задругата. – Се развесели Апостол и ја потпре пушката на ѕид. – Зошто и ти не дојде? Те чекавме...

– Ништо, посмеј се... – стана љубопитен Оканица. – Седни, седни. Да чуеме што има ново...

– Ќе чуеме. Туку донеси свеќа, да не седам како був во темницава. Имаш ли ракија?

– Ќе се најде... – мрзоволно рече Оканица. – Еве, влези овде во сопчево. Сега ќе се вратам.

Донесе ракија и штом затегна преку прозорчето едно чергиче, ја запали ламбата. Трепкајќи од бледата светлост, тие седнаа еден спроти друг и во исто време воздивнаа. Пламенот трепереше во наполнетите чашки, а тие, секој со свои мисли, се мера под очи, како првпат да се сретнуваат. Нивните големи сенки дервишки се клатеа зад нив на сивите ѕидови, како да се готови на скок. Ѓаволските ортаци ги ослушнуваа своите мисли и се готвеа да завладеат еден со друг. Победата стоеше помеѓу нив и секој се готвеше да ја привлече на своја страна и да стане господар над другиот. Ропската душа на бегалецот се разбудуваше и ги тресеше од себе прангите, а нивното ѕвечење го возбудуваше дотогашниот господар и му ги кинеше нервите. Неговата итрина се цепеше, а низ нејзините пукнатини се проѕираше сонлив сплескан лик со едно затворено око. И низ тие неочекувани пукнатини се ѕиркаа гостинот и домаќинот и се демнеа како два ѕвера, убедени секој во својата сила, но не потценувајќи ја силата и на другиот.

– Што слезе в село? – стана нетрпелив Оканица. – Вака ги ставаш в торба и твојата, и мојата глава. Ако нè фатат, живи ќе нè одерат...

– Евтина ни е кожата, – процеди низ едниот крај на устата Апостол. – А ти се плашиш ли?

– Јас сум само претпазлив. Волкот е јак, зашто знае и да дави, и да бега.

Апостол ја дигна чашката, размислувајќи да му ја каже ли вистината на ортакот. „Нека оди сè по ѓаволите. Тој ми е јатак во сè. Зошто да кријам?“

– Ете... Младост. – палејќи цигара, рече Апостол.– Ми дотегна вака, сам без жена.

– Каква жена? – застенка Оканица.

– Убава. Костадинка, пријателе, Костадинка. Како да не ти текне?

– Пак со неа? – болно застенка Оканица. – Ти при себе ли си? Таа во смрт ќе те прати! Поарно со ѓаволот да се здружиш, отколку со туѓа жена. Ех, господи, господи... Ние умот сме си го загубиле. Апостоле, ти имаш ли глава?

– Е, тоа си е друго. Ако имав глава, не ќе станев кумита туку ќе спиев во топло како ти што спиеш. Слушај – вечерва со неа разговарав. Таа мене ме сака, а за мажот еден марјаш не дава. Што велиш, Панко, а?

– Што да велам! А ти колку години имаш?

– По свети Никола ќе наполнам триесет и две. Момче сум уште, а?

– Море ќе те однесе матната како си тргнал... не ли ти се живее?

– Неговите совети на Апостола му се чинеа смешни.

– Зошто? Токму сега ми се живее. Можам ли да ги соблечам чевливе? Жива рана ми се нозете...

Се наведна и ги одврза распарчените цокули; долго ги соблекуваше од натечените нозе, стенкаше и се муртеше од остриот, непријатен мирис на запалената кожа.

– А во Јасенско што има ново? – ја протри острата брада со дланка и не чекајќи одговор додаде:

– Треба да се избричам. Како калуѓер сум станал...

Панко под очи го гледаше и се мачеше да најде начин по кој да се ослободи од него.

– Ново нема ништо. Онака... неодредено одмавна тој со рака. – А и што ќе е ново? Животот си тече, ние остануваме зад него.

Апостол безмилосно ги празнеше чашките, но неговиот подмладен организам даваше отпор; ракијата не му го отапуваше умот. Запали цигара од цигара и протегајќи се само со рамениците, ја завлече раката под нечистата кошула и почна да гребе со долгите нокти по широките, влакнести гради.

– Ме јаде снагава, два месеца не сум се измил. А ракијава малку ти е мека.

– Мека е, ама ти не ја сркај многу. Во пијанство си ја губиш главата.

– Тогаш, кога си ја изгубив главата, ти сакаше да ме врзеш. Затоа сега остави ме, колку да се вратам в живот. Син ти дојде ли од војска? Не е. Па, сега?... Имаш ли некој план?

– План немам, ама се надевам дека нешто ќе се стори. Треба однатре да се запали фитилот. Нашата грешка е голема. Ако бевме повоздржани и ако влезевме в задруга, полесно ќе ги поткопавме темелите. А вака – нема со кого да се работи. Мислев баџанакот да го привлечам. Закла задружно говедо. Тие го казнија, а тој уште ја врти опашката пред нив. Дудулевци ги затворија, поп Иван се двоуми. „Не ги сакам, вели, ама не се мешам!“

– А другите?

– Кои други? – одмавна со рака Оканица. – Нема човек, тоа ти е!

– А мајка ми ја затворија ли? – се сети Апостол.

– Не ја затворија, ама и неа ќе ѝ го видат еден ден алот. Туку нешто да прашам. Да не ме спомена пред Костадинка?

– Без гајле! – го успокои Апостол. – Не сум толку улав.

– Добро. Па ајде, штом си овде – добродошол.

– Поарно нашол! – и чашките тапо ѕвечија.

„Си играме како деца!“ – се насмеа во себе Апостол, сигурен дека и Панко го мисли истото.

Надвор во заспаното село беше тивко. Ситниот дождец престана, а откако ветрот ги искина облаците, се заплетка во полуголите гранки и на дрвјата, искина неколку суви, безживотни лисја и таму остана. Јатаците ја ослушнаа тишината, а потоа продолжија да разговараат, сè така неповрзано и без восхитеност.

– За попот што мислиш?

– Што да мислам? Еднаш го натерав да ги раскрека жените, но сега избегнува да се сретне со мене. Страв му е...

– Страв му е... – се согласи Апостол. – Од него не ќе имаме ќар. А кум ти Марко?

– Се учи на нашите грешки. Води борба за да влезе в задруга. Ако успее... А вистина, тие се повеќе. Само браќата Коларови колку пари чинат! Ако сакаат, тие и светов ќе го свртат наопаку.

– Да... – се протегна Апостол. – Па да спиеме. Изморен сум како пес, а за разговор ќе се најде време и утре.

Оканица зачудено го погледна, како да не му ја разбра мислата.

– Како тоа да спиеме? Ти кај мислиш да спиеш вечерва?

– Овде, – едноставно одговори Апостол. – Инаку кај би можел да спијам? Да се враќам в планина не можам, а да легнам во некој куп сено ми е страв. Можат да ме фатат...

Неговата мисла Оканица сега ја сфати; преку подвитканиот грб како да му залазија отровни пајаци со долги, лепливи нозе; голите раце беспомошно му висеа и беа куси да допрат до грбот. Ја искриви рибината челуст и стана од столот; чадот од ламбата му ја лижеше широката брада, а светлоста му го измени лицето; очите станаа темни и празни јами, кусиот нос се издолжи и се протегна преку жолтото чело; многуте заби влажно светкаа низ отворената уста. Лицето му заприлега на лилјачка глава, на која се забележуваат само големите тркалезни уши.

– Не потсмевај се, Апостоле. Не е убаво, луѓе, сме. Како ќе спиеш овде? Ако те најдат кај мене, ќе ми го тргнат куршумот. Како да не сум бил на светов. Јас ќе те ранам и ќе те појам, ама за спиење... Остави го тоа.

– Убаво! Па да одма до Дане и да го прашам да ми најде кревет? – пакосно се исклешти Апостол. – Едно сопче дај ми, ќе речам, кај мојот јатак Панко Оканица нема место...

Беше јасно – Апостол стануваше господар. Пајачката мрежа, во која Панко го сплетка, тој ја одлепи од себе и го завитка во неа пајакот. И овој се предаде, треперејќи и пцуејќи во себе.

– Добро, остани. Само да се вардиме, во селово сите се шпиони.

– Ќе се вардиме. Јас ќе се заклучам и пушката ќе ја држам до себе. Не обидувај се нешто... Пред да ја дигнеш секирата, ќе те убијам.

– Што ти е, Апостоле? – се сцрве Оканица. – Ти при себе ли си? Каква секира?

– Де, де... – смекна Апостол. – Се смеам. Гледај само да не разберат. Дури ни жена ти не треба да знае. Донеси ми ќебе и леб и спокојно легни си. Вечерва сум ти батлија.

Првпат по толку време, Апостол Коцев легна како човек и заспа со тврд сон, не знаејќи дека итриот домаќин, виновникот на неговата несреќа, не ќе склопи очи цела ноќ. Дење замижаните очи на селскиот волк Оканица сега беа ширум отворени, а неговите разлеани зеници зјаеја кон таванот, како да очекуваат помош од куќниот светец.

## 12.

Третите петли го затекоа буден и со сурови брчки околу големата уста. Во една ваква ноќ, црвените жилчиња на образите стануваат модри, очите, запалени од душевен оган, пропаѓаат во лилјакови сенки.

Во таа долга и бесона ноќ, Панко Оканица напрегнато размислуваше како да ја продолжи играта и сигурно да добие. Тактиката со ситни акции очигледно не носеше очекувани резултати, а ситните пакости и подбуцнувањата на задругарите не донесоа штета со која ќе се решеше судбата на задругата. Формите требаше да се менат, а нападот требаше да се изврши на поширок фронт. Но за тоа ба потребни посигурни луѓе од Апостола, чија малодушност носеше и други опасности со себе.

Кога се изми и жена му Мерџана му принесе кафе, тој веќе имаше готов план како да ја испрати од дома и да остане сам со ортакот. Трипати се прекрсти и набожно развлече со мекиот пријател глас:

– Слава на господа, жено... Што сѐ човек не ќе сонува!

– Си сонувал нешто? – љубопитно ги дигна веѓите таа и го остави џезвето пред него.

– Она што не е за сонување. Сега нешто ме гризе и не ми дава спокојство.

Мерџана живееше во своите четири ѕида и полека отапуваше, а смислата на својот живот ја наоѓаше во глупата, фанатична набожност, што ја исполнуваше сета нејзина душа. А душата и беше како дупната вреќа – што повеќе ја полниш, сѐ повеќе се празни. Како и на повеќето стари жени од селото, нејзината јава беше сива и еднолична, а соништата шарени, како панаѓурски монистри. Или како разнобојни цветчиња на обичен сив циц. Мерџана ги прикажуваше и ги толкуваше соништата со сигурност на пророк.

– Што си сонувал? – ја сет Панко возбудата во нејзиниот глас и слатко се насмевна во себе.

– Не прашуј. Го видов кумот Марко сиот в бело. Седи и се смее, а од устата му испаѓаат забите, број да не им се изброи. Како зрна од скината торба.

– Господ чувал и бранел! – се прекрсти Мерџана. – Смеењето е плачење, а што е

облечен в бело и што му паѓаат забите, не знам што да речам. Ако помниш, пред да умре Пецо на Џајковци, свеска му го сонувала в бело и без заби.

– Помнам. – ја распалуваше Оканица. – А јас се прашам да не станало нешто и со кумот. Грев ми е. Нѐ венчал пред лицето господов.

– Бог да чува! – пак се прекрсти жена му.

– Треба да го ѕирнеме. Не дал бог – сѐ станува во животот. – Тивко рече Оканица, а потоа продолжи:

– Мерџе, да појдеш, да го видиш. Ако му се случило нешто, ќе носиме тежок грев на душа. Земи малку од козјава пастрма и однеси им. Ако е здрав и жив, испи едно кафе и дојди си. А? Да им се најдеме ако затреба.

– Па да одам. А ти што ќе ручаш. Кој ќе ги зготви?

– Биди без гајле за мене. Ни остана од вчера нешто. А има и сиренце. Куќава не ни е празна.

Кога излезе жена му, Оканица слезе по скалилата, крцкавите ребра на куќата. Пред вратата, зад која спиеше Апостол, застана и го допре увото на бојадисаната штица; однатре не идеше никаков шум.

„Спие!“ – намуртено шмркна и излезе.

А по еден час се врати и му тропна на Апостола.

– Отвори. Сами сме во куќава...

Прво ги чу неговите чекори, а потоа и вратата се отвори, толку колку да може да се ѕирне низ неа. Но Оканица и низ тој мал отвор ја провлече својата сува снага.

Седнаа пак еден спроти друг и пак под очи се погледнаа. Но сега и собата и тие беа поинакви. По сиве ѕидови како разлеани ноќни облаци се испреплетуваа танки пукнатини. Малтерот пукаше, но домаќинот немаше време да поведе сметка за домот. Кроеше планови да поткопа туѓ темел; тој го мереше небриченото лице на Апостола со натечени очи и потсмешливо искривени усни.

– Жена ми ја испратив. Да не пречи. Ти додека спиеше, ги разбрав новостите од селово. Полна капа абери носам. Борис и Костадинка стапиле в задруга... Вистина, Апостоле, како ја нареди од ново работата со Костадинка?

– Лесно, Панко, лесно. – ги рашири рацете Апостол и се протегна. – Ја чекав кај чешмата и ѝ реков дека сакам да разговарам со неа.

– А таа?

– Отпрвин се опираше, а после некако стана питома.

– А ако му каже на Бориса? – ја извади Оканица цигарата од уста.

– Не плаши се. Ќе молчи. Да сакаше да ме предаде, можеше и вчера вечер. Ме сака таа. Срцето ѝ се кине по мене.

– Од кај знаеш дека те сака?

– Знам. Не сум слеп.

Оканица малку се замисли, тропајќи со прстите по масата.

– Знаеш што? Како би било да јаземеме за јатак? Зборлеста е, ќе ги подбуцнува жените.

Апостол откосо го погледна и се намурти. Злото копаше заедничка јама за повеќе луѓе, меѓу нив ќе има место и за Костадинка. Прстите му се згрчија како да го дават тоа зло, а Оканица ги оближуваше танките усни и спокојно чекаше.

– Убаво ли те разбрав? И Костадинка сакаш да ја завлечкаш во оваа несреќа?

– Каква несреќа? – се бранеше Панко. – Зар е несреќа ако се бориме против нив?

Апостол му се доближи со лице; во матните и разлеани зеници му гореа крвави искри. Тој просто ’ржеше:

– Не сме се бореле кога требало, та сега... Ќе ти речам отворено. Знаеш ли што можеме да очекуваме од ова? Смрт, ете... Мене ме впрегна в јарем, ама Костадинка не гибај ја. За неа јас би те убил, око да не ми трепне... Коњоштип си ти!

А овој се мачеше, како на жив оган да е. Коњоштип? Ама кој уште го крсти со тоа име, кога и зошто? И што е ова што станува со него? Зар да легне пред овој суров момок, со слаба волја?

– Чекај, Апостоле. Што тие, добога?

– Ништо не мие. Јас те прашувам: што ти е тебе?

– И мене не ми е ништо. Ако е атка – Костадинка нема да ја закачаме. А ти не џапај се. Можеме и без виканица... Де голтни од ракијава.

Пиеја и молчеа. Оканица чувствуваше дека се изменило нешто во нивниот однос

и полека, претпазливо, ги збираше искинатите нишки, да ги поврзе и да ги завитка околу вратот на другиот.

– Добро, – смекна се усмевна. – Зошто да се караме? Како ќе речеш, така ќе чиниме. Мислиш ноќва да одиш, да ти зготвам тутун и јадење?

– Каде да одам?

– Негде. Само да не те фатат. Ќе те намирисаат, се плашам.

Апостол се потпре со лактите на маса и ги стисна забите.

– Нема нигде да одам, Панко. Овде ќе останам некое време, а после ќе видиме.

– Како? – зачудено праша Оканица... – Овде не можеш да останеш. Еден претрес и готово.

– Зошто да не останам? Сопчево не е лошо. Вистина, малку е тесно, ама не пречи. Кревет, јадење, пиење. Ако ти не ме предадеш, никој тоа не ќе го стори. А ако сакаш предај ме. Ако ме стрелаат, не ќе бидам сам. Тука ќе сте ти и Макро.

„Тешко си го мене. В шише сум!“ – смрзна Оканица, но уште еднаш се обиде:

– Јас тебе и така ќе те хранам. Еве ти – јамболија, перница, тутун... Сè земи, ама овде не останувај.

Но Апостол веќе се чувствуваше господар и го удираше сè по исто место, како орел кога ја дотепува својата жртва.

– Ти ме зеде на врат, ти сега храниме. Сети се како говореше порано. Ова долго не ќе трае, сè брзо ќе се измени. Ако нема долго да трае, ќе почекаме во твојата куќа, а ако нејќеш гости, тужи ме – сосила, речи, седи кај мене. По законот тие ќе се на твоја страна.

Горкиот посмев полека се изгуби од неговиот глас; зборовите му зазвучија студено, како тешките стапки на есента.

– Признај, Панко, дека твоја е вината што сум како ѕвер. Се каеш сега, ама доцна е. Марко го уби момчето на Стојана, а ти ги управуваше нашите раце. Де, де... Не мурти се. Ќе седам кај тебе, а за тоа време ќе направиме нешто. Четичка некоја. Инаку, вака сам, тешко е, а со повеќе луѓе... Разбираш?

Сега Оканица знаеше во каква состојба е, а тоа што го знаеше му ја матеше свеста; се прашуваше во себе – дали е поопасна за него власта или Апостол Коцев, кој неочекувано го јавна и го потера кон пропаста? Неодредените зборови на гостинот

не го смируваа. Како црни сенки низ неговата свест се нишаа лутите закани на Апостола и се вртеа сѐ во круг. А свеста беше тесна како сопчето и од неа немаше излез.

И по толку години Панко Оканица првпат го сети на сувите усни солениот вкус на солзите.

## 13.

Есента нечујно стасува. Отпрвин – сињакот густо и лепливо ќе падне ниско под планината; отровно ќе замирисаат последните тревки; со тага ќе загракаат гавраните, а нивното гракање ќе наслутува долга зимска глад. Врвот на Беласица ќе се покрие со црвенкавожолт сјај – сега е дамка, а едно утро дамката ќе се рашири, ќе се протегне кон полето и ќе ги збуни задоцнетите грлици. Танката лисица долго пие од бистриот извор; кога ќе ја дигне главата, од влажната муцка ѝ капат капки во водата, а од круговите што се шират по површнината, нејзиниот лик се кине во ситни црвенкави парчиња. Рие со муцката по влажното, гнило лисје дивата свиња и бара покриен желад. По нејзините остри заби се лепи меката црвенкава земја, а таа не ја чувствува; ги ослушнува шумовите – нели ќе наиде од некаде нејзината глутница. Бавно, со здрвен врат, волкот се промушнува низ стеблата, а во неговите очи се пали веќе првата љубовна искра. Кај него е секогаш така – пред бесот од забите да му исцеди пена, тој во исто време е и гладен, и полн со занес за љубовно парење. Сеедно, сега со него уште господари разумот и тој се држи далеку од секаков човечки глас, претпазливо демнејќи го селото со жолтите очи.

До првите меки паулки е уште далеку и ветрот уште не носи со себе танки кори на ноќен мраз. Дење – сонцето е високо и замаглено, ноќе – ѕвездите се ситни, студени срчи. Домаќините само со едно око ги гледаат зрелите дуњи во дворот, ги клоцаат наежените кучиња и под очи го мерат планинскиот џин; но неговиот соголен срт уште не е бел.

Долу, кон градот, десно од турското џаде, болно пожолтел шамакот, а ретките патки и не се забележуваат во неговата густина. Како вековен сајбија, мочуриштето се протега и ја лока земјата, а по неговите отровни, зелени води плива столетна маларија и ги демне луѓето. Илјадници плодни хектари, покриени се со болест – жителите се множат, земјата се намалува.

Потпрен на малиот прозорец, и самиот жолт како есен, Дане ја гледаше сивата далечина на слеаните трски. Болеста остави на него длабок траг. Прерано остаре – вилиците му станаа уште поостри, а околу очите му се наредија ситни брчки. Во таква состојба кај човека сè се меша – и тој не знае кај почнува сонот, а кај свршува јавата. Сè е слеано и нејасно, а мислата се пробива низ некоја магла и бара пат. Сонот ја престигнува јавата, а јавата брза да го оствари сонот.

Таа пролет, низ селото минаа суви подвиткани луѓе; застанаа на крај Јасенско и долго бележеа нешто во своите карти и цртежи. „Мелиорација“ – мина низ селото нејасен збор и ги збуни луѓето. Но сето тоа засега беше само шарена плаката, со весел, насмеан сеач. Црвените букви – „мочуриштата ќе ги претвориме во плодна земја!“ – ветуваа нешто неверојатно. Насмеаниот сеча во бела кошула, мазен

и кадрав, со моминско полно лице, не слегнуваше од плакатата. Таа година, под Борисово зататнија нескладни песни на неколку младински бригади. Додека зад Беласица, недалеку од државната граница, татнеа топови, гласноговорници на граѓанската војна во Грција, распеаниот порој на доброволците се растури во десетина села, а потоа, од Мокриево, Мокрине, Банско, Коњарево, од сите села под Беласица и Огражден затреперија песни и знамиња. Републиката праќаше помош, да ја симне од своето тело отровната дамка на болеста.

Дане во тоа учествуваше, и самиот помагаше околу собирањето на доброволци, но многу не разбираше. Знаеше само едно: сонот стануваше јава, а во таа јава сонуваа сите луѓе. И наеднаш сè заприлега на едно гигантско срце, што ритмички ѕвони: план – план – план! А во една од крвните жили што го врзуваше срцето на луѓето со иднината, течеше и крвта на неговото Јасенско. Дане не знаеше што е сето тоа, не знаеше какви се другите жили и како ја врзуваат земјата со животот. Само чувствуваше – за да живее и расне огромниот обновен организам, артеријата, која тој ја надгледуваше, требаше неспирно да живее, да се обновува со точност на најсовршен механизам. Насмеаниот сеач не ја пречекоруваше рамката на плакатата; спокојно и без движење, тој стоеше и ги трпеше дождовите, жегата, мразот, а Дане за себе нешто се насмевнуваше; неговото дете како да личеше малку на тој насмеан лик со широк замав, од чија дланка прскаа златни искри. Не сфати – но таа незапомната акција ја засили неговата будност да се бори за иднината. Во тие денови, тој скоро ја заборави својата бледолика жена, тивка од бременост, сеќавајќи е на неа со нејасна збунетост, само во длабока ноќ, кога се враќаше во времениот дом...

... Се усмевнуваше Дане и нешто очекуваше. Во претсобјето тапкаа чекори, се збираа жени, машки пцуеше Дарка. А во неговата нервна усмевка беше напишан сиот пат на неговиот живот; тркалото на животот се врти – едни минуваат, други се раѓаат. Цигарата му догоре; тој се сети на неа кога огнот му ја испече кожата на прстите. Му стана тесно. Воздивна и излезе од собата. Го пречека Дарка со потсмешливост во очите, но веднаш се сврте кон Петровица;

– Оди, не зјај... Пази водата да не се олади...

„Таа така говори, како ништо да не се случува!“ – се намурти Дане и ја отвори соседната врата. Жена му лежеше, леко покриена со војничко ќебе и безизразно гледаше кон таванот. Како да се усмевнуваше, но тоа не беше насмевка, туку болка, изразена на две модри усни, страшна физичка болка.

– Како ти е? – праша Дане, ослушнувајќи го разговорот на Дарко и Петревица.

Седна крај неа, не знаејќи што уште да каже. Го вртеше со немирните прсти случајно земениот молив и расеано го гледаше напукнатиот ѕид. А од пукнатините надојдоа спомени и го занесоа. Некогаш животот беше така напукнат; сè мелеше во својата гладна уста. Пукнатините на животот уште не зараснаа; преостанува-

ше огромен напор, да се затвори таа рана, тој црн спомен на минатото. Со море крв се презеде власта, но остана уште крв, топла и жива да се изгради животот.

– Па како ти е? – се загледа во жена си, сакајќи да изгледа безгрижен и весел.

Со огромен напор на волја, грчот се изгуби, а по белото, дамкаво лице на жената се разлеа насмевка. Дане се чудеше како досега не ја забележал таа насмевка, со меки, треперливи сенки на крајот од усните, па затоа и самиот збунето ги развлече усните. Влезе сестра му Стана, и застана до вратата како да се двоуми – да остане или да ги остави сами. Дане само имаше време да види како бескрвните усни се искривија, а веќе Стана го истурка надвор.

– Оди, не пречи. Ние жените ќе знаеме и без тебе.

Стоеше во дворот и ги гризеше ноктите. Чекаше. Танката нишка на мислите се одмотуваше со брзина, нежно врзана со првиот ден на сеќавањето. Вистина, како беше она – Велигден и попот? И зошто со закана биеше камбаната како да вика на некого, кој не ѝ е по волја. Се радуваше ли на воскресот на Исуса, или тагуваше за смртта на татко му? Со горчина се сети на своето аргатување. И пак, од негде за миг му се насмеа сеачот од шарените плакати, го потсети на некој негов познат и му се изгуби од пред очи. Времето бавно минуваше. Тој стануваше нетрпелив. Час... Два... Нишката на мислите се скина и пред да ја врзе, одново го чу гласот на Стана:

– Радуј се, татко... машко е, да е живо...

Истиот ден Јасенско доби уште една принова.

Отпрвин во далечина забрчи, а потоа од прашливите облаци се покажа нова црвена машина и го возбуди селото со шум и необичност. Црвеното чудо помина крај малите, сонливи куќарки и, следено од цела чета дечиња, застана на селскиот плоштад. Долг како штрк, од тракторот слезе црноокото момче Васко и се исправи на танките, жилави нозе. Озбилен и со забуцани раце во џебовите на сините работнички панталони, тој гордо ги пречека селаните што се збираа од четири страни. Тие бавно одеа, беа претпазливи, сокриваа нешто во себе како да се плашат да се доближат; кашлаа, шмркаа, се црвеа – цигарите залепени на долните усни им се гаснеа, светкаа влажните заби, зениците се збираа. А Васко гледаше над нивните глави со таква озбилност, како здивот да му запрел во остриот грклан. Знаеше, мајчиниот син – кога појде на курсот за трактористи, Дане го испрати до џадето, му ја стисна раката и ја запиша главата: „Или прв, или не ми се враќај...“ – Кога излезе од дома, стискајќи ги двете кошули под мишка, мајка му плисна по него цело грне вода – среќа да има во градот. Знаеше – утре ќе седи на својот трактор и немо ќе им се потсмева на старците, што ќе се влечат по ѕевгарите. Молчаливо момче беше Васко и имаше ретка дарба – во себе да разговара со било кој, да го збунува со своите одговори и до самозаборав да се опива од завис-

та на селските ергени, што плукаат во запалените дланки и го буткаа ралото по задружните ниви. Неговата видовитост далеку одеше – знаеше дека ќе порасне во очите на селските моми, се насмевнуваше само со ноздрите на грбавиот нос и чекаше да покаже што знае.

– Гледај го ти него... Ни да поздрави! – го прекори Алтан. – Ој, Васко, бе... Али стигна?

– Стигнав, – ја извади Васко кутијата со цигари, да ги послужи селаните на овој свој најголем празник.

Немото чудење на селаните премина во шега. Ефтим подрипнуваше околу тракторот, го удираше по железните плешки и детински се усмевнуваше. А некој од селаните веќе го споредуваше тракторот со мечка, од што мустакот весело му трепереше.

– Гледај да не те уапе... – прсна во чудна смеа, како некој да гази по ситни камчиња.

Неговата шега ги зарази и другите. Смеата затрепере и ги исплаши децата, но потоа и тие се охрабрија; го гибаа тракторот, му ги броеја штрафовите и шараа по танкиот слој прав, што го покриваше мазното црвено железо. Зад нивните танки прсти останувaa линии, имиња, неоформени петокраки, неразбирливи шари.

– Усни! – не отрпе некој и го задре селскиот ковач. – Потковај го, а?

Како клобук во матна бара, окото на Усни набабре и се наполни со зачуденост и влага. Иако трезен, тој се нишаше на јаките нозе, а кога занесот го понесе, опцу восхитено и молкна. Цел живот Циганинот само со железо работел, си играл со него на наковалната, го месел како тесто и можел да искове што сака – но досега, ни во најпијаните часови, не замислил ваква сложена машина, од која здивот запира в грло.

– Како ти изгледа?... – го задеваа, знаејќи дека во трезна состојба е помирен и од јагне цицалче. – Колку биволи ќе треба да го влечат за орање?

Тој добродушно се усмевнуваше и не ги слушаше. Неговите тврди прсти го милуваа мазното, лакирано железо, како да му ја испитуваат сложената душа. Сите задругари се чувствуваа некако големи и јаки, отстрана гледа кон приватниците и се правеа дека не ја забележуваат нивната збунетост. Задругата беше силна и сложна армија, а првата машина им беше ново и јако оружје. Во својата преголема радост тие се шегуваа со својот трактор и по тој начин се спријателуваа со него. Неосетно, некој почна да подигрува ситно и само со стапалките, друго почувствува тактот и замрморе низ нос. Полека се приготвуваа, тивко, тивко и ненадејно избувнуваа. Сложно и грубо запеаја. Орото се протегна, а бескрајната, едноставно искрена песна се разнесе над селото, спирално извивајќи се, како пролетен лас-

тар и полека, безболно паѓајќи назад.

– ... Ми ти се ку-не-мо...

Постарите што не играа, важно се муртеа и се правеа рамнодушни, како луѓе што виделе во животот многу повеќе од еден трактор, но во нив немирно играа срцата, подмладени од празничниот ден. Стојан замислено стоеше пред машината и се сеќаваше како низ сон: „Ти, ораш, ораш, ’рбетот ти се витка...“ – наеднаш вистината му стана едноставна и проста, како пронајден извор во густа шума, над кој кога ќе сакаш, ќе можеш да ги наквасиш испуканите усни. „Ме кандисува тој...“ – одново се сети и му стана срам од себе, за сите сокриени мисли во овие три месеци. А агитаторот Ефтим се наднесуваше над машината, како да го огледува полното лице во сјајниот лак и како да се радува на одразот.

Газејќи со крупни чекори, Дане ја ослушнуваше песната, а таа проста, развлечена и вистинска, како и неговиот живот, се таложеше негде во него, разгранувајќи се во нови тонови. Ги ловеше во себе непознатите звуци, но тие не се оформуваа и остануваа само како мисла на срцето. Живееше за двајца – срцето пееше, мозокот како пулс биеше – „сточен фонд... фураж... сеидба...

Се сети на човекот од шарената плаката, а очите му се стиснаа. Тој, нацртаниот, пееше и работеше  и Дане се обиде пак да стане еден – да ги слее песните и мислите, да го доближи срцето до мозокот. Но по површнината на таа мешаница пливаа како нови цветчиња новите мисли. Селото стоеше пред низа победи, а тие требаше да се обмислат. Имаа поток, а одеа во туѓа воденица. Силниот замав на водата можеа да го спрегнат во свој јарем. Можеа, тој знаеше, многу да направат: сега се учеа да одат, а еден ден ќе се развиеја, сите заедно, во голем непобедлив џин.

Сред село стаса во исто време со задружниот курир отаден јасените, со некој си Менко Тасев, ситен и црн како глamja, познат по тоа што секогаш докажуваше дека неговото село е виновно за старата подгранична кавга.

– Кај нас е готово со задругата. Претседателот лежи претепан во ендек, списоците горат. Селаните ја презедоа власта и веќе апсат...

Тоа беше крик за помош. Една од жилите на големиот организам се кинеше, а болката беше лута и опасна.

– Ефтиме, запрегни го Арслана в чеза... Брзо...

Тркалата на чезата подрипнуваа преку дупчестиот пат. Остро обележените вилици на Дане се тресеа, но Ефтим не сфаќаше од што – од трескањето на чезата по нерамната земја или од неизлечената маларија. Задругарите се збија в група и појдоа по чезата. Останаа само децата, неколку старци и Доксим. Васко го бришеше со крпа тракторот и не можеше ништо да разбере.

– Васко... – Доксим молбено го погледа. – Оние, говедарине, мирисналe веќе наша крв... Коларови можат и да убијат. Како јагне ќе заколат човека...

– Така е... -се согласи Васко и загрижено ја погледа првата гребаница преку новата боја.

– А Дане и Ефтим ќе им влезат в уста. Васко, да појдеме со машинкава, а?

– Како да појдеме? Каде?

– Да му се најдеме на Дане... Нашиве одат пеш и подоцна ќе стасаат, а ние двајца, а?

– Васко го почеша грбавиот нос, двоумејќи се.

– Тракторите се за орање, а не за војна!

И откога ја стави крпата в џеб, неочекувано додаде:

– Качуј се. Ќе стигнеме некако...

## 14.

Тоа почна чудно, како неочекуван ветар да распали заборавена цигара во сува шума. По толку години мирно лежење во израмнетиот гроб, од под земја стана скоро заборавениот тревар – живите да ги побара, совет да им додели. Жена му на Коља Минтанот се колнеше дека чула: во село кокошка закукурикала, а селското радио ја пренесе оваа вест со брзина на светлост. Три ноќи пред тоа – крај црквичето стоел убиениот старец со икона на гради и плачел со крвави солзи. Со свои очи го видел еден од задругарите но на време се сетил: го завртел кожувот наопаку, четирипати се прекрстил и го спомнал името господово. Старецот пискајќи избегал, а неговата сенка уште долго треперела на црковниот ѕид и се мачела како црв. Неколку часови подоцна, на оваа прикаска ѝ појде в средба нова: Коларови го виделе старецот како кикотејќи се собира тревки низ плетот. Не знаејќи кој е, му пришле и нивната прочуена храброст станала помала од зрнце црн пипер. Очите, зелени како пелин, му стоеле на теме, на тој, покојниот тревар, а место уста зјаела јама како бунар. Еден ден пред настанот – двете прикаски се сретнаа кај одборот, леејќи се една во друга; како од две бои што се добива наполно нова, така и сега затре на селанските усни нова прикаска; гавранот на стравот клукаше по обеспокоените срца. Стариот тревар бил виден на коза, бела и тенка како змија, со црвен рог на челото; долгите, боси нозе му риеле по земјата бразди, а од белите ракави му ѕиркале бели прсти, подолги од обични. За две ноќи старецот го виделе дванаесет души, но само петмина чуле дека плаче и моли: „Не влегувајте в задруга, мртвите ве колнат!“

Се сетиле луѓето на своите умрени и им дошло некако жал и за живите, а жалоста полека ѝ отстапила место на омразата спрема задругата. На протугерот цела ноќ нешто му гребело пред врата, се тресел под покривката и се колнел: „Спаси ми ја куќата и челадта од зло, господи, а јас ќе излезам од задруга и ќе си живеам како што сум си живеал!“

Во тоа време, протестантите од недалечното село донесоа вест што охрабрува: отаде градот седум задруги се растурени. Селаните одбрале нови одбори на власта, а оние одозгора, ги пофалиле: „Правилно! – рекле тие. – Власта му припаѓа на селанецот. Тој сам нека си го крои минтанот, ако не сака да му е тесен!“

А потем се чу – вакви бунтови се кренале и во други околии. Селаните ги рушат задругите, власта одобрува. И како да им тераат инает, оние од Јасенско им се потсмевале. Тие ноќи некој исекол уште две јасенови стебла и ги оставил крај патот да лежат како непокопани мртовци. Една третина од селаните се колнеа дека тоа морале да го сторат само тие, нивните непријатели.

Таа ноќ организаторите од селото одржуваа седумчасовен состанок со развлечен

дневен ред. Низ затворените прозорци, покриени со водена пареа, до нив не достигаа прикаските, зовриени во огромниот казан на селото, заплашувајќи да покријат сè со својата вжештена лава. Тие не го забележаа болниот сјај во матните очи на задружниот добиток и трепетот на мускулите од првата температура. Бацилот на болеста се ширеше и за малку време сотре неколку говеда... Прикаските имаа огромна калорична сила; на нивниот пламен вриеше притаена омраза.

Организаторите го завршија состанокот на еден час пред полноќ, а кога ја отворија вратата, наслутија дека нешто не е во ред; но она што требаше да дојде, не го сфатија наполно. Се собраа на прагот и се збунија од ноќта, од широката, неподвижна маса, испречена пред нив како непрооден планински масив. Првиот од комунистите се обиде да се повлече; не успеа; тилот му го наежи врелиот здив на партискиот секретар Ванчо Богоевски.

– Па? Има ли нешто?...

Групата се заниша; огромното, стихијно тело се мачеше да зине, но прашањето остана без одговор. Полупобунетите селани беа така збиени еден до друг што во ноќта изгледа како густа преграда, зад која се сокрива пат, неизвесен како судба.

Нечистата светост на разјадениот месец не достигаше до земјата. Луѓето, дрвјата и куќите беа без сенки, слеани едни во други, безоблични, груби, недовршени. Железниот ветар ја метеше земјата и ја бришеше од прав и суви лисја. Во настанатата тишина, негде, зад нив, некој стенкаше, а тие не можеа да разберат – воскреснатиот тревар ли се мачи без својата сенка, или крцкаат сувите багремови гранки под ненаситните заби на ветрот.

Некој заканително се искашла, другите со шум го прифатија овој сигнал, но до организаторите не достигна ни еден јасен збор. Најчудно беше што масата беше неподвижна, а сепак празнината меѓу нив, границата на неутралноста, стануваше сè помала. Луѓето можеа да се фатат и загуша. Или пак само така изгледаше во ноќта. Требаше некој да почне, потаму настаните ќе се лизнеа како по масло. Крвта ја покриваше мислата и таа во неа се давеше. Стануваше темна, непроѕирна и ги движеше рацете, како да оживува механизам. А рацете му се најголема тежина на селскиот син. Ако тој не го потпира ралото, ако не ја држи косата, ако не ги стиска в џеб – просто не знае зошто му се.

Ванчо Богоевски полека го сфати она што не го помисли досега, она на што не се сети порано. Згрчен и блед, тој го пречекори прагот и трипати воздивна. Никој не ги виде неговите збунети очи. Покриен со превезот на ноќта, изгледаше како туѓ човек, ни најмалку страшен за селаните.

– Имате ли некоја молба или жалба? Што не спиете, луѓе, туку сновате по селово како пијани?...

Запаленото дрвце се изгасна, ќибритот му падна од раце, а излоканиот месец се завитка во дупчестото ќебе на облаците. Ванчо позна неколку лица и убаво го запамети сјајот во нивните очи. Само за миг, пред да изгасне огнот, нивните црнки се собраа и станаа како игли. Уште еден чекори тој ќе се набуцаше на луѓето, испречени како колци. Во оваа студена напрегнатост, некој во групата се прозева со истегнато воскликнување, како да го испробува гласот пред пеење. Затегнатоста попушти, затоа што зевањето дејствуваше обично и секидневно, потсетувајќи на доцната доба. Тогаш некој, не се знаеше кој, тивко се јави:

– Задругата само лошо ќе ни донесе!

Беше сокриен од темницата и се трудеше да го измени гласот:

– Ѓорѓи треварот дави говеда, проколнува...

– А кој си ти што говориш?

Ванчо се обиде да се пробие низ групата, но селаните стоеја како да се забуцани в земја и не му ослободуваа пат. Во мракот тој некого изгази, некого остро го закачи со лактот.

– Излези, реакцијо, лицето да ти го видиме...

Се разбра дека тој не е никаков непријател, туку лично протугерот, кој неодамна со восхит стапи в задруга. Неуспехот на Ванча ги охрабри селаните и тие ги покажаа своите заби. Но тоа беше безгласна смеа, повеќе закана, отколку веселост.

– Што сакате? Или сте неми? – не издржа некој од комунистите и излезе пред групата со запалена ламба. Светлоста се растури и тие, активистите, видоа дека се обиколени од три страни.

– Сакаме да ги запалиме списоците на тие што се в задруга, а говедата да се вратат.

Комунистите го познаа гласот и со бес во очите го бараа арамијата меѓу селаните.

– Дојди да ги примиш говедата...

Тане Коларов не излезе, очекувајќи дека уште некој ќе се придружи кон неговото барање. Ванчо го пронајде и го извлече пред ламбата, ѕиркајќи во неговите рибини очи. Коларов знаеше дека Ванчо може да го стопи во своите тврди дланки, коските да му ги скрши, но мирно стоеше пред него, со дигната глава, како да ќе го клукне со својот јастрепски нос.

– Какви говеда бараш ти, ти... Никаков. Ти не си задругар и не смееш ни да пис-

неш. Кај беше да ти го чујам гласот кога те јаваа Германците?

– Пушти... – фркна Коларов и се обиде да се ослободи од неговата канџа.

– Кај беше тогаш, те прашувам? Не тргај се. Не те пуштам лесно. Другари, врзете го, ќе го дадеме на суд...

– Пушти го, не продавај овде сила! – излезе од негде второт јастреб, Пане Коларов. – Тој сам ли се буни. Прашај ги селаните, тие нека кажат сака ли некој задруга...

– Ти одби... – притрча еден од комунистите. – Вас ли секогаш ќе ве трпиме?..

Искрата се разгоруваше; не требаше многу па да вивнат во пламен сувите селски глави. Само со едно око, пијано и шашливо, месецот нељубезно гледаше на настанот во селото. Земјата се ежеше под студениот здив на ветрот и суво пукаше; дождот не ја напои, а таа, жедна, ќе ја испиеше секоја капка крв.

– Пушти го. Сите сме против задругата. Сите нас не можеш да нè врзеш... – затреперија луѓето.

Ветрот или некој од селаните ја изгасна ламбата. Мракот стана густ непросирен; само утово око можеше да види нешто пред себе. Не се знаеше кој прв почна. Болниот извик ги накостреши и двете страни. И едните и другите сметаа дека први се нападнати, а молбата – „Чекајте, дајте светлост!“ – се изгуби во многуте гласови.

Понесен од поројот на својот бес, селскиот воденички камен ги мелеше активистите, како да се шест житни зрна. Влакнестите тупаници се лепеа од некоја топла влага. „Крв!“ – се сетија, но смислата на зборот се изгуби во таа иста крв, што им удираше в глава и им го матеше разумот. Протугерот лазеше низ многуте нозе, оближувајќи ги набабрените усни со солен вкус. Исплива некако од тоа разлеано море, а кога се најде далеку од опасноста, беше слаб да го запре сувото липање, од што почнуваа болки во грлото. Нишајќи се како пијан, тој појде дома но го згреши патот; нозете го носеа кон патот под селото.

Комунистите потклекнаа; стихијата ги изгази и ја презеде власта, а таму, под голиот, наежен багрем, уште се тркалаше живо клопче од двајца до крв заплеткани. Слепи од омраза, мрак и ракија, браќата Коларови, Тане и Пане, не препознавајќи се, си ги кршеа клунчињата и се гризеа со јаките заби.

Заклучената врата на одборот насила ја отворија и ги извадија списоците. Требаше и тие да изгорат в оган заедно со имињата на задругарите, како да можеа со тоа да го сокријат своето постоење, својот злочин во оваа сурова ноќ.

Новата самопоканета власт почнуваше со безвластие. Опиени од својот прв успех, тие заборавaa дека секој грев се плаќа. И пред да затрепери пламенот во ноќта, комунистите се обидоа да дадат последен отпор.

Сега беа само тројца, скинати и разбушавени, со до болка стиснати заби.

– Селани, оставете ги списоците и одете си дома. Мислете малку. Имате жени, деца... Ѓавол да ве носи... Утре ќе дојде милиција и ќе ве затвори како непријатели... – молеше и заплашуваше во исто време Ванчо.

Разнишаниот преден заб му пречеше да говори, а со секој збор, тој цедеше и по една капка крв од удрената уста. Законите не ги поколебаа пијаните духови и тие, јаки во ноќта, му се потсмеваа. Скапата игра ги учеше на првите букви од ваквата војна – околу селото беа поставени заседи. Од шест комунисти, двајца беа затворени и ставени под стража, еден лежеше претепан во ендекот, еден побегна, а другите двајца не беа опасни. Воденичкиот камен на несвесната контрареволуција беше мрзлив да се придвижи и да ги измеле. Тоа не беше великодушност на победителот, туку повеќе скочанетост на едно огромно, болно тело, сосем незаинтересирано за скршената лекарска игла.

Дваесетте побунети селани веќе и не се советуваа што да чинат со нив, само што со некој нем договор извадија ќибрит и се стиснаа околу списоците, полеани со гасје. Заклонет од ветрот со испотени тела, пламенот затрепере во прстите на некој од селаните. Косите сенки се занишаа по земјата; изгледаше дека сакаат да се одвојат од луѓето и да се изгубат негде далеку пред новиот злочин.

– Слушајте, глави букови. Со животите си играте. Зошто ги горите списоците. Опамете се и помогнете ни да ги фатиме ороводците... Ние сме илјадници, вие сте десетина.

Тие не сфаќаа – не сфаќаа дека навистина се борат против еден огромен организам, кој во борбата за одржување се обновуваше: нечистата крв течеше од него, а меѓу таа нечиста, црна течност се давеа и тие. Пламенот ги лизна хартиите, но Ванчо притрча и го поклопи со голи дланки.

– Тогаш... и мене запалете ме. Јас не одам од ова место.

Крај него застана и другиот комунист, а селаните не ја забележаа влагата во неговите очи – солзите на беспомошен бес. Од темницата не можеа да го видат и само му го наслутија лицето, жолто и испиено, од кое се читаше тешка болест. Кашлаше како некој да дроби срчи.

– Ти, Методија, оди дома. Болен си, студенилово предвреме ќе те испрати в гроб! А и ти Ванчо, остави...

Во тивкиот глас немаше ни смеа, ни сожаление. Методија искинато залипа, а сите забележаа дека се намали, чиниш, до колениции пропадна в земја! Му беше срам, а својата слабост сакаше да ја сокрие в дланки, но липањето предавнички се пробиваше низ сувите прсти и личеше на далечно пискање на ноќна, непозната птица. Него го жалеше противникот, а тоа болеше и ја откриваше новата страна на животот: неочекуваностите носат смрт, но многу повеќе живот, пострашен од смртта.

– Палете, ѕверови... и јас ќе... изгорам... но вие... -гласот му се задуши во липање.

Некој збунето се искашла и плукна; потоа долго ја триеше со опинокот тврдата земја пред себе. Другите молчеа, не знаејќи што да чинат. Цицајќи ја крвта од разнишаниот заб, Ванчо клечеше и ги стискаше со раце списоците и тефтерите! Тоа беше последна одбрана; мускулите му беа капнат, се бореше само уште пролетерската вест. Темето, од кое му искубаа цело перче кадрава коса, тапо го болеше, а болката полека се пренесуваше по целото преморено и издробено тело.

– Море, палете... Ни ги замачкуваат очите...

Одново светна искра. Неколку побунети селани ги стиснаа комунистите до ѕидот на одборот. Сенките заигра некаква ѓаволска игра дополнувајќи го ноќниот страв. Пламенот се изви и ги осветли намуртените лица. Ни северот, ни некој друг не можеше да го изгасне...

Сè до разденување половина селани не легнаа, а другата половина, од страв или неодобрување, немо молчеа зад затворените прозорци, покриени со злокобната мантија на ноќта.

Покојниот тревар спокојно лежеше во својот гроб на кој порано луѓето заборавија. Селаните го послушаа гласот на мртвите; остануваше уште да им запалат свеќа над гробовите, покриени со суви, диви тревки.

# 15.

Уште пред да поулават петлите, околу селото беа поставени осум заседи на побунетите. Тие требаше да го чуваат селото – ни курир да излезе ни нечекан гост да дојде. Патот, што го врзуваше ова село со Јасенско, го чуваа двајца пријатели, задругарот Јове, добар човек, кажуваа, само понекогаш сакаше да излаже, и калешот џин Страхил, со три дупчиња на челото од сипаница. Тие беа на десет чекори од деветнаесетте црници, наредени во два реда како војничка чета; седеа еден крај друг и се тресеа од студ и од страв за она шо можеше да дојде. Чуваа нешто, но што, зошто и од кого, не знаеја. Едно беше јасно – ако за сето ова постои вина, тогаш и тие ќе се најдат исправени пред суд заедно со другите. Па и никој да не се замешаше... Што тогаш? Тие не печалеа ништо, освен срамен печат, дека урнале нешто свое, тешко изградено со мака и со крв. Кај јасените на сто чекори од нив, нешто светкаше. Заседата пред нив го растеруваше сонот и грижите со цигари. Пламената искра го потсети на нешто Јовета, а тој се згрбави над собраните коленици и ја потпре брадата на нив.

– Има луѓе што им светат очите како жарчиња!

– Е... – со сомнение се огласи другиот. – Кој ти го рече тоа?

– Татко ми, бог да го прости, видел...

Запалија цигари и наѕирајќи ја темницата околу себе, се наместија да слушаат – Страхил нечуена прикаска, а Јове својот глас, танок и искинат, како конец од распарана постава.

Месецот упорно стоеше над нив и онаков, како од болен заб подувен од една страна, ги ослушнуваше нивните зборови. Прикаската потече, а од неа ноќта стана уште потемна.

– Еднаш го затекнала татко ми ноќ на непознато место. Кај и да се свртиш – пустиња. Ни човек, ни куче – дури ни дрво да видиш, окото да си го зарадуваш. А тој, татко ми, јунак бил. На некоја свадба Турчин исекол со нож и после избегал в планина. Нејсе, ноќта не го исплашила. Се прекрстил и се упатил таму, кај го носеле нозете одел, што одел, наеднаш се нашол меѓу некои камења. Погледнал – кога не се камења, туку турски гробишта. Колку и да си јунак, ама пак не ти е мило да се најдеш на вакви гробишта, сам, смо со ластегарката в рака. Уште тој не дошол на себе, а она – што ќе види... На три чекори пред него, седи човек со чалма на глава и се клешти кон месечината. Татко ми го стиснал срцето и како да видел жив човек, го поздравил – „Мераба, аго! – а агата, нечистиот, ни со око да трепне. Седи со крстосани нозе, а под чалмата му светкаат очите како на црн мачор. „Нечист е!“ – се

сетил татко ми, а кога сакал да продолжи, да се тргне од проклетото место, нозете му се здрвиле, та да не може да мрдне од гробот. Како да си ги заковал за земја. Душата му се оладила, сака да излезе, а тој голта и насила ја враќа назад. Кога се присобрал малку, ја стиснал ластегарката и не гледајќи во сеништето на оџата, кинисал со крупни чекори. Тој оди, оди, нозете му капнале, а на гробиштата никаде крај да им согледа. Како во место да се вртел, боже, прости ми! Му дотегнало одењето, застанал и се свртел да види колкав пат изминал. Срцето за малку што не му изрипало од гради како пуштено пиле. На еден чекор од него – оџата... ни грам месо на него, а од коските му расне брада, позелена и од трева. „Е, па да не ме исплашиш!“ – подвикнал татко ми и го треснал со ластегарката преку глава. Дури сега работата отишла далеку. Главата на оџата летнала сто метра од сајбијата, а овој мирно станал ја дигнал од земја и ја избришал со шамија. И како шубара да клава, си ја наместил кај што била. „Ашколсум, ѓаур!“ – рекол... – „Туку чекај да ги повикам своите чифликчии...“ – Рикнал како бик, а камењата писнале и заиграле, чиниш, живи се. Туку, расправаше стариот, негде запеал петел. Што станало потаму тој не знаеше. Дента го нашле некои кираџии и мртов болен го однеле дома.

– А ти веруваш ли? – праша Страхил, дигајќи ја јаката на палтото.

– Во нечисти сили?

– Во нив, во станати од гроб...

– А Ѓорѓи треварот? – го потсети Јове; но тој и самиот го сети сомнението во својот глас.

– Мене, да не те излажам, не ми се верува... – ја совладуваше зеваницата Страхил. – Ова го измислиле жеништата. Умрел, значи го однел ѓаволот. Ни со прст не ќе мрдне веќе. Само народот го лажат.

– Па... – се засрами Јове, но не се спротиви.

Двајцата знаеја; подетинуваа да го заборават она што стануваше околу нив. Се чувствуваа како виновници еден пред друг и не знаеја што да кажат. Далечните извици на петлите ги расонија. Како во мракот да е истурено котле со млеко, исток побелуваше.

– Стра’иле! – се збуни наеднаш Јове. – Ќе ме истераат ли од задругата?

– Што збориш?.. – откосо го погледа Страхил. – Та задругата е растурена! Ја нема, како и да не била!

– Тогаш ќе нè затворат сите. А веруваш ли – во тепаницата рака не кренав. Две имам, да ги немам ако те лажам!

– А зар јас некого сум удрил? – побрза Страхил.– Ќе се заколнам во четирите дечиња, ако ме извадат на суд. Тоа Коларов и другите го сторија, нив нешто им дотегнало.

– Ќе нè судат, Стра’ле... Ќе нè судат за ова...

– Зошто, та зар само ние сме виновници? Ние никако зло не сторивме. Ако прашаат, ќе кажам. Нападнаа – Љубен, Коларови, Стојче, протугерот... А?

– Така е. Ќе кажеме. Што е право, право е.

– Планината ја покри магла, тревата иње. Од негде гракаа невидливи гаврани; гласот им беше темен како ноќ. Како да бара нешто, на неколку чекори од нив одеше Борјанка. Ја видоа и им стана незгодно – лицето ѝ беше жолто и испиено.

– Еј, Борјанке, врати се. Заповедано е никој да не излезе од село.

Борјанка послушно се врати, а тие и самите се зачудија; не знаеја чија е таа заповед и зошто ја исполнуваат. Во нив се бунеше крвта на дедовците: она што им го оставиле на потомците да се зачува со меѓа, со таа бесплодна бразда, која е повеќе несреќа отколку радост.

– Боса е... И ги виде ли очите?

– Мм... Тоа е кај нив наследено, баба ѝ се помери, а и дедо ѝ не е токму.

Намуртени како да се срамат еден од друг, од кај јасените се враќаа двете први заседи.

Страхил и Јове станаа и палејќи ги последните цигари, појдоа кон селото.

Тогаш, од зад една од деветнаесетте црници, се извлече човек и појде кон Јасенско да побара помош.

За тоа време, две момчиња од селото брзаа по нерамниот друм кон градот, да ја известат власта.

## 16.

А кога стивна пламенот...

... под танката покривка на пепелот, догорените гламји полека тлееја. Како што се крие змија отровница кога смртно ќе уапе човека, така се губеше пред сивиот ден огнот на побунетите селани. Ноќта полека се разредуваше, а во магленото студенило вжештените глави полека се разладуваа. Виновниците се повлекуваа по своите куќи, но срамниот злочин, црната дамка, сред изгорената земја потопена со крв, остануваше зад нив. Ова огромно киклопско око гледаше со својата мртва црнка во искршените прозорци на зградата, како страшен сведок за фуртуната што продува преку ноќ. Сè беше брзо готово; селаните ги позатворија колективизираните говеда, – секој во својата штала, а задружното сено го разделија и, како да се кријат еден од друг, веќе не се погледнаа.

Повлечените заседи ги дочекаа на средсело две полни котлиња. Селаните молчаливо стоеја и ја поземаа жолтата лејка еден од друг, сакајќи да ја потопат својата грижа во лутата ракија. Пиеја долго и со затворени очи, како да пијат вода. Студениот ветер ги полнеше со нечистотија калаисаните бакрени садови, правта крцкаше под забите на луѓето. Низ нивните смрзнати мускули се разлеа полека топлина и им ги распали неспокојните души. Тивко, неочекувано, во нив се разбуди непознато чувство – самоужаленост од она што идеше како црн облак. Беа виновни и ослушнуваа – жената на претепаниот комунист, кој лежеше крвав во ендекот, болно ги преколнуваше своите душмани. Стиснати околу неа, нејзините три дечиња липаа над својот родител. А пред школата, во која беа затворени другите комунисти, стражарите се расправаа со жените што им ги кинеа кошулите и ги колнеа, низ солзи и тешко липање.

Во таа страшна ноќ, со селаните владееше некој невидлив; заповедите брзо се пренесуваа од уста до уста и уште побрзо се исполнуваа. Настаните се замрсија како расфрлени конци. Не се знаеше кој е вистинскиот виновник, а стравот дека сите ќе бидат наредени пред лицето на судот, сè повеќе ги потресуваше. Котлињата со ракија се испразнија, а јазиците полека се разврзаа. Страхил ја превртуваше во своите раце празната лејка и често шмркаше со затнатиот нос. Црвената веѓа, остра како клин, му се качуваше високо, збирајќи ја сувата кожа на пропаднатата слепоочница, по црните поткастрени мустаќи му се лепеше утринската есенска влага, а усните како да се плашеа од студот, силно беа впиени една во друга. Покус за една педа од Страхила, Јове стоеше со сведната глава и кришум погледнуваше кон него. Наметните очи му беа полни со грижи. Гласно говореше и сам себе се прашуваше, а одговорот на неговото прашање го бараа сите: Вистина, кој прв ја почна војната и зошто? Им се доближуваше песна, а тие ја пречекаа намуртени како да слушаат покопна молитва. Од далеку јачеа нескладно три тенори и два

баса – кој в клин, кој в плоча. Како запрегнати в јарем, тенорите ја влечеа песната на три страни, а басовите тешки и груби, ползеа бавно по нив, со некоја потсмешливост – сигурни дека тие нема да им избегаат; во тоа меѓусебно недоразбирање, петте гласови скокаа преку нерамниот селски пат и се грабаа да истрчаат еден пред друг. И наеднаш, како да се откачил од затегнати узди, еден од тенорите писна и високо полета. Другите гласови како да ослушнуваат, се притаија. Тенорот трепереше над селото и ’ржеше како младо сватовско коњче:

Бабо ле, жална печална,

што јунак си одгледала,

алал да му е млекото...

Другите тенори брзаа по првиот, да го стасаат, да го вратат на ред со себе. Нивниот галоп ги плашеше птиците, ги збунуваше децата, ги чудеше селаните. Но тие, гласовите, живееја само за себе и грабаа напред:

Додека ти го најдовме,

девет планини минаве...

Првиот беше веќе далеку отиден и свесен дека е недостижлив, со потсмешливост, полека, во некоја своја великодушност, заостануваше:

... Додека ти го фативме,

девет сејмени паднаа...

Пред крај се сложија, се поредија, братски се згуснаа и појдоа сите наеднаш, да го докажат она што беше кажано уште во почетокот:

Бабо ле, жална печална,

алал да му е млекото...

Кон селаните се ближеа браќата Коларови и уште некои други и пееја, како да сакаа со пеење да го совладаат стравот. На оние, собраните околу котлињата, веднаш им стана јасно; распеаните селани се враќаа од кај јасените.

– Ех! – скрцна со заби Страхил. – Некогаш песниве ги пееле кумити, а сега пијани неранимајковци.

Немо ги пречекаа, а овие веднаш се набраа околу котлињата и се наведнаа над нив, од влажното дно ги гледа смуртени лица, соочи како кај згазнати жаби. Исце-

дија малку ракија во лејката и ја поделија, а потоа еден од нив се пофали:

– За инает на јасеновските голтари и ние стругнавме две стебла!

– Јасените што ви се вам виновни? – го прекори Јове. – Почнавте нешто многу да збеснувате.

– Затоа што тие поткастриле уште две стебла. Отсега така ќе чиниме – а тие зло, а ние по нивни пат, па да видиме кој прв ќе попушти. Останаа уште два јасена. Нека ме јадат мечки ако тие не ги исечат.

Мерејќи ја в раце тежината на секирата, Тане Коларов дувна низ широките ноздри:

– Море, требаше да им го видиме чарето и на овие две дрва, туку сте се заинатиле – не, па не! Уште ноќва вошкарине ќе го соголат патчето, крвта нивна...

– Тебе, Тане, ум не ти иде в тиква! – се намурти Страхил. – Брат ти тукушто стана од нивна секира, а вие готвите нови кавги. Јас за дрвата би ти удрил една глоба, па да се чудиш што те снашло...

– Ти на жена ти удри ѝ глоба, а гледај јас да не те удрам...

– Кого ќе удриш? – му светнаа очите на Страхила. – Раката ќе ти се исуши...

– Остави го, Стра’иле... – го фати за ракав Јове. – Пијан е!

На селската широчина се собираа сѐ повеќе луѓе, се делеа на групи и бараа еден од друг објаснение: Што ќе стане со нив ако на власта не ѝ биде право за урнувањето на задругата? Околу нивниот разум се плеткаше пајажина на сѐ нови и нови прикаски. Низ селото поминал издрпан човек и молел за корка леб. Го прашале од каде е, а тој со солзи во очите објаснил дека е од некоја задруга. Лошо било, младите избегале в планина. Пред очите на селаните оживеа слика... Планинско село со расфрлани камени куќи... Пустош, како по колера... Крцкаат вратите на напуштените домови под ударите на ветрот, жално квичат прегладнетите кучиња... Штрбавите старци седат крај котлето со корења, гледаат во пламенот и плачат...

Во тоа време ги пуштија и комунистите. Блед, со натечени усни, кон селскиот плоштад се нишаше Ванчо. Селаните стоеја и се правеа како да не го забележуваат неговото претепано лице, но чувствуваа – сјајот на неговите очи ги печеше. Тој застана меѓу нив, со сведната глава и стиснати тупаници. Гласот му беше засипнат и туѓ.

– Што е? Ви се оладија ли главите?

Молчеа како виновници и шмркаа, барајќи прошка во неговото зборење.

– Било што било, нека ве носи ѓаволот. Непријателите ние ќе ги дадеме во суд, а вие, кои сте задругари, одвојте се... Ќе одржиме конференција...

– Каква конференција, Ванчо? – некако тажно му се обрати еден задругар. – Па задругата веќе ја нема. Списоците ги запалија, говедата ги разграбаа. А за мене ни една рака сено не остана...

– Те прашувам – сакаш ли да останеш в задруга или не?

– Па... сакам! – се посрами тој. – Ако е така, тогаш..

– Одвој се настрана. Другари, оние што се за задруга, нека застанат на онаа страна. Реакцијата нека остане сама па да ѝ го расплачеме мајчето.

Се колебаа; меѓу нив се криеја двајца одборници, не смеејќи да го погледаат Ванча. Еден кусоног црвеноглав селанец не издржа:

– Што нè тераш ти сосила како овци. Не сме улави да гладуваме. Ни ги матите главите – те Лазарополе, те Дихово, те оваа, те онаа задруга. А нивните задругари питаат по селата. Гладни се како чавки. Голем аир видоа, си ги дадоа нивите и говедата, а сега се голи, ни пес нема за што да ги дрпне...

– Така е! – прифатија. – Денешнава слобода сме ја спечалиле со крв, а сега што – да се заробиме в задруга...

– А ти разбираш ли? – се стемни Ванчо. – Задругава ја правиме да ја победиме гладта, луѓе да сме, сè да имаме... Тоа е нашата слобода.

Разговорот се прекина – како да си ги голтнале јазиците, луѓето немо ја гледаа чезата од соседното село. Гризејќи ги уздите, испотениот коњ застана, а од чезата изрипаа Дане и Ефтим. Ги пречекаа намуртени погледи; непријателството помеѓу двете села, почнато уште пред неколку години, пак ги возбуди. Сега, кога на селото во агонија му стигна првата помош, присебноста на Ванча попушти. Ги склопи очите и се напрегна да се сети. Сто тоа почна пред неколку дена. Еден од задругарите -кој ли беше тој? – го копаше компирот зад својата племја, накривена како бекриска шубара. Не гледајќи пред себе, тој мавташе со копачката и го сокриваше потсмевот под мустаќите. Неговите итри очи, две парчиња остар челик, го режеа Ванча преку чело. И сега му е чудно како тогаш не го забележа потсмевот во неговиот глас. „Ој, Ванчо.. Стануваат ли мртвите од гроб? Или не е за верување, а?“ – А во дворот, крај напукнатото црвено корито, нешто стоеше. Пес или човек. Не можеше да се сети; мислите го понесоа на десетта страна. Крај него сè се заниша, стана бледо и нејасно, само што оддалеку доаѓаше неразбирливиот грлен глас на јасенчанецот Дане. А тие лути, искинати зборови се изгубија во ви-

котницата на луѓето. Некои дури и го пцуеја неканетиот гостин. Рацете на Ванча бара по воздухот нешто на што ќе се потпрат, а нозете – тие како да беа залепени за калта; се бореше со сета своја внатрешна сила, да излезе од оваа јама и да се врати меѓу селаните, да убедува и со победа да го покрие срамниот настан. „Еден побегна. Кукавица, надвор од Партијата". Го стискаше со јазик разнишаниот заб, а болката што се протегаше до самото око, му ја враќаше свеста. Во таа полуобесвестеност ги принесе прстите до устата и како со клешти го стисна забот. Устата му се наполни со солена топлина. Токму тогаш стигна и последната резерва на противниците. Не ги виде туку ги чу нивните високи гласови. Говорливите селанки беа на страната на своите мажи и се збираа зад нив, вливајќи им храброст да му се спротиват на оној со ковчестите вилици. Му се стори дека од нивните гласови не би се чула ни црковната камбана. Затоа што сакаше да знае кој говори, не можеше да ја разбере смислата на зборовите. А тие, жените, се грабаа секоја да каже што повеќе.

– Ти оди си кај твоите јасенчани, а нас не соли ни ум...

– А вие сте ми мажи, не знаете да го натепате...

– Божине, ој Божине... Прашај го што татка бара од нас...

– Јасените ги сечете, нашите ги тепате...

– Море, Ѓорѓи треварот е за нив. Да му ги видиме петиците...

Лево од нив се формираше нов фронт, на тие што беа против побуната и безвластието. Малку беа и засега само молчеа. Повеќето кришум гледаа низ матните прозорци на своите куќи. А помеѓу побунетите и нивните молчеливи противници, нерешително стоеше протугерот, со голема гребаница на челото. Тивко и полека, делејќи ги зборовите еден по друг, Дане нешто говореше, а жените, една по друга, незабележано стивнаа.

– ... секако не знаете. А таа ваша контрареволуција се пои со наша, народна крв. Против кого вие сте станале? На кого дигате рака? На се-бе! И во нашето село, другари, имавме непријатели, што ни пречеа да одиме по чист пат. Ама, луѓето кај нас беа свесни. Како еден застанаа да ја бранат задругата. Па ај сега, нека дојде некој да ни го земе лебот! Пепел ќе го направиме, ви велам, ќе ја исчистиме нечистотијата од нашите села, ќе ги стиснеме виновниците за гуша...

Дане како да се мачеше да ископа од своето сеќавање уште нешто; ги стисна забите и само за миг ја сведна главата, а веќе жените тоа го исползуваа. Нивниот фронт се залелеа, луто забрче, проколна и ги избута мажите од пред себе, а тие, натуштени и подивени, го обиколија говорникот. Мавтаа со долгите раце, го дрпаа за широкото палто и еден од друг не се слушаа. Се замеша и Ефтим, но некако грубо и непретпазливо, а тоа уште повеќе ги распали жените. Тогаш, неочекува-

но, некој фрли камен кон дојдените. Дане се заниша и го покри лицето со дланка. Низ ковчестите прсти му се провлече црвена нишка, се лизна по сувата, стврднатата кожа и капна на земјата. Жените исплашено отстапија, мажите се засрамија. Од оние што молчеа, со омраза загледани во побунетите селани, се одвои сипаничавиот Страхил и се упати кон Тане Коларов.

– Пак ти, војводо! Што нужда имаше да фрлаш камен? Гледај, главата му ја расцепи!

-Ти виде ли дека јас го фрлил каменот?

– Дали видов? Како да сакаш будала да ме правиш!

И за првпат на Тане му се случи нешто, што дотогаш никој и не ќе помислеше. Петте прсти на Страхиловата рака оставија пет модрикави пруги преку лицето на кавгаџијата. Жените први се сожалија. Првпат тогаш како да забележија дека Дане е без една рака.

– А, мамето, ќе ви дојде црн петок... – беспомошно шушкаше Ефтим, преврзувајќи го Данета со нечиста крпа. – Чекајте, чекајте..

– Остави ги, Ефтиме, – го прекори Дане. – Да не распалуваме нова омраза...

– Еј, гледајте... – исплашено покажа некој кон патот. – Со тенк одат на нас.

– Војска... – плачно прифати друг, а очите му се искокорија како меури на тесто. – А јас ви говорев -немојте, луѓе... Не слушавте еве до кај ја дотеравме работата. Сега и топови да ни свртат кон селово, еден за семе да не остане, пак ќе се прави... Гревот ни е голем...

Како овците што премираат пред волк, така и тие стоеја и чекаа да им се реши судбината.

– Лажеш, ти, Митруш! – рече некој и на сите им стана полесно. – Тоа не е тенк. Тоа е нешто друго...

– Трактор. Сум видел на слика!

Црвената машина подрипна преку јамата пред плоштадот, закашла и застана. Од неа слезе Доксим и појде кон селаните. А кога го виде раскрвавениот Дане, побеле в лице и не се задржа; сите го чуја неговото пцуење, но никој не се налути. Црвениот трактор го привлечуваше сето нивно внимание.

– Има петстотини ока! – го измери некој од око.

– Има и повеќе. Сиот е од железо.

– Далеку дотерале голтарите. Со машини ораат!

Кога Доксим му пријде на Тане Коларов и му заповеда да остане тука додека не дојде милиција, никој не се спротиви. Еден дури пријде и предложи:

– Да го врземе. Јас сум претседател на одборот.

Сега, по сето ова, некои од побунетите селани се каеја и се колнеа дека ќе се борат со секој непријател на задругата.

Вечерта сета работа се среди. Деветмина беа затворени, а единаесет предвидени за исклучување од задругата. Од таа вечер веќе во селото не закукурига кокошка и не мина низ сокаците Ѓорѓи треварот. Никој не забележа -во црните очи на Марка светна некое чудно задоволство. Таков радосен сјај гори во зениците на оние луѓе, што направиле нешто големо...

# ТРЕТ ДЕЛ

## 1.

Ветрот просто поулаве; стивнуваше, се враќаше, удираше од југ, од север, се смируваше, а потем одново ги виткаше гранките на двата преостанати јасени, плашејќи ги наежените чавки.

Вечерта, небото се разведри и онака збунето и молчаливо ја пречека запалената топка. Лежеше во далечината месецот и ги плашеше со безобличниот лик селските деца. Луѓето замислено го гледаа, а старците и безработните баби прорекуваа со набожен шепот дека не е на арно – „Претскажува на зло црвеноглавецот!"

Месецот разбудуваше најразлични спомени кај луѓето; тие стоеја пред своите куќи, зјаеја во неговиот пламен, паѓаа во тешки мисли. Како што напролет се мешаат најразлични селски мириси, така во оваа  вечер се мешаа чудни чувства – мечти, патила, жал, надеж. Само Усни како да не го забележуваше крвавиот ноќен фенер. Од некој крај на селото циганскиот груб глас ги покриваше другите шумови. Никој не можеше да го види, како да не постои, а сите со молчелива збунетост во душите, ја слушаа онаа песна што во свое време тој ја научил од некој печалбар, ѕидар, со кој пред десетина години работел в град.

Луто се Осман налути,

излезе горе, в планина...

Прикаскатa за арамијата Осман, кој засакал каурка, се слизна над влажните ќерамиди и се сплетка во пајажината на ноќта. Циганинот како од срцето да ги цедеше зборовите. Ѓавол би знаел не ли имаше во неговиот глас и некоја горка солза за жена му, спрема која, по разговорот со Дане, стана повнимателен. Тоа како да не беше песна, туку болен извик на некој што се враќа во четирите ѕида на пустиот дом.

Потпрена на прозорецот, Костадинка тажно гледаше кон гигантската сенка на Беласица. Не ли ја потсетуваше Османовата судба на некој, нејзин, близок до срце, кој сонува во планињето за својата непозволена љубов? По нејзините образи се лееше млака влага и таа беше збунета од ненадејното сваќање – секој човек ја носи својата судба на жилавиот грб, а таа судба тесно е врзана со судбите на другите

луѓе, како поодделна алка на синџир. Ако се разбере еден ден за нејзината грешна љубов, животот безмилосно ќе ги здроби со својата тешка стапалка мечтите на Бориса, иднината на двете нејаки деца, љубовта на бегалецот и нејзе.

Ослушнуваше и Стојан, а тагата за изгубениот син просто го стискаше за гуша. Тој полека ги растоваруваше дрвјата од ситното магаре, ги редеше под лозницата и ситното магаре, ги редеше под лозницата и под веѓи го гледаше месецот. Долги години неговите очи не беа го виделе ова чудо, животот беше преполн тајни, а тој не можеше да им го догледа крајот. Може да се случи црвенава топка да прсне искри како гламја и да изгори сѐ околу себе.

Начичкани на отворениот прозор, нејаките чавчиња на Ефтима гледаа во тоа црвенило и се радуваа за нешто, како пред нив да стоеше тркалезното лице на татка им, сцрвено од студ. Сета содржина на оваа ноќ беше во месецот и во бавната песна на едноокиот ковач. А ако некој минеше крај куќата на поп-Ивана и се притаеше малку до оградата, ќе можеше да чуе и други песни. Од шушкавата грамофонска плоча се слушаше машко-женски глас, кој како да ѝ се потсмеваше на попадијата со туѓи смешни зборови. Таа седеше, со богобојазливост загледана во црната кутија полна шумови. Сиротата одамна сакаше да го праша попот зошто му се питомите зајци што ги множи, но молчеше. Ако поп Иван сам не ѝ каже, таа нема зошто да постави прашање. Божји слуга е најпосле, знае што работи. Крај попадијата седеше глувата Трпана, валкајќи во штрбата уста тврда, ’ржена корка; којзнае што мислеше – на изгубениот син или на безбожноста на селаните. Тој ден еден вод војници ја преора Беласица, но Апостола не го најдоа. Се поверува дека никаквецот го одвеал ветрот далеку зад граница.

Гореше месецот како големо надгробно кандило, ползеше песната на Усни по тврдата земја...

Еден ден пред тоа, некако околу пладне се врати од војска Фидан Оканица, помина гордо низ селото и со војнички чекор се упати кон куќата на татка си. Од радост за синот, Мерџана се исплака, а Панко збунето се искашла, го одмери сина си и без збор се изгуби негде. А пред вечер се обиде да му објасни на Фидана дека не ќе спие во она сопче во кое порано спиеше, туку во гостинската соба, во која, како прст на гревот, штркнуваше од рамниот ѕид голем, црн клинец, на кој некогаш висеше сликата на бугарскиот цар. Фидан не се реши да го праша татка си за таа измена, а на неговите прашања мајка му не смееше да одговори; кога Панко нејасно ѝ се довери дека го крие Апостола, таа во крст се заколна дека ќе ја чува тајната.

Фидан беше роден син на Панко Оканица, лика-прилика негова: долг во нозете, сплескан во лицето и итар како лисиче. Дента пред да изгрее крвавиот месец, исползува час кога Панко отиде негде и ги собра сите клучови од куќата. Долго се мачеше да ја отвори рѓосаната брава зад која се криеше тајната на татка му, но ни еден од клучовите не се фати. Најпосле се сети; најде некаква жица и ѝ го

свитка врвот. Како крадец, полека се доближи до заклучената врата и клекна на колениции. Прстите му затреперија и тој со мака го завлече челичниот врв во бравата. Стенкаше, долго ја вртеше жицата, а кога чу дека отворот крцна, со мака го сопре радосниот извик. Вратата беше отворена, а тајната го очекуваше и му го сопираше здивот. Се исправи, се обѕирна околу себе и кога виде дека е сам, ја стисна студената квака. Вратата бесшумно се отвори, а внатре го пречека неизвесен полумрак. Зачекори полека и уште не дојде на себеси, нозете му се потсекоа.

– Влези, и ни збор! – чу и до лудило се исплаши од нејасното лице на тој што стоеше до ѕидот, веднаш до вратата.

Човекот го фати за рамо и го повлече во сопчето и Фидан, пред да разбере нешто, чу дека зад него се затвори вратата.

– Јас сум Панков... Фидан, Фидан ми е името... – се сети, обидувајќи да не гледа во зинатата пушка, но гласот го оставаше; стравот му ја поткопа смелоста и му го здрви јазикот.

– Што бараш овде? Те прати ли некој – праша другиот, гледајќи го некако одгоре, а на Фидана му се стори дека неговата глава се издолжува и го потпира сивиот напукнат таван.

– Никој, никој... Јас сам... – заофка, распознавајќи го смрзнатото лице. – Јас, другар Апостоле, сакав...

Апостол се исклешти и му ја допре студената цевка под ребра.

– А-а! Другар Апостоле! Значи јас сум „другар“, како да сум од одборот, а? Еј, тешко си го на татка ти. Говедо раснел...

Фидан занесено ја виткаше жицата со треперливите прсти и неповрзано шушкаше:

– Зошто? Јас не мислев... Јас не можам... Ќе одам...

– Ќе одиш? – се насмеа Апостол. – Сакаш и вратата, можеби, да ти ја отворам и да те благословам? А кај ќе одиш? Да не те притерало? Седи со мене, ќе си поразговараме.

– Не, зошто? Јас само вака... – ја наведна главата Фидан. – Јас нема да кажам...

– Седи тука и не цвркај ми. Или сакаш главчето да ти пукне?

– Зошто, кукава е наша!... – очајно писна Фидан. – Ти не можеш да ме тераш да останам.

– Молкни и не лути ме. – остро заповеда Апостол. – Ќе го почекаме татка ти.

Фидан се залепи до ѕидот и така го искриви лицето, што Апостол не издржа и на глас се насмеа.

– Па ти и ќе плачеш уште! Ништо, ништо. Седни, брате на столов... Повели, има и ракиичка, и туршиичка, и тутунче. Пиј, весел младоженику, играј... Штом денес не ти ја дупнав главата, сто и едно годинче ќе живееш...

Задржувајќи го липањето в грло, Фидан падна на столот и ги обеси рамениците. Не му беше тешко да разбере дека татко му носи некој грев на душа и дека војува со задругата. Му стана наеднаш жал, но зошто и спрема кого не можеше да разбере. До вчера живееше безгрижно – ги штипеше момите, криеше тајни, свои и на врсниците. А сега, наеднаш, дојде од војска и рамно пред туѓа пушка застана, тој, Фидан Оканица, што живеел три години во голем град, на трамвај се возел, во зоолошка градина лав со свои очи видел и научил да разглобува дури и митралез.

– Мене не ми се седи... – се заниша на столот, како да сака да стане, но безмилосниот поглед на Апостола го здрви.

– Не ти се седи? Добро, тогаш стој. А за да ни мине времето, исповедај се. Како е во војската? Тепаат ли капларите?

– Па, не тепаат. – Се згрчи Фидан. – Нема каплари...

И којзнае зошто, почна да преде мачорски и да расправа за водникот, кој, додека се облекувал, згмечил во чизмата глувче. Кога скрцка надворешната врата, тој се згрбави и молкна во исчекување. И двајцата ослушнуваа: чекорите прво се изгубија, а потоа пак се вратија. По кашлањето познаа кој е и на двајцата им стана полесно. Некој чукна три пати.

– Влези!  – викна Апостол. – Отворено е.

Оканица влезе и зачудено погледна во сневеселениот син.

– Што сакаш ти овде? Кој те пушти?

– Не лути се. Си играло детето. – Се потсмевна Апостол. – Сам отклучи, сам влезе. Има нос да подуши каде што се крие... Арен е за овие.

– Кој те пушти, те прашувам: – се заниша Оканица, како да ќе падне преку намаленото тело на виновникот.

Фидан не одговори, а татко му со остро движење го истрга широкиот кожен ремен од панталоните, ги наполни градите со воздух и замавна. Апостол спокојно

стоеше крај прозорецот, и ја милуваше студената цевка на пушката, а Панко стенкаше, се кривеше во лицето, замавнуваше; маслосаниот ремен се лепеше за сина му, сегде – преку грбот, рамениците, свиткани тил. Тој го криеше лицето во дланки и жално квичеше. Така на мраз квичат недораснатите кучиња.

– Доста му е, Панко, – се смилостиви Апостол. – Не ќе му текне да го брца носот в оцет.

Како да се разбудува, Панко ја задржа дигнатата рака во воздух, и ги свртe скрвавените очи кон Апостола. Усните му беа впиени една во друга, а бледото лице му се посипа со темни дамки.

– Што? Што рече ти?...

– Велам, доста му е.

– А... Ќе ме запамети тој мене. Не ќе му текне веќе...

Кога изгреа крвавиот месец, Панко собра во гостинската соба десетина гости, да го прослави враќањето на сина си. Стиснати еден до друг, гостите и домаќините, седеа околу тешката маса, мрзливо џвакајќи туршија. Помеѓу попот и кумот Марка штркнуваше Фидан и со сенка страв на лицето кришум погледнуваше во татка си.

– Вистински сокол! – се восхитуваше попот! – Ех, Панко, да ти е жив. Волк би удавил! Гледај го...

– А ти, дедо, кажи нешто за ова! – помоли Темелко, кој одлежа една година за сокриено жито и за уште нешто. – Месецот како заклан ми се гледа!

Поп Иван го погледа неговото сурово лице и скоро се задави со недоџваканото краставиче.

– Па има нешто. Јас трипати сум видел вакво чудо. Секогаш по тоа на луѓето паѓала несреќа.

– А и сега ли, дедо? – тромо, како да му се залепиле усните, праша Темелко.

– Божја волја... – ги собра попот широките раменици. – Да улам на бога не чини. Живи сме, ќе видиме.

– Велиш,  трипати? – му ја наполни чашата Оканица. – Па, кажуј, попе, кажуј...

– Море, се заборавило веќе... Зар вчера било? – и ги подигна широките ракави на мантијата... – Првпат кога крваво проплака месечината, бев дете. Вие сите сте

помлади, не паметите. Има веќе накај седумдесет години. Каков што го гледате вечерва месецот, таков ист сум го видел на свои шест години. Само уште поголем и покрвав. Цело село да збереш, оро на него да разврзеш. Ама кому му било тогаш до оро? Луѓето онемеа. Од страв дури и мачките се здрвија. Глувче за опаш да ги дрпне, не, можат да го фатат. Изгреа месецот тогаш, од онаа страна, од кај Бугарија. Стреите поцрвенеја од него, а тој гази по земја и ги гмечи дрвјата под себе. Целата река ја испи со својот оган, а од мртви, изгорени риби, куќа можеше да соѕидаш. А утредента, несреќата така ги замелуши луѓето, што гревот не можеше да им се гледа. Прво удри град, крупен како желка, потоа облаците истурија седум милиони оки вода врз селото. Кај и да се свртиш – вода. Само оџаците ѕиркаат од неа, а на нив се начичкале луѓето како жаби. Оттогаш и остана мочуриштено...

– А јас молепствие би направил, ѓаволот би го напикал во глувчешко дупче. – Вресна едно живо човече, со нос како чушка обесен над малата уста.

– Правеа и молепствија, – којзнае зошто строго ги погледа попот. – Не помогна. А се накоти злото по земјата, а господ веднаш абер ни праќа. Еве ти крвава месечина, а ти сега мисли.

– А вторпат? – праша Марко. – Вторпат што стана?

– Вторпат ли? Е сега кој ќе памети...

– Прикажуј, прикажуј, попе... – го молеа, а тој полека ги џвакаше краставиците, како да се плаши да не ги искрши забите.

– Вторпат... Е, не дал бог да се повтори... – се заниша попот. – Султанот турски, гробот да му се сотре, беше насобрал војска, сè јаничаришта. Од Стамбол до Унгарија наредени. Земјата поцрнела од нив. Помнам, раскажуваа – тоа башибозукот се отправил преку море, Арапите ли, Јапонците ли, не знам кого ќе покорува.

– Арапите, Арапите... – се замеша носестото човече и потскокна од столот. – Тие Арапите, јас сум ги видел. Црни се како ќутуци, со волкави алки на ушите. Жими свети Илија, тие луѓе јадеа. Ковчињата ќе им ги изгризат, како на јагниња...

– Сè ти живее на овој божји свет! – му светна златниот заб на некогашниот дуќанџија Васил. – Тоа од сонце се такви. Кај нив нема ни зима ни ноќ.

Попот ја зеде чашката, но како да се сети нешто; ја остави полна пред себе и ги дигна густите веѓи.

– Кинисале Турците по непознати патишта. Тие одат, кога по едно време – ги фатила ноќ; со прст да си им брцнал в око, не ќе можеле да те видат. Кога наутро, султанот што да види. Целта војска му пропаднала в дол, а долот без дно, како дупнат котел. Тие оделе, а не забележале – стасале на крајот на земјата и само

поѓале!

– Слава ти, господи и света Петко утрешна! – се прекрсти некој. – Има и такви работи...

– А земјата нема крај. Таа е како топка, тркалезна... – ја издолжи шијата Фидан.

– А ти си ја видел ли? – го пресече Панко. – Си стасал ли до крај на земјата?

Попот строго мрдна со мустаќите и ја собра брадата в дланка.

– Ти, момче, како најумен да си меѓу нас. Штом толку знаеш, прикажувај да те чуеме. Земјата е тркалезна, значи, а оние под нас со главите надолу живеат? Живеат ли така тие, а? Ајде...

– Не му земај за кусур... – му се заврте Марко. – Млад е, уште му е мека главата.

– Не, не... Нека ми каже тој мене – живеат ли луѓето со главите надолу? Зошто јас ваква прикаска и од други безбожници сум чул.

– Не знам. Така сум чул... – се испоти Фидан, а големите уши му се сцрвенија.

– Кога не знаеш, не говори... Слушај ги постарите. Тие преживеале еден век, белки повеќе ќе знаат од тебе...

Попот беше прекинат во своето раскажување, а тоа го онерасположи. Како со ножици, Фидан ја пресече нишката што го врзуваше со некој друг свет, измислен – а пак за него вистинит. Тој, слугата господов, беше еден од оние луѓе, кои измислуваат до самозаборав, а потоа – полека почнуваат да веруваат во своите лаги. Таквиот човек долго ги носи во себе тие лаги, ги дополнува, ги преприкажува, а тие што ги слушаат многупати ги примаат како вистина. Таквите луѓе се заборавени од светот и затоа нивните прикаски се скалила, по кои се искачуваат до херојство. А херојството е во тоа што нив ги слушаат луѓето со внимание и љубопитност. Ако тогаш, кога прикажуваат, некој покаже недоверба спрема нив, тие до болка се навредуваат и долго ја чуваат во себе таа навреда. Затоа сега попот ги стисна забите, а од присутните никој не се обиде да го потсети дека тој треба да раскажува и за третото крваво изгревање на месецот. Седеа, обвиени со синкав тутунски чад, и молчеа.

– Тоа задругата ни го донесе... – се сврте Темелко наеднаш кон попот, но овој, полудив од навреда, не можеше да разбере што донела тоа задруга.

Присеќавајќи се дека му ја затворија меаната, Васил жално ја заниша главата.

– Лошо време, домаќини, лошо... Од лошо е полошо. Треба малку да го послушаат

гласот на народот, а не само грабат. Те дај, па дај, те не знам сè што не ќе им текне. А зошто да го храниме градот? Зошто и тие не го стиснат малку ралото?

– Прав си, жими господа, прав! – одобри човечето. – Ние без градот ќе можеме, а тие нека се обидат без нас. Кожа и коска ќе станат. За леб ќе умрат.

Домаќинот тажно ја погледна празната чинија, во која пливаше допушена цигара и некако се разжали на себе.

– Ние сме виновни. Зошто им даваме леб? Кога ќе се рече откуп, ние само и жените што не си ги ставивме на кантар. Помеки сме од памук.

Сите, освен навредениот поп, се согласија со тоа. Седеа некое време молчејќи, а потем зеваницата почна да се лепи од еден на друг. Разговорот се кинеше, а во нив се раѓаше нејасен страв од нешто непознато.

– Па време е... – се исправи попот, а по него и другите се занишаа. Панко млитаво ги покани да останат, но ни тие го послушаа, ни тој пак веќе ја повтори својата желба.

Кога гостите се растурија секој на своја страна, домаќинот, син му Фидан и Марко го продолжија разговорот кај Апостола. Нивните сенки, издолжени до ламбата над која се стискаа, ги поклопуваа ѕидовите, удираа во таванот и се виткаа не можејќи да ја пробијат стреата.

– Па како е со агитацијата? – со лажна љубезност праша Апостол. – Ќе дигаме ли востание? А ти, куме, како си? Ти ја вади ли душата на сон Стојановото момче?

– Зошто мене? Јас не бев сам! – исплашено погледнувајќи во Фидан, се збуни Марко. – Јас се бранев, бев нападнат.

Разговорот незгодно појде како преку коприви, а Оканица се обиде да го врати на права врвица, знаејќи дека Апостол ќе се подбива со нив.

– Овие што беа кај мене би биле со нас. Треба нешто да направиме, да почнеме од негде.

– Ќе можеме ли да направиме четичка за напролет? – праша Апостол; тие го сетија отровот во неговите зборови.

– А од каде ни се нас пушкомитралези и кој ќе ги разглобува? – се ослободи Фидан, и храбро, некако наметливо, шмркна.

Апостол прво зачудено го погледна, а потоа гласно се насмеа:

– Види го ти синчето! Сакаш ли и тоа да ти дадеме?...

„Се всели како човек пред смрт!“ – се стемни Оканица и гласно додаде:

– Остави го, Апостоле. А ти молчи и не брцај го носот во сè...

Замислено штипкајќи се за уво, како да не го забележува потсмевањето на Апостола, Марко студено расправаше:

– Пушки ќе се најдат. Може има и закопани. Само, мислам, и другиве села да ги подбуцнеме. А после и земјата, што ни е земена, да се врати. Вака само во едно село, не оди. Ете, кај нас...

– А ти како го приготви тоа? – се заинтересира Апостол. – Сам ли?

– Долга е таа прикаска... На рака ми одеа и други. Па и некои задругари. Јас само ја запалив борината, а други ги попарија прстите. Дури и не знаат за мене...

– А ако те поткажат?

– Зошто? Сета работа ќе падне на Коларови. Туку вака: треба со ситна закачки да ги буниме селаниве. Нешто да се запали, на недоберениот памук да му се искршат стебликите, да се изгази, некое кравче да се отруе... Разбирате? Полека, потоа – да се удри и да се пресече коренот...

– Тоа може! – се зарадува Оканица. – Она со памукот уште оваа ноќ ќе можеме. А може нешто да се запали...

– Не, не, Панко. Не така... Ти треба да појдеш негде на два дена од селово. Да рече-ме – на доктор. Како болен. А за тоа време Апостол, а?... А после да отиде за некое време од селово. Ќе им текне, ќе претресат.

– А кај да одам? – ги дигна веѓите Апостол. – Ќе ме примиш ли ти на спање?

– Јас? Зошто јас? – тивко праша Марко. – А ако те најдат кај мене?

Знаеше, бесмислено е – памукот скоро беше стасан.

Апостол потсмешливо го изгледа, но знаејќи дека тие од него многу очекуваат, ги стисна забите.

– Добро, добро. Чувај си ја ти кожичката. А јас ќе можам два-три дена без стреа. Или ќе одам до Коњарево, кај шура му на мојот бивш газда. Не ќе каже дека сум бил кај него. Нем е...

– Па оди... – му се олесни на Панка; сега, кога ракијата беше допиена, пастрмата изедена, а кесето се собираше како дупната гајда, Апостол му беше тежок товар.

Надвор сè беше пусто. Месецот се качи високо, се намали и побеле. Неговото рамнодушно лице ја следеше косата сенка на ноќниот скитник. Тоа Марко го сечеше полето со брзи чекори и одеше кон своето село.

## 2.

Утредента половината село знаеше дека Оканица е болен и дека ќе оди кај доктор дури в Скопје. Го видоа кога мина низ село – жолт и испиен, со подвиткани плешки и горка сенка на модрите усни. Пред недовршената штала, Оканица застана и се потпре на буковата ластегарка, а тие што ја покриваа шталата видоа: низ неговите големи уши се проѕираше светлата далечина. Петре го мереше само со едно око, а Оканица забележа дека во неговата замаглена зеница нема ни трошка љубопитност.

– Одиш? – се прозева тој.

Гласот му беше ист како и погледот – матен и рамнодушен.

– Одам. Маката ме стегнала, џигериве ми ги пие...

Сплесканото лице сокриваше во себе безброј насмевки, а тие сите, како глутница млади волци, минуваа по сувата кожа и се сокриваа под очните кесиња на меките мускули. Тука тие долго трепереа и демнеа на сиот живот околу нив. Наесен се такви облаците, како лицето на Оканица. Се шират над земјата, се тегнат, се згуснуваат, потемнуваат од лутина и заплашуваат со сув студ.

Како да го ослушнува досадниот, нејасен шум во воздухот, Петре ја издолжи шијата.

– А ровеш, ровеш, а? – отворено праша.

Оканица претпазливо се искашла. Образите му се посипаа со модрикави дамки, ко некој да оставил на нив ситни печати. Зачуден со вкусот на ’рѓа под својот јазик, тој го пречу прашањето.

– Ноќеска ме фати. Почна овде, еве, под лажичкава, отпрвин како врабец да клука, а после – како однатре нешто да ме гризе...

Ноздрите на Петрета заиграа; тој нејасно ја сфаќаше лагата.

– А ноќеска небо сте гледале, судба сте проречувале? Месечината малку ве обеспокоила. Нејзиното крваво око ви намигнало.

– „Кажале, кажале, кучињата“! – се возбуди Оканица и веднаш сети некоја тежина, токму на тоа место на кое покажуваше дека го боли. – „Кажале, а пиеја, се гостеа како во своја куќа. Само кој, зошто?“

Од шталата излезе Стојан, со тешка греда на рамо, се занесуваше во одењето и

ги фрлаше нозете невешто, како да се учи да оди. Преку црвениот лев образ му се протегаше остра линија. Таква чудна брчка останува кај луѓето од лош сон и тврда перница. Оканица брзо се исправи и појде, чувствувајќи го потсмешливиот поглед на Петрета. Се преправаше, за да се сожалат на него, но знаеше: активистите не му веруваа. Ситните барички на патот се брчкаа и се муртеа од ветрот. По нивното сиво студенило се нишаа суви лисја, потсеќајќи на кајчиња. Оканица ги заобиколуваше со нејасен страв. Сето тоа што станувааше околу него, сега му стана неразбирливо – и ноќните прикаски за месечината, и неговото бесмислено патување, и надежда дека туѓите вреќи ќе прснат и ќе му ја наполнат капата со жито! Животот чекореше крај него, просто и едноставно, додека тој, запустувајќи го своето домаќинство, ги лажеше сите луѓе околу себе, најпосле и самиот да се сети излажан од тие лаги. Се обидуваше да состави нов живот од различни исечоци на своите мисли, желби, надежи – и патеше, затоа што во длабочината на својот разум знаеше дека е веќе со една нога во бездната пропаст; како да составуваше грне од најразлични парчиња, собрани на девет страни. И затоа сè испаѓаше некако штуро; со многу пукнатини и дупки, низ кои се лееја надежите нечистата течност на неостварените соништа. Кога и да е, тој ќе сознаеше: таму, каде што соништата не се исполнуваат и не се претопуваат во стварност, вродената лисичина итрина се намалува, се топи, и се губи, оставајќи зад себе страв и пустота. А во тоа празно песочно земјиште веќе никнуваа горките тревки, змијогрозди и отровни млечки, место долгочеканото класје. Тој и сега по малку ја чувствуваше вистината дека сè е изгубено: победата од оваа војна е на страната на неговиот непријател. За него таа вистина претставуваше тежок воденички камен што го притискаше до лудило, а тој, Панко Оканица, газда човек и домаќин, богобојазлив и чувствителен спрема себеси, пред да престане да знае, со последен напор на поматениот разум сознава: сè е изгубено! Јасно му беше – на неговата страна не беше никој, а неговиот ортак му пречеше да плукне на сè и да ѝ се врати на земјичката своја, да воздивне длабоко и до болка во дланките да го стисне ралото. И уште нешто. Неговите соучесници еднаш би можеле да станат несакани сведоци, што ќе ја отворат книгата на неговите гревови...

На крај село од негде излезе Доксим и се зачуди на неговите влажни очи.

– Овде, овде, роднино! – со питачки глас развлече Оканица и ги стисна двете раце под гради. – Боли, пустиња.

Со брзо, суво липање, истрчувајќи пред своите мисли, Оканица зареди:

– Овде ме кине и никој не ми верува. Зошто, кажи ми, зошто? Зар јас не сум жив човек, зар куче сум?... тебе ти простија за закланиот вол, те ослободија од твојата мака, а мене не ми проштаваат. Ме гледаат под очи, ми се потсмеваат.

Оваа негова самосужаленост беше моментална слабост на човек, готов да признае нешто, несвесен дека цел живот после ќе се кае за тоа. Но Оканица сега не мислеше; ги обвиткуваше студените прсти околу раката на Доксима и се грчеше.

– А јас осиромашувам... – призна неочекувано. – Ракиичката ја излокаа, пастрмата ја дојадоа. Нема ништо веќе. Нема, нема.

Доксим промрморе нешто и ја тргна раката од сувите дланки на Оканица...

„Кога остана сам, Оканица се присобра малку и длабоко воздивна. Пак сега не му беше разбирливо зошто е вака изгубен и брборлив. По педесет и три години благонаклоност, зар господ сега му го зема разумот? Зар како со татка му? До четириесет и девет години татко му Божин Оканица се давеше во гревови; туѓо сакаше да грабне, на рабош да пресмета лихва, едно да даде, десет да земе. А една година спроти Митровден, скокна крвопијата од сон, се сврте кон ќошот и смрзнато гледајќи во иконите, почна да се крсти. Така померен се посвети. Ѝ поклони на црквата две трети од имотот и се упати по селата да ја толкува волјата на семожниот цар небесен. Проживеа дванаесет години како испосник – скинат, гладен и неизмиен, и умре, далеку зад границата, во некој планински манастир. Калуѓерите останаа збунети над неговиот исушен труп, не знаејќи – во последниот час ли се помери, или тогаш му се врати свеста. А за неговото претсмртно пцуење – црните божји слуги три дена читаа молитви. Во овој час, кога на Панко Оканица му јачеше душата дека, вистина, сè е лага – тој си заприлега на татка си – или е померен или неговата свест се издигнала над неговите темни надежи.

Спуштајќи се од ритчето кон патот, Оканица уште од далеку ги забележа орачите. Потпрени на ралата и плуговите, тие тромо чекореа. Зад нив остануваа прави, длабоки бразди на црната хранителка. Тракторот на Васка како да ја џвакаше земјата. Црвенкавите тврди грутки, прскаа под челичните заби на машината, се дробеа и послушно се редеа крај длабоките земјини брчки. А нивата на Панка лежеше неизорана, црна и гола како срам.

Тажно впивајќи ги во себе сликите што се редеа, Оканица ги замина двата последни јасени, оттука се спушти кон џадето, и кога се најде далеку, збунето застана гледајќи и не виѓавајќи ништо. Вака здрвен, далеку од љубопитни погледи, тој се ловеше во нови, страшни мисли. Широк е светот, може да трпи на себе илјади гревови. А животот колку и да е строг, многу пати чудно пресудува: на умните грешници им проштава и се прави дека ги заборавил нивните црни часови од минатото. Гревови постоеја, но ако би се ослободил од немилиот сведок, Оканица ќе може слободно да здивне и да ги засука ракавите. Сето тоа може да го стори ноќе, а потоа да оди и да пријави. По тој начин ќе стане и херој. Ќе му честитаат и ќе го примат во својот колектив. И цел живот ќе му водат чест: – „Еве го Панко Оканица, што нè ослободи од најголемиот непријател". Ќе останат уште двајца, Марро и Фидан, но тие ќе молчат и ќе си ги чуваат кожичките.

Пред да го заврши настанот, што го развиваше со жива страст, ги стисна очите и чекорејќи цврсто по пустиот друм, полугласно рече:

– Не, ќе се бориме... Па кој кого... Неправдите не се заборавaат.

## 3.

Месечина. Лек студ. Но до мразот е далеку. Есента ја засипува земјата со шушкаво лисје.

Разнобојноста на планините се лее во сива непријатна едноличност. Денот паднал в дремка. Ни зачудениот писок на косот, згрчен в грмушка, не може да го разбуди...

Косите сенки тромо се влечат под задоцнетите минувачи и, чиниш, со последна сила ја вршат својата должност, напнувајќи се да се задржат за тешките стапалки. Гасарничињата изморено трепкаат и зјаат низ замаглените прозорци; тие мали, кусогледи очи ѝ пречат на ноќта со своите светли зеници и ја гонат да се повлечува и да се пласти зад куќите. Соголените гранки, црните патокази на есента, покажуваат кон немите далечини и со тешки издишки шепотат нешто, а тој шепот е тром и нејасен. Уште малку и дрвјата ќе се изгубат в долг сон.

Таа вечер, во куќата на Стојана, накривената лимена печка занесено баботеше. Гламјите чадеа, прскаа околу себе искри и се топеа в пламен, суровите цепаници цврчкаа. Домаќинот безработно седеше на дедовскиот триножец и под очи ја гледаше жена си, забележувајќи дека таа видливо догорува, како заборавена пливка в кандило. И сепак се бореше со животот: глиненото душеме беше секогаш чисто, старите кошули закрпени, садовите измиени. Скоро не дишејќи, Стојан со тага размислуваше – многу свои мили покопа. Остана уште таа, жена му, исушена како гранка. Смртта, познатата гостинка, како да го сакаше неговото семејство, та поначесто, за кусиот човечки век, го посетуваше а тој никако не можеше да се начуди, тукушто ќе се оладеше од една жалост, друга го налегнуваше. Гранките попаѓаа, а стеблото, јако и жилаво, уште се држеше, рамнодушно за својата судба.

– Стојане, – го тргна од мисли гласот на жена му. – Кажуваат дека му ишла на гроб.

– Кој тоа? – не ја разбра Стојан.

– Неговата несудена, ќерка му на Минтанот. Била, златната, на гробиштата, да се исплаче за него и за себе.

– А кој кажува?

– Фроска Богева. Била на гробишта да му запали кандило на свекрва си и ја видела.

Стојан ја провлече допушената цигара низ вратничето на печката и ништо не од-

говори; седеше свиткан со обесена глава, и го слушаше шепотењето на Стојна.

– Жал ми е, Стојане, жал ми е за девојчето. Многупати сум мислела да одам, кришум да ја видам. Не ѝ било судено да ни влезе в куќа, да ме одмени на старост...

Очите ѝ се наполнија со солзи.

– Проклет да е душманот што ни го уби детето. Од уста сум двоела, колевка да приготвам, на внуче да се зарадувам...

Под сувата лозница се провлече ветрот и им тропна на врата; домаќините само го ослушнаа, а тој, беспомошен, појде кон соседната куќа да побара конак. Петлите рано се распеаја, претчувствувајќи го лутиот студ. А потоа, домаќините цела ноќ слушаа – ту ветрот поулавуваше, ту петлите. Стојан неколку пати се разбудуваше. Сонот му беше искинат и оставаше зад себе збунетост и замор. По полноќта, Стојан и по третпат се расони и ја подаде раката од под покривката. Долго го бараше кесето со тутун, а кога не го најде, се дигна од лежиштето и почна да се облекува. Кришум, како виновник, се извлече од дома, се прекрсти на прагот и полека го пречекори коритото. На улица нерешително застана. Му се стори дека еднаш го преживувал ова истото, којзнае кога, со исти мисли и чувства на страв. Полека почна да се сеќава: тоа беше летно време... Некои луѓе се довикнуваа. Усни пееше. Како и тогаш, држејќи ја копачката цврсто, Стојан и сега појде покрај заспаните куќи. Од десната страна на патот, стоеше црниот изглодан труп на запалената куќа. Низ празните прозорци свиреше северот како низ шупелка и ги плашеше разбудените старци во селото.

Стојан стаса на нива со тивка возбуда на човек што сокрива нешто. Зарад секоја сигурност, тој се обѕирна околу себе, не ли ќе види човек, кој би бил ненужен сведок на неговата тајна, со чувството дека разиграните гранки ги наперуваат црните прсти кон него. Се наежи како во игличестиот воздух да живееја безброј ситни, потсмешливи очи. Ја стисна копачката и замавна. Челикот заѕвони од тврдата земја, а таа, семожната селска мајка, тапо зајачи.

„Ете така... – размислуваше Стојан. – Кој ќе му ја разбере душата на селанецот. Неписмен, неразбран – тој повеќе личи на говедо. Лани, околу Петровден, ги закопав камењава. Меѓата да ја обележам, та ако се изврти нешто, да знам што е мое... Еј, еј, еј! Прост народ сме. Уште сто години не ќе научиме да живееме. Зар јас земјава ја чував за себе? Не јадев, не спиев – на Илча сакав да му оставам живеачка. А нему, милиот, не му требало толкава нива. Малку земја господ му определил, колку да се протегне на неа...".

Долго ги вадеше камењата, ги покриваше јамите на ранетата нива и ја рамнеше земјата со тешките стапалки. Студот го боцкаше со своите ситни невидливи иглички и му ги насолзуваше очите. И полека сѐ му стануваше полесно, како да се ослободил од тешкиот товар, што му ги стискаше градите неколку долги месеци.

Кога ги одвлечка камењата далеку, седна под меѓашката круша и ја потпре брадата на тврдите коленици. Во него немаше веќе колебливост; долгата внатрешна борба заврши, а на боиштето остана, како победител над сомнението, простата човечка вистина. Полека, полека со долга борба, несоници и страв, луѓето свикнуваа на заедничкиот живот и сè повеќе се врзуваа за него. Со тага се сети на изгубениот син, а сеќавањето го врати во далечните, заборавени денови и го натера да чепка по својот живот и да го оживува минатото во нејасни слики. На оваа нивичка, еден врел, жетварски ден, жена му го роди Илија. Овде тој првпат го чу неговиот глас и ја состави својата молитва: „Остави ми го, господи. Три ми зеде, уште пред да проодат, а јас секогаш ја веднев главата пред тебе и покорно молчев. Богородице, мајка си, подари ми милост, не ме разделуј од најмилото..." Кога Илија се врати од град, Стојан почна да го учи да ја сече земјата со дрвеното рало, готвејќи се на старост да си почине.

Недалеку од него, на десетина чекори од нивата, се лизна подвиткана сенка, тешко забележлива во мракот; Стојан ненадејно затрепере. Смртта нечујно газеше кон памучните ниви, леко и бесшумно како да не ја допира земјата. Големи и страшни како тешка вистина, надојдените спомени се стркалаа во бездната на душата. Стојан ја стисна копачката и појде полека, само на прсти, и самиот како сенка. Јасно беше – само еден имаше толку висока става, само еден носеше пушка, проколнатата и грабната за срам и за несреќа на луѓето.

Грчејќи се под темното палто, сенката застана пред необраните ниви со памук и, не вадејќи ги рацете од џеб, го стисна со нога првиот страк. Стебликата суво крцна и се свитка до земја. И тукуштo тој човек загази преку нивата, почувствува дека не е сам во широкото поле и се заврте. Крвта како да му замрзна в жили. На два чекора од него, стоеше човек со копачка, високо дигната над глава. Сега првпат ја сети смртта блиску до себе, како нешто недомоливо и неизбежно, и сега првпат не најде сила да се бори за својот гол живот. Млитаво стоеше, со спуштени раце и зјаеше, обидувајќи се да го познае ликот на тој што му судеше во оваа студена мугра.

– Те начекав душо кучешка, – шепотеше Стојан, а Апостол му го позна гласот и се стресе. – Те начекав, да ја вратам крвта на сина ми.

Апостол имаше време да се брани, да му ја грабне копачката од раце и да се ослободи од него со еден удар. Но неговата волја беше мртва; отстапуваше полека, трепкајќи често со големите очи, влажни од студ. Сувите гранчиња крцкаа под нивните тешки стапалки; тие се мереа под очи и се возбудуваа од еднаквата мисла: смртта му се ближеше на виновникот со тврди, безмилосни чекори.

– Стојане, остави... – скркоре Апостол, повлекувајќи се пред дигнатото орудие.

– А ти мислеше ли тогаш, кога ми го зеде единецот, кога ја напои земјава со негова крв?

– Јас тогаш... и... Зар јас го убив?

– Не, не говори ми. – продолжи Стојан. – Не... јас не спијам, јас не јадам... јас се мачам. Ги слушам неговите издишки од гроб. Бара детето, бара крвав помен...

– Ќе ме убиеш ли? – праша просто и едноставно Апостол, а во неговиот глас немаше веќе ни тровче страв; така наеднаш станува спокоен човек, кој свикнал на мислата за неизбежноста на смртта.

– Ќе те убијам! – јасно и без возбуда договори Стојан. – ова е најголемиот мој празник.

Апостол позастана и се заниша. Во идниот секунд веќе клечеше пред одмаздителот со затворени очи. Стана рамнодушен за сè и само како да ја разбра вистината – еднаш некој ќе мора да му суди.

– Па, Стојане, суди. Татко си. Нека ти е проста мојата крв.

Копачката тапо удри, а нејзиниот болен звук се впи длабоко во душата на Апостола. Ги отвори очите и тажно го погледа Стојана. Тој стоеше со сведната глава; рацете млитаво му висеа. Крај неговите нозе лежеше челичниот алат.

– Не можам! – офна тој. – Педесет години сум ги чувал рацеве чисти, капка туѓа крв не капнала на мене. Стани, селаните нека ти судат.

Зачекорија еден крај друг, занесени в мисли. Чудниот пресврт ги зачуди обајцата, затоа што смртта само помина крај Апостола, во него се разбуди замрената желба да живее и тој од страна го погледа таткото на убиениот.

Полека се раѓаше денот, повиен во млечен сињак. Наоколу сè беше пусто – ни гавран да заграка, ни куче да залае. Само исушената трева шушкаше под нивните стапалки.

– Зошто не ми ја зеде душата? – неочекувано праша Апостол, зачуден од ситниот и жален изглед на селанецот.

Не дигајќи ја главата, Стојан само воздивна. Брчката на неговото чело стана поостра. Молчеше, а тоа го распламнуваше притаениот потсмев на пленетиот бегалец.

– А ако те убијам, а? – застана Апостол и ги извади рацете од џеб. – Еве пушката ми е тука на рамо. Танг и готово! Како да не си живеел! Исто како со памукот – ќе го нагазам, а тој ќе крцне. А зошто го газев – тој е распукан, зрел. И ти си зрел, а, ете се излага...

Во матните очи на Стојана светна зачуденост, како кај човек што се тргнал од не-

обичен сон. Сега, кога беше доцна, тој ја разбра својата грешка и се покаја. Апостол ни самиот себе не се познаваше. Сè беше во него неразбирливо; луѓето уште помалку можеа да го разберат.

– Еј, стрико Стојане, – се насмеа Апостол. – те натпревари лисицата. Како во приказната: „Пушти корен, волче, фати нога“...

Потоа ги стисна забите и додаде:

– Оди си, старче дома. „се пишманив, ми се живее. А на селаните да им нарачаш, да знаат. До сега се криев в град, сега ќе се префрлам преку граница. Нека ми простат. Прости и ти за Илча. Збогум!

Го стисна ременот на пушката и со големи скокови појде назад.

Стојан не стигна ни да проговори. Неговите замаглени очи гледаа во Апостола, сè додека тој не се изгуби зад ридот. Така скочанет, со суров израз на лицето, стоеше тука уште долго време. Со брчење мина крај него тракторот, а тој, занесен, ни не го чу поздравот на Васка. „Време е, време... – се сети наеднаш. – треба да се спрегне ѕевгарот. Денес и јас ќе орам!“

Блед и подгрбавен, појде кон селото и не ја забележа Борјанка, подолу од патот. Таа по вторпат одеше кон гробот на својата прва, вистинска љубов.

# 4.

Претпоставуваше дека ќе испратат потера по него и затоа реши да не ја чека ноќта, туку веднаш да појде кон Коњарево, да побара стреа над глава.

Кога го остави Јасенско далеку зад себе, избегнувајќи ги човечките врвици. Апостол го помина сувото корито на поројот и стаса во планината. Знаејќи дека пушката сега повеќе ќе му тежи одошто ќе му биде нужна, тој вешто ја сокри. Беше сигурен дека нема да падне во туѓи раце; никој не ќе се сетеше да го раскопува натрупаното суволисје и да бара под големите дабови корења, околу кој планинските води ја излокале меката земја. Сеа, по толку време, поминато во куќата на Оканица, Беласица му изгледаше чудна и туѓа. Планиската есен, со накисел мирис на гнили лисја и растенија, предизвика кај него едноставна тага. Мислата дека Оканица би можел еден ден да му ја затвори вратата и да му откаже гостопримство, го лутеше; тогаш не ќе му останеше друго туку да убие или да дигне рака и на самиот себе.

Обидувајќи се да ги среди и поврзе мислите, Апостол седна на една пенушка и се обѕирна. Наоколу беше пусто – ништо живо не се гледаше; шумските жители се сокриваа пред погледот на нечеканиот гостин. Птиците се одвикнаа од луѓето и се криеја далеку од човечките гласови. А не им остануваше многу време да бидат љубопитни спрема човекот; денот стануваше покус тие беа презафатени со барање храна. Сеедно, и Апостол не ќе им обратеше многу внимание. Летото, додека се криеше по Беласица тој научи да ги препознава гласовите на птиците; секој нивни писок предизвикуваше кај него нови чувства, што така брзо се менат кај осамен човек. Предвечер, кога издолжените коси сенки ќе го покријат последното сончано делче на планината, од густите лисја на дивиот костен, меко и самотно ќе затрепереше песната на кукавицата и ќе му ја исполнеше душата со тага. Долго по тоа, додека продорниот писок на сојката не ќе го тргнеше од размислување, тој седеше под каменото Змиино Гнездо и безизразно гледаше кон западното руменило. Ноќе – тој се грчеше на папратта и веќе не можеше да заспие. Само што во полусон ќе го ослушнеше клокотавото цвркање над себе. Но по тие шумови, тој остануваше рамнодушен спрема последниот занес на славејчето.

Во тоа негово самување, пак го налегнаа мисли. Се радуваше што едноставно се ослободи од пленството на Стојана, а преку таа радост паѓаше како нежна скрама тивка жал за таткото на Марковата жртва. Свикнат на Оканица и на неговите неостварливи планови, осаменоста тешко ја издржуваше. Како и порано, додека се криеше по шумава, и сега си создаваше со себе сопатник, со нејасен надворешен и внатрешен лик, со кого би можел да поразговара, да му ја отвори својата душа и да му признае дека се кае. Како момок многу не спечали. Газдата му плаќаше лошо, а Апостол тоа не го забележуваше. Тагуваше за селото и за неговите стотици

познати мириса и шумови. Полека тој во таа тага заборавуваше на сѐ и се пропивуваше. Ракијата му стана составен дел на животот; кога ќе се опиеше, стануваше лош спрема луѓето; тие му пречеа да го преживува во себе она што му недостануваше во животот.

Над него писна птица, Апостол ја дигна главата но не ја виде. Густите, ниско паднати облаци, како да се потпираа на голите гранки. Внимателно го симна листот што му се закачи за косата и се дигна. Уште еднаш се сврте да би го запаметил дрвото, под кое ја закопа пушката и потоа појде кон Коњарево. Одеше претпазливо и пазеше да не биде од некого забележан; а токму кога не се надеваше, десно од него излезе висок селанец, до уши пропаднат во кожув. Бесмислено ќе беше да го размине, затоа со леки чекори појде кон него. Тогаш го забележа и дремливото магаре натоварено со дрва.

– Ја делкаш горатa? – се пошегува Апостол, љубопитно гледајќи го сувото, машко лице.

Селанецот збунето се накашла и недоверливо го одмери; го пречу неговото прашање и замижа.

– Вие инџилер да не сте? Од каналов, а?

– Инџелер! – излажа Апостол, сметајќи дека помалку ќе предизвика сомнение. – А ти од каде си? Од Мокриево?

– А, не... – развлече селанецот. – Од Коњарево сум. Ќе нѐ фати, велам, зимово на спиење, па ај да наберам малку паднати гранчиња. Тие на државата не ѝ се требни, а ние ќе се погрееме, леб ќе испечеме.

Запалија. Тутунот го орасположи селанецот, му ја разврза јазикот да прикажува. Апостол нејќеше да праша за тој кај кого одеше, но внимателно слушаше, интересувајќи се за селото.

– Задруга, а, имате? – праша Апостол и шегаџиски му намигна, зближувајќи се со него на едноставен начин.

– Цк! Ама некако ќе ја направиме. Море тешко е кај нас. Беше доаѓал еден да нѐ поучи, да помогне како човек. Арно-ама, ова женииштава гракнале на него: „Или враќај се откај си дошол, или главата ќе ти ја дупнеме“! Тој, човекот, школуван, паметен, им разјаснува дека поарно ќе ни е, а тие како мисирки на пченка, го сардисуваат и пискаат, ушите да те заболат. Да речеш да се кулаци, не се. Жени се, абер немаат од ништо, ама си го тераат своето. Им одиме ние два-тројца. Јас, Ангеле на Тодорови, ако го знаеш, и претседателот на одборот. „Чекајте бре, женишта, што сте ги пуштиле јазиците?“ – прашуваме, а тие како бесни се вртат на нас, очи да ни повадат. – „Седете си вие кај вашите жени, а нас не нѐ задевајте. Си имаме ние

мажи да нè покараат, ако треба и да нè натепаат“. – Така ли е? – „Така“. – Едно време, еве ти го Крсто на Болевци, не оние Болевци, дедо им што се задави со зелник, туку Болевци што живеат зад одборот. „Ела, невесто, вели тој на жена си, муабет да си поправиме“. Уште не влезен в куќа, го симиња ременот, и се потсмевнува. Не мина ни пол час, а жена му се извлече од куќата. Ѝ се навлажиле очите, преку рацете ѝ се протегаат модрици, а таа се смени. – „Повелете, му вели на дојдениот, кај нас на гости. Добро сте ни дошле. А вие жени, одете си. Што не бива, не бива, задруга ќе се прави и готово!“

– Па ја послушаа ли? – се заинтересира Апостол.

– Ами, не ќе ја послушаат! Ќотекот си е од бога благословен.

– А вие така, со тепаница сакавте да направите задруга? – потфрли Апостол, очекувајќи дека ќе го збуни селанецот.

– Ами, со тепаница! Кога ќе направиме, ќе направиме без дигање рака; сме се мачеле, што сме се мачеле, сме голувале, сме гладувале... Ајде ќе си речеме, да ја направиме задругава, да се здружиме, па што ќе стане, нека стане. Ни до сега не се живеело, па сега или нека се живее, или пак нека не се живее. И ќе тргне некако. Ќе направиме задруга, ти фиљанкиши, ќе ораш, ти ќе сееш. Како една куќа да сме. Ако има за сите, ќе има... Ако нема – ништо!

– А жените?

– Ами, жените... – весело му светнаа очите на селанецот. – Сега се како бубалчиња. Се фалат дури: „Јас мојот Митре ќе го натерам да се запише... јас да не сум, мојон не ќе знае што да чини... јас ќе се запишам, реков – божем рекла – а ти ако нејќеш, оди по ѓаволите“... и сè така. Не, навистина ќе тргне работата... Без да се скараш – те водата си ми ја свртел, те посевот си ми го изгазил, те бразда си ми украл од нивата. Други години и крв паѓало кај нас. Зет му на оние Болевци, не што седат зад одборот, туку оние што дедо им се задави со зелник, три месеци лежеше в затвор. Се скарал со Јанка Шопот... „Си газел со говедата, вели, по мојава нивичка!“... „Не сум газел!“ – вели другиот. Газел, не газел, газел... По едно време и стап заиграл. Та Јанко в болница, а другиот на суд. Чекај, сине мајчин, сакаш ли да тепаш, трпи и да те затворат. Оваа земја има закон. Ќе ти ги поткуси прстите. Селска работа. Сега, тие ти се смирија, најарни пријатели станаа. Ни в нужник не одат еден без друг. Јанко ќе го жени четвртиот син. Кој ќе му биде кум? Крсте на Болевци. Крсте ќе слави имენден. Кој ќе му дојде прв на гости? Јанко. Да умреш од смеење, поулавеле еден по друг.

– Така... – се замисли Апостол. – Ама пак не сте без кавги?

– Ами, без кавги! На село може ли без кавги? На Јордана, оној Јордан што му загина внукот како партизан, говедата му изгазиле сеана нива. Плаќај, синко, инаку

ќе те однесе матната. А тој плаќа. Туѓо е... Туку, многу се зазборувавме. Треба да одам... Ако те нанесе пат на кај нас, намина малку. Ќе си каснеме, ќе се напиеме. Прашај само за Коце Аврамовски, веднаш ќе ме најдеш...

Зачуден со простата и искрена љубов кон несоздадената задруга, Апостол го испрати селанецот со матен поглед. Тоа беше несопирливо чувство спрема животот на еден шеесетпетгодишен старец, кој беше помлад од рано остарениот Апостол. Повторно отколку дотогаш, Апостол се прашуваше што сака да измени, зошто се бори а како ќе успее? Не најде одговор, само што поредно разбра: мнозинството, народот, неговата челична волја не се совладува. Во оваа војна еден ќе изгуби: кој ќе биде победениот Апостол однапред знаеше. Постоја малку, а кога селанецот се спушти од подножјето и го замина ритчето, тој појде преку изгазената кал по неговите траги.

Селото, во кое сакаше да се прикрие за некое време, го виде од ритчето. Гледајќи ги развлечените куќарки удавени в кал, Апостол размислуваше не ли ќе разбуди кај селаните сомнение. Не му остануваше друго, туку да киниса и да се причува од љубопитни погледи. Дигајќи ја косата од очи, и присетувајќи се под која стреа живее шура му на неговиот бивш газда, тој брзо зачекоре. Остро забележуваше; немаше нигде ни жива душа, освен кај накривениот плот на првата куќа: едно петгодишно девојче, старски забрадено, еден разбушавен, тром пес и неколку кокошки. Апостол застана пред една мала, невесела куќа, како човек кој се двоуми, – да влезе ли низ грубата, дабова врата или да продолжи по калливиот сокак. Не беше сигурен дека радосно ќе биде примен, но немаше излез; да спие во планината, под соголени дрва, беше опасно и непријатно. Ги наполни градите со воздух, та така напнат како млад војник, не дишејќи, зачекори и ја спушти тешката дланка на кваката.

Едноставната соба беше пуста. Апостол се издиши и влезе. Љубопитно се обѕирна околу себе, на сета онаа едноставна сиромаштија со нужни и ненужни домаќински работи. Пред скршеното стакло на прозорецот беше затегнат стар весник, потемнет од чад и невреме. Крај прозорецот на клинец висеше сито, а до самоти ситото ретка низа со пиперки. Останатите предмети – котле, вршник, стомна, клупа, триножец – Апостол брзо ги опфати со поглед, свикнувајќи се на домашниот распоред. Во ќошот на собата, по земјеното душеме, беше послана слама, а преку неа лежеше фрлена стара, распарчосана черга. Апостол ја затвори вратата, потоа застана крај прозорецот, ѕиркајќи низ неговата пукнатина. Не виде ништо, освен сив, слеп ѕид на соседната куќа, и гранки, од исушена слива. Му се стори дека селото е пусто, оставено од луѓе; дури ни девојчето, забрадено во бледата шамија, не можеше да го види. Стравот од луѓето полека го напушташе и тој сега почна да се плаши од осамотеноста. А што ќе биде ако домаќинот не е во селото, ако работи в град, или ако умрел? – се праша, кривејќи ја леко долната усна.

Во куќата немаше никаква трага по која тој ќе видеше дека некој скоро бил тука. Освен куќните предмети, по душемето беа расфрлени трески, сламки, кочани од

пченка, и суви говедски лепешки за горење. Една куќа може да биде несредена, ако тука некој спиел до пред еден час, а може и ако никој не стапил внатре и цела година. Бараше траги по кои би познал дека некој скоро бил тука. Не ги најде и се чаја. Ако е куќата без стопан, тој не ќе може овде да остане, не затоа што ќе е сам, туку што ќе е без јадење. Најпосле се сети: се наведна над огништето и ја завлече раката во пепелта: таа беше топла. А кога ја распрета и виде во неа неколку жарчиња што се одржуваа некако, полека догорувајќи му стана полесно. Со мака се додржа да не запее на глас; мрморејќи некоја песна низ нос, Апостол седна на триножецот и се потпре со грб на ѕидот. Така во исчекување, тој гледаше кон вратата, очекувајќи дека таа секој час ќе крцне.

Времето бавно минуваше... Апостол ја допушти последната завиткана цигара, но таа не му беше слатка; беше гладен и чувствуваше потреба за една голтка ракија. Полека губеше надеж дека познатиот домаќин ќе дојде. Ги склопи очите и ја стисна главата со дланки, гладен и очаен, како ѕвер што се крие, а сепак сам не може да опстане.

Не знаеше ни сам колку седеше така, со склопени очи, шумно дишејќи го задушливиот воздух. Не чу никаков шум, туку повеќе сети дека не е сам во собата. Ја крена главата и веднаш се зарадува. Усните му се развлекоа, во очите му се запалија искри надеж. Пред него стоеше кус, набиен селанец, со широки раменици – сиот како од камен изделкан. Преку тркалезното, мустаќесто лице со живи очиња, мина мека зачуденост. Тоа беше тој, шура му на газдата, некогашниот ѕидар, кој, на радост на градската чаршија, можеше да дигне од земја товар од преку сто килограми. Апостол стана и му ја стисна цврстата дланка, обидувајќи се да му објасни со гестови дека е гостин и дека би сакал да јаде. Домаќинот живо ги следеше со очи неговите движења, но не реагираше: дрвено стоеше, со раширени нозе и студено лице, од кое Апостол не можеше да прочита ни една мисла. Спокојството на домаќинот го збунуваше. Зар е возможно немиот нешто да знае за него, та не го сокрива потсмевот во своите ситни очиња?

– Леб, леб... Разбираш ли? – полека мрдаше Апостол со усните. – Гладен сум...

Немиот како да не го разбра и Апостол веднаш го стисна за раменицитe и му се внесе в лице.

– Зар ти, ѓаволе, не разбираш? Пладне одамна поминало, а јас сум гладен... Или ти и не јадеш, како што не говориш?

Ни една црта на лицето на домаќинот не стана поостра. Неговото лице ќе изгледаше како скаменето, ако од него внимателно не гледаа две очиња. Најпосле, Апостол се обиде да ја фрли последната карта. Муртејќи се, тој извлече од длабокиот џеб на палтото две стотки и му ги подаде на домаќинот. Како да не ги забележува, тој и не погледа во неговите пари. Двете светкави очиња не се двоеја од неговото потечено и обрастено лице. Имаше во сето тоа нешто необјасниво. Под очите на

Апостола брчките станаа остри, неговите големи тупаници се стиснаа; книжните пари чудно зашушкаа. И токму кога веќе не знаеше што да чини и како да објасни што бара, домаќинот се усмевна и му покажа на триножецот; потоа извади од негде едно шише, зачепено со кочан од пченка, и го стави пред Апостола. Тоа беше селска почит спрема гостинот кој го посетил домот на домаќинот. Апостол олеснето воздивна и уште не се снајде, а пред него на поцрнетата клупа беа ставени неколку чушки, мало парче сирење и една третина тврд леб од ’ржено брашно. Не гледајќи веќе во него, домаќинот ја зеде стомната и излезе.

Апостол долго џвакаше. Од лебот одвај ако остана еден залак. За тоа време немиот, кој му донесе свежа вода, ја размести сламата и со замав му покажа на Апостола кон неа. Овој го разбра и благодарно го погледа. Сонливо прозевајќи се, без да се соблече, се испружи на сламата. Потпрен со главата на студениот ѕид, тој со жив интерес во очите го следеше домаќинот како работи. Надвор денот зајдуваше, а темнината, како да се провлекува низ пукнатината на џамот, полека ја исполни собата. Осветлен од пламенот на примитивното гасарниче, немиот просеа неколку грста брашно и го замеси в земјена тава. Го месеше тестото и само понекогаш ќе погледаше кон Апостола, кој сè повеќе се уверуваше дека во очите на немиот тлее сокриен потсмев. Се плашеше да ги заклопи очите, затоа што погледот на домаќинот беше полн ситни, невидливи игли. „А што ќе биде ако тој, вака, на сон – со секира – размислуваше Апостол, жалејќи што ја напушти куќата на Оканица. – Тој е нем... Значи, нешто му фали. Не е како ние другите што сме. Ни од божја, ни од човечка казна тој не се плаши. Ќе подуши пара – тап! – готово! Бог да ме прости! Ни чул, ни видел некој од селото. Ни па тој, ако се напиеш, ќе каже некому за тоа!“

Што помалку сакаше да мисли на својата прерана смрт, сè повеќе црните слики му го поклопуваа умот. Пак почна времето бавно да му минува. Домаќинот го вадеше веќе врелиот леб од црепот, а Апостол уште се мачеше да заспие. Да, тоа го болеше: сите, па дури и овој добродушен немтур, учествуваа со нешто во животот, мислеа на утрешниот ден, беа живи, а тој, бегалецот, беше секому туѓ, ненужен, за луѓето убиец, за себе убиен...

Надвор селото беше без живот – немо и пусто како тага, поклопено со тешко звоно на тишината. Дури и кога крај него се намести домаќинот и се припокри со истата черга, Апостол уште долго не можеше да заспие. Лежеше, знаејќи во мракот и го ослушнуваше спокојното дишење на тој до себе...

Се разбуди в зора, изморен и со горчлив вкус под јазикот. Расфрлената слама крај него беше празна. Апостол останал сам во собата, со тешко сознание: „Ни овде ми нема живеачка. Сегде, освен кај Оканица, ќе се чувствувам како ѕвер на кого демнат. Треба да одам од куќава, само – каде?“

Свикнат многу да пуши кога е сам, Апостол ги претресе сите џебови и некако успеа да собере прав од тутун колку за една цигара, која брзо догоре до врвовите

на неговите прсти. Му стана тешко. По студената соба уште ползеше темницата. Предметите во собата беа темни, без сјај и сенки. Стана од своето лежиште и се протегна, чувствувајќи остри бодежи во слабините. „Ќе се разболам вака?“ – се обеспокои и не миејќи се, се здрви до прозорецот. До пладне некако преседе така затворен во четири студени и влажни ѕида, но најпосле не издржа. Го закопча палтото и излезе во нечистиот, одамна ограден двор. Седна на пенушката, крај ѕидот, гледајќи кон пустиот сокак.

– Еј, инџилере... – го извика некој наеднаш.

Апостол се тргна и погледа на таа страна. Потпрен на накривената ограда, старецот што го сретна вчера под планината весело се смееше. Апостол се сцрве и стана, срамливо тресејќи го правот од пантолоните.

– А, дојде, дојде малку кај нас? – пријателски му дофрли стариот. – Е, алал да ти е чколото инџилерско. Добар човек, збор да нема. Само што те повика стрико Коце, а ти право кај нас. Туку што си седнал тука? Срамота е да не наминеш кај нас...

– Јас, не... – сакаше некако да се ослободи од него Апостол; не најде збор, а тоа го охрабри селанецот да влезе во нерамниот двор.

– Им кажувам вчера на децата – со инџилерот од каналот разговарав, а тие се смеат: „Не, е, велат, тој инџилер, туку некој работник. Те излагал, татко“. Дечишта, поумни се чинат од мене... Па да појдеме. На кафе.

– Не можам... Не можам... – а за ова неочекувано признание се покаја уште пред да го изговори последниот збор.

– Не можеш? – ја накриви главата старецот. – Ајде, бога ти! Што се шегуваш со мене. Хе, – хе, види го ти него. Море, ајде кај мене. Ела, почини се, касни едно залче...

– Остави ме ти, чичко... – се налути Апостол. – Што си се затрчал по мене. Ако сакам залче, ќе се најадам и без тебе. Оди си патем, не додевај ми...

И вртејќи му грб, промрморе:

– Син ли сум му, што ли? Ајде, ајде... Уште и за уво ќе ме дрпне....

Селанецот остана зачуден од толкава нељубезност на тој што го сметаше за учен. Размислуваше со што го навредил човекот, така немило да му сврти грб.

– Па, прости, .. – тивко се извини тој. – Нејќеш, нејќеш. Сосила ништо не бива. Со здравје...

Ако во тој момент не станеше нешто, сѐ ќе беше в ред, и Апостол ќе ја зачуваше

својата тајна. Но пред да излезе селанецот, од негде стаса немиот, а Апостол тогај забележа дека е тој бос.

– А, еве го и домаќинот на куќата... Здраво, Анте... – ја дигна селанецот десната рака кон челото.

Немиот отпоздрави на ист начин; потоа покажа на Апостола, па на својата куќа и најпосле ја наведна главата, ја стисна со дланка, затворајќи ги очите.

– Ти кај него спиеш? – се сврте селанецот кон Апостола и претпазливо го одмери неговото искрпено палто.

– Тоа не е твоја работа... – пламна Апостол. – Кај сакам ќе спијам и што сакам ќе работам...

Знаејќи дека треба што побргу да се исчисти од селово, тој влезе во куќата и воздивна:

– Апостоле... со тебе е свршено. Колку повеќе ќе сакаш да си со луѓето, толку повеќе ќе бегаш од нив.

Шмркајќи налутено, тој реши уште пред вечера да се изгуби, пред да почне зборлестиот старец да прикажува за него...

## 5.

Еднаш, во недела, стасаа во соседната задруга, на гости, четири коли со јасенчани...

На предлог од партискиот секретар Ванчо Богоевски, „говедарите“ ги повикаа своите соседи да ги видат нивните нови машини и заедно да се провеселат. Јасенско веднаш свика конференција и едногласно одбраа дваесет делегати – најарни задругари, да појдат и да се зближат со селаните, со кои со години се карале.

Гостите беа пречекани од целото село. Тукуштo порипаа од колите, тукуштo ги завиткаа цигарите од подадениот тутун, а нивните коњи, веќе распрегнати, џвакаа домаќински зоб, полнејќи ја шталата со кисела пареа од врела пот. Разговорот меѓу гостите и домаќините во почетокот плашливо се лизгаше од нивните усни, но кога стасаа пред училиштето, гласовите им се измешаа. Говореа сите и еден со друг не се разбираа.

Од поцрнетите оџаци на селските стреи, треперливо се извиваше белузлав чад и се слеваше со разлеаните облаци, злослутно претскажувајќи студ. Една ноќ пред тоа ситниот дожд толку ја раскваси земјата, што на луѓето им се чинеше дека ќе се издават во калта. Газеа и со мака ги одлепуваа стапалките; земјата како да беше покриена со смола.

– Убаво сте почнале! – забележа некој од јасенчаните. – И свињарник градите, и темели за штала сте поставиле. Убаво, само како тоа, мртвите да ви стануваат од гроб? Ако се мртви, треба да се мртви, да лежат под земја, а не да агитираат против задругата.

Некој од домаќините го сетија потсмевот во љубезниот длабок глас. Тоа беше карактеристично за селаните од овој крај – долго да се потсмеваат на она, на што порано гласно се смееле. Секако и затоа што еден таков настан се закопуваше длабоко во нив, долго тлееше; животот им беше едноставен, а настаните ги возбудуваа и остануваа да живеат во нив долго време. Оваа ситна забелешка, колку и да се изгуби во општиот разговор, ги зајаде домаќините, и тие сите колку што беа тука, се засрамија дури и од себе. Но знаеја, – не смееја да се лутат; вината за нивниот бунт ги покриваше како голема, црна дамка. Требаше многу да се направи, како што говореше Ванчо Богоевски, – сончевите зраци да се донесат како снопје на рамо и да се постелат низ селото, та гревот да се заборави. Земјата проштаваше, но не забораваше; крвта пролеана во онаа ноќ, кога селаните се тепаа меѓу себе, течеше право од нејзините вени.

Некој од гостите пак дофрли:

– Вистина, арно му текна на Асена... Како воскресна покојниот тревар?

– Со смеа го прифатија прашањето, сакајќи да му ја сокријат боцката, што избиваше од него.

Станал ли Ѓорѓи треварот, тоа не го знаеме, но можеби ќе знае протугерот. Гробникот на негови порти гребел. Така ли е, протугере? Ти, нели, и бајачка си викал и масолце си светел? Прашаниот не одговори веднаш; мрдаше со помодрените усни како да не може да проговори. Мислејќи дека тој шепоти, луѓето замолчија, а протугероти не сакајќи, рече погласно отколку што требаше:

– Мене ми гребеше, а пак вие сите се исплашивте. А јас ли ги дигнав луѓето против задругата?

Со него веднаш се согласи сипаничавиот Страхил:

– Прав си е човекот. Половина село се кренавме, па дури некои уште се под истрага...

Му се потсмевнаа:

– Ама и ти поверува во повампирениот?

– Јас? Бог да чува... Јас сум...

– Чекај. А – „бог да чува“? Во бога, значи, веруваш?

– Ако ја споменам жена ти и во неа ли треба да верувам? – налутено му заигра веѓата на Страхила.

– Аха! – се насмеа момчето што се пречкаше со него. – Ти верувај во жена ми, само јас уште не сум женет. Таа, мојата невеста, уште не се родила.

– Така е! – се смири Страхил. – Ќе почекаш додека не се отели нашата сименталка.

– Ама ти, Страхиле, како да се налути? – го задре момчето.

Некој рамнодушно го опомена:

– Седи си мадро, Трпе. Не задевај се, да не ти ги истргне ушите.

– А, не.. Зар на мене бате Страхил да крене рака? Вистина ви велам. Кога ќе се женам, јаболкото по него ќе го испратам.

Страхил веќе не можеше да ја сокрие насмевката:

– Море, пргаво детиште! Како со пелин да го доела мајка му...

Разговорот ги разведри луѓето. Од негде се извлече Јове, мајсторот на прикаските, и застана до својот пријател Страхил. Знаеја дека ќе чујат нов настан и дека татко му ќе е јунакот на тој настан.

– Море, какви мртви... – ги рашири Јове рацете. – И бабите си немале работа, та измислувале. Така лесно ако се станувало од гроб, јас веднаш би сакал да умрам, та кога ќе станам, да му тропнам на протугеров на вратата: „Вади ја веднаш лирата што си ја закопал в земја, инаку ќе ти ги искубам мустаќите!"

– Дојди, дојди... ќе те пречекам со некоја ластегарка, та коските да ти пукаат, – му се сцрве носот на протугерот.

Некој го закачи:

– Ама ліричка сокриваш под душемето.

Протугерот остана зачуден, со отворена уста:

– Каква ліричка? Зар јас до аграрната немав што да јадам, а сега испаѓа дека и злато кријам! Ако имав, ќе дојдев во одборот и ќе ја донесев. Што сум јас, та на власта инает да ѝ терам?...

Го оставија неспокоен, и се свртија кон Јовета, кој почна да прикажува:

– Немав повеќе од шест години, кога татко ми, бог да го прости, отиде в Солун на печалба. Во тоа време овој град бил преполн нашинци, отидени од дома, да си го спечалат лебот. Кога кинисал стариот, мислел дека Солун само на него чека, а кога стасал таму, видел дека за него нема работа. Нагрнале в Солун од неколку страни – сè луѓе, што по своите села немале земја, колку ни да легнат на неа. Повеќето од нив биле без работа. Татко ми се нашол во небрано лозје. Не е да речеш мало место – град, голем како стотина наши села заедно. И улици, и куќи и дуќани, ама – работа нема. Кај да прашаш – нема. Шест дена седел стариот без работа, а како живеел и што работел само тој знаел. Седмиот ден му пришол еден Грк и го прашал сака ли да се глави кај него на работа. На татко ми му светнале очите од радост. Како во прикаската: „Само месо дома дошло"! Гркот го гледа под очи и се смее. „Убаво ќе ти биде кај мене, само ако издржиш. Ама кај мене работеле и други, вели, само не издржале. Си ги збираат парталите и бегаат"! А татко ми и не го слуша. „Дај, вели, работа и леб, а за друго немај гајле". Гркот имал куќа на крај Солун. Првата ноќ, кога татко ми легнал во визбата на Гркот, уште не заспал, а под ѕидовите почнало нешто да крцка. Татко ми мислел дека се глувци и не се исплашил, кога – почнало и да офка. Татко ми веднаш прашал, кој е, а некој само се насмеал, ситно како мало дете коските да ти смрзнат од страв. Да не ве лажам, ама така цела ноќ нешто го плашело. Ту 'рзнувало како коњ, ту гугало како гугут-

ка, ту плачело како дете чиниш – сениште се задомило в изба. Кога на утро, еве ти го Гркот. „Добро утро, Атанасе“. – „Добро утро, Грку“. „Па како? Ќе останеш ли кај мене?“ „Зошто да не, убаво ми е в изба“. Гркот малку пожолтел, ама не рекол веќе ништо. Му дал за тој ден работа, а вечерта го пратил пак в изба да спие. Туку што влегол, татко ми грабнал една поголема суровица и се сокрил зад вратата. Стои така и не мрда. Очите му се затвораат како по една ока железо да си му обесил на клепките, ама не легнува. Стои – и чека. По едно време – крц! – се отворила вратата, а низ неа се провлекол како ајдук Гркот. Не погледнал околу себе, туку почнал да лае, да кукурига, да офка. Се занел тој, а татко ми полека од зад грб, па – трас! – со суровицата преку тил. „Чекај, мајчето твое, да видиш како се плашат луѓе!“ Тој удри, Гркот бегај, тој удри, Гркот бегај, додека не се скршила цепаницата. А кога во Гркот не останал душа, го пуштил. Утредента, претепаниот газда му дал една бела меџудија на татка ми и рекол: „На, и нека ти е алал, ама кај мене да останеш не можеш. Газда сум, не ќе е згодно мојот леб да го јаде измеќар, што ме тепал“. Ете, а друг би поверувал во вампири...

– Е, многу лажеш, бе Јове... Како ти текнува само?

Јове под очи го погледа Страхила.

– Кој лаже? Ова татко ми го прикажуваше кога се врати од Грција. Зошто да лажам? Зар со лага нешто ќе спечалам?

– Како да ти верува човек? Пред некое време друго ми прикажуваше. Божем на мртвите оџи очите им светеле како свеќи, та дури од гроб станувале и го плашеле татка ти...

Уште некој се најде на Страхиловата страна.

– А мене еднаш Јове ми кажуваше дека татка му го фатиле самовили. Помниш ли, Јове? Ноќ го затекнала татка ти на планина. А кога изгреала месечината, од секое дрво рипнала по една самовила. Како беше? Очите сакале да му ги вадат.

Јове не се збуни. Ја извади раката од џеб и го избриша црвениот нос со ракав.

– Вас човек да не ви расправа. За вас сѐ е лага.

– Така де... – се насмеа Ванчо. – Само она за Ѓорѓи треварот го поверувавме. Тогаш не стана никој да рече дека е лага. Срамот низ цела земја ни се пренесе. Дури и во весник ќе нѐ пишат. А ваму, кога ја правевме задругата, се удиравме в гради. – „Прва ќе ни е задругата!“ Прва стана, ама како прва? За смеење. Со прст на нас да покажуваат.

Тие што колку-толку се чувствуваа виновни за онаа срамна ноќ, ги наведнаа главите, внимателно гледајќи во врвовите на своите опинци, колнејќи се во себе де-

ка ќе ја докажат својата верност кон селскиот работен колектив. Дамки им ги покриваа челата: требаше многу време да помине за да се заборави гревот.

– Па, да влеземе во школската одаја! – предложи Ванчо. – Да се омрсите малку со нашата сиромаштија, да го наквасите грлото со нашата дудова. Повелете, драги гости... Зошто да стоиме овде, да се мрзнеме.

Околу десет маси, преполни јадење и пиење, гостите и домаќините густо се стиснаа; срамежливо искашлувајќи се како да не го гледаа богатството на задружната софра, скоро сите се фатија за своите кесиња со тутун. Требаше некој да почне. Ванчо ги наполни чашките пред себе и пред Данета, и се дигна од клупата.

– За здравје на нашите гости и за напредокот на нивната задруга.

Заѕвонија полните чаши, се измешаа нивните гласови.

– Ајде, за вашата задруга...

– И за вашата... Среќен да ни е денот.

– До година кравите по две да ви отелуваат. Како грозд да ви тежат амбарите. Куме, еј, куме... Господ да ти даде уште едно дете...

– Ништо не ќе ми даде Господ, ако сам не си дадам. Па, на здравје.

– Еј, за Усни нема чаша...

– Ништо, тој може и од шише. Не се срами, Усни. Напи се. Кога ќе дојдам јас кај вас, една бочва не ќе ми стаса...

– Само ти дојди, та и две испи...

Училницата се наполни со весели извици. Јазот на нејасната омраза, што ги делеше двете села, полека секнуваше. Преку неговото исушено корито веќе можеше да се помине. И едните и другите му се радуваа на пријателството, кое неусетно се создаваше.

А Усни, откако ја испразни по третпат големата чаша, од која дотогаш се пиела вода, ја тргна кадравата коса од чело и просто праша:

– Домаќини, може ли овде да се запее..

– Прашуваш дали може? Нас би ни било срам ако гостите ни отидат, без да се провеселат.

– Напред, мајсторе! – го охрабрија. Запеј, ѕидовите да попукаат. Штом си кај нас, значи, морално е и да запееш...

Усни ги избриша со дланка мустаќите, се потпре на ѕидот со грб и, зафрлувајќи ја главата назад, го склопи цигански светкавото око; со лек занес ја заниша главата, и ги наполни градите со воздух. Над луѓето се лизна неговиот длабок глас и тромо побара излез од училницата; не најде пукнатина низ која би се провлекол, и со лутина загрме. Но во таа груба стихија се провлекуваа нежни нишки на копнеж и тага, а селаните тоа го сетија; престанаа да чукаат и да тропаат со чашите, обидувајќи се и самите да запеат. А кога запеаја, нивните гласови останаа зад баритонот на Усни, кој низ песната оплакуваше нешто свое...

Не можам, либе, да станам,

тежок ми камен на гради...

пееше Циганинот, седејќи здрвено, како опиен од ракијата и од својата песна.

Ковачот на домаќините, кус, четириесетгодишен човек со младо лице, го чукна по рамо Циганинот, кога тој ја заврши песната:

– Пееш, бе арслан, верата твоја... Да седнеш на пазар и да запееш, капата би ти тежела од пари...

Усни ја наполни својата чаша дополу и налутено го погледа:

– Ако пеам, пеам за мене, а не за пари. Некој може и со песна да го извади лебот, но мене тоа не ми треба. Занает си имам. Најарен ковач сум во околијата.

– Да си арен ковач, арен си, ама да си најарен, тоа ќе се прашаме.

– А кој е поарен? – се потсмевна Усни.

– Па... еве, да речеме, јас... – инаетчиски се напрчи другиот. – Јас пред дваесет години во војската генералски коњ сум потковал, а потковата со своја рака сум ја направил. Генералот лично ми честиташе. А ти што мислеше, освен тебе нема друг ковач?

– Па и нема. Да се обложиме ние кој поарно и побрзо ќе направи поткова. Сакаш?

– Да се обложиме! – восхитено удри со тупаница по масата другиот и стана од клу-

пата. – Јас отидов да запалам оган, а ти почекај ме. Ќе се вратам.

Мавтајќи со рацете околу себе, ковачот излезе од училницата, а усни студено одмавна со рака, намигнувајќи му на Доксима со едното око.

– Море, ѓавол е нашиот ковач. Не нафаќај се со него, – се обиде некој да го подналути. – Тој не работи кога го мрзи, ама кога сака, може три дена и три ноќи да удира со чекан по наковалната.

– Ех, оган народ сме, – се загреа Страхил. – Во работата никој не нè стигнува. Се здружиме ли, орманон би го кренале на грб и би го ставиле таму кај ќе ни е нужен. Да ми е дадена власта в раце, нашево село и Јасенско би го врзал во една задруга, та да пукнат непријателите.

– Токму планината би ја дигнале тогаш на грб, – со одобрување го погледна Ефтим. – А не тука, се искаравме за неколку јасени. Место што се каравме да работевме, сета голотија околу нас можевме да ја засадиме со дрвја...

– Па и тоа ќе стане еден ден, ќе се здружиме, – се согласи Страхил, лепејќи ја завитканата цигара.

Кога дојде ковачот по Усни, две третини од присутните, заинтересиран за овој чуден настан, кинисаа по нив.

Ковачницата беше на половина пат од училиштето до одборот, така што тие немаа многу да одат; тоа беше мала, накривена кошара, лошо покриена со стара ламарина, а изгледаше како да се потпира на ниската, немалтерисана куќа на ковачот, соѕидана од непечени тули. Над дрвената чамова врата над ковачницата висеше на јака челична жица ’рѓосана потковa, како амајлија и како фирма. Ковачите влегоа, останатите почнаа да се стискаат околу вратата, храбрејќи ги – секој својот ковач. Усни го симна тешкиот кожув, плукна в раце и ја стисна дршката на големиот мев, а тој почна да се шири и да се собира како армоника. Од запалениот ќумур почнаа со шум да прскаат искри, а потоа брзо лизна лек, модар пламен. Домаќинот најде две тркалезни наполно исти шипки и му ги подаде на Усни.

– Земи која сакаш. Одбери и од двеве наковални на која ќе работиш. Ќе почнеме во исто време да ги грееме железава. Се согласуваш ли?

– Усни ја заниша главата, мерејќи ја тежината на долгата, ковачка клешта со една рака, а на чеканот со друга.

Шипките почнаа да ги греат наеднаш, а за тоа време еден од селаните го разгоруваше огнот. Чеканите заѕвонија по наковалните, вжештените шипки почнаа да се издолжуваат; под тешките удари на ковачите тие го менеа својот облик, прскајќи околу себе бели искри.

– Ту, мајка им нивна! – се восхите некој. – го месат железено како тесто. Кокошка можат да направат од него ако сакаат. Гледаш ли што ти е дарба!...

Железото на домаќинот почна да се лади нешто порано. Тивко пцуејќи, тој се одвои од наковалната и ја забуца шипката во жарот. За тоа време, поднаведнат и цврсто застанат на широко раширените нозе, Усни со силни замави удираше по својата шипка, извивајќи ја малку на двата краја. Неговото црвено лице светкаше од крупни капки пот. Тукуштo другиот се врати до наковалната, а веќе Усни се најде крај огнот.

Натпреварувањето не траеше долго. Домаќинот по вторпат го грееше железото и уште не притрча до својата наковална, Усни го виткаше железото околу тркалестиот остар клун на наковалната. Другиот не гледаше кон него и удираше по наковалната како бесен, со цврсто стиснати заби и разбушавена коса, густа и остра како коњска грива.

– Готово! – го чу својот противник, кој ја фрли свитканата поткова во кофата со вода.

Широко насмевнат, Усни го бришеше челото со ракав. Домаќинот ги остави клештите и чеканот и се наведна над кофата. Ја извади потковата и ја изврте в раце, преценувајќи ја нејзината изработка, со љубомора, во исто време и со восхит.

– Убаво направена. Нема што, мајстор си. Дај ја раката...

– Е, па, мајстор Цветко, нека тие на здравје. Те суреди Усни. А како беше она во војската? Генералот лично ти честитал, а?

Усни го облече кожувот и појде кон вратата, но пред да излезе, домаќинот го стигна и го дрпна за ракав.

– Чекај. Кај ќе одиш? Ќе појдеме кај мене, да се почестиме. Мајстор си, треба да учам од тебе...

Уште пред да влезат во куќата, домаќинот ја извика гласно жена си да готви јадење и пиење, затоа што, ете, носи редок гостин, кој заслужува да биде честен со најубаво што има во еден дом.

Додека гостите и домаќините се расправаа околу тоа кој ќе го поведе орото, Ванчо и Дане ги оставија зад себе ударите на големиот тапан и појдоа полека низ потокот. Далеку, под деветнаесетте црници, се протегаше тукуштo заораното поле, над кое се креваше јоргованеста пареа.

– Не сте доорале? – се намурти Дане, прелетувајќи со поглед преку рамната, сива далечина.

– Па, сме орале... Не е да не се работело.. – воздивна Ванчо, следејќи го неговиот поглед. – Туку, има уште неколку дена работа. А вие?

– Кај нас е сè готово. Здраво плукнавме  в раце.

– Лесно е кај вас. Тракторот ви сврши многу работа.

Дане бавно чекореше по калта; празниот десен ракав на палтото му се мавташе околу половината.

– Што си го мачиш мозокот, Ванчо? Зар ако немавме трактор, не ќе изоравме? Машината помогна, туку не само тоа. Кај луѓето денес свеста е повисока. Задругата ја почитаат. А ние ќе можеме да ви го испратиме тракторот. Нека помогне.

– Па, може... – се согласи Ванчо. – А и малку за агитација. Ќе им смрзнат душите на приватниците – задругарите со трактор ораат! И после, ќе има полза. Сме се карале – сега се помагаме. Еден ден, можеби и ќе сме една задруга..

Наеднаш Ванчо застана, гледајќи кон голите црници.

– Ене ја вашата несудена невеста. Откако ѝ го убија момчето, нешто чудно станува со неа. Скоро како да не ги забележува луѓето...

Дане се загледа кон девојката, но далечината беше голема и тој не можеше да ѝ ги види цртите на лицето. Полека, како да не ја допира земјата со нозе, Борјанка полека газеше по меката, недоорана нива.

– Тешко ѝ е... Таа сигурно многу го сакала Илија... А знаеш ли што мислам понекогаш, Ванчо? Ќе легнам така и не можам да заспијам. Како да сум болен, сон на очи не ми оди. Тогаш сè ми текнува, за секој човек во селото. Ми се чини, понекогаш малку мислиме на луѓето. Како и да не постојат. Зошто е така, јас ни сам не можам да објаснам, ама ете... А кога ќе поразмислам повеќе, јасно ми е, како од книга да читам. Па – по ѓаволите! Сè ова што го правиме – за луѓето го правиме! И задругите, и фабриките, и машините. А надвор од она што работиме и не мислиме понекогаш. Како да немаат луѓето илјади маки. Секретар си на единицата или претседател си во задругата... Штом е така, работи ама и мисли. Партијата те ставила на тоа место – мајка да им бидеш на луѓето, душата да им ја разбереш... понекогаш како виновен се чувствувам за Илија. Ако се позаземавме околу неговата свадба, можеби и не ќе го убиеја. Ќе си ја земеше невестата и не ќе доаѓаше ноќе по неа. Ти што мислиш?

– Што да мислам? Ние за нивната љубов не знаевме... Сега мислиме на неа. Нашите младинки ја враќаат в живот. Младо е, ќе прежали...

Во разговор тие го прошетаа полето; кога се вратија в село, ноќта полека се при-

крадуваше, а гостите ги запрегнуваа своите одморени и назобани коњи. Од куќата на ковачот трештеше тромата песна на Усни: мајсторите на двете села искрено го празнуваа новото пријателство.

– Усни го развеселува домаќинот! – се усмевна Дане. – Добар е човек, само без ракија не може да издржи. Се обидовме да го одвикнеме, не ни успеа. А и не вреди да се мачиме со него. Од пиење никој не ќе го одучи. В крв му влегла ракијата.

Потоа се сврте со целото лице кон Ванча и без врска со дотогашниот разговор тивко и претпазливо додаде:

– А како рече оној, вашиот? Да се здружиме и орманон на грб би го пренеле, а?

# 6.

Тоа беше една од последните декемвриски ноќи, кога пред да паднат на земја лутите, ретки паулки, ветрот долго ги вие по воздухот, а кога веќе ќе паднат на земја, долго светкаат на ламбениот зрачок, што се искрадува низ замаглениот прозорец.

Студена е ноќта. Селаните не ја напуштаат куќата без нарочна потреба, седат крај огништето спокојни и мрморат в мустаќи: „Пес синџир би скинал од студ,..." – Нивното проречување дека светецот Никола ќе дојде в бела гуња, не се исполни. Снегот задоцни за седум дена.

Таа студена ноќ, гревот по третпат процветуваше. Далеку, зад последната куќа, притаени еден до друг, стоеја Апостол и Костадинка. Сега веќе знаеја – еден без друг не можеа; живееја со исти мисли и исти соништа, полни врело милување, како што им беше и грешната јава. Крадената љубов ги понесуваше со својот силен виор и ги одделуваше од сè околу нив: Апостол од прогонување, Костадинка од куќата и најмилото – од двете деца, на кои полека заборавaше.

Паулките веќе се фаќаа по сувата, скаменета земја, кога тие се одвоија од црницата под која стоеја. Танката покривка на снегот им се лепеше за стапалките, трагата се влечеше по нив предавнички, а ретките паулки не стигнуваа да ја покријат. Чекореа еден до друг, стиснати и безгрижни, така како што сонуваа понекогаш, кога опасноста не им пречеше да мислат само еден на друг.

– Апостоле...– возбудено шепна Костадинка, местејќи го под шамија црното перче – Понекогаш, навечер, кога ќе легнам, размислувам за нашиот живот, за тебе и за мене, и не можам да заспијам. Зошто со нас стана ова? Најнесреќните ли сме ние на веков? Другите луѓе си ја најдоа среќата – живеат, работат, куќата си ја гледаат. А ние како да сме полоши и од ѕверовите. Се криеме од секој жив. Ако нè видат, сè ќе е готово. Ти ќе можеш да избегаш, ама јас ќе го платам данокот. Не ли ме убие Борис, власта ќе ме осуди.

Нејзината тага Апостол не ја сфати. Се обиде да ја теши:

– Не говори ми така, Костадинке. Никој не ќе нè види. А, инаку, засега ќе мораме да се криеме...

– Засега? – тивко повтори Костадинка. – Зар мислиш дека нешто ќе се измени, ќе тргне на поарно? Не верувам, не верувам, Апостоле.... Зошто да се надеваме како деца, кога за нас сонцето не ќе огрее веќе. Болка ми го мрзне срцево. Чинам, смртта како волчица нè следи. Живеам, а не знам зошто живеам. Ни за своите деца

веќе не чувствувам радост. Мислејќи само на тебе, нив полека ги заборавам.

Кришум ја избриша врелата солза што ѝ се лизна од око и ослушнувајќи го крцкањето на снегот под нозете, продолжи:

– Размислувам, а сѐ едно смислувам. Како мојот ум да не може да најде друг пат. Да појдеш, Апостоле, да им се предадеш, белки законот не е толку строг за тебе. Ако е за неколку години, јас ќе те чекам. Ќе се разделам со Бориса и ќе те дочекам со чисто срце. Потоа ќе заживееме како луѓе. Ќе почнеме одново, како никогаш ништо да не било...

А кога го чу треперливиот, искинат шепот на Апостола, таа се расколеба да продолжи; сѐ ѝ стана пусто и безизлезно. Секој негов збор, полн горчина, ја потресуваше.

– Ако се предадам, ќе ме осудат на смрт. Мене не ми е за проштавање, човек носам на душа. Власта е трпелива, долг ѝ е векот. Ги бележи туѓите долгови на рабош и трпеливо чека. А еден ден, ако ме дочека, со камата ќе ѝ вратам сѐ. Застани мирно, Апостоле Коцев! Ти се криеше од нас...? Се криев... Ти си убил човека?... Сум убил, а и не сум убил... Е па штом е така, господ нека ти е милозлив – те осудуваме на смрт. И едно утро, уште пред да изгрее сонцето, ќе ми го запишат името во книгата на мртвите... Е, па, не мислев кога требаше, а сега што и да смислам не ќе ме спаси! Ѓаволот ме натера да ја земам пушкава и да излезам в планина. Пред тоа да се предадев, досега ќе ја одлежев казната за тепаницата со задругарите. Ќе се докажеше дека јас не ја запалив куќата. А сега што надеж ми останува? Да пропадне државата?... Ѓавол да ме земе, ама јас како да сум од двајца направен. Едниот верува дека надежта ќе му се исполни, а другиот не верува и си говори – ѕид со глава не се бутка. Па има и друго – нема луѓе со кои би направил нешто. Малку сме, како капка во Струмешница...

Со своите зборови тој повеќе ја ставаше нејзината љубов на терезија, за да ја измери и да види колку таа го жали. А таа навистина го жалеше:

– На тоа не можеме да мислиме, Апостоле. Политиката не ја разбирам. Сепак знам – не ќе дочекаме да се измени ништо. Се држат тие, жилави се, коренот им е длабок. Туку, ако тоа би те спасило, нека не остане ништо од нив.

Не забележаа дека ги поминаа првите племји со кои почнуваше селото. Снегот им го квасеше лицето, а тие не го чувствуваа. На нивната топла кожа остануваше млака влага.

– Зошто не ме послушаш? Да дигнеме раце од сѐ и да избегаме одовде...

-Пак ли ми говориш за Грција?

– Да, за Грција, за било каде, само да избегаме. За нас нема овде живеачка. Јас сум одел еднаш до самата граница. Знам од каде треба да се помине. Никој жив не ќе нѐ види. Таму ќе го почнеме нашиот живот. Негде ќе најдам работа. Здрав сум, лебот ќе ти го донесам.

Како да се брани од ретките паулки, Костадинка решително ја заврте главата.

– Не!

Но колку и да не сакаше, пред нејзините очи оживеа сликата што пред тоа кај црницата Апостол топло ѝ ја создаде. Голем град, во кој луѓето не прашуваат од каде и зошто дошле тука. Тие, Апостол и Костадинка, живеат далеку, на крај град, во мала куќичка, какви што се и овде во селово. Предвечер, кога источното небо се покрива со руменило, таа стои пред куќа да го пречека Апостола. Тој полека се ниша по широката улица, со среќна насмевка на малку изморено лице... Но со едно крајче на разумот таа и друго сфаќаше – своите деца, својата топла крв, не можеше да ги остави и срамно да избега, да го напушти домашното огниште. Длабоко под таа свест, пробиваше уште еден никулец, кој таа свесно го задушуваше, пречејќи му да пушти корен. Тоа беше мисла, црна и убиствена: можеби овој човек, за кого нема излез, свесно ја влече кон пропаст; можеби полесно ќе му е, како и на сите кукавици, ако не пати и не умре сам. Ова сомнение ѝ ги ослабуваше копнежите – да биде со него далеку, во непознат град и меѓу туѓи луѓе. Затоа почна да го слуша шепотот на Апостола претпазливо и со размислување – дали е љубовта спрема него поголема отколку љубовта спрема децата.

Апостол како да ѝ проникна в душа. Со нешто ја почувствува борбата што се водеше во неа. Тој беше решен да бега со неа и во најнепознатото катче на земјата. Затоа и се обиде да ја скрши нејзината волја, да ја земе за жена само за себе и да си ја спаси главата. Неговата љубов спрема Костадинка стануваше чудна. Сега, во зрелото лето на своите години, тој ја доживуваше својата младост. Порано, еднаш – брзо остаре, а сега брзо се подмладуваше, предавајќи ѝ се сиот на пламената љубов. Знаеше, ако Костадинка не побегне со него, тоа ќе го врзе да остане тука, сѐ додека не влезе в стапица.

– Костадинке! Те заколнувам во сѐ што ти е најмило да размислиш. Јас би можел и сам да избегам и да си ја сочувам главата, но без тебе не можам да живеам. Мене ништо не ми е нужно, сѐ сам ќе создадам, само ако бидеш и ти со мене. Стави ја раката на срце и кажи ми право – ме сакаш ли колку јас што те сакам? Мислиш ли на мене и дење и ноќе како што мислам јас за тебе?

– Зошто ме прашуваш? Ти знаеш...

– Па кога е така, зошто не појдеш со мене? Каков ќе ми биде сонот ноќеска кога знам дека лежиш крај Бориса. Штом ќе ги заклопам очите, неговата рака веќе почнува да ме прогонува. Секогаш ја гледам како се лизга по твојата снага. Тоа ме

поулавува. Рипам како попарен од легло и не можам да се смирам. Во таков час и човека би заклал...

Костадинка ги исправи подвитканите раменици и се сврте кон него. Шумно дишејќи таа ги бараше во мракот неговите зеници.

– Зошто тебе Борис те разбеснува? Тој ми е маж а јас сум венчана со него пред лицето на бога. Да ти кажам право – понекогаш грев ми е за него. Кога мислам на неправдината што сум му ја сторила, срцево ме боли. Очиве сум ги исплакала за сите нас – и за него, и за тебе, и за мене – црпка солзи сум наполнила.

– За Бориса ти е жал?! – неговиот глас беше темен, полн горчина. – А јас не живеам ли на овој свет! Костадинке, последен пат те молам, согласи се, појди со мене. Ќе пропаднеш со Бориса. Болка ќе ти ја испие младоста.

– Не, не... Треба да размислам...

Нејзиниот слаб глас го охрабри. Застана и ја привлече до себе, допирајќи го својот необричен образ  до нејзиното лице.

– Зошто да размислуваш? Нашиот живот ние не можеме да го разделиме. Ние сме едно. Ако му го скинеш коренот на гороцветот тој ќе овене. Појди со мене...

Неговата едноставност почна да ја обзема. Се припи до него и ги склопи очите, полека губејќи ја својата волја. Во себе се согласуваше со него.

– Нема друго, Костадинке... Така нека биде. Ние сме како маж и жена. Кај ти, таму и јас. Вака ако сме разделени, ќе се плашиме – ти за мене, јас за  тебе...

И таа заборави на своите деца.

– Господ нека ми прости, не можам веќе...

Збунет од толкава неочекуваност, Апостол не можеше да најде збор со кој би ја искажал својата радост. Ја прегрна и ја привлече кон себе.

Негде се огласи куче, луто и развлечено, а потоа, веднаш, друго го прифати неговото лаење, напоменувајќи им дека освен нив во селото има и други живи жители. Тоа ги поосвести; се одвоија еден од друг и тогаш дури забележаа – стоеја крај чешмата кај се сретнаа порано, за првпат по толку години.

Костадинка го избриша со дланка влажното лице, грчејќи се од студ; нејзината ластареста снага треперење, како далеку од нив што трепереше трската на шамакот.

– Време е да е разделиме. Моето невраќање Борис ќе го забележи. Лека ноќ.

Апостол ја фати за рака, не можејќи да сфати дека ќе се дели од неа.

– Почекај, уште малку. Кога ќе се најдеме, за она... за бегањето наше?

– Дниве!

– Нема да ме излажеш?

– Остави, Апостоле... Тешко ми беше да кандисам, а сега е сеедно, како да сум го сторила. Кај ќе спиеш вечерва?

Апостол малку размислуваше да ѝ каже ли, но веднаш вие дека нема што да крие пред неа.

– Кај Панко Оканица... туку – уште еднаш да се разбереме – да ти јавам по Фидана кога ќе појдеме...

– Добро! Сега бегај, може некој да нè види.

Таа постоја додека неговата голема фигура не се слеа со мракот, потоа го истресе снегот и збирајќи ги рамениците од студениот ветер, појде кон својата куќа. Сега, кога одеше сама, крцкањето на снегот ја плашеше. Ѝ се стори дека некој чекори зад неа. Забрзувајќи ги чекорите, таа се сврте и одвај го запре извикот. Само на неколку чекори зад неа по снегот газеше подгрбавена, ситна сенка. Стравот ѝ ги здрви нозете, уште ѝ ги наполни некој внатрешен шум на возбуда. Тогаш и сенката застана, без збор, без движење.

– Кој е? – гласот на Костадинка треперешe. – Која си ти, жено?

Непознатата стоеше како скаменета, потсетувајќи ја Костадинка на прикаските што ја возбудуваа во детството, кога веруваше дека лошите луѓе ги крадат вештерки.

„Таа ме видела со Апостола“ – се потресе Костадинка, ги стисна градите со рака и потрча кон својата куќа.

Негде пак се огласи куче, со длабок глас и луто, како да претчувствуваше дивина; неговото искинато лаење се изгуби во темницата, оставајќи зад себе мртва бескрајна тишина.

Пред да ја отвори вратата на својата куќа, Костадинка се заврте уште еднаш. Тој час ѝ беше најстрашен во животот. Во неа се бореа страв и надеж. Малата, подгрбавена фигура стоеше зад неа на неколку чекори. „Мајчице богородице! – се

прекрсти Костадинка. – Таа ме видела со Апостола!“...

Во куќата се најде лице в лице со Бориса; неговиот поглед се лизна крај нејзиното лице и се задржа на ѕидот, како и да не ја забележа; во неговите жолтеникави очи како да навираше тага.

– Многу се задржа. Кај беше до сега?

Костадинка му го ослушна гласот. Се криеше ли во тоа секидневно прашање неспокојство и сомнение? Но пред да одговори на своето прашање, одговори на неговото и без да ѝ затрепери гласот:

– Бев кај сватот. Поразговаравме малку со Љуба...

И пак во себе со возбуда прашуваше: Ами Борис ако го праша сватот?... Се наведна над огништето, повеќе да го сокрие пламнатото лице, отколку да го проџарка жарот.

Некој влезе и ја остави вратата зад себе ширум отворена. Зимскиот ветер ја плисна домаќинката со студенило; се исправи и со тешки претчувства се заврте. Згрбавена, сета в црно, од што лицето ѝ изгледаше уште побледо, пред неа и пред зачудениот Борис стоеше Трпана, мајка му на бегалецот. И сега – Костадинка се сети кој одеше по неа.

– Бараш ли нешто? – се прибра Борис, налутено мерејќи ја старицата.

Збрчканите усни се развлекоа; кожата над нив се измазни, а брчките како да се насобраа под ситните, немирни очиња. Старицата ја дигна раката, покажувајќи на Костадинка.

– Пхашај ја жена ти кај била вечехва. Син ми захад неа си ја најде несхеќата, а таа уште ја вхти опашката по дхуги. Вечехва ја видов – со Фидана на Оканица, чинам!

Борис се заниша и побледе, како некој неочекувано да го удри по глава. Сега, по неколку години мирен живот, тешко можеше да ја сфати Трпана.

– Вистина ли е? – праша тивко, како да сакаше никој да не го чуе, та така прашањето бар да остане без одговор.

Но Костадинка го чу и наеднаш и стана сѐ неразбирливо, примајќи ги настаните околу себе со неприродно спокојство. Ја наведна главата и не одговори.

– Значи, вистина е! – но во извикот на Бориса немаше закана туку болка на човек, кој по вторпат преживува несреќа.

Сите тројца стоеја и се испитуваа под очи. Тогаш Костадинка ѝ притрча на Трпана, подавајќи ги кон неа своите згрчени прсти; стоеше и се двоумеше, скоро ослепена од врелината на своите солзи.

– Господи... Ох... Вештерко една. Ти сина си го предаде.

Борис ја избута бабата од соба и ја затвори вратата. Тогаш на жетва, кога Костадинка првпат му ја згази честа и домаќинското достоинство, беше готов и да убие, а сега од неговите очи зрачеше тага. Стоеше потпрен на ѕидот и се мачеше.

– Зошто, Костадинке? Зар не ти чинев?

Не му одговори. Ѝ се чинеше дека тоа одамна го знаела: оваа вечер нејзината судба да се поигра со неа, како со жена, која веќе не ќе има право в очи да им погледне на своите деца.

– Зар е тоа вистина?... – го чу неговиот глас и не разбра што сака да знае: дали е Апостол кај Оканица, или дали таа навистина по вторпат му ја згазила честа.

Незаинтересирано, како да гледа на далечен настан, таа ги следеше бавните движења на мажа си. Борис застана пред неа и таа виде како полека му се измени лицето: очите му се стиснаа, а тагата и врелиот сјај останаа во сенката на меките трепки; влажните заби како да му се издолжија, долната бескрвна усна не можеше да им ја покрие острата белина. Костадинка првпат забележа дека во неговиот лик имаше нешто човечно. Неговите патила го издигнаа над нејзините поранешни сфаќања. Покорно ја наведна главата, очекувајќи ги неговите удари. Така стоеше сѐ додека Борис не излезе од одајата. Светлоста на ламбата заигра пред нејзините очи и се разлеа по собата. Така се разлева сончевата светлост по мирна водена површнина...

... Тоа беше последна светлост, искра на свест, зад која почнуваше безизлезна, вечна темница...

Не знаеше колку време помина додека се поврати од страшното мртвило, но се возбуди и сети желба да живее, да се бори за својата среќа и животот на Апостола. Во неа живееше волчица, која полека се разбудуваше. Се сети: нешто чудно забележа на Бориса кога тој излегуваше. Беше без палто и блед и... тој ја носеше ловџиската пушка. Пред два дена Борис ги полнеше црвените фишеци со барут и сачми за волци. Со тие фишеци почнуваа соништата на неговата ловџиска страст, од тие фишеци требаше да бидат распарчени нејзините соништа и животот на Апостола.

Костадинка ја изгасна ламбата и истрча во ноќта, одејќи му на средба на остриот север.

Од далеку ги забележа темните сенки, кои безчујно одеа кон куќата на Оканица. Застана и ги стисна рацете на гради. Сè што беше околу неа – сенките, голите дрвја белите стреи – се измеша, се слеа во сина магла и ја поклопи...

# 7.

Оканица никогаш не го видел Апостола толку среќен. Тој дури и не личеше веќе на себе: острите брчки на образите како да му се измазнија; затегнатата кожа преку нив беше облеана со здраво, скоро детско руменило, а под насмеаните очи, кесичињата спласнаа. Ако Апостол немаше поткренат, по малку женски нос, кој не беше по вкусот на Оканица, ќе дојдеше како најличен младоженец во селото. Неразбирливо беше за Оканица, кој го знаеше лицето на Апостола, како своето кожно кесе за тутун, како може човек така неочекувано да се подмлади, та годините да му станат неопределиви, а очите да му се рашират како на дете, кога одблизу ќе види ретка, невидена птица. Верата во животот што ѕвонеше во секој збор на Апостола не му беше разбирлива. До овој ден Оканица многу рескираше; сега се чувствуваше како осамен голорак војник, што нерешително стои пред голема и сигурна крепост. А таа крепост, селото, беше јака и можеше да го замелуши како од шега. Омразата што го движеше да се бори, беше огромна река која злослутно извираше од неговата душа; од таа река полека се одвои една бразда и потече кон Апостола да го поплави; силната омраза ги замина сите граници и го покри дури и пријателството спрема првиот ортак, кој сè повеќе му тежеше на вратот.

Оканица седеше крај насмеаниот Апостол и размислуваше како да се ослободи од него, од тој арамолебец, од кого како да вееше мирис на земја и восок.

– Нешто си се замислил, домаќине? – го дрпна за ракав Апостол. – Не сум ти многу мил гостин...

– Не е да не си ми мил... – Оканица помирливо одговараше. – Туку во друго е работата. Од нигде не тече, а четири усти сме со тебе. Пролетва не ќе има леб ни колку за еден.

– Па до пролет ќе се измени положбата. Цела година ми говориш дека Ванчо Михаилов тргнал кон нас. Само, и на магаре да одеше, досега ќе беше во Јасенско.

Апостол се потсмеваше затоа што не веруваше, како што не веруваше ни Оканица, дека старото ќе се врати. А тоа го мачеше домаќинот и го тераше да биде осетлив спрема себе и груб спрема немилиот гостин.

– Реков, не ќе има што да се јаде, а не реков ништо друго. Сега кога брашенцето го дотеравме до крај, не можеме да мислиме на Ванча. Сè киниса наопаку. Мислев дека селава ќе се скрват, а тие се спријателија. Пред неколку дена беше Марко кај мене. Кај нив се говорело, вели, од двете задруги да направат една. А тоа и во Јасенско се потслушнува.

Апостол беше расположен, а во својата среќа не можеше да ја разбере туѓата мака. Пред него стоеше нов живот и само тој можеше да му појде в средба, а за Оканица веќе немаше никаква надеж.

– Тешко ли ти е, Панко?

– Тешко, потешко само на гробишта, со плоча кога ќе ми го стиснат челово...

Не потсмевајќи му се како обично, Апостол спокојно го праша:

– А би сакал ли да се куртулиш од мене? Просто, веќе да не ме видиш, а? Така би можел некако да ги засукаш ракавите и да ја натопиш нивата со пот...

Оканица како да не го чу. Апостол го разбра и се насмевна:

– Слушај ме сега внимателно, пријателе. Јас ќе бидам кај тебе уште малку. Утре или задутре ќе се префрлам преку Беласица, никогаш веќе да не ме видиш. Ќе појдам в свет, чесно ќе го печалам лебот. Ако имаше место и за мене меѓу луѓево, ќе останев овде, вака – оди очи кај те водат.

– Ти пак се шегуваш? Ни сам не знам кога говориш како човек, кога како дете? – Апостол ја сети надежта во неговиот глас.

– Не, сега не е шегувам. Може ли колку за вечерва да се најде едно шишенце со ракија. За среќен пат на твојот голем пријател Апостол Коцев. И од утре веќе не ќе ја ставам в уста.

Оканица како да се разбуди; набраното чело му спласна, а ушите му се сцрвеа од возбуда. Стана дури и услужлив.

– Зошто да не се најде, Апостоле? Имам колку уште едно шишенце. Ако има за мене, ќе има и за тебе.

Откако испи неколку голтки ракија, Апостол сети силна доверба кон својот ортак. Вечерва му се говореше, просто имаше желба сиот свој живот да го изнесе пред домаќинот. Таква несопирлива желба за долга исповед се јавува кај човека кога првпат ќе доживее голема среќа, која дотогаш му изгледала неостварлива. Затоа што Апостол лесно им се предаваше на своите чувства, сети спрема старечкото, болежливо лице на Оканица некој жал; му ја наполни чашката, сакајќи да го орасположи.

– Да се напиеме, Панко. На ракија се состанавме, на ракија да се разделиме. И да ти кажам нешто. Остави ти дека ќе можевме да ги победиме. Заврти му грб на минатото и врати се на пат. Знам дека многу не те сакаат, ама ти гледај да се спријателиш со нив. Полесно ќе ти биде...

– Со нив јас никогаш не ќе се спријателам, – го пресече Оканица. – Какво добро сум видел од нив? Мојата земја ја разделија на измеќари. Додека сум жив, ќе ги мразам.

– Па мрази ги, – се согласи Апостол. – Ти си знаеш. Јас не се мешам. Совет само ти давам. Не ли ме послушаш, чини онака како ти е најарно. Само, гледај, главата да не ти се лизне од рамо. Ќе ти треба таа. Шубарата не ќе има на што да ја ставиш.

– Ти за мојава глава не грижи се. Таа ќе си остане таму, кај ѝ е местото.

– Де, де... Не лути се, жити крст. Дослушај ме. Еден непромислен чекор може да ти донесе голема несреќа. Откако се вратив од град, многу луѓе ги најде несреќа. Го убивме Илија, а татко му и мајка му што ќе одат пред време в гроб, ние ќе ги носиме на душа. Тој си имаше момиче. И нејзината среќа ја закопавме. Мајка ми остана самохрана. До питачки стап ја донесов. Еве, да ме најдат кај тебе и на тебе ќе фрлам несреќа. Ако се разбере за мојата љубов, Борис ќе ја убие Костадинка. Него ќе го затворат, дечињата ќе им останат сираци. Луѓето ти се како алки на синџир. Ако ’рѓоса едната, ’рѓа сите ќе ги разјаде.

Апостол му говореше на Оканица, но тоа повеќе беше гласно искажување на она што толку долго го размислуваше. Тој полагаше сметки пред самиот себе, за својот злочин, за својот изгубен живот.

– Зошто е вака, човек на човека да му е волк? Никогаш не сум ни сонувал дека ќе ги натопиме рацете со туѓа крв. А ете и тоа сторивме, просто како јас да пукав во жив човек. Сега селово ќе го оставам, ништо не ме врзува за него. Костадинка ми беше сè, а од утре со неа ќе го почнам новиот живот.

– Зар и Костадинка ќе бега со тебе? – се зачуди Оканица.

– И таа. Ете, велам, го оставам селово, а кај ќе одам и кај ќе останам, господ знае. Некогаш ова село ми било сè. Своето детство убаво го поминав. Размислувам, и сè ми се чини дека тоа дете не сум бил јас туку некое друго, што веќе не е на овој свет... Бубалче не убивав.

Молкна за час и ги склопи очите, враќајќи се полека во минатото. Оканица не можеше да го разбере и се чудеше кога стаса да се напие. Неговото детство беше одамна покриено со прав, како стар, ненужен предмет, заборавен во некој ќош на племјата. Зеваше кришум, но нејќеше да го прекине Апостола; очекуваше дека тој ќе се измори и дека сам ќе побара да појдат на спиење.

Но Апостола сон не го фаќаше; ја трошеше меѓу дланки незапалената цигара и се присеќаваше на продуваните денови.

– Отидов в град и проживеав таму неколку години, а среќата пак не си ја најдов.

Костадинка ја оставив, избегав, а крвта не ми се смири. Ме влечеше по неа. На двапати сретнував девојка за да се оженам, а тоа не го сторив заради пиењето. Во градот лошо се пропив. По една ока не ми стасуваше. Пиев за да заборавам на себе. Ако не бев плашлив, можеби, и ќе се убиев. Тоа е лесно, јажињата се евтини, ќе се најдеше пара. Туку срцето не ми е машко. Не ми се живее, а не сакам ни да умрам. Се надевав на поарно, си викав, ќе се вратам в село, ќе ја заорам нивата.

– Што да чиниш! – неодредено го утеши Панко и гласно се прозева. – Од својата мака никој не избегал.

– Не избегал! – воздивна Апостол, кинејќи го цигареното книже.

Оканица ги донаполни чашите со остатокот од ракијата.

-Било како било, – рече помирливо, – сега да се напиеме за последен пат. Време е да се легнува. Половината ме боли од седење.

– Време е. Станува студено. Зимово ни порани.

Станаа и уште не ги принесоа чашките до уста, а однадвор се чу остар женски писок.

– Бегај, Апостоле...

Злокобно грмна двоцевка.

– Костадинка! – како да поулаве Апостол.

Блед, со исклештени заби и принесена чашка до уста, Оканица се заниша на долгите нозе.

– Гасни ја ламбата! – му викна Апостол и ја тресна чашката од земја. Ја грабна пушката и зад врата и притрча кон прозорецот. Со силен замав го тргна чергичето затегнато преку матното стакло и се загледа во ноќта.

– Нè сетиле – скоро офна.

И додека Оканица дуваше во ламбата, го отвори прозорецот и истрча надвор. Припукаа по него, но темницата им пречеше да го земат на нишан. Гологлав и на чорапи, не пуштајќи ја пушката, Апостол потрча преку нерамниот сокак. Снегот му се лепеше за стапалките. Трчаше подгрбавен, оставајќи зад себе недочекани соништа и крвава трага од петата исечена на остар камен. Селаните, како да прогонеа волк, викаа по него, храбрејќи се еден со друг, но нивните гласови стануваа послаби со секој негов чекор. Бегаше како ѕвер кој е сигурен само на планина.

Тој се бореше сега само за својот гол живот и не можеше да знае што станува зад него недалеку од куќата на Оканица, каде што Борис клечеше крај убиената Костадинка.

Уште малку, уште малку... – бесмислено повторуваше, качувајќи се на раце и на нозе по стрмнината на Беласица.

Повеќе по навик отколку свесно, тој стаса до своето летно гнездо, под она познато столетно дрво, изгорено од гром. Мускулите му капнаа, во нив снага веќе не остана. Ја пушти пушката и појде уште неколку чекори, пијано нишајќи се, потоа се ничкоса, грабливо фаќајќи го снегот со сувите усни.

Од зад него до ушите му достигна шум; но тој немаше сила да се заврти и да види – човек ли е или волк, размислувајќи ќе може ли да ја привлече пушката и да ја намести студената цевка на своето чело.

# 8.

Напролет, кога приживеаните јасени се тргаат од зимскиот сон како и секоја година, низ излоканите долчиња на Огражден и Беласица надојдува гневна вода и пенејќи се носи сè пред себе; удира тој гласник на злото на секоја пречка, ги кине јаките брани, тркала џиновски камења пред себе и ги поплавува полињата. Овие порои се од далечно време сврзани со мочуриштето, отровниот крвоток на надземните и подземните бразди и никаква сила до сега, ни човечка ни божја, не успеала да ја спаси големата површнина на земјата, да ја исуши, да ја оживее со длабоки бразди и да ја направи леунка, во чии прегратки би се залулеал драгоцениот плод. Таму, кај убиствената матнеж на стопениот снег и силните дождови не може да ја достаса и да ја разори маката на луѓето, од влажната земја плашливо подѕирнува извидницата на пролетта – сињоличките и качунките. Ветрот е млак, ја разнесува животворната прав на дрвјата и ја затруднува земјата. И некој ден од влагата ќе пробие нејака грмушка! Но судбата не ѝ се знае – ако не биде уништена, водата и сонцето ако ѝ ги зајакнат жиличињата таа ќе се развие во јако стебло. Сè во природата, исто како и човекот, се бори за живот, за самоодржување. Селаните тоа го знаат. Човекот е појак од сè, иако неговата борба е најтешка. На село ретко некој да не знае што ќе стане со него. Селанецот гази од лулка до гроб по тврда, посна врвица на своите дедовци и со секоја мала промена, ако таа дошла неочекувано, се утешува со судбата – така му било осудено!

За Јасенско таа 1947 година, беше испреплетена со настани, какви што порано не продувале над неговите црни стреи. Во решителното судрување на две идеи, разбирања и интереси, кога удира камен од камен, неизбежни се жртвите и од едната и од другата страна, а до целта стасуваат само едните.

Уште пред да окопне снегот, една погранична патрола го најде Апостола, скочанет и зачуван, како од смртта да не го делат три месеци. Дури од неговото лице се изгубија тешките печати на бурниот, неспокоен живот. Просто беше чудно како не го нашле прегладнетите ѕверови. Селаните секако го објаснуваа тоа – некои убедливо и со стари библиски факти докажуваа дека ѕверот се тргнал од злото, било тоа мртво или живо, а некои веруваа дека коријата е опуштена од граѓанската војна во Грција. Сепак сиот живот на Апостола никој не го знаеше. Тој беземјаш и изгубен човек ја однесе со себе тајната зошто се бореше против луѓето и зошто така безволно му служеше на надмудрениот итрец Панко Оканица. Луѓето го паметеа како изгледаше – висок, јак во рацете, со тажни, многупати зачудени очи, понекогаш груб и пијано намуртен, понекогаш човечен и со треперлива насмевка на полните усни. Малку бараше од животот, а изгуби сè што имаше – дури и својата украдена љубов, лекомислената убавица Костадинка, како и таа што изгуби сè: домот, децата, непозволената љубов. Борис стрелаше во неа, затоа што неговата затлеана омраза, неочекувано вивна во него, пламнувајќи во страшен

и разорен нагон – изгасна животот на Костадинка, изгасна и неговото огниште и тој остана сам со двете дечиња. Кој ќе знае сега зошто му се врти околу куќата вдовицата Дарка, која иако нема она што Борис го сакаше кај Костадинка, сепак со нешто може да привлече осамен човек. Борис не беше обвинет за убиство, но по неговото испиено лице и вцрвени очи селаните знаеја дека тој ноќе пати.

А што стана со Оканица и со Марка, со тие две слични души, што освен себе никого не сакаа? Јасенчаните тешко заборавaат и сега ги споменуваат со горчина во гласот. По осудувањето на јатаците, Стојан разбра кој го уби Илија и сосем се затвори во себе, барајќи заборав во непрекинатата тешка работа. Само ноќе, кога ќе се изгасне и последната ламба во селото, ослушнува, плашејќи се смртта уште еднаш да не му го посети домот. Но жена му Стојна, мајка која толку свој пород закопала, жилаво се држи и дури го негува гробот на Илија.

Животот си тече... Доксим е уште на чело на селската власт и уште е одделен од жена си, а таа се обидува преку Ефтимовица да се смири со него и да му се врати. Тој одамна го очекуваше тоа, а сега е некако збунет, само не од можноста пак да го запали домашното огниште, туку од последните настани: Дане е срдечен со него, а во еден разговор со некој голобрад дописник меѓу другите имиња на задругарите, неговото име прво го споменал.

Неколку месеци се малку да ги изменат луѓето, да го искоренат злото во нив. Иако не ја тепа жена си и не моли да биде покрстен, Усни ковачот уште пие, сега повеќе кришум. Исто така и браќата Коларови – ако немаат со кого да се караат, почнуваат самите да се гледаат под очи. А кај овие, кај „говедарите“, стана нешто смешно. Тоа го знаат јасенчаните, а Алтан, кој уште не се решил да стапи в задруга, вака расправа:

– Оние Коларови ти се празни црпки во главите друго е тоа што нив крвта ги тера на зло, разбираш, ама тие во главите немаат ни волце памет. Кога правеа задруга, момичето на Коља Минтанот раскринкуваше еден од нив, а тој, Тане се викаше, пратил стројник: „Јунак ќерка имаш. Дај ми ја за жена, а јас ќе ја покријам сета со сребро“. Минтанот ги гостел пратените стројници, а потоа по нив му пратил абер на Коларов: „Ти си, разбираш, силно човечиште, ама ако не ти ја дадам ќерка ми, ожени се со бишката од својата кочина!“

Тешко е да се верува дека вистина било така како што расправа Алтан. Некои по овие прикаски вака судат:

– Ако Тане има пари да купи толку сребро, тогаш не ќе е мачно да се знае кој во свое време дигна рака на Ѓорѓи треварот.

Точно е дека ни едното ни другото не е точно, но луѓето се многу пати несвесни робови на сплетката. Секој поинаку ги објаснува туѓите маки и радости. За Борјанка се говореше, со многу верување во тоа, дека јасенечко дете носи под

срце и се чекаше, колку со страв толку и со љубопитност, кога таа ќе се отруе. Луѓето се излажаа. Таа не е трудна, а ниту рака ќе крене на себе; живее како што живеат и другите моми, само што нејзиниот поглед не се задржува на селските ергени. Тешко е да се рече дека го заборавила Илија, иако на лицето ѝ се враќа изгубеното руменило. Само ако некој ја праша за првата љубов, кога далеку ќе се извие виножитото, нека не се изненади од нејзините влажни очи.

А покојниот тревар, кој еднаш ги обеспокои луѓето со своето чудно воскреснување, – ни тој, ни некој друг – не стана од своето лежиште. Сè е мирно како што е мирен и попот Иван, кој е јавно против колешинскиот поп и против верувањето дека иконите плачат ако се помагаат задругите; сега е претпазлив и се плаши дури да разговара и со глувата Трпана, а таа, кутрата, седи на сонце, оставајќи влага под себе и го чека својот јуначен син да се врати, та ако не стане кмет, „како во бугарското што стана Филјан, бар да ги свитка широките плешки и да го заора прелогот. Неколцина луѓе ѝ ја кажаа судбата на Апостола, а таа секогаш заборава, подгледнувајќи со матните очи кон џадето и очекувајќи да го види Апостола, како се враќа со познатиот тежок чекор.

Ако некој моноспитовец или колешинец праша за своите познати од двете села, чии стари караници далеку отидоа, ќе разбере дека сите се добро. Јове се чувствува силен кога е со  Страхила и се колне човекот – во тепаницата со организаторите на задругата рака е кренал. Можеби и не лаже. Кој ќе знае кој сè се тепал таа ноќ, густа како катран. Протугерот е исто така добро, само што таа зима истрпе една тешка настинка и тоа на нозе. Сега шмрка со весело зацрвенетиот нос и верува во иднината на задругата.

Преку зима, кога селаните не беа толку зафатени, Дане и Ванчо Богоевски се сретнуваа и подолго остануваа заедно. Што разговараа тие по неколку часови, задругарите претчувствуваа, а можеа и да видат по нив – кога чекореше, Дане мавташе со празниот ракав, како да го поздравува животот околу себе, брзаше да си поигра со детенцето и само за него широко да се насмее, а Ванчо восхитено ги триеше големите дланки и им намигнуваше на луѓето:

– Еве каква е работата... Младите растат, ќе нè прегазат нас, постарите. Само ние не се даваме: ќе направиме повеќе отколку што мислите. Конкретно, ќе се натпреваруваме со Јасенско...

Потоа гласно смеејќи се, ќе додадеше:

– Сила е овој Дане – една рака, ама две срца. Би сакал да сум како тој, па и двете раце да ги немам.

И давејќи се во детска смеа, завршуваше:

– Со јасени ќе ја засадиме врвицата што нѐ врзува нас и нашите најголеми пријатели. А?

Сѐ е добро, само сега, напролет, луѓето се презафатени и немаат време да распраат кој како е. Се ора и се сее: по некој месец, кога штрковите ќе паднат на старите оџаци, младото класје ќе ги покрие последните меѓи.

1949-1951

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-31
821.163.3-31Јаневски,С.

ЈАНЕВСКИ, Славко
Село зад седумте јасени : Електронски извор / Славко Јаневски. - Скопје : Фондација "Славко Јаневски", 2021

Начин на пристапување (URL): https://fsj.mk. - Текст во PDF формат, содржи I-X, 241, I-XIV стр. стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 25.06.2021. - Романсиерските верзии како литературно богатство : кон романите "Село зад седумте јасени" и "Стебла" на Славко Јаневски / Лорета Георгиевска-Јаковлева: стр. I-IX. - Јавач на комета / Емил Алексиев: стр. I-XIV. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. X

ISBN 978-608-66263-7-2

Јаневски, Славко, 1920-2000 -- "Село зад седумте јасени" -- Критики и толкувања

COBISS.MK-ID 54214149

Издавач:
Фондација „Славко Јаневски“
Бул. „Кузман Јосифовски Питу“ бр. 19/6-40, Скопје,
Република Северна Македонија, 2021
romannagodinata@gmail.com

Уредник:
Катерина Богоева

Лектура и коректура
Татјана Б. Ефтимова

електронска обработка
Кино Филм, Скопје
2021

**Славко Јаневски (1920-2000)** е македонски поет, раскажувач, романсиер, сценарист, сликар, преведувач, ангажиран општествен работник, со еден збор – сестрана и љубопитна личност. Како директор и главен уредник на издавачката организација Македонска книга, уредник на списанијата Нов ден, Современост, Остен и Хоризонт, како член на македонскиот ПЕН центар, член на МАНУ, претседател на Советот на СВП и еден од основачите и претседателите на ДПМ, слободно може да се констатира дека тој е еден од највлијателните придвижувачи на македонската културна сцена, еден од основоположниците на македонската современа литература и автор на првиот роман објавен на македонски јазик. Неговото значење за развојот на македонскиот роман книжевната критика го оценува како пресудно, упатувајќи дури и на можноста преку типологија на неговите романи да се направи и типологија на македонскиот роман воопшто. Она што е неспорно е дека Славко Јаневски е предвесник и носител на смената на раскажувачките техники и стилови, почнувајќи од реализмот, преку модернизмот, до постмодерната романсиерска продукција. Неговиот опус го сочинуваат 15 романи, 11 книги поезија, 6 книги раскази, 8 книги за деца и голем број препеви, книжевни, политички есеи и полемики. Добитник е на наградите: „11 Октомври“, АВНОЈ, „Браќа Миладиновци“, „Рациново признание“, „Мирослав Крлежа“, за книжевен опус на ИРО „Мисла“, „Кочо Рацин“, „Македонско слово“ и др.